Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 275, 4 мај 2021 година

мај 2021 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

## С О Д Р Ж И Н А


РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА: ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА, РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА И ТЕОРИЈА НА АРХЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 5

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА И СОЦИОЛОГИЈА НА ЕТНИЧКИ ГРУПИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 21

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 45

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И ЗАБОЛУВАЊА НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 51

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО–НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 67

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 82

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОИНФОРМАТИКА (30601) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 89

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ (ТРУБА) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 103

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛИНИЧКА ФАРМАЦИЈА И ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП ........ 109

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И ЗАБОЛУВАЊЕ НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 125

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 134

## СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 139

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 147

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 154

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 161

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМУНИКАЦИИ И МАС-МЕДИУМИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 179

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТОТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 204

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ – ИНТЕРНИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА ПРЕГЛЕД НА АДУЛТЕН БОЛЕН - ПРАКТИКУМ” ОД ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 211

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ПРАКТИКУМ „ОРТОПЕДИЈА СО ТРАУМАТОЛОГИЈА” ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЈАСМИН ЦИРИВИРИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 213

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „ОРТОПЕДИЈА СО ТРАУМАТОЛОГИЈА” ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЈАСМИН ЦИРИВИРИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 216

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 219

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА: ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА, РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА И ТЕОРИЈА НА АРХЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1602-35/5 од 1.2.2021 година донесена на 157. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 1.2.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области: класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура 60202 и 60210 (теорија на археологија) на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **д-р Виктор Лилчиќ Адамс,** редовен професор на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (претседател);
– **д-р Антонио Јакимовски,** вонреден професор на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (член);
– **д-р Драги Митревски,** редовен професор на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 31.12.2020 – 3.1.2021 година и во предвидениот рок се пријави:

– д-р Љубен Тевдовски, доцент.

Поднесената пријава од страна на кандидатот д-р Љубен Тевдовски е комплетна и навремено доставена.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Љубен Тевдовски** е роден на 26 јули 1979 година во Скопје. Основно образование завршил во Основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ - Скопје, а средното образование го стекнал во Гимназијата „Раде Јовчески Корчагин“ - Скопје. Во овој период како претставник на средношколците е активен учесник во работата на европските институции и партнер организации од областа на образованието и културата, а оваа негова активност продолжува во текот на две децении.

Во 2006 година дипломирал со просек 9,25 на Институтот за историја на уметноста со археологија, на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во 2008 година магистрирал со просек 9,45 на Универзитетот на Малта, во Валета, Малта. Темата на магистерскиот труд е „Културната дипломатија - општа и компаративна студија со фокус на Македонија“. Во 2009 година започнал со работа на својата докторска дисертација на Институтот за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Темата на докторската дисертација, со која се стекнал со научен степен доктор на науки во јуни 2015 година, е „Археологијата и археолошкото наследство во меѓународните односи – општа и компаративна студија со фокус на Македонија“. Тевдовски ги положил и сите испити од магистерските студии по класична филологија, каде што ја подготвил и магистерската тема „Религиозните концепции и култот кон владетелот во литературата на Александрискиот династички двор“.

Полни две децении д-р Љубен Тевдовски е активно вклучен во активности, проекти и иницијативи во областа на културата и културното наследство на национално, европско и светско ниво. Од 1999 година, кога бил дел од националната делегација на повеќе сесии во рамките на Годишното собрание на УНЕСКО, Тевдовски е вклучен на проекти и активности иницирани или финансирани од оваа светска организација, а ја претставувал државата, повеќе образовни и граѓански организации во рамките на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Централно-европската иницијатива, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Франкофонијата и Советот на Европа.

Д-р Тевдовски извршувал значајни јавни функции поврзани со културата, културната соработка и културното наследство, а бил член и на Работната група за образование и култура за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија. Тој одржува контакти и соработка со значајни светски институции за заштита и промоција на културата и културното наследство, како меѓународниот комитет на Синиот штит, Европската и светската организација на археолозите, Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации и други професионални организации од областите на археологијата и класичното наследство.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доцент од научната област во која се избира: класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура и теорија на археологија. Кандидатот е доктор на археолошки науки. Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на својата 98. седница на 2.6.2016 год. донел Одлука бр. 1602-126/16 д-р Љубен Тевдовски да се избере во звање доцент за наставно-научните области класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура и теорија на археологија.
2. Кандидатот има објавено околу 30 трудови во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции. Од изборот во доцент до денес кандидатот има објавено повеќе трудови. Од нив ги издвојуваме:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Tevdovski, Ljuben, Masalkovski, Ile | Classicism and Orientalism in the Light of the New Globalization Theories | Journal of Liberty and International Affairs, Vol.6. No.3. jan.2021, The Institute for Research and European Studies – Bitola, eISSN 1857 – 9760 | 2020 |
| 2 | Tevdovski, Ljuben | Archaeologists and the Public: Do we have a voice of our own? | Arqueologia Publica: Journal in Public Archaeology, JAS Arquelogia- Madrid, Special Issue: Public Archaeology in the Mediterranean Context, ISSN: 2171-6315 | 2020 |
| 3 | Tevdovski, Ljuben | The Classical Message in a Bottle: Should “Classical Wisdom” Determine Our Identities in the Future? | Journal of Comparative Studies, No.14, (43), Institute of Humanities and Social Sciences, Daugavpils University, LV, ISSN 2255-9388 | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | Tevdovski, Ljuben, Masalkovski, Ile | The Quest for Unity – Owning or Sharing the Traditions of the Classical World | In: Horizons, International Scientific Journal, Series.1, Year XII, Vol.25. ISSN 1857-9884 | 2020 |
| **5** | Tevdovski, Ljuben | On the Identities of Hellenistic Globalization - The Unified World of Diversity | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, Vol. 6 No. 1. Dec. 2019. pp. 114-126. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2019 |
| **6** | Tevdovski, Ljuben | Antipater vs. Parmenion – A Curious Lyric Battle over the Ideas and Identities in Roman Macedonia | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, Vol. 6 No.1. Dec. 2019. pp. 16-28. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2019 |
| **7** | Tevdovski, Ljuben | The one world perspective - Chronological overview of the development of Alexander's Oikumene | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, Vol.5 No.1. Dec. 2018, pp. 92-119. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2018 |
| **8** | Tevdovski, Ljuben | The two supposed waves of 'classical' Acculturation and their impact over the European Culture and Identities | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, April 2017, Vol. 4 No.1. pp. 50-69. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2017 |
| **9** | Tevdovski, Ljuben | Traveling Brokers of Legitimacy - the Shared Proto-history of Classical Archaeology and Modern Diplomacy in Early Modern Europe, | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2016, Vol. 3 No.1. pp. 132-149. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2016 |
| **10** | Stojkov, Stojko, Tevdovski, Ljuben | Few Dilemmas Related to the Alleged Bulgarian Plans for Incursion in 'Sclavinia Berzitia' | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2016. Vol.3 No.1. Dec. 2016, pp. 90-109. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 | 2016 |
| **11** | Tevdovski, Ljuben | Between Classical Archaeology and Neo-orthodoxy – the Transformations, Identities and Challenges of the Political Elites in Contemporary Greece | Political Thought, Y. 14, No. 52, December 2016, pp. 9-34. ISSN 1409-9853 | 2016 |
| **12** | Tevdovski, Ljuben | History of Classical Archaeology and its impact on the identity, culture and politics of the European nations | Macedonian Journal of Political Science, Vol. VII, June 16, 2016, pp. 105-117. ISSN 1857-9167, e-ISSN 1785-6812 | 2016 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од јули 2016 година Тевдовски е доцент на Факултетот за образовни науки и член на Институтот за историја и археологија и Катедрата за историја и археологија на истиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во периодот од 2016 година до денес држи предавање на повеќе предмети на Катедрата за историја и археологија на Факултетот за образовни науки, како и на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Помеѓу поважните предмети кои Тевдовски ги предавал се вбројуваат: Античка археологија, Класични цивилизации,

Историја на уметност на класични цивилизации, Погребни форми и обичаи во антиката во Македонија, Предримски култури, Култови и религии во праисторијата, античко време и среден век во Македонија, Средновековна археологија, Музеологија, Археологија на Балканот, Библиска археологија и др.

Тевдовски има одржано повеќе предавања како гостин-предавач и на Австриската академија на науки - Виена и ОРЕА; Националниот институт за Ориентални јазици и цивилизации - ИНАЛКО – Сорбона – Париз; Western University -London, Ontario; University of Toronto, Toronto; New Westminster College, British Columbia; Правниот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје; Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, Дипломатската академија на Министерство за надворешни работи. Неговите предавања на реномираниот холандски Универзитет Леиден и Филозофскиот факултет во Нови Сад се одложени за 2021 година заради пандемијата COVID-19 во 2020 година.

Љубен Тевдовски бил предавач и копредавач на значајни научни форуми заедно со претседателот на Европската асоцијација на археолози, Фелипе Криадо – Боадо, претседателот на Светскиот археолошки конгрес, Коџи Мизогучи, поранешниот претседател на Институт на археолози на Англија, Гери Вејт, поранешниот претседател на Германското друштво за праисторија и протоисторија, Френк Зигмунд и др. Учествувал и координирал значајни европски и светски проекти од областа на археологијата и културното наследство, работел под раководство и менторство на врвни научни авторитети во областа, како светски реномираниот професор Мигел Џон Вершлз, раководителот на Катедрата за класична и медитеранска археологија, на Факултетот за археологија на Универзитетот Леиден, Холандија и професорите Шон Таер (School of History Archaeology and Religion- SHARE) и Јосеф Лосл (President of the Center for Late Antique Religion and Culture) од Универзитетот Кардиф, Обединетото Кралство. Неговите научни истражувања и презентации биле финансиски помогнати и од The Roman Society - London, Institute of Heritage Sciences (Incipit), Шпанскиот национален истражувачки совет (CSIC) и Археолошкиот факултет во Лејден.

**Членство во уредувачки одбори на научни списанија**

Љубен Тевдовски бил основач, главен уредник и член на уредувачки одбори на повеќе научни и стручни списанија, помеѓу кои поважни се:

**Review of the Institute of History and Archaeology (RIHA),** Меѓународно научно списание во издание на Институтот за историја и археологија (ИНИСА), Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, *главен и одговорен уредник.*

**Journal of Historical Research – Istrazivanja,** Меѓународно научно списание во издание на Филозофскиот факултет, Универзитет на Нови Сад-Нови Сад, *член на меѓународен Уредувачки одбор*

**Arquelogia Publica: International Journal in Public Archaeology – Madrid**, Меѓународно научно списание на институтот JAS Arquelogia – Madrid, *член на меѓународен Уредувачки одбор и ко-издавач на специјални изданија.*

**Меѓународно научното списание Воспитание / Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice**, во издание на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, *член на Уредувачки одбор.*

**Macedonian Heritage – Македонско наследство: Научно списание за археологија, историја, историја на уметноста и етнологија**. во издание на Македонска цивилизација, *член на меѓународен Уредувачки одбор*.

**Macedonian Journal of Foreign Policy - Crossroads**, Diplomatic Academy, Ministry of Foreign Affairs & MIC, *член на Уредувачки одбор од основање на меѓународното списание.*

**Познавање на јазици: Англиски** – високо ниво (високопрофесионален) говорен, пишан и работен јазик со долгогодишна едукација и пракса во повеќе европски земји. Тевдовски се користи и со италијански јазик (универзитетски Ц степен), а има познавања од францускиот јазик, и продлабочени познавања и искуство во професионално користење на јазици од балканскиот регион.

**Учество на научни, стручни и научно-практични конференции и конгреси во изборниот период 2016-2020**

1. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Archaeologists and the Public: Do we have a voice of our own?"*** Public Archaeology in the Mediterranean Context – Final General Conference, Institute of Heritage Sciences at the Spanish National Research Council, Santiago de Compostela, Spain & University College London, Institute of Archaeology, UCL, London. Тевдовски е исто така член на Научниот одбор на меѓународната конференција Tevdovski, 16-20 December 2020 (changed to online conference).
2. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Globalization, Glocalization and the Western Bollywood"*** Session: Rooted Cosmopolitanism: Toward a Glocalization of Heritage and Heritage Practices, 26th Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Budapest, Hungary, 26-30 August 2020 (changed to online conference).
3. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2020) ***"Global Solutions for Global Challenges: Lessons to Be Learned from Classical Antiquity,"*** Session: Human Rights, Ideology and COVID 19, International Scientific Conference: Towards the Better Future-Human Rights, Organized Crime and Digital Society, St. Kliment Ohridski University – Bitola, 02-03 October 2020, (changed to online conference).
4. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Status and the Identities of the Hellenistic Period"*** Second Spring School of Archaeology, Petnica, Serbia 1-6 April 2020 (pending due to COVID 19)
5. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Decentring Roman globalization - The third century AD as the peak of the Roman globalization process",*** Session: Critical Globalisation: A Theoretical Framework for the 'Crisis' of the 3rd Century, Theoretical Roman Archaeology Conference, 16–18 April 2020, Split, Croatia, (postponed due to COVID 19).
6. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Tiny Kingdoms of Prophetic Ideals - The impact of the melting pot of Roman-dependent South-Eastern Anatolia on the theological and political concepts of the late Roman and early Byzantine world",*** Session: South-Eastern Anatolia at a crossroads: a multicultural Mediterranean area from the Hellenistic to the Early Byzantine period, 24th Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Barcelona, Spain, 5-9 September 2018.
7. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Deciphering and interpreting economic and social transformation and challenges through the research of the Roman solar cults, deities and rituals",*** Session: (Re)Producing images of the divine between Late Republican times and Late Antiquity, 19th International Congress of Classical Archaeology, Cologne/ Bonn, Germany, 22-26 May 2018.
8. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Nurturing Roman Imperialism in the Localizing Traditions of the East",*** Imperialism and identities at the edges of the Roman World 4, Faculty of Philosophy, Department of Archaeology, University of Belgrade, the Faculty of Philosophy, Department of History, University of Novi Sad and the Petnica Science Center, Petnica, Serbia, 20-23 September 2018.
9. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Floral and Zoomorphic Motifs in South Balkans' Early Christian Art as Indicators for the Process of Shaping of Early Christian Dogma in the Wider Spiritual Koinē",*** 17th International Congress of Christian Archaeology, Utrecht, Netherland, 2 – 6 July 2018.
10. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Pluralized archaeologies - reclaiming arts and technology",*** Session: Archaeology and interdisciplinarity: Stories of the Long and Diversified Journey (19th-21st centuries), 24th Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Barcelona, Spain, 5-9 September 2018.
11. Ljuben Tevdovski (2018) ***"We are followers of the same muse, pardon me, scientific discipline. Their script is just not updated yet!"*** Session: Archaeology and the European Far-Right - Attitudes and Responses, Twenty-five Years after Maastricht: Archaeology and Europe's future, Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Maastricht, Netherlands, 30 August - 3 September 2017.
12. Ljuben Tevdovski (2017) ***"Defining archaeology – between the natural method and social theory"*** Session: Reflections on Interdisciplinarity, International Conference "Disciplinary

in Archaeology", Austrian Academy of Sciences & OREA, Vienna, Austria, 16-18 October 2017.

13. Ljuben Tevdovski (2017) ***"Traditions, Capacities and Responsibility of Archaeology in Confronting the Key Challenges of the Contemporary World"***, Session: Present Identities from the Past - Providing a Meaning to Modern Communities, Twenty-five Years after Maastricht: Archaeology and Europe's future, Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Maastricht, Netherlands, 30 August - 3 September 2017
14. Ljuben Tevdovski (2017) ***"Cultural Cooperation between Greece and Macedonia - experiences and perspectives"*** - Keynote speaker of the Cultural Cooperation Panel, CCS Thessaloniki, Columbia University & Navarino Network, Thessaloniki, Greece, 1 October 2017.
15. Ljuben Tevdovski (2017) ***"The Dangerous Migrants from the See are Coming Again! - Mobility and Cultural Dynamics in the Eastern Mediterranean",*** International Conference on Safeguarding and Promotion of Cultural Heritage, On the occasion of the International Day for Monuments and Sites, Institute of Cultural Heritage and Archaeology and Faculty of Educational Sciences, Stip, Macedonia, 18-19 April 2017.
16. Ljuben Tevdovski (2016) ***"Migrations in the cultural heritage and identity of Macedonia and the Balkan region"***, Institut National des Langues et Civilisations Orientales - Paris, International Conference: "Cinéma et Migrations", SEE a Paris, Paris, 1-5 June 2016.
17. **"Hellenistic Heritage in Focus! Comparative study of the different treatment of Hellenistic heritage by archaeology departments and museums in Macedonia"**, Keynote speaker and Co-chair with Secretary General of ICOM Macedonia and Vice-President of Balkan Museum Network, International Conference MuseumLink 2016, On the occasion of the International Museum Day, ArtLink University Coalition, Skopje, May 2016.
18. **"Archaeology and politics in the light of the contemporary challenges of the European continent"** - Lecture as Keynote speaker on the closing plenary session "Research policy - national and European Agenda", International Conference: "Archaeology and Power - Positioning for the future of researching the past", German Society of Prehistoric and Protohistoric Archaeology, Berlin, Germany. May 2016.

**Список на објавени научни и стручни трудови во изборниот период (2016-2020) со кратка евалуација**

**Книги:**

1. Ljuben Tevdovski (2020) ***The Beauty of the Oikumene Has Two Edges: Nurturing Roman Imperialism in the "Glocalizing" Traditions of the East,*** In: Community and Identity at the Edges of the Classical World, edited by Aaron W. Irvin, Wiley Blackwell, Hoboken, NJ, USA, ISBN: 978-1-119-63071-5

Застапеноста на Тевдовски во оваа едиција на врвниот светски издавач Wiley Blackwell, една од најдоминантните и најреномираните издавачки куќи на академски изданија на денешнината, говори сама за себе за неговите научноистражувачки квалитети. Уредникот на ова издание му дал на Тевдовски преку значајна теоретска анализа на класичниот свет и создавањето на римскиот империјализам, не само да се носи со најголемите научни предизвици и дилеми во научната област, туку да биде и најава и рамка за останатите научни прилози во книгата. Професорот Ирвин, уредник на ова реномирано издание во својот вовед, кажал дека преку научниот придонес на Тевдовски американската и светската научна јавност дознава за македонската научна мисла за Рим и римскиот период. Сепак, придонесот на овој труд е поширок од „римската рамка", а неговите анализи ги обработуваат пошироките културни, општествени и идентитетски трансформации на Блискиот Исток и Медитеранот во класичната епоха. Тевдовски дава нов осврт и кон теориите за античката глобализација, како и континуитетот и трансформациите на империјалното наследство и дворската култура.

2. Ljuben Tevdovski (2020) ***Tiny Kingdoms of Prophetic Ideals,*** In: South-Eastern Anatolia at a crossroads: a multicultural Mediterranean area from the Hellenistic to the Early Byzantine period, edited by Emanuela Borgia, Archaeopress Publishing, Oxford, England, UK

Во овој свој значаен осврт кон Југоисточна Анадолија, Тевдовски дава еден сосема нов поглед за местото и улогата на овој регион во развојот на класичниот свет и класичната култура. Приоѓајќи на темата преку долгорочна теоретска и методолошки продлабочена анализа, авторот ги надминува стереотипите за овој регион на традиционалниот класицистички и евроцентричен поглед. Наспроти тоа, тој преку археолошкиот материјал, историската граѓа и современите компаративни и мултидисциплинарни анализи открива нова слика за овој регион како клучна алка на идеен, идеолошки, општествен и културен континуитет помеѓу хеленистичкиот и византискиот период. Тој го обработува местото на Југоисточна Анадолија во релациите кон Истокот и Западот, како и во трансформациите на она што го нарекуваме персиско, хеленистичко или римско. Најпосле, овој труд ги отвора дел од најзначајните методолошки прашања на класичната археологија и класичните проучувања воопшто за местото и улогата на ориентот, како детерминанта во креирањето на идентитети и перцепции и во антиката и во модерноста.

**Други трудови**

3. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2020/2021) ***Classicism and Orientalism in the Light of the New Globalization Theories*** In: Journal of Liberty and International Affairs, Vol.6. No.3. Jan. 2021, The Institute for Research and European Studies – Bitola, eISSN 1857 – 9760

Овој труд претставува одличен пример за местото и улогата на класичната археологија и класиката воопшто во откривањето како на историските загатки, така и на општествените и идејните предизвици на сегашноста. Авторот како класичен археолог, но и голем познавач на класичната философија и религии, отвора суштински теми поврзани со методолошкиот пристап кон истражувањето на минатото. Лоцирана помеѓу научните традиции и недоумиците на класичарите и ориенталистите, оваа анализа отвора еден нов лист на пост-пост-модерните проучувања. Авторот не само што презентира големо знаење и разбирање за новите научни трендови, а пред сè глобализациските теории, античката глобализација и влијанијата на империјализмот, туку нуди смели хипотези и конкретни решенија, кои имаат за цел да ги одмотаат современите анализи од кожурците на традициите на своите научни дисциплини. На овој начин трудот ја отвора класиката и новите сознанија и методи на класичната археологија, не само кон современите проучувања во економијата, философијата и социологијата, но и анализите на современите меѓународни односи и проучувањата на тенденциите на современиот глобализациски процес.

4. Ljuben Tevdovski, (2020), ***Archaeologists and the Public: Do we have a voice of our own?*** AP: Journal in Public Archaeology, Special Issue: Public Archaeology in the Mediterranean Context, ISSN: 2171-6315

Во овој труд авторот се поставува од позиција на археолог, но и теоретичар на археологијата истовремено. Тој прави поширока анализа на состојбите на современите европски археолози и археолошки практики, ставајќи ги во корелација нивниот статус и позиции во општеството со нивната улога во креирањето на современите општествени перцепции и односи. Авторот прави сериозен преглед на општествено-научните дихотомии и врски кои биле подвижници и креатори на археологијата како научна и професионална дејност. Во тој контекст тој нуди и сериозно аргументира во прилог на новите хипотези дека ако научното не може да биде одделено од општественото, тогаш археологијата и археолозите треба свесно да пристапат и одговорно да се вклучат во процесот на општествена интеракција преку нивната научна, стручна и друга дејност.

5. Ljuben Tevdovski (2020) ***The Classical Message in a Bottle: Should "Classical Wisdom" Determine Our Identities in the Future?*** Journal of Comparative Studies, No.14, (43), Institute of Humanities and Social Sciences, Daugavpils University, LV, ISSN 2255-9388

Во овој труд, разгледувајќи ги „пораките во шише", затскриените мудрости, значајните сознанија, идеите и пораките на старите епохи, авторот посочува на потребата од повторно препрочитување на класината епоха и класичното наследство. Пристапот на овој труд е деконструктивистички, разобличувајќи ги елементите на „класичното", кои се повеќе рефлексија на модерноста отколку на антиката. Авторот поаѓа од клучната дебата на

Хантингтон и Фукујама од крајот на Студената војна за иднината на светот, деконструирајќи го преку неа нашето модерно себепоимање и себеидентификација преку класичната епоха и нејзините мотиви и симболи. Тој ги спротивставува идеите на Хантигтон и Фукујама за идентитетот на класичното и „западното“, со автентичните пораки на класичниот свет, разоткривајќи ги напластените елементи на модерноста и нејзините идентификациски симболи врз нашето знаење и проучувањето на класичното минато. Авторот ги вади од контекстот на вообичаените утилизации најзначајните симболи на класичната мисла како Августин од Хипо или Сократ, анализирајќи ги повторно во нивниот оригинален општествен контекст. Така, тој доаѓа до заклучоци кои не наведуваат да размислиме дали објективизацијата и продлабочените нови истражувања на класичниот период не се корисни, како за деконструкција на конзервираните стереотипи за нашето наследство, така и за новите погледи кон предизвиците во иднината. Во тој контекст, авторот се согласува со Хантигтон дека преку погледот кон минатото можеме да „ја обновуваме и зачувуваме“ уникатноста на нашата цивилизација. А сепак, не заборава да нагласи дека многу од класичните поуки, како оние на Августин од Хипо, не нѐ повикуваат кон конзервирање на нашата цивилизација поради зачувување. Напротив, ваквите пораки, според впечатливата аргументација на авторот, можат да укажат еднакво и кон правецот на изградба на цивилизација отпорна на современите предизвици преку пронаоѓањето на најуниверзалните и споделени вредности кои таа ги носи во себе.

6. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2020) ***Global Solutions for Global Challenges: Lessons to Be Learned from Classical Antiquity*** In: Proceeding book of the International Scientific Conference: Towards the Better Future-Human Rights, Organized Crime and Digital Society, St. Kliment Ohridski University – Bitola, 02-03 October 2020.

Овој труд ги става под лупа нашите одговори на глобалните предизвици, црпејќи инспирации и заклучоци предизвиците, недоумиците и одговорите на класичното минато. Авторите, создавајќи здрава научна дистанца од интелектуалните и општествените недоумици на современото општество, особено во тензичната година на светска пандемија, направиле вешт обид за критичен приказ на состојбата на колективниот ум во услови на криза. Овој труд е вешто сплетен аргумент помеѓу придонесите на историските дисциплини и општествените проучувања на современото општество.

Авторите ја анализираат носталгичната и депресивна слика на интелектуалната јавност во различни центри на западниот свет, рефлектирана во изгубените визии на оптимистичкиот период на деведесеттите години на минатиот век. Тие ја поврзуваат менталната состојба во годината на пандемијата, со пошироките идејни трендови на „залезот“ и „падот“ на западната цивилизација, анализирајќи ги причините и корените на ваквите визии и поглед кон светот.

Наспроти приложените аргументи во трудот, кои говорат во прилог на креирање на ваквиот апокалиптичен поглед врз конкретни класични наративи, авторите го соочуваат читателот на овој труд со различните реакции во антиката на кризни ситуации и значајни општествени неприлики. Во таа смисла, овој модерен мултидисциплинарен пристап не претставува само пример за тенденциите во современите научни анализи во општествените науки, туку и суштински прилог на проучувањата на класичното минато, кон современите општествени недоумици и предизвици.

7. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2020) ***The Quest for Unity – Owning or Sharing the Traditions of the Classical World*** In: Horizons, International Scientific Journal, Series.1, Year XII, Vol.25. ISSN 1857-9884

Овој труд претставува суштински методолошки придонес во развојот на класичната археологија и класичните проучувања воопшто. Авторите пристапиле кон оваа област мултидисциплинарно и сеопфатно, создавајќи комплексна шема која опфаќа суштински проблеми во проучувањето на материјалната култура, интелектуалната историја, идентитетите и религиозноста на класичниот свет. Во рамките на современите научни тенденции, но и со многу оригиналност во пристапот и изразот, авторите ја вадат комплексната материја, која ја поврзуваме со термините класика и класична епоха, култура и наследство, надвор од

традиционалниот систем на класификации на историски епохи, осмислени и „измислени“ географии и стилистички конформизми и пуризми, толку карактеристични за неа. Наспроти ова, трудот му дава специфична тежина и квалитет на новиот пристап кон античкото минато, базиран на идеите за античката глобализација и поврзувањето на идеите и материјалите низ стариот свет, сугерирајќи да се гледа не само на Медитеранот и Блискиот Исток, туку и на раните врски со Далечниот Исток како споделено културно наследство на стариот свет и човештвото воопшто. Овој труд, претставува вонреден прилог кон новиот поглед како на развојот на интелектуалната историја, историјата на науката и уметноста, така и кон проучувањата на античките религии и религиозните трансформации, како во класичната епоха, така и подоцна.

8. Ljuben Tevdovski, (2019), ***On the Identities of Hellenistic Globalization - The Unified World of Diversity*** In: Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2018, Vol.4 No.1. pp. 114-126. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Овој труд претставува суштинско научно пресогледување на важниот историски период од три века, кој е од огромно значење како за развојот на класичната култура и општество, така и за нивните современи наследници. Авторот, кој е специјалист во оваа област, во овој труд со особено внимание и методолошка конзистентност ги презентирал развојот и трансформациите на научната мисла и погледи кон овој период. Притоа, тој дал и свои оригинални погледи, како кон клучните феномени од научен интерес поврзани со оваа епоха, така и кон елементите на оваа епоха кои имаат клучно значење во поширокиот општествен и историски развој. Сестраноста и критичниот научен пристап на овој труд, суштинските анализи на империјалното и глобализациското свртување во современите истражувања на минатото и особено на античкиот Медитеран и Блискиот Исток, претставуваат значаен дострел на придонес кон научната мисла кај нас и пошироко. Авторот со овој труд ги открива значајните придонеси на хеленистичката епоха, како и нивното значење во анализите на интелектуалните, општествените и религиозните трансформации, како на класичниот период, така и на средновековието и модерноста.

9. Ljuben Tevdovski, (2019), ***Antipater vs. Parmenion – A Curious Lyric Battle over the Ideas and Identities in Roman Macedonia***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2019, Vol.6 No.1. pp. 16-28. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Во овој труд авторот прави интересна аналогија на идентитетските и идејните трансформации кај македонските елити, на почетокот и крајот на македонскиот империјализам. Споредувајќи ги идентитетите и животните приказни на значајните Филипови генерали Парменион и Антипатар, со оние на двајца нивни соименици од раноримскиот период, авторот ја поврзува историографијата со литературата додавајќи значаен квалитет на класичниот историски наратив.

Преку анализите на идејните и стилските разлики на епиграмите на Антипатар и Парменион, овој труд значајно придонесува кон расветлување на помалку познатите идејни трансформации на Балканот во раниот период на римската доминација. Авторот за прв пат загатнува преку епиграмот две тенденции на елитите од овој период. Тој наведува дека Антипатар нагласувајќи го својот македонски идентитет и неговата светска слава ги претставува тенденциите на одредени македонски елити да го наметнат својот идентитет, легитимитет и аспирации во контекстот на новиот светски империјализам на Рим. Наспроти тоа, поетот Парменион гради врз една поинаква традиција, нагласена во периодот на македонскиот империјализам, а највидлива во идеите на стоиците и епикурејците. Во своите стихови, Парменион ги отфрла обидите на Антипатар „да (соз)даде песни за своите добродетели, дури и кога добива и малку добрина“.

10. Ljuben Tevdovski, (2018), ***The one world perspective - Chronological overview of the development of Alexander's Oikumene,*** Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2018, Vol.5 No.1. pp. 92-119. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Овој труд има за цел преку јасна хронолошка рамка да ги претстави важните точки на развојот на „Александровата екумена" во четирите века до раѓањето на Исус. Таа ја има општата форма на табела за периодизација, но преку екстензивни објасненија на појавите, личностите и процесите, има за цел да ги долови клучните етапи од развојот на Стариот свет во периодот на Македонскиот империјализам.

Трудот се приклучува на новите тенденции во историската наука и проучувањата на класичниот период, кои ги применуваат методологиите на глобализацијата и го децентрализирааат глобалниот развој, надвор од вештачки создадените перцепции за Западот како негово природно јадро. Тој има за цел да посочи кон значајната цивилизациска инфраструктура на Стариот свет, со центар во Источниот медитеран, создадена или надоградена во периодот на Македонскиот империјализам, кој го повлијаела, трансформирала и надживеала Рим и продолжила да суштествува како централна оска на глобалниот развој се до средината на вториот милениум.

11. Ljuben Tevdovski, (2018), ***From Philopappus to Aristides and Back – Rethinking the Transformations of the Ideas and Ideology of Romanness during the II century***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2018, Vol.5 No.1. pp. 15-25. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Овој труд е посветен на значајниот феномен на идејните и културни трансформации на Римскиот свет, кои водат од класичната кон средновековната епоха. Наспроти традиционалниот пристап кој го лоцира „падот" на Римската Империја во кризата на третиот век, и видливите трансформации во наредните векови, кои неретко ги нарекуваме и доцна антика, авторот проникливо нѐ води кон раните и занемарени фази на оваа трансформација. Обработувајќи ги идејните понуди и манифестации на елитите на вториот век, авторот нѐ соочува со вештачката поделба помеѓу класичниот и ориентализираниот римски свет. Хипотезата на овој труд е дека блискоисточните традиции, кои преку хеленистичкиот Источен Медитеран го заплиснуваат и Рим, не претставуваат закана на римскиот систем, туку суштински формативен елемент на римскиот империјализам и римскиот свет.

12. Ljuben Tevdovski, (2017), ***The two supposed waves of 'classical' Acculturation and their impact over the European Culture and Identities***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, April 2017, Vol. 4 (1). pp. 50-69. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Авторот преку овој текст дава нов, квалитетен и сеопфатен пристап кон значајниот културен трансфер кој неретко го нарекуваме „класично наследство". Преку долгорочна анализа на историскиот развој на овој феномен на трансфер, авторот ги приопштува најновите тенденции во проучувањата на оваа област. Тој не запознава во интересен елемент на историскиот развој, каде што источната култура, традиции и наративи, преку Медитеранот, се трансферираат во Европа и западот пошироко, и стануваат поим за неговиот модерен идентитет. Иако опфаќа многу широк историски период, оваа анализа на извонредно концизен и методолошки конзистентен начин ги доловува тенденциите кои ја предизвикуваат оваа значајна трансформација чии последици имаат значајна улога и во современиот развој и перцепции на општествата и елитите на Истокот и Западот.

13. Ljuben Tevdovski, Stojko Stojkov (2017), ***'The Bulgarian Graves' revisited – funerary Forms and Rituals and the Narratives of the Medieval Balkans,*** Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, April 2017, Vol. 4 (1). pp. 136-151. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Трудот претставува редок поглед на нашата научна мисла на еден археолошки феномен од големо значење за средновековната археологија на Балканот и

археолошката методологија воопшто. Тој прави обид да ги реконструира истражувањата на специфичните погребни форми од северо-источниот дел на Балканот, преку поставување на значајни прашања за методолошкиот пристап кон овој археолошки материјал и неговите теоретските импликации и интеракции со историските наративи.

14. Ljuben Tevdovski, (2016), ***Traveling Brokers of Legitimacy - the Shared Proto-history of Classical Archaeology and Modern Diplomacy in Early Modern Europe***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2016, Vol. 3 No.1. pp. 132-149. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

Овој труд ја обработува клучната етапа на трансфер на знаење, естетика и вредности од класичниот кон модерниот свет во ренесансата. Авторот екстензивно елаборира на „средновековната" византиска врска на овој „класичен" трансфер, но фокусот на трудот е сепак на осмислувањето на новиот „западен свет" преку класичното наследство. Во таа смисла, авторот ги идентификува основните мотиви на бројните интелектуалци и полимати на ренесансниот период, кои ги препознаваме како први современи истражувачи, научници или уметници, и нивното суштинско значење во новата пост-византиска реалност. Овој труд претставува суштинска аргументација дека напорите на бројните хуманисти, литерати и интелектуалци на ренесансата претставуваат појавна форма или видно поле на посуштинскиот процес на изградба и легитимација на општествен систем на маргините на византиската империја кој се себеосмислува врз урнатините и остатоците од нејзиното наследство.

15. Stojko Stojkov, Ljuben Tevdovski, (2016), ***Few Dilemmas Related to the Alleged Bulgarian Plans for Incursion in 'Sclavinia Berzitia',*** Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2016. Vol.3 No.1. pp. 90-109. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

вој труд обработува три клучни прашања поврзани со Берзитија во 773 / 774 г.: причините за бугарскиот поход, мотивите на Константин Погонат истиот да го спречи и односите на Берзитија со Византиската Империја. Настаните се разгледани во контекстот на повеќекратните конфронтации на Византија со Бугарите (756 – 775 г.) и особено напуштањето на територииите под бугарска власт од страна на 208 000 Словени во 763 г. Впечатливата хипотеза на авторите е дека Берзитија во овој период претставувала независна склавинија од Византија. Токму ваквиот статус на оваа „склавинија" тие го поврзуваат со изборот токму нејзиното население да биде преселено во територииите под Бугарска доминација. Гледајќи низ оваа призма, трудот сугерира дека мотивите на Константин V не треба да се бараат примарно во заштитата на Берзитија. Напротив, ромејската реакција, во овој контекст, според аргументацијата на авторите, е насочена кон спречувањето на обидот на канот Телериг да ја регенерира силата на ослабеното канство преку населување на нова зависна популација на местото на пребегнатата во 763 г.

16. Ljuben Tevdovski (2016) ***Between Classical Archaeology and Neo-orthodoxy – the Transformations, Identities and Challenges of the Political Elites in Contemporary Greece***, Political Thought, Y. 14, No. 52, December 2016, pp. 9-34. ISSN 1409-9853

Овој труд претставува сеопфатна и важна анализа за влијанието на класичната археологија врз општеството, идеологиите и идентитетите на една релативно мала современа држава со огромно значење за развојот и на класичната археологија и на современите европски и пошироки идентитети. Зафаќајќи се со идејните трансформации на современа Грција, авторот покажува голема подготвеност, но и храброст да се соочи со дел од најкомплексните проблеми во проучувањето на класичното минато и неговиот однос со современите идентитети. Наспроти амбициозната тема, трудот е методолошки компактен и поткован, задавајќи си јасни цели и мерливи одредници. Овој труд претставува методолошки подвиг кој го расветлува влијанието на класичната археологија и класичното наследство токму врз географијата врз која тоа е осмислено во текот на деветнаесеттиот и дваесеттиот век. Авторот покажува одлично знаење за најсовремените научни погледи

во областа, но и оригинални идеи за влијанието на класичните детерминанти, како во осмислувањето на ова модерно општество, така и врз современите предизвици со кои тоа се соочува.

17. Ljuben Tevdovski (2016) ***History of Classical Archaeology and its impact on the identity, culture and politics of the European nations,*** Macedonian Journal of Political Science, Vol. VII, June 16, 2016, pp. 105-117. ISSN 1857-9167, e-ISSN 1785-6812

Овој научен труд преку екстензивна и мултидисциплинарна анализа открива дел од основите на специфичните односи и меѓусебната повлијаеност на класичната археологија и современите европски национализми и национални фабули. Но, истовремено, тој говори и за дел од мотивите и потеклото на одредени археолошки интереси специфични за класичната археологијата, како и потеклото и специфичниот развој на општествените и културните трансформации во деветнаесеттиот век, кои довеле до создавањето на современите национални идентитети. И покрај тоа што во изминатиот период е напишана екстензивна литература за односот на современите национални идентитети и археологијата, како и нивното специфично европско потекло, новиот пристап на овој труд, прави обид интегрално да ги претстави специфичните односи кои довеле до развојот на овие феномени, суштински ги поврзале и прават од нив комплексна, но идејно хомогена целина, која претставува солидна основа за пост-модерните сфаќања на односите помеѓу науката и општеството.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Љубен Тевдовски е главен организатор и претседател на Научниот одбор на Меѓународната конференција за заштита и промоција на културното наследство, по повод Меѓународниот ден на споменици и локалитети, во ко-организација на Факултетот за образовни науки, УГД и Институтот за културно наследство и археологија, кој се одржа во Штип на 18-19 април 2017 година.

Тевдовски активно учествувал и ја поддржувал работата на студентите на факултетот во организирање на две студентски научни конференции и нивната соработка со студенти и студентски организации од повеќе држави. Во изминатиот период од изборот за доцент во 2016 година тој организира повеќе од десет стручно-едукативни посети на студенти од Факултетот за образовни науки во странство, ментор е на 5 дипломски трудови на студенти, учествува во одбраната на дипломски трудови на повеќе од 10 студенти, а со неговите препораки неколку студенти на Факултетот за образовни науки се примени на магистерски студии на врвни европски универзитети и научни центри.

Со одлука на 143-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки од 11.3.2020 г., Тевдовски бил назначен за член на Комисијата за изработка на елаборати за студиските програми Историја и археологија.

Љубен Тевдовски подготвил и скрипта и практикум за предметот Класични цивилизации (и Историја на уметност на класичните цивилизации), кој се користи од студентите од студиските програми: Историја и археологија како учебно помагало за повеќе предмети, а е предвиден и за предмет Класични цивилизации во новата комбинирана студиска програма: историја и археологија.

Согласно со критериумите за избор во наставно-научно звање (вонреден професор), д-р Љубен Тевдовски има објавено рецензирана скрипта и рецензиран практикум од научните области за коишто се избира:

1. Љубен Тевдовски, (2020) **„*Класични цивилизации*“ - е-скрипта**
2. Љубен Тевдовски, (2020) **„*Практикум по Класични цивилизации*“** - е-практикум.

**Членство во научни и стручни асоцијации**

Љубен Тевдовски членувал во бројни научни и стручни асоцијации, каде што извршувал одговорни функции и активно учествувал во работата на повеќе научни и стручни тела на истите. Тевдовски е член на:

**Европската асоцијација на археолози - Прага** (European Association of Archaeologists), **Меѓународната асоцијација за класична археологија - Рим** (International Association for Classical Archaeology),

**Друштвото за антички медитерански религии - Атланта, САД** (Society for Ancient Mediterranean Religions), како и,

**Македонското археолошко научно друштво,** Institute of Cultural Heritage and Archaeology – Louvain-la-Neuve-Skopje, *(Board Member)*, Foundation Alliance of Civilizations *(Former Board Member),* East-West Bridge - Macedonian Branch и други значајни професионални организации.

**Учество на научни проекти и истражувања**

**Public Archaeology in the Mediterranean Context – PubarchMED**, меѓународен проект на 20 медитерански земји, 2017-2021, финансиран од Владата на Шпанија, под раководство на INCIPIT – Националниот институт за културно наследство на Шпанија, *учесник на проектот на меѓународно ниво, координатор истражувањата и теренските активности за Македонија, научен соработник во организација на завршните научни заклучоци и член на Научниот одбор на завршната меѓународна конференција во Шпанија.*

**European Observatory to Fight Archaeological Looting,** меѓународен проект на 22 европски земји, 2019-2023, финансиска поддршка од Consejería de Cultura y Patrimonio Histórico, Junta de Andalucía (регионалните културни институции во Андалузија) и ко-апликант на COST-европски фондови во втора фаза, под раководство на NEMESIS-Asociacion para la invertigacion y defensa del patrimonio cultural contra el expolio y el trafico ilicito, *учесник во првата фаза на проектот (компаративни истражувања на европско ниво и вмрежувања на институции за грижа кон археолошкото наследство) и со-предлагач на втората фаза во 2020 г.*

**Uniquest – Religious transformations in the Roman Empire and the Hellenistic Ideal of a United World,** меѓународен проект со учесници од 6 земји, 2019 – 2023, поддржан и изработен под менторство на School of History, Archaeology and Religion (SHARE), Cardiff University, под раководство на Institute of Cultural Heritage and Archaeology - Louvain-la-Neuve – Skopje, *автор на елаборатот на проектот, ко-автор на две меѓународни публикации за религиозноста и нејзиното општествено влијание во класичниот свет.*

Помеѓу позначајните археолошки истражувања во земјава во кои д-р Тевдовски учествувал се и истражувачкиот камп Давина кула – Чичер, археолошките и други активности на долгорочниот проект Античко кралство Македонија во Република Македонија, како и истражувањата на локалитетот Вардарски Рид и Скопската тврдина Кале.

Во својата долга и разновидна кариера Тевдовски извршувал значајни функции и членувал во различни државни консултативни и извршни форуми и тела.

На раководни државни функции Љубен Тевдовски бил во својство на: директор на Музејот на Град Скопје, помошник-директор на Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија, амбасадор во Канада, раководител на Сектор за следење на национални приоритети на Министерството за надворешни работи, државен претставник на Младинскиот форум на Генералното заседание на УНЕСКО во 1999 година, координатор на државната делегација на годишното заседание на Процесот за соработка во Југоисточна Европа во 1999 г. и многу други. Тој исто така бил член на повеќе државни и владини тела, како: советник за јавна дипломатија на претседателот на државата и член на Советот за надворешна политика на претседателот, член на Владиното координативно тело за соработка со Франкофонијата, член на Владиното координативно тело за дијаспора, член на Работна група за образование и култура за подготовка на национална програма за усвојување на право на Европска Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија, член на делегација на годишното собрание на УНЕСКО, член на делегации на ЦЕИ, член на управен одбор на Националниот ансамбл Танец и др.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 164 од Законот за високото образование на Република Македонија и членовите 7, 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 43 од 16.9.2019), по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека доцент д-р Љубен Тевдовски значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + СА) на поени за избор во звањето вонреден професор, остварувајќи вкупно 248,2 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот д-р Љубен Тевдовски може да се заклучи дека во сите наведени дејности тој постигнал мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност тој како доцент потврдил дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско развојната дејност се афирмирал како особено солиден истражувач кој ја совладал и користел методологијата на научното истражување, како од теориски, така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на стручно-научните собири во земјата и странство покажува дека кандидатот ја насочил својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата, која треба да му биде доверена, но едновремено дал и свој придонес за афирмација на археологијата кај нас.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатот и е на мислење дека тој ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на **Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Љубен Тевдовски да го избере во звањето вонреден професор за наставно-научните области: класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура и теорија на археологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Виктор Лилчиќ Адамс,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Антонио Јакимовски,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Драги Митревски,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| | | | | | | |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| 1. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br><br>*Трудови: 3,4,5,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17*<br><br>*Поени: 9/11.7/11.7/9/11.7/11.7/11.7/11.7/11.7/11.7/11.7/6/11.7/11.7* | 9/6/3 | | | | 152,7 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>*Во земјава: труд број 6*<br>*Поени:2* | Во земјава | | Во странство | | 2 |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | 1 | 2 | | | |
| 3. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство<br><br>*Усни презентации во земјава:презентација број 3*<br>*Усни презентации во странство:презентации број 1,2,6,8,10,11,12,13,16*<br>*Постер презентации во странство:презентации број 7,9* | Во земјава | | Во странство | | 22,5 |
| | | број | поени 1/1,5 | број | Поени 1,5/2 | |
| | | 1 | 1,5 | 9<br>2 | 18<br>3 | |
| 4. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | Во земјава | | Во странство | | 8 |
| | | број | поени 2 | број | поени 3 | |
| | | 1 | 2 | 2 | 6 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br><br>1 во останати | 10/6/3 | | | | 3 |
| **6.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br><br>3 членства во останати | 4/2/1 | | | | 3 |
| **7.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | Во земјава | | Во странство | | 2 |
| | | број | поени 1 | број | поени 2 | |
| | | | | 1 | 2 | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **193,2** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)<br><br>*Усни презентации во земјава:презентации број 15,17*<br>*Усни презентации во странство:презентација број 14* | Во земјата | | Во странство | | 2 |
| | | број | поени 0,5 | број | поени 1 | |
| | | 2 | 1 | 1 | 1 | |
| **2.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | Поени 5 | број | Поени 8 | |
| | | 1 | 5 | 2 | 16 | 21 |
| **3.** | Член на факултетски орган, комисија | | | | | 2 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **25** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | 30+193,2+25 | | | | **248,2** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА И СОЦИОЛОГИЈА НА ЕТНИЧКИ ГРУПИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-63/4 од 13.4.2021 година донесена на 204. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 13.4.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области социологија на политиката и социологија на етнички групи на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 19.3.2021 г. и во предвидениот рок се пријави: д-р Страшко Стојановски, д-р по социолошки науки, вонреден професор од областа социологија на политиката.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот **д-р Страшко Стојановски** е роден на 2 ноември 1981 година во Скопје, Р. Македонија. Основното и средното образование ги завршил во Крива Паланка. Дипломирал во 2004 година на Филозофскиот факултет - Скопје, на Институтот за историја при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, со просечен успех 9,08. Магистрирал во 2007 година на Филозофскиот факултет - Скопје на Институтот за социологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, со просечен успех 9,50, со одбрана на магистерскиот труд на тема „Колективниот идентитет кај Македонците муслимани“. Докторирал во мај 2011 година на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија, на тема „Социолошките и политичко - правните аспекти на милетскиот систем во Доцноосманлиската Империја: Со посебен осврт на работата на црковно-училишните општини во Македонија“, која се однесува на областите на социологијата на политиката, социјалната антропологија, социологијата на етничките групи и историската социологија.

Во 2007 година Страшко Стојановски е избран во соработничкото звање помлад асистент, а од 2010 година и како асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во областите на социологија на правото, политичка социологија и филозофија на правото. Во октомври 2011 година е избран за доцент во наставно-научната област социологија на политиката, како дел од Катедрата за политички и правно-политички науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а во 2016 година е избран во звање вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Професионалната ангажираност и научно-истражувачкиот интерес на д-р Страшко Стојановски се насочени во рамките на интердисциплинарниот приод кој ги опфаќа социолошките, политичките, историските и правните науки. Посебно треба да се истакне интересот во насока на истражување на современите идеологии, во прв ред националната, конструкцијата на колективните идентитети и проучувањето на различните форми на социјална мобилизација (првенствено различните форми на политичка мобилизација). Во 2010-2011 година остварува четиримесечен студиски престој како стипендист на Универзитетот во Виена, Р. Австрија, а од 2013 година е раководител на Центарот за правно-политички истражувања на правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев во Штип.

Во два мандати, д-р Страшко Стојановски е член на Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Тој е основач, член на Програмскиот комитет и во период од три години главен уредник на меѓународното списание „Balkan Social Science Review", кое е индексирано во повеќе релевантни и престижни меѓународни бази на списанија (CEEOL, EBSCO, SCOPUS, Index Copernicus и сл.). Во научноистражувачката активност на кандидатот треба да се спомене членството во програмскиот и организацискиот одбор на меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", членството во Организацискиот одбор на првата летна школа одржана заедно со правните факултети при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор**

1. Во мај 2011 година докторира на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Р. Македонија, на тема „Социолошките и политичко-правните аспекти на милетскиот систем во доцноосманлиската империја: Со посебен осврт на работата на црковно-училишните општини во Македонија", која се однесува на областите на социологијата на политиката, социјалната антропологија, социологијата на етничките групи и историската социологија, како доктор по социолошки науки.
2. *Во октомври 2011 година е избран за доцент во наставно-научната област социологија на политиката, како дел од Катедрата за политички и правно-политички науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.*
3. Во март 2016 година е избран за вонреден професор во наставно-научната област социологија на политиката, како дел од Катедрата за политички и правно-политички науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
4. Објавени најмалку шест рецензирани научи труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор;

Д-р Страшко Стојановски од изборот во доцент до денес има објавено повеќе од 90 труда, а во периодот од изборот на вонреден професор од 2016 година има објавено повеќе од 30 труда во научни списанија, годишни зборници или зборници од научни конференции. Во табелите се презентирани трудовите од периодот на избор на вонреден професор (2016 год. до денес)

***Објавени трудови во меѓународни научни списанија и годишни зборници на трудови од 2016 до денес***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Stojanovski, Strasko and Poposka, Zaneta (2020) | Macedonians and Albanians: Stereotypes and Ethnic Distance | Balkan Social Science Review, 15. pp. 297-327. ISSN 1857- 8772 | 8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Todorova, Biljana and Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2019) | **Социјална заштита на жртви на семејно насилство и ставови на јавното мислење** | Годишен зборник - 2019, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 9 (9). pp. 78-91. ISSN 1857-8713 | 10 |
| **3.** | Ljorovski, Dimitar and Tasev, Donco and Stojanovski, Strasko (2019) | **Националната мобилизација во Република Грција во однос на Македонското прашање** | Годишен зборник на Правен факултет. pp. 71-89. ISSN 1857-7229 | 10 |
| **4.** | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Marolov, Dejan (2018) | Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives | Balkan Social Science Review, 11. pp. 95-114. ISSN 1857- 8772 | 8 |
| **5.** | Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2017) | Republic of Macedonia, the 30th Member of NATO? | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. pp. 281-294. ISSN 2307-4531 | 11 |
| **6.** | Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar and Marolov, Dejan (2017) | Грчката политика и Македонското прашање | Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-7229 | 10 |
| **7.** | Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017) | Проширување на ЕУ, историски приказ и моментална состојба | Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229 | 10 |
| **8.** | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2016) | Перцепциите на граѓаните за транспарентноста и партиципативноста во процесот на донесување на одлуки во единиците на ликалната самоуправа во Источниот плански регион на Република Македонија. | Годишен зборник на Правен факултет, 5. pp. 287-305. ISSN 1857-7229 | 10 |
| **9.** | Denkova, Jadranka and Stojanovski, Strasko and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2016) | Criteria and Standards in the Higher Education – Basis for Quality Higher Education Staff in Republic of Macedonia | Balkan Social Science Review, 7. pp. 87-111. ISSN 1857- 8772 | 8 |
| **10.** | Stojanovski, Strasko and Koceva, Daniela (2016) | Религија и религиската дистанца во Република Македонија | Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229 | 10 |

***Трудови објавени во зборник на трудови од меѓународна научна конференција во странство (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји и коишто се организираат најмалку по петти пат од 2016 до денес***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.** | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovsk, Strasko | Comparative analyzis of HRM in public administration. | XIV International May Conference on Strategic Management: An international publication for theory and practice of Management Science, 25–27 May 2018, Bor, Serbia. IMCSM, Proceedings; Volume XIV, Issue (1) (2018) ISSN 2620-0597, ISBN 978-86-6305-078-5 | 14 |
| **12.** | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko | Human Resource Management, challenge for effective local government. | Book of proceedings International May Conference on Strategic Management – IMKSM17, 19–21 May 2017, Bor, Serbia. Pp. 426-436, ISBN 978-86-6305-042-6 | 12 |
| **13.** | Stojanovski, Strasko and Stojkovic, Natasa and Ananiev, Jovan and Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and Zlatanovska, Biljana (2016) | University Education in 21 century: Student attitudes toward high educational programs in Macedonia | ITRO 2015, 10 June 2016, Zrenjanin, Serbia. | 9 |

**Трудови објавени во зборник на трудови од меѓународна научна конференција во земјата (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји, од 2016 до денес.**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | Stojanovski, Strasko and Koceva Lazarova, Limonka and Todorova, Biljana (2020) | *Политики на високо образование: Веројатност во перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите* | Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7). pp. 729-756. ISSN 978-608-244-778-0 | 7 |
| **15.** | Denkova, Jadranka and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko (2020). | *Предности и недостатоци на Управниот спор во македонскиот правен систем* | *Седма меѓународна конференција - Општествените промени во глобалниот свет, Sept 2020, Stip.* | 7 |
| **16.** | Nikodinovska Krstevska, Ana and Stojanovski, Strasko (2019) | International Aspects and Identity Issues of the principle of Self-determination of people through the prism of the Prespa Agreement | Proceedings of the Sixth International Scientific Conference 'Social Changes in the Global World'. pp. 627-644. ISSN 978-608-244-647-9 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko | *Одговорноста на администрацијата основен принцип во управната постапка.* | *Општествените промени во глобалниот свет Правен факултет Штип 2015, 03-05 Sept 2019, Stip, Macedonia Зборник на трудови* ISBN 978-608-244-647-9 | 6 |
| **18.** | Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2018) | *Постизборни уставни дилеми и формирањето на Владата на Република Македонија* | *Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет,* 6-7 Sept 2018, Stip, Macedonia | 5 |
| **19.** | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka | *Миграции на маладите од Република Македонија; Демографски показатели и перцепции на јавното мислење.* | *Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Септ.* 2018, *Штип. Македонија. Зборник на трудови* ISBN 978 -608-244-548-9 | 5 |
| **20.** | Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar (2017) | *Грчката „Македонска борба“* и *грчката политика во Балканските војни и Букурешкиот договор. In:* | *Македонско-Руски научен собир „Букурешкиот мировен договор (1913) и неговите долгорочни последици за Македонија и Југоисточна Европа“ ИНИ,* 27, 28 June 2013, Skopje, Macedonia. | 1 |
| **21.** | Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017) | *Охридскиот рамковен договор наспроти Тиранската платформа* | *Четврта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 6-7 Sept 2017, Stip, Macedonia* | 4 |
| **22.** | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka | *Медиумите и медиумското информирање во Република Македонија: Фактори на влијание на политичката мобилизација врз системот на јавното медиумско информирање.* | *Четврта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Септ.* 2018, *Штип. Македонија. Зборник на трудови* ISBN 978-608-244-423-9 | 4 |
| **23.** | Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2016) | *Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија* | Proceedings of The Third International Scientifc Conference: Social Change in the Global World, 1-2 Sept 2016, Center for Political and Legal Research, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **24.** | Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka | The role of stereotypes in creating social distance and social inclusion in Republic of Macedonia. | *Трета меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Септ.* 2016, *Штип. Македонија. Зборник на трудови* ISBN 978-608-244-353-9 | 3 |

- Потврда за познавање на англиски јазик и потврда за положен TOEFEL;
- Способност за изведување на високообразовна дејност, д-р Страшко Стојановски во 11-годишниот изборен период од доцент до вонреден професор остварил плодна научноистражувачка и наставно-образовна дејност, бил ментор на околу 90 дипломски трудови и на околу 10 магистерски трудови, автор е на учебници и учебни помагала од областа на социологијата на политиката, социологијата на правото, социологија на етничките групи како и генерално во пошироките полиња на социолошките и политичките науки. Извршувал факултетски и универзитетски функции (член на наставно-научен совет, сенатор, член на комисии). Учествувал во изработка на елаборати за студиските програми полето на правните и политичките науки за прв и втор циклус на студии, како и во процесите на акредитација на факултетот. Исто така бил рецензент на повеќе учебници и трудови.

**Посебни услови:**

- *Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати* - во изборниот период д-р Страшко Стојановски бил дел од тим во научноистражувачки проекти што се реализирани од страна на истражувачки тим на Правниот факултет во рамките на научноистражувачката програма на Универзитет „Гоце Делчев“ чиј главен истражувач е проф. д-р Јован Ананиев, како и член на тим во проект со Универзитет од Воронеж, Руската Федерација. Од научноистражувачките проекти се објавени научноистражувачки трудови во релевантни научни списанија, каде се прикажани оригинални научни резултати.

Д-р Стојановски е раководител и главен истражувач на проектот „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза“, кој се реализира во партнерство на правните факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Исто така тој е раководител и главен истражувач ка проектот „*Детерминанти за образовна мотивација и миграција на младите во источниот и југоисточниот регион на Република Македонија*“, кој се реализира како универзитетски проект на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во изборниот период д-р Страшко Стојановски реализира и бројни проектни активности во рамките на Центарот на правно-политичко истражување, во кој се реализираат дебати, трибини, истражувања, презентации, публикации и сл. Исто така, реализирани се низа проектни активности во партнерство со Министерството за евроинтеграции, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, подготовка на студенти за меѓународни натпревари при првото учество на Правниот факултет пред Меѓународниот суд за човекови права, како и многу други активности реализирани на Правниот факултет во Штип.

- *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници* - Во рамките на образовните активности учествува и во самостојниот развој на помлади наставници и асистенти и со нив соработува во рамките на изведувањето на наставата, предавања и вежби по предмети што се од социологија на политиката, граѓанско општество, социологија на правото, јавност и јавно мислење, истражувачко новинарство и сл.

– Во целокупниот изборен период од доцент до денес д-р Страшко Стојановски објавил рецензиран учебник по Граѓанско општество и рецензирани скрипти и практикуми по Социологија на правото и Граѓанско општество.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 2011 год. е избран во доцент за наставно-научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет. Како доцент бил вклучен со предавања на насоките Новинарство и односи со јавност, Правосудна насока и Правни студии, како и Применета политика и дипломатија на првиот циклус на студии за предметите: Социологија на правото, Цивилно општество, Политичка социологија, Јавност и јавно мислење, Историја на новинарството, Истражувачко новинарство и Филозофија на правото, како и Политичка антропологија, Методологија на научноистражувачката работа, Нации и национализам на втор циклус на студии.

Во 2016 год. е избран во вонреден професор за наставно-научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет. Научната евалуација на научните трудови за избор во вонреден професор е содржана во Реферат за избор во вонреден професор. Со последната акредитација од 2016 година, според новата програма вклучен е во прв, втор и трет циклус на студии.

**На првиот циклус на студии вклучена е на сите насоки на следните предмети:**

На насоката Правни студии во првиот семестар, предметот Социологија на правото (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Струмица и Штип.

На насоката Правни студии во втор семестар, предметот Граѓанско општество (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Струмица и Штип.

На насоката Новинарство и односи со јавност во вториот семестар, предметот Култура на комуницирање (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Скопје и Штип.

На насоката Новинарство и односи со јавност во прв семестар, предметите Историја на новинарство, задолжителен предмет (8 кредити) (3+2+2) и Современа Европска и Балканска историја, задолжителен предмет (6 кредити) (2+2+1), во трета година, петти семестар предметот Јавност и јавно мислење (8 кредити)(3+2+1), во трета година, шести семестар, предметот Истражувачко новинарство (6 кредити)(2+1+1), Скопје и Штип.

До траењето на акредитацијата на програмата Применета политика и дипломатија го предава предметот Политичка социологија во трета година, петти семестар (6 кредити) (3+2+1), во Штип.

**На вториот циклус ги предава следниве предмети*:***

Студиска програма Јавна администрација 3+2:

На студиските програми Јавна администрација, Правни студии, Применета политика и дипломатија, Демократски институции и човекови права, предметот Методологија на научноистражувачката работа, (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Штип.

На студиската програма Демократски институции и човекови права, во третиот семестар, предметот Нации и национализам, (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Штип.

**На третиот циклус на студии ги предава следните предмети:**

На Катедрата за политички и правно-политички науки на студиската програма Докторски студии по политички науки – политички системи ги предава следните предмети: Политичка култура и политичка социјализација, прва година, прв семестар (9 кредити) (3+3+3), како задолжителен предмет и Национализам и етнички конфликти (6 кредити) (2+2+2), како изборен предмет во втор семестар, прва година.

Во рамките на образовните активности, учествувал и во самостојниот развој на студентите на прввиот, вториот и третиот циклус на студии. Така, под менторство на д-р Страшко Стојановски дипломирале на прв циклус на студии околу 90 студенти. На вториот циклус на студии под негово менторство досега магистрирале повеќе околу 10 студенти. Покрај тоа учествувал како член на комисија за одбрана на магистерски труд во повеќе од 30 комисии, а на додипломски студии во повеќе од 50 комисии. Бил член на комисија за одбрана на докторски студии на двајца студенти.

***Учебници и учебни помагала***

Од 2011 година до денес д-р Страшко Стојановски е автор на три книги, еден учебнк и четири учебни помагала и коавтор на четири книги. Автор е на учебник *Граѓанско општество објавен во 2018 година. Автор е на учебните помалала Социологија на правото-скрипта, Социологија на правото-практикум, Граѓанско општество-скрипта и Граѓанско општество-практикум, книгите Од Милет до нација, создавање на нациите и национализмите на Балканот, Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза и Млади, миграции и образование, како и делови од книгите Македонците со исламска религија во историски и современ контекст, Зошто идеологијата е важна: Есеи за национализам, политички идеологии и бирократија, Turkish-Albanian Macedonian Relations Past, Present and Future и Семејно насилство.*

| Бр. | Автор | Наслов на учебникот, учебното помагало | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Страшко Стојановски | Учебник Граѓанско општество | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип, ISBN 978-608-244-562-5 | 2018 |
| 2. | Страшко Стојановски | Учебно помагало Граѓанско општество-практикум | Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип. ISBN 978-608-244-268-6 | 2016 |
| 3. | Страшко Стојановски | Учебно помагало Граѓанско општество-скрипта | Универзитет „Гоце Делчев“ -Штип ISBN 978-608-244-006-4 | 2014 |
| 4. | Страшко Стојановски | Учебно помагало Социологија на правото-скрипта | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ISBN 978-608-4708-88-9 | 2013 |
| 5. | Страшко Стојановски | Учебно помагало Социологија на правото-практикум | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ISBN 978-608-4708-89-6 | 2013 |

## Евалуација на научните трудови

Д-р Страшко Стојановски во научноистражувачкиот период е насочен кон истражувања од областите на социологија на политиката и социологија на етнички групи, неговите трудови се освврнуваат кон анализа на различни аспекти на меѓуетничката коегзистенција, нациите, национализмот, политичките идеологии и политичката мобилизација, функционирањето на управата низ призмата на социологијата на политиката, политичко-правни и социолошки аспекти на политичките процеси поврзани со националниот и меѓународниот контекст, социолошки и политички аспекти на образование, миграции, религија и слично. Тој активно учествува на повеќе меѓународни конференции и научни настани во Македонија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина,

Грција, Русија, Австрија, Унгарија и други земји, од кои се објавени многубројни трудови. Во целокупниот истражувачки период има објавено околу 100 трудови, од кои најголемиот дел се објавени во научни списанија регистрирани во релевантните бази за списанија, Ebsco, Scopus, CEEOL и др.

**Подолу ги прикажуваме сите трудови објавени во научни списанија, годишни зборници и зборници од конференции од 2011 кога е избран во доцент до изборот во вонреден професор**

1. Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2015) Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration. Holistica, Journal of Business and Public Administration Bucuresti, 6 (1). pp. 20-31. ISSN 2067-9785
2. Denkova, Jadranka and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko (2015) Organizational and legal assumption for creating reliable public administration. International Journal of Current Research, 7 (3). pp. 14184-14188. ISSN 0975-833X
3. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Nikodinovska Krstevska, Ana (2015) Between Religion and Nation: The Identity of Makedonci muslimani in Republic of Macedonia. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (2). pp. 194-201. ISSN 2307-4531
4. Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar (2015) Раѓањето на македонската нација: етно-лингвистичките и територијално-политички основи на македонскиот идентитет. Годишен зборник на Правен факултет, IV. pp. 285-311. ISSN 1857-7229
5. Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2015) The Balkan Muslim discourse: Identity among the Muslims of Slavic origin. New Balkan Politics, 17. ISSN 1409-8709
6. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2015) The Balkan Wars through the Prism of the Wider Theoretical Framework of the Concept of the "Security Dilemma". Balkan Social Science Review, 5. ISSN 1857- 8772
7. Nikodinovska Krstevska, Ana and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2015) The Ukraine Crisis and New Security Challenges for Euro Atlantic Integrations. International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), 20 (1). pp. 254-259. ISSN 2307-4531
8. Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan and Ananiev, Jovan (2014) Macedonian Question Reframed: Politics, Identity and Culture in Republic of Macedonia. Balkan Social Science Review, 4. pp. 295-323. ISSN 1857- 8772
9. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan and Denkova, Jadranka (2014) The multiethnic coexistence on the Balkans. Journal pf Process Management - New Tehnologies International (JPMNT), 2 (2). pp. 70-76. ISSN 2334-735x
10. Stojanovski, Strasko (2014) Веберовата теорија за власта: типови на легитимна власт. Годишен зборник на Правен факултет, 3 (1). pp. 155-173. ISSN 1857-8713
11. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2014) About the Terms "Yugoslavia" "Balkanization" and "Third Balkan War". International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. ISSN 2307-4531
12. Ljorovski, Dimitar and Stojanovski, Strasko (2014) The kingdom of Greece and The First Balkan War: Aspirations and achievements. Security Dialogues – International Peer Reviewed, 4 (2). pp. 59-73. ISSN 1857-8055
13. Stojanovski, Strasko (2013) From "Balkanization" toward "West-Balkanization": The Republic of Macedonia's Euro- Atlantic prospects. Balkan Social Science Review, 1. pp. 201-216. ISSN 1857- 8772
14. Stojanovski, Strasko (2013) Основни претпоставки за поставеноста на правниот систем во рамките на доцноосманлиската империја. Годишен зборник на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип.
15. Stojanovski, Strasko (2013) National Ideology and Its Transfer: Late Ottoman and Austro-Hungarian Relations. Macedonian Historical Review. pp. 133-151. ISSN 1857-7032

16. Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2012) Citizens Inclusion in the Macedonian Political Life: A Base for Human Rights Development Approach. Proceeding Book from the International Conference: "Law, Management and Medias in the XXI-th Century".
17. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2012) Towards European identity: The role of national historiografies in creation of Balkan myths. Identity in the era of globalization and europeization. pp. 177-188. ISSN UDC/316.347:316.4.033-027.511(497)
18. Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar (2011) Појавата на македонскиот протонационализам: употребата на терминот македонски јазик во грчките извори од почетокот на хх-тиот век. SPEKTAR, 29 (1). pp. 262-278. ISSN 0352-2423
19. Stojanovski, Strasko (2011) Од Балкански национализми до Европски Супранационализам: Улогата на националната историја во градењето на колективната меморија. Evrodijalog. pp. 111-134.
20. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2011) Помеѓу политичката мобилизација и османлиското наследство: Балканскиот муслимански идентитет виден преку случајот на Македонците муслимани. Islamskata civilizacija na Balkanot.
21. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2015) Граѓанската партиципативност во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Република Македонија. In: Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.
22. Ljorovski, Dimitar and Stojanovski, Strasko and Nikolova, Magdalena (2015) Спорот за името меѓу Македонија и Грција: македонскиот идентитет и употребата на терминот „македонец" во делот на Македонија под Грција. In: Second International Scientific Conference: Social Change in the Global World, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.
23. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2015) Улогата на граѓанските организации во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа на Република Македонија. In: First International Scientific Confetence: The Man in the Global World, 18-20 May 2015, Faculty of Law, University of Voronezh, Russia.
24. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2015) Балканските војни- Сто години потоа: Користење на Историјата во функција на политичката мобилизација на Балканот. In: Меѓународна научна конференција Балканот: Луѓе, војни и мир по повод 100-годишнината од Балканските војни (65 години ИНИ), Институт за национална историја – Скопје, Македонија.
25. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2015) The Role of Public Administration in Decision Making Processes in Self-Goverment Units in Republic of Macedonia. In: International Conference "UN: Historical Traditions and Contemporary Law", 2-3 Oct 2015, Blagoevgrad, Bulgaria.
26. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2014) Културниот трансфер како основа за политичка мобилизација: Теоретски претпоставки за релациите помеѓу културата, етничката припадност и национализмот. In: International Scientific Conference "Cultural Memory", 5-7 Sept 2013, Centre for Culture and Cultural Studies, Skopje.
27. Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2014) Clear rule and regulation in state department basic for effectiveness public administration. In: The International Conference Global Economy and Governance, 10-12 Sept 2014, Bucharest, Romania.
28. Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2014) Дигитализация демократии- новая форма коммуникации в политической сфере. In: Международной научно-политической конференции: Интернет, Власть и Политика, 15-17 Nov 2013, Кемерово, Россия.
29. Denkova, Jadranka and Stojanovski, Strasko and Matlievska, Margarita (2014) Successful management of human resources, a basis for an effective public administration in RM. In: Петта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – Запад", 25-26 Apr 2014, Sveti Nikole, Republic of Macedonia.
30. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Trajkov, Petar (2014) Weber's models of bureaucracy in the age of globalization. In: International Scientific Conference: "Social Change in the Global World", Stip, Macedonia.

31. Stojanovski, Strasko and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2013) Младите и иднината: Мотиви за избор на образованието и потенцијалните можности за работа. In: International scientific conference: Socio-cultural issues and challenges of contemporaneity, 18-19 Oct 2013, Faculty of Filosophy, State Universety of Tetovo.
32. Stojanovski, Strasko (2012) Theritorial bases of Balkan nationalism: The case of late Ottoman Macedonia. In: Second Annual conference of the Balkan Sociological forum "Close but unknown neighbors: Balkan Sociological perspectives", 9, 10 November 2012, University "St. Kliment Ohridski", Sofia, Bulgaria.
33. Stojanovski, Strasko (2011) Територијалната основа на балканските национализми: Случајот на доцноосманлиска Македонија. In: Меѓународна научна конференција, „Македонија низ Вековите", 11-12 ноември 2011, Филозофски Факултет- Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". (Unpublished)
34. Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar (2011) Од Милет до нација: Компарација на моделите на формирање на македонскиот и турскиот идентитет во Доцноосманлиската империја. In: Меѓународен АТАТУРК конгрес, International ATATURK kongres, 17-22 Oktomvri, 2011, MANU, Skopje, Macedonia.
35. Stojanovski, Strasko and Ananiev, Jovan (2011) Toward European Identity: Role of national historiographies in creating Balkan myths. In: International conference "Identity in the Era of Globalization and Europeization", 3-4 Nov 2011, Rectorate of University "St. Cirilus and Methodius"- Skopje.

**Приказ на трудови од последниот избор во вонреден професор 2016 до денес**

*Д-р Страшко Стојановски во изборниот период од вонреден професор има објавено околу 30 трудови во научни списанија, годишни зборници и зборници од конференции.*

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународно научно списание**

1. Stojanovski, Strasko and Poposka, Zaneta (2020) Macedonians and Albanians: Stereotypes and Ethnic Distance. Во Balkan Social Science Review, 15. pp. 297-327. ISSN 1857- 8772.
2. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Marolov, Dejan (2018) Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives. Во, Balkan Social Science Review, 11. pp. 95-114. ISSN 1857- 8772.
3. Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2017) Republic of Macedonia, the 30th Member of NATO?. Во, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. pp. 281-294. ISSN 2307-4531.
4. Denkova, Jadranka and Stojanovski, Strasko and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2016) Criteria and Standards in the Higher Education – Basis for Quality Higher Education Staff in Republic of Macedonia Balkan Social Science Review, 7. pp. 87-111. ISSN 1857- 8772

**Трудови објавени во годишен зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор**

5. Todorova, Biljana and Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2019) Социјална заштита на жртви на семејно насилство и ставови на јавното мислење Годишен зборник - 2019, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 9 (9). pp. 78-91. ISSN 1857-8713
6. Ljorovski, Dimitar and Tasev, Donco and Stojanovski, Strasko (2019) Националната мобилизација во Република Грција во однос на Македонското прашање. Годишен зборник на Правен факултет. pp. 71-89. ISSN 1857-7229
7. Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar and Marolov, Dejan (2017) Грчката политика и македонското прашање, Годишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-7229
8. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017) Проширување на ЕУ, историски приказ и моментална состојба. Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229

9. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2016) Перцепциите на граѓаните за транспарентноста и партиципативноста во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион на Република Македонија. Годишен зборник на Правен факултет, 5. pp. 287-305. ISSN 1857-7229
10. Stojanovski, Strasko and Koceva, Daniela (2016) Религија и религиската дистанца во Република Македонија. Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир/научни конференции одржани во странство**

11. Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2018) *Comparative analyzis of HRM in public administration.*: An international publication for theory and practice of Management ScienceXIV International May Conference on Strategic Management: An international publication for theory and practice of Management Science, 25–27 May 2018, Bor, Serbia. IMCSM, Proceedings; Volume XIV, Issue (1) (2018) ISSN 2620-0597, ISBN 978-86-6305-078-5
12. Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2017) *Human resource management challenge for effective local government.* Book of proceedings International May Conference on Strategic Management Book of proceedings International May Conference on Strategic Management – IMKSM17, 19–21 May 2017, Bor, Serbia. Pp. 426-436, ISBN 978-86-6305-042-6
13. Stojanovski, Strasko and Stojkovic, Natasa and Ananiev, Jovan and Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and Zlatanovska, Biljana (2016) University Education in 21 century: Student attitudes toward high educational programs in Macedonia ITRO 2015, 10 June 2016, Zrenjanin, Serbia.

**Трудови објавени во зборник на трудови од меѓународна научна конференција во земјава (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји, од 2016 до денес**

14. Stojanovski, Strasko and Koceva Lazarova, Limonka and Todorova, Biljana (2020) Политики на високо образование: Веројатност во перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7). pp. 729-756. ISSN 978-608-244-778-0
15. Denkova, Jadranka and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko (2020). Предности и недостатоци на Управниот спор во македонскиот правен систем. Седма меѓународна конференција - Општествените промени во глобалниот свет, Sept 2020, Stip.
16. Nikodinovska Krstevska, Ana and Stojanovski, Strasko (2019) International Aspects and Identity Issues of the principle of Self-determination of people through the prism of the Prespa Agreement Proceedings of the Sixth International Scientific Conference 'Social Changes in the Global World'. pp. 627-644. ISSN 978-608-244-647-9
17. Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko Одговорноста на администрацијата основен принцип во управната постапка. Општествените промени во глобалниот свет Правен факултет Штип 2015, 03-05 Sept 2019, Stip, Macedonia Зборник на трудови ISBN 978-608-244-647-9
18. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2018) Постизборни уставни дилеми и формирањето на Владата на Република Македонија. Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Sept 2018, Stip, Macedonia
19. Stojanovski, Strasko and Denkova, JadrankaМиграции на маладите од Република Македонија; Демографски показатели и перцепции на јавното мислење. Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 септ. 2018, Штип. Македонија. Зборник на трудови ISBN 978 -608-244-548-9
20. Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar (2017) Грчката „Македонска борба" и грчката политика во Балканските војни и Букурешкиот договор. In: Македонско-

Руски научен собир „Букурешкиот мировен договор (1913) и неговите долгорочни последици за Македонија и Југоисточна Европа“ ИНИ, 27, 28 June 2013, Skopje, Macedonia.
21. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017) Охридскиот рамковен договор наспроти Тиранската платформа. Четврта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 6-7 Sept 2017, Stip, Macedonia
22. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2017) Медиумите и медиумското информирање во Република Македонија: Фактори на влијание на политичката мобилизација врз системот на јавното медиумско информирање. Четврта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 септ. 2018, Штип. Македонија. Зборник на трудови ISBN 978-608-244-423-9
23. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2016) Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија Proceedings of The Third International Scientifc Conference: Social Change in the Global World, 1-2 Sept 2016, Center for Political and Legal Research, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
24. Stojanovski, Strasko and Denkova, JadrankaThe role of stereotypes in creating social distance and social inclusion in Republic of Macedonia. Трета меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 септ. 2016, Штип. Македонија. Зборник на трудови ISBN 978-608-244-353-9.

**Кратка евалуација на секој труд поединечно во период поединечно за изборниот период од редовен професор 2016 до *дене*с**

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународно научно списание**

1. Stojanovski, Strasko and Poposka, Zaneta (2020) Macedonians and Albanians: Stereotypes and Ethnic Distance. Во Balkan Social Science Review, 15. pp. 297-327. ISSN 1857- 8772.

Авторите во трудот го елеборираат проблемот на креирање на стереотипи и етничка дистанца во македонското општество и поширокото влијание врз меѓуетничките односи, со посебен осврт на релациите меѓу двете најголеми етнички заедници-македонскиот народ и албанската етничка заедница. Притоа се користат познатите Богардусова и Ликертова скала со цел да се утврдат нивото на блискост или оддалеченост, рефлектирани во перцепциите на членовите на овие групи. Важноста на ваквиот однос е дотолку важна, што истиот се користи во дневно-политичка мобилизација и ја рефлектира поставеноста во севкупниот политички и општествен систем. Покрај етничката, во трудот се презентирани и резултати за конфесионалната дистанца.

2. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Marolov, Dejan (2018) Higher Education in Republic of Macedonia: Challenges and Perspectives. Во, Balkan Social Science Review, 11. pp. 95-114. ISSN 1857- 8772.

Во трудот се поместени резултати од емпириски истражувања кои се однесуваат на перцепциите на испитаниците, средношколци, за можноста да го продолжат нивното образование на терцијално ниво. Генералната слика која авторите ја градат започнува од нивното истражување за состојбите во високото образование генерирани од реформите кои беа имплементирани во Европа и регионот на почетокот на 21 век. Воведувањето на ЕКТС системот значи можност за поголема мобилност на наставниот и соработничкиот кадар, како и студентите и креирање на единствен европски образовен систем, во кој постои еквиваленција во научното знаење и академските профили кои универзитетите ги продуцираат. Притоа, многу од спроведените реформи доведуваат до низа на институционални и образовни проблеми, како во карактерот на образовните профили кои се продуцираат, така и во рамките на општите перцепции за квалитетот на образовниот процес воопшто.

3. Stojanovski, Strasko and Marolov, Dejan (2017) Republic of Macedonia, the 30th Member of NATO?. Во, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research. pp. 281-294. ISSN 2307-4531.

Во овој труд авторите ја анализираат политичката состојба во македонското општество, во предвечерјето на зачленувањето на Македонија во НАТО алијансата. Проблемот на безбедноста на регионот на Југоисточна Европа е проследен со новите хибридни закани, но и комплексноста на мултиетничкиот и мултиконфесионалниот карактер на државата. Можноста за зачленување во оваа алијанса, подеднакво значи заокружување на геостратешките цели на западните демократии, но и можност да се изгради перспектива за стабилност, просперитет и развој во иднина. Теоретската анализа која авторите ја прават, е надополнета со соодветно истражување на јавното мислење, од кое тие заклучуваат дека и покрај поддршката кај мнозинството на Македонскиот народ за членство во НАТО алијансата, постои отпор, доколку ова се поврзе со принудна промена на уставното име на државата, како предуслов за ваквата интеграција.

4. Denkova, Jadranka and Stojanovski, Strasko and Dzamtoska - Zdravkovska, Suzana (2016) *Criteria and Standards in the Higher Education – Basis for Quality Higher Education Staff in Republic of Macedonia.* Balkan Social Science Review, 7. pp. 87-111. ISSN 1857- 8772

Авторите на овој труд се осврнуваат на претставување на моменталната состојба на високото образование во Република Македонија. Особено, трудот се фокусира на критериумите и стандардите за избор на наставниот кадар во наставно-научни звања, организација на наставата и квалитетот на студиските и наставните програми. Методологијата на истражувањето претставена во овој труд се заснова на анализа на правни документи кои ги дефинираат критериумите за високообразовни активности, односно наставните програми, како и критериумите што треба да ги исполнува наставниот академски кадар, како еден од најважните сегменти за квалитетно образование. Резултатите од реализирани проекти се користат како репер за предметот и целта на трудот. Заклучокот од истражувањето упатува на неопходноста од понатамошно модернизирање на наставните програми за да се зголеми мобилноста на студентите, точно да се процени обемот на работа на студентите во процесот на студирање и да се осигури објективноста при оценувањето. Исто така, за да се олесни мобилноста на студентите, потребно е да се обезбеди институционална, национална и меѓународна компатибилност на наставните програми и предметите.

**Трудови објавени во годишен зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор**

5. Todorova, Biljana and Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2019) *Социјална заштита на жртви на семејно насилство и ставови на јавното мислење.* Годишен зборник - 2019, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 9 (9). pp. 78-91. ISSN 1857-8713

Авторите на трудот го анализираат семејното насилство, како тема која е присутна низ историјата, во регионот на Југоисточна Европа. Така, практичната примена на неговата превенција во многу начини зависи од традиционалните односи во заедниците. Во трудот се претставува основната нормативна рамка за превенција и заштита на жртвите од семејно насилство, притоа инкорпорирајќи, кривично-правни, граѓански и аспекти на организирање на соодветните институции на државната управа, во прв ред центрите за социјална работа. Дополнително, во рамки на трудот е спроведено истражување во почетокот на 2019 година од тим на професори и студенти на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип преку кое се согледуваат основни детерминанти и ставови на јавното мислење за прашања поврзани со семејното насилство.

6. Ljorovski, Dimitar and Tasev, Donco and Stojanovski, Strasko (2019) Националната мобилизација во Република Грција во однос на Македонското прашање. Годишен зборник на Правен факултет. pp. 71-89. ISSN 1857-7229

Во овој труд авторите ги анализираат современите аспекти на „Македонското прашање“ во голема мера се поврзани со т.н. „разлики околу името“ Република Македонија, кои со годините, еволуираа во мултидимензионален спор помеѓу Македонија и Грција, инкорпорирајќи повеќе спорни аспекти поврзувајќи во себе различни политички,

семантички, културни, етнички и историски прашања. Оттука, при секое интензивирање на процесот на преговори, вклучително и протекувањето на информации во текот на преговорите, или склучувањето на т.н. Преспански договор, беа проследени со одредено ниво на флуктуирачка чувствителност и мобилизација на граѓаните, делови на граѓанскиот сектор, но и одредени (полу)независни институции во двете држави, при што истите себе си се определуваат како „заштитници на нацијата". Следејќи ја динамиката на текот на настаните, во овој труд преку компаративна анализа на прашањата за генерирање на политичка мобилизација во Грција, поврзани со „Македонското прашање", се обезбедува контекстуална опсервација на реакциите на грчкото јавно мислење за процесот на преговори помеѓу официјалните влади на Македонија и Грција. Притоа, се опфатени новите процеси на преговарање од 2017 година, проследени со масовни собири и протести во Атина и Солун во почетокот на 2018 година, а во услови на презентирање на последните идеи во тој период на специјалниот претставник на ООН Метју Нимиц.

7. Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar and Marolov, Dejan (2017) Грчката политика и Македонското прашањеГодишен зборник на Правен факултет, 7. ISSN 1857-7229

Преку елаборација на политизацијата на Македонското прашање во втората половина на 19 век, авторите зборуваат за зголемување на присуството на соседните пропаганди на територијата на доцноосманлиска Македонија. Во овој период се нудени различни програми за решавање на истото, но тие во голем дел сепак ќе претставуваат одраз на амбициите на соседните млади балкански нации за територијална експанзија. Овој труд ќе се фокусира на симболичките и конкретните политички активности на Грција, која има за цел национално да ја унифицира Егејска Македонија според нејзините национално-државни шаблони. Ова ќе резултира со идентитетско редефинирање на македонското автохтоно население, кое подеднакво се базира и на методите на спроведување на геноцид, но и на етноцидните методи. Сепак, политиката на Грција не се ограничува само на територијата на Македонија која влегува во нејзините граници. Во континуитет, од создавањето на македонската државност во рамките на СФР Југославија, а подоцна и со осамостојувањето на Република Македонија, Грција настојува културно и национално да го обезличи својот северен сосед, пред сѐ насочувајќи ја својата политика кон ре-дефинирање на македонскиот национално име, идентитет и посебност.

8. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017) Проширување на ЕУ, историски приказ и моментална состојба. Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229

Согласно со насловот, овој труд се состои од два дела. Во првиот дел авторите прават анализа на сите историски проширувања кои до овој момент ги имала Европската Унија од аспект на конкретните историско политички прилики и тешкотии при зачленувањето на новите држави. Вториот дел на овој труд се прави преглед на сегашната состојба со проширувањето на Унијата а со цел да се согледаат конкретните специфики на секоја од државите кандидатки. Преку историското согледување од една страна и анализа на конкретниот процес на проширување од друга страна, трудот извлекува заклучоци за „поголемата слика" на политиката на проширување на ЕУ. Во овој контекст ќе биде анализирана и Република Македонија на својот пат кон Европската Унија.

9. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan (2016) *Перцепциите на граѓаните за транспарентноста и партиципативноста во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион на Република Македонија.* Годишен зборник на Правен факултет, 5. pp. 287-305. ISSN 1857-7229

Овој труд се темели на анкетното истражување спроведено помеѓу граѓаните, жители во општините на Источниот плански или т.н. Брегалнички регион, а е дел од проектот „Транспарентност и партиципативност во процесот на донесување на одлуки во единиците на локалната самоуправа во Источниот плански регион во Република Македонија", спроведен на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, во периодот 2014/2015 година. Од истражувањето се продуцираат заклучоци според кои можеме да определиме дека постои недоволна граѓанска инволвираност во носењето на одлуки на локално ниво. Ова се темели на неколку фактори, меѓу кои може да се наведе недоволната

отвореност, екипираност и стручност на локалната администрација, резистентноста на носителите на политички и јавни функции на локално ниво во однос на отчитноста кон граѓаните и јавноста воопшто, но и недоволната заинтересираност на граѓаните за учество во процесот на донесување на одлуки.

10. Stojanovski, Strasko and Koceva, Daniela (2016) Религија и религиската дистанца во Република Македонија. Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857-7229

Овој труд се темели на две истражувања реализирани од истражувачки тим од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во текот на 2015 година. Авторите заклучуваат дека религиската дистанца како примарен сегмент на општествената организација и заедно со етничката припадност е клучен фактор за детерминирање на меѓугрупните односи во македонското општество. Оттука, ставовите на испитаниците тангираат прашања поврзани со различни сегменти на религиската организација и убедувања, но и ставови кои истата ја ставаат во корелативни односи со политичката мобилизација и меѓуетничката коегзистенција. Токму создавањето на предуслови за меѓурелигиска коегзистенција се поврзува со можноста одредени групи да градат повеќе или помалку инкулзивни ставови во однос на натпреварот за ресурси во релациите со останатите групи. Доминантноста на биконфесионалниот модел, со одредени исклучоци, ја пресликува политичката заднина на доминацијата на најголеми етнички субјекти во државата, а со тоа и можноста за градење на комплексни односи на политичка мобилизација во Р. Македонија.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир/научни конференции одржани во странство**

11. Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2018) *Comparative analyzis of HRM in public administration*: An international publication for theory and practice of Management ScienceXIV International May Conference on Strategic Management: An international publication for theory and practice of Management Science, 25–27 May 2018, Bor, Serbia. IMCSM, Proceedings; Volume XIV, Issue (1) (2018) ISSN 2620-0597, ISBN 978-86-6305-078-5

Авторите на овој труд се насочени кон компаративна анализа на управувањето со човечките ресурси во јавната администрација. Јавниот сектор треба да биде насочен кон задоволување на потребите на граѓаните на ефикасен, транспарентен и одговорен начин. Граѓанското општество и приватниот сектор треба да развијат свест и одговорност кон јавните должности. Ова истражување ќе ја испита тезата во која се вели дека ефикасно управувањето со човечките ресурси во јавниот сектор може да се постигне со јасни и прецизни правила и процедури, така што може да создаде реална основа за ефективна и одговорна јавна администрација. Истражувањето се фокусира на функциите за управување со човечки ресурси како што се: планирање и анализа на потребите на човечките ресурси во јавниот сектор, процедура за вработување, воведување на вработување, како и проценка и мотивација на вработените. Резултатите од студијата се базираат на емпириско истражување со употреба на квалитативен метод (интервју).

12. Denkova, Jadranka and Ananiev, Jovan and Stojanovski, Strasko (2017) *Human resource management challenge for effective local government*. Book of proceedings International May Conference on Strategic Management Book of proceedings International May Conference on Strategic Management – IMKSM17, 19–21 May 2017, Bor, Serbia. Pp. 426-436, ISBN 978-86-6305-042-6

Целта на овој труд е насочена кон анализа на управувањето со човечките ресурси во локалната самоуправа како независна организација во рамките на политичкиот систем на Република Македонија. Имајќи го предвид фактот дека луѓето се најважниот ресурс во организацијата, предметот на ова истражување е ориентиран да се разбере како локалната самоуправа во Република Македонија управува со човечките ресурси и да согледа каков е односот на менаџерот кон администрацијата и кон сите вклучени во тој процес на управување. Методологијата на ова истражување се базира на квалитативна анализа, анализа на содржина, интервју и прашалник составен од повеќе од осумдесет учесници, со разновидни работни места: градоначалници, административни претставници и

претставници на советот на локалната самоуправа. Резултатите од прашалникот сугерираат дека управувањето со човечките ресурси во локалната самоуправа е постигнато на задоволително ниво. Заклучокот е дека управувањето со човечки ресурси во локалната самоуправа во Република Македонија не се спроведува во согласност со правилата и процедурите за управување со човечки ресурси. Раководителите на одделенија, особено вработените во секторот за управување со човечки ресурси треба да го наметнат своето знаење како потреба за ефикасно и ефективно управување. Тие треба да даваат иницијативи насочени кон остварување на целите на организацијата. Треба да се развијат планови и програми за мотивирање во вид на придобивки, систем на награди и обуки за да се овозможи напредок во секоја организациска единица.

13. Stojanovski, Strasko and Stojkovic, Natasa and Ananiev, Jovan and Kocaleva, Mirjana and Stojanova, Aleksandra and Zlatanovska, Biljana (2016) University Education in 21 century: Student attitudes toward high educational programs in Macedonia ITRO 2015, 10 June 2016, Zrenjanin, Serbia.

Во овој труд авторите прават преглед на состојбите во високото образование во регионот на Југоисточна Европа, со посебен осврт на Македонија. Квантитативниот пристап во емпириското истражување е надополнет со обид да се вметне математичко моделирање за одредени ставови кои се резултат на сондирање на јавното мислење. Трудот нуди можност да се проследи анализата на динамиката на имплементација на ЕКТС системот, неговите предности, но и недостатоци кои доведуваат до девијации во самиот развој на сегментирани елементи на високообразовните системи.

**Трудови објавени во зборник на трудови од меѓународна научна конференција во земјата (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји) од 2016 до денес**

14. Stojanovski, Strasko and Koceva Lazarova, Limonka and Todorova, Biljana (2020) Политики на високо образование: Веројатност во перцепциите на средношколците за студирање на универзитетите. Proceedings of the Seventh International Scientific Conference 'Social changes in the global world' (7). pp. 729-756. ISSN 978-608-244-778-0

Во трудот се анализираат реформите во високото образование, од воведувањето на ЕКТС системот до денес, означуваат еволутивна етапа во македонскиот високообразовен систем. Ваквите реформи го комерцијализираа образовниот процес со мултиимпликација и дисперзија, за студирање на македонски студенти надвор од државата упатува на глобални и регионални образовни политики на либерализација на образовниот процес. Сепак, политиките во високото образование, како во регионот, така и во земјата упатуваат на доминација на квалитетот и квантитетот во државните наспроти приватните високообразовни институции. Ваквите движења се пресликуваат и во перцепциите на средношколците во однос на можноста за продолжување на нивното образование на терцијално ниво.

15. Denkova, Jadranka and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko (2020). Предности и недостатоци на Управниот спор во македонскиот правен систем. Седма меѓународна конференција - Општествените промени во глобалниот свет, Sept 2020, Stip.

Во изминатиот период авторите во овој труд констатираат слабости на одредени решенија во претходниот Закон за управни спорови кои ја отежнувале или успорувале работата на Управниот суд за ефикасна судска заштита. Притоа како недостатоци се отсуство на јавната расправа за утврдување на фактичката состојба, ретка примена на решавање во спор со полна јурисдикција, доцнење на доставата итн. Од тие причини е ревидиран и изменет Законот за управни спорови во насока на зголемување на ефикасноста на управното судство. Целта на овој труд е да ги анализира најновите измени на Законот за управни спорови (донесен во 2019 година), нивното значење функционалност и практична примена. Особено трудот ќе се осврне на примената на спорот на полна јурисдикција и спорот на законитост, како влијаат на ефикасноста на Управниот суд.

Покрај тоа се анализирани и други новини во Законот за управни спорови што се насочени кон подобрување на ефикасноста на административното судство. Заклучокот

е дека заложбата на законодавецот е да се усогласи управното судство во Македонија со начелата во Европскиот административен систем. Применливоста на некои одредби ќе обезбедат ефикасност во судството, но во целина не може да се согласиме дека ќе се намали обемот на работењето и ќе се зголеми ефикасноста на Управното судство. И покрај тоа што законодавецот настојува да се зголеми ефикасноста во кореспонденцијата помеѓу администрацијата во управни органи која ги решава управните предмети и управниот суд се губи време со чекање на оригиналните документи релевантни за расправата.

Nikodinovska Krstevska, Ana and Stojanovski, Strasko (2019) International Aspects and Identity Issues of the principle of Self-determination of people through the prism of the Prespa Agreement Proceedings of the Sixth International Scientific Conference 'Social Changes in the Global World'. pp. 627-644. ISSN 978-608-244-647-9.

Авторите на трудот се обидуваат да поттикнат одредени прашања поврзани со меѓународно-правните стандарди за прашањето на самоопределување на народите и нивната имплементација во контекст на спроведувањето на договорот од Преспа за конечно решавање на спорот помеѓу Република Македонија и Република Грција. Неприкосновеноста на суверенистичкиот пристап се темели на одредени идентитетски карактеристики, кои се базичен стожер врз кој народите се самоопределуваат, инкорпорирајќи ги маркерите на себеидентификација и општествена категоризација. Ваквото суверено право, според авторите е нарушено во случај на склучувањето на оваа спогодба, со примеси на октруираност и со негативен исход на референдумското изјаснување во Република Македонија.

Denkova Jadranka and Ananiev Jovan and Stojanovski Strasko (2019) *Одговорноста на администрацијата основен принцип во управната постапка.* Општествените промени во глобалниот свет Правен факултет Штип 2015, 03-05 Sept 2019, Stip, Macedonia Зборник на трудови ISBN 978-608-244-647-9

Генерално, одговорноста претставува однесување на физичко или правно лице според законски и морални норми и доколку истите бидат прекршени истото се казнува со одредени дисциплински казни предвидени со закон. Во административното право тоа значи дека секој административен орган треба да биде одговорен за своите постапки пред административната, законодавната или судската власт. Законот за административни службеници во Република Северна Македонија во одредбите за материјална одговорност укажува за надомест на штета што ќе биде нанесена на трети лица, граѓаните, ја надоместува органот на државната управа. Прашањето е дали законодавството што ја регулира одговорноста на администрацијата треба да се менува во насока на воспоставување на јасни процедури и индикатори кои ќе ја детектираат одговорноста на администрацијата поради непрофесионално и неефикасно работење, особено онаа што нанесува штета на граѓаните и на државниот орган. Методологијата на трудот се базира на анализа на законски и подзаконски акти, статистички показатели, како и резултати од досегашни истражувања релевантни за предметот на истражување. Во досегашната практика и анализа на државните органи се согледува дека има многу малку дисциплински постапки од кои се изречени дисциплински казни над административните службеници, исто така и постапките за материјалната одговорност на административните службеници се со низок процент. Се додека не постојат јасни индикатори кои ќе укажуваат на неефикасност на администрацијата, како и одредби кои упатуваат на лична одговорност на администрацијата, каде што нанесената штета на граѓаните ја надоместува администрацијата, а не државата, не можеме да говориме за ефикасно и одговорно работење на администрацијата во Република Северна Македонија.

16. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2018) Постизборни уставни дилеми и формирањето на Владата на Република Македонија. Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Sept 2018, Stip, Macedonia

Во трудот се претставени претпоследните парламентарни избори во Република Македонија, кои резултираа со скоро изедначен број на пратеници помеѓу коалициите предводени од најголемата опозициона и најголемата позициона партија. Ваквиот тесен

резултат беше иницијатива за различни толкувања на уставните одредби во врска со давањето на мандатот за формирање на влада и што во случај да мандаторот не успее да формира влада во уставно предвидениот рок. Особено вториот дел од претходното прашање побудува интерес зошто македонскиот устав нема предвидено таква ситуација. Трудов прави преглед на мислењата соодветни експерти, ќе ја анализира воспоставената пракса, детално ќе го анализира највисокиот македонски правен акт и ќе го компарира со уставите на Србија и Хрватска (во делот на избор на влада). Врз база на претходново се прави обид да се дадат конкретни препораки како треба да се постапи во конкретната ситуација, нешто што може да влијае врз создавањето на новата, но и на која било идна влада во Република Македонија.

17. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2018) *Миграции на маладите од Република Македонија; Демографски показатели и перцепции на јавното мислење.* In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 септ. 2018, Штип. Македонија. Зборник на трудови ISBN 978 -608-244-548-9

    Во трудот се анализираат основните демографски показатели за популациското движење во Република Македонија, со фокус на одредени податоци за миграциските движења. Интензивната миграција, во прв ред на младо население до 40-годишна возраст, со различни интензитети се одвива во последните две декади. Ова е особено карактеристично за постконфликтниот период, но во прв ред се базира на различни социо-економски индикатори. Преку анализа на две анкетни истражувања спроведени во 2014 и 2018 година на Правниот факултет во Штип се вклучуваат различни категории на млади, во прв ред од Источниот дел на Република Македонија. Бидејќи секоја претпоставка за иден развој во различни општествени сфери (економија, образование, наука и сл.) се поврзани со демографските потенцијали на младото рабоспособно население, преку спроведените истражувања можат да се генерираат одредени претпоставки за потенцијалите на развојот на општеството во иднина.

18. Stojanovski, Strasko and Ljorovski, Dimitar (2017) Грчката „Македонска борба“ и грчката политика во Балканските војни и Букурешкиот договор. In: Македонско-Руски научен собир „Букурешкиот мировен договор (1913) и неговите долгорочни последици за Македонија и Југоисточна Европа“ ИНИ, 27, 28 June 2013, Skopje, Macedonia.

    Во овој труд авторите ја анализираат т.н. грчка „македонска борба“ опфаќајќи го историскиот период од 1904 до 1908 година. Овој термин, кој ја означува паравоената интервенција на грчката држава на дел од Османлиската Империја, територијално опфаќал голем дел од површината на географска Македонија, пред сѐ во нејзините јужни и централни делови. Во суштина „македонската борба“ претставувала паравоена интервенција на грчката држава реализирана по крајот на Илинденското востание и усвојувањето на Мирштецките реформи, насочена против Македонската револуционерна организација (МРО) и структурите на другите балкански, црковно-национални, пропаганди во османлиска Македонија.

19. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2017) Охридскиот рамковен договор наспроти Тиранската платформа. Четврта меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, 6-7 Sept 2017, Stip, Macedonia

    Охридскиот рамковен договор беше потпишан на 13 август 2001 година. Според авторите на овој труд, овој договор беше производ и одговор на вооружениот конфликт во Република Македонија помеѓу македонските безбедносни сили и парамилитантната Албанска национално-ослободителна армија (ОНА). Договорот беше преговаран и потпишан од лидерите на четирите најголеми политички партии во Републиката Македонија, претседателот на РМ, како и од специјалните претставници на САД и ЕУ. Заради претходново овој договор може да се третира и како мировен договор гарантиран од претставници на меѓународната заедница. Овој труд има за цел да ја анализира суштината на Охридскиот договор, неговата имплементација и промените кои тој ги наметна при поделбата на моќта, ревизијата на одредени закони, како и донесувањето на нови закони. Секако мора да се напомене дека истиот договор беше и основа за промена

на македонскиот Устав. Охридскиот рамковен договор несомнено е контроверзен, потпишан во околности на секојдневно насилство и силен меѓународен притисок. Дебатите за неговата улога продолжуваат и денес, а особено по објавувањето на барањата на партиите на етничките Албанци по парламентарните избори од 2016 год. Токму затоа се чини неминовна потребата од компаративна анализа помеѓу Охридскиот Договор со таканаречената „Тиранска платформа" на партиите на етничките Албанци.

20. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2017) *Медиумите и медиумското информирање во Република Македонија: Фактори на влијание на политичката мобилизација врз системот на јавното медиумско информирање.* In: Четврта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 септ. 2018, Штип. Македонија. Зборник на трудови ISBN 978-608-244-423-9

Медиумското информирање во Република Македонија, како и во останатите сфери на општественото организирање и дејствување, се синтетички поврзани со јавниот политички дискурс, кој многупати претставува клучен фактор за детерминирање на јавното информирање во услови на политичка мобилизација. Овој труд се темели на основните теоретски рамки за политиката и политичката мобилизација видени низ примерот на поставеноста на медиумскиот простор во Република Македонија. Следствено се користени податоци кои се генерирани од меѓународни извештаи за состојбата на медиумското известување во земјата, но и конкретни примери кои укажуваат на секојдневниот јавен политички дискурс. Исто така во трудот се поместени и резултати од анкетното истражување „Националните медиуми и јавното информирање во Република Македонија", спроведено во периодот ноември 2016 година- април 2017 година на примерок од 1003 испитаници.

21. Marolov, Dejan and Stojanovski, Strasko (2016) Говор на омраза на социјалните медиуми во Република Македонија Proceedings of The Third International Scientifc Conference: Social Change in the Global World, 1-2 Sept 2016, Center for Political and Legal Research, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia.

Овој труд се базира на истражување спроведено на Правниот факултет во Штип во периодот 2015/2016 година. Говорот на омраза како општествен феномен има повеќе димензии. Од правен аспект, тешко е да се определи разграничувањето помеѓу говорот на омраза и слободата на изразување. Од аспект на социјалната интеракција и инклузија, може да се забележи влијанието на повеќе категории врз говорот на омраза врз база на меѓуетничките односи и политичката мобилизација. Екстремната и континуирана манифестација на говорот на омраза може да предизвика криминал од омраза, за кој може да се најдат примери во Република Македонија од последните неколку години. Оттука, неопходна е регулација на интернет просторот за намалување на нивото на говор на омраза, а истото не може да биде само предмет на саморегулација на различните социјални медиуми, но истовремено мора да се внимава на задржување на слободата на говор на највисоко ниво.

22. Stojanovski, Strasko and Denkova, Jadranka (2016) *The role of stereotypes in creating social distance and social inclusion in Republic of Macedonia.* In: Трета меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 6-7 Септ. 2016, Штип. Македонија. Зборник на трудови ISBN 978-608-244-353-9

Овој труд се заснова на емпириско истражување спроведено во 2015 година на правните факултети на универзитетите „Гоце Делчев" во Штип, „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Тетово. Исто така, постојат компаративни истражувања со слични истражувања спроведени во Република Македонија во 1995 и 2003 година. Улогата на стереотипите во создавањето предуслови за меѓуетничките односи е еден од основните фактори за градење постојан мир и соживот во мултиетничките општества. Тенденцијата за уредување на социјалното растојание меѓу етничките групи во Република Македонија може да помогне во понатамошниот развој на социјалата и соработката меѓу заедниците. Исто така, анализираме и други различни фактори на влијание во меѓуетничките односи, социјалното опкружување, образованието, професионалните припадности и семејството итн.

**Проекти**

Д-р Страшко Стојановски во целокупниот истражувачки период е вклучен во следните проекти:

1. Д-р Страшко Стојановски е главен истражувач во проектот „Детерминанти за образовна мотивација и миграција на младите во источниот и југоисточниот регион на Република Македонија", кој се реализира како универзитетски проект, финансиран од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (2017).
2. Д-р Страшко Стојановски е вклучен во тимот на Проектни активности на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје (2016).
3. Д-р Страшко Стојановски е дел од тимот на проектните активности кои се реализираат во партнерство на правните факултети при Универзитетите „Гоце Делчев" - Штип, „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и Државниот универзитет во Тетово со Мисијата на ОБСЕ во Скопје со наслов „Прва летна школа за човекови права и кривично право" (2016).
4. Д-р Страшко Стојановски е главен истражувач во Проектот на Правниот факултет во Штип и Мисијата на ОБСЕ во Скопје „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза" (2016).
5. Д-р Страшко Стојановски, член во истражувачки тим на научноистражувачки проект, под назив: „Политички и демографски детерминанти на изборните модели во Република Македонија", како главен истражувач проф. д-р Ананиев Јован и други членови на тимот, Јадранка Денкова, Ана Никодиновска и Лимонка Лазаревска, реализиран во рамките на програмата за нучноистражувачки проекти при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (2016).
6. Д-р Страшко Стојановски е член на тим на истражуважчки проект со назив: „Политика, административна и правна култура, на локално ниво на Република Македонија и Руската Федерација", врз основа на договор склучен помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и Универзитетот „Воронеж", Руската Федерација и програмата за соработка (2016).
7. Д-р Страшко Стојановски е член на тим на истражуважчки проект со назив: „Капацитет за партиципативност и транспарентност при носење на одлуки во единици на локална самоуправа во Источен плански регион." реализиран во рамките на програмата за нучноистражувачки проекти при Универзитетот Гоце Делчев Штип. како главен истражувач проф. д-р Ананиев Јован и други членови на тимот, Јадранка Денкова, Лимонка Лазаревска и Наташа Амидџу (2014).
8. Д-р Страшко Стојановски е вклучен како експерт во The World Justice Project Rule of Law Index.

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност Рецензентската комисија констатира дека д-р Страшко Стојановски е научник и истражувач од областите на социологија на политиката и социологија на етнички групи кој со исклучителна стручност, професионалност и посветеност пристапува кон професијата. Истиот дава значаен придонес во образовната и научната мисла од именованате области. Неговите трудови се осврнуваат кон анализа на политичката мобилизација, политичката социјализација, релациите меѓу етничките групи, идентитетите и мултикултурализмот, релациите на правото со останатите општествени сегменти и др. Учествувал на научни собири и работилници, во земјава и во странство, со трудови, усни презентации и поканети предавања од каде се стекнал со бројни сертификати. Посебно е значајно да се нагласи неговото многубројно учество на научни конференции во странство од каде и се објавени бројни трудови Присуствувал на конференции во Австрија, Унгарија, Русија, Бугарија. Грција, Србија, Босна и Херцеговина итн. Во целокупниот истражувачки период има објавено околу 90 трудови, од кои знчителен дел се објавени во научни списанија

регистрирани во релевантните бази за списанија, Ebsco, Scopus и др. Во изборниот период д-р Страшко Стојановски бил носител на научноистражувачки проекти и дел од тим во научноистражувачки проекти што се реализирани од страна на истражувачки тим при Правниот факултет во рамките на научноистражувачката програма на Универзитет „Гоце Делчев". Од научноистражувачките проекти се објавени научноистражувачки трудови во релевантни научни списанија, каде што се прикажани оригинални научни резултати. Професор Стојановски во образовниот процес се истакнува со внесување на нови методи интересни за студентите преку компилација на теоријата со праксата што се рефлектира со продуцирање на добри резултати кај студентите. Автор е на учебник „Граѓанско општество", објавен во 2018 година. Автор е на учебни помагала по Граѓанско општество и Социологија на правото.

Во рамките на образовните активности, учествува и во самостојниот развој на студентите на првиот, вториот и третиот циклус на студии. Така, под негово менторство дипломирале на прв циклус на студии околу 90 студенти. На вториот циклус на студии под негово менторство досега магистрирале повеќе од 10 студенти. Покрај тоа, учествувал како член на комисија за одбрана на магистерски труд во повеќе од 30 комисии, а на додипломски студии во повеќе од 50 комисии. Бил член на комисија за одбрана на докторски студии на два студенти.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период, д-р Страшко Стојановски ги има реализирано следниве стручно и организациско-развојни активности. Д-р Стојановски бил член во истражувачки тим на научноистражувачки проект, под назив: „Политички и демографски детерминанти на изборните модели во Република Македонија", во рамките на програмата за научноистражувачки проекти при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (2016). Бил член на тим на истражувачки проект со назив „Политика, административна и правна култура, на локално ниво на Република Македонија и Руската Федерација", врз основа на договор склучен помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и Универзитетот Воронеж, Руската Федерација и програмата за соработка (2016). Тој е главен истражувач во проектите во Проектот на Правниот факултет во Штип и Мисијата на ОБСЕ во Скопје „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза" (2016) и во проектот „Детерминанти за образовна мотивација и миграција на младите во источниот и југоисточниот регион на Република Македонија", кој се реализира како универзитетски проект, финансиран од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (2017).

Бил избран за член на Универзитетскиот сенат како претставник за Правниот факултет во два мандати.

Во рамките на својата наставно-научна дејност досега бил рецензент во комисии за избор во наставно-научни звања. Покрај тоа, бил рецензент во комисии за објавување на учебници и скрипти од страна на наставници од Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и на членките на Универзитетот, како и промотор на дел од книгите.

Бил избран за рецензент на рецензии на меѓународни трудови за научни списанија и научни конференции.

Учествува во изработка на елаборати за прв и втор циклус на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Основач е и член е на Програмскиот комитет и главен уредник на списанието „Balkan Social Science Review" на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Член е на Организациониот одбор и Програмскиот комитет на зборникот од меѓународната конференција во организација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип - „Општествените промени во глобалниот свет".

Член е на Организацискиот одбор на Првата летна школа за човекови права и кривично право, организирана во партнерство на правните факултети при Универзитетите „Гоце Делчев" - Штип, „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Државниот универзитет во Тетово и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Основач и раководител на Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласоност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги има поднесено сите потребни документи, истите се правно валидни и има потполна компетенција да биде наставник во научната областите на социологија на политиката и социологија на етнички групи. Д-р Страшко Стојановски има континуитет во наставно-научната активност како вонреден професор во научната област во која бил биран. Кандидатот има богата наставно-образовна активност на двата циклуси на студии, бил ментор на повеќе магистерски трудови одбранети на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и во текот на изборниот период предавал предмети кои се во доменот на научните области социологија на политиката и социологија на етнички групи. Во своето досегашно научноистражувачко творештво има објавено околу 90 трудови, а во изборниот период учебникот „Граѓанско општество“, дел од книга, две самостојни научни публикации, 4 трудови објавени во меѓународни списанија, 6 трудови објавени во зборници на трудови, 3 труда во зборници од научни конференции во странство и 11 во земјата. Исто така, има активности како истражувач во научноистражувачки проекти. Покрај тоа, кандидатот има богата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Дава голем придонес во развојот на Универзитетот преку неговите активности како раководител на Центарот за правно-политички истражувања, изработка на елаборати, член на стручни тела и други стручни комисии. Од приложените активности може да се заклучи дека кандидатот има 165 бодови од научноистражувачката активност и образовна дејност и 80 бода од стручно-апликативна и организациско-развојна активност, односно вкупно 245 бодови, во согласност со табелата за бодирање на активностите. Има богата научноистражувачка и наставно-образовна активност како вонреден професор во областа на социологија на политиката и значајна стручно-апликативна и организациско-развојна активност. Станува збор за кандидат со високи научни, наставни и стручни капацитети и има дадено голем придонес во развојот на социологија на политиката и социологија на етнички групи. врз основа на горе посоченото, Рецензентската комисија има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на Правен факултет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат, кандидатот вонреден професор д-р Страшко Стојановски да го избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научните области социологија на политиката и социологија на етнички групи.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Ташева,** редовен професор во пензија претседател, с.р.
**Д-р Славејко Сасајковски,** редовен професор член, с.р.
**Д-р Јован Ананиев,** редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 1 | | | | 40 |
| | ВКУПНО | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Дел од монографија или научна книга | 3 | 18 | | | 18 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | 3 | 21 | 1 | 7 | 21 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 11 | 22 | 3 | 9 | 31 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | | | |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 3 | 3 | 5 | 10 | 13 |
| | Учесник во научен проект | 5 | 10 | 1 | 3 | 13 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание | 3 | 3 | | | 3 |
| | Одбранет магистерски труд | 5 | 15 | | | 15 |
| | Рецензент на научен труд | 31 | 31 | | | 31 |
| | ВКУПНО | | | | | **165** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| | Книга/учебник | 3 | 30 | | | 30 |
| | Елаборати и експертизи | 3 | 12 | | | 12 |
| | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 | 3 | | | 3 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти | 3 | 5 | | | 15 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 10 | 2 | | | 20 |
| | ВКУПНО | | | | | **80** |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | **245** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-62/4 од 26.2.2021 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 26.2.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент / насловен вонреден професор за наставно-научната област хирургија (30309) - двајца извршители на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– **д-р Кирил Лозанче,** редовен професор во пензија, наставно -научна област хирургија/ неврохирургија – претседател;
– **д-р Андреја Арсовски,** насловен вонреден професор, наставно-научна област торакална хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член;
– **д-р Владимир Чадиковски,** насловен доцент за наставно-научна област хирургија, вработен во „Аџибаден Систина“ во Скопје – член.

На 4.2.2021 година и во предвидениот рок се пријавија:

– **д-р Ристо Симеоно**в и
– **д-р Гордана Божиновска-Беака.**

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

**Д-р Ристо Симеонов** е роден во 1972 година во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Медицински факултет завршил во Скопје во 1997 година. На Универзитетската клиника за детска хирургија се вработил во 1998 година. Специјализацијата по детска хирургија ја започнал во 1999 година, а специјалистичкиот испит го положил во 2004 година. Во 2004 година учествува на workshop за аноректални малформации во Белград, Србија, под менторство на проф. д-р Алберто Пена. Во 2006 година учествува на workshop од областа на детска урологија, live surgery на анимален модел, во Мансура, Египет. Во 2009 година престојувал на 6-месечно стручно усовршување во областа трансплантација на бубрег на Универзитетската клиника на Башкент универзитет, Анкара, Р.Турција. По завршувањето на обуката, во 2009 г. ја изведува првата трансплантација на бубрег на дете во Р.Македонија. Во понатамошниот период, реализирани се 10 трансплантации на бубрег на деца од жив донор. Во 2015 година реализрал неколкумесечен стручен престој и усовршување на Истанбулскиот универзитет, Р.Турција, во болниците Џерапаша и Чапа. Едукацијата е од областа на детска урологија, третман на хипоспадии, неонатална (новороденечка) хирургија, лапароскопски третман на ингвинална хернија во детска возраст и третман на Hirschsprung болест. Во 2016 година престојувал на стручно усовршување во Израел, во болниците во Сорока и Бершеба. Едукацијата е од областа на ендоскопија во детска возраст (лапароскопија, торакоскопија, цистоскопија), со посебен осврт кон процедурите: лапароскопски третман на гастроезофагеален рефлукс и торакоскопски третман на емфизем на бел дроб со лобектомија. Во 2016 година престојува и на Универзитетската клиника за детска хирургија во Грац, Австрија. Учесник бил на повеќе европски и светски конгреси од областа на детска хирургија меѓу кои се издвојуваат меѓународниот конгрес за третман на pectus excavatum (Грац, 2005), EUPSA Конгресите во Холандија 2006 и Кипар 2017. Автор и коавтор е на повеќе публикувани трудови.

Д-р Симеонов е член на Европското и Светското здружение на детски хирурзи и други меѓународни и домашни асоцијации. Од 2014 година е претседател на Здружение

на детски хирурзи на Македонија. Во 2014 година запишал III циклус-докторски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од областа на клиничката медицина.

Во мај 2018 година успешно ја брани својата докторска дисертација со наслов „СПОРЕДБА НА КЛАСИЧНАТА СО ЛАПАРОСКОПСКАТА АПЕНДЕКТОМИЈА ВО ДЕТСКАТА ВОЗРАСТ" и се стекнува со титула доктор на медицински науки.

**Општи услови за избор:**

– Просечен успех – додипломски студии 8.04;
– Научен степен – доктор на медицински науки, 2018 година;
– Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание/Конференција | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Risteski T., Simeonov R., Memeti Sh., Naunova V. Petrovski M. | Comparison of laparoscopic hernia repair with conventional technique in female children with indirect inguinal hernia. | AJ3 Vol.9 No.1 2017, 18-25. | 13 години |
| 2. | Simeonov R., Risteski T., Cvetanoska V., Petrovski M. | Comparison of postoperative effects of laparoscopic and open appendectomy in pediatric patients. | Physioacta Vol.11-No3, 2017:1-10 | 15 години |
| 3. | Kamiloski M., Todorovic L., Simeonov R., Kamiloski V., Kasapinova K., Shuperliska S. | Minimal invasive surgical treatment of radial head and neck fractures in children with ESIO (Elastic stable intramedullary osteosynthesis) our early results. | Physioacta Vol.11-No3, 2017:1-10 | 15 години |
| 4. | Ристо Симеонов, Тони Ристески, Шабан Мемети, Весна Цветаноска, Миле Петровски | Лапароскопска апендектомија кај деца во Република Македонија. Laparoscopic appendectomy in children in Republic of Macedonia | Архиви на Јавното Здравје-Vol.9 No.1 2017 стр.26-34 | 13 години |

– Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик - англиски јазик;
– Способност за изведување на високообразовна дејност;
– Д-р Ристо Симеонов има 5-годишна академска кариера, како едукатор на специјализанти по хирургија.

**Посебни услови**

– Препорака од работодавец и двајца професори;
– Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Д-р Ристо Симеонов од 1998 год. е вработен на Универзитетската клиника за детска хирургија во Скопје. Како специјалист по детска хирургија е редовно и активно вклучен како едукатор на специјализанти по хирургија, при што покажува методичност и систематичност во совладувањето на поставените обврски. Едукатор е на повеќе специјализанти по општа и детска хирургија. Д-р Симеонов активно е вклучен и во изведувањето на практичната настава на студентите по медицина и специјализантите по хируршките дисциплини. Сметаме дека неговиот сериозен пристап кон материјалот по општа и детска хирургија претставува квалитет во изведувањето на теоретската и практичната настава. Во текот на својата научноистражувачка дејност има објавено голем број стручни трудови во домашни и меѓународни списанија. Во текот на овие години активно и пасивно учествува на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со детската хирургија. Преку секојдневна работа на Клиниката за детска хирургија и во болницата „Систина“ активно учествува во решавањето на стручните проблеми од областа на детската хирургија.

**Стручно-апликативна и организациско развојна дејност**

Д-р Ристо Симеонов учествувал во секојдневната работа на Клиниката за детска хирургија, каде што самостојно ги изведувал и најсложените хируршки зафати. Денес е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Одделението за детска хирургија во болницата „Аџибадем Систина“.

**Трудовите на д-р Ристо Симеонов публикувани во последните 5 години**

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор:***

1. Gjorchevska E, Gavrilovska-Brzanov A , Dimitrova M , Donev Lj , **Simeonov R** , Risteski T. APPROACH TO ONE LUNG VENTILATION DURING SURGICAL REMOVAL OF ASPIRATED LIGHT BULB IN A CHILD.; Macedonian Journal of Anaesthesia, ISSN 2545-4366, Number 5. December 2018.

Овој труд претставува приказ на случај кај дете со аспирирана светилка и нејзино хируршко отстранување. Прикажан е иницијалниот прием и згрижување од страна на анестезиолошка екипа и предоперативна припрема за хируршко отстранување на туѓото тело.

2. Kamiloski M., Todorovic L, **Simeonov R**.,Kamiloski V., Kasapinova K, Shuperliska S. Minimal invasive surgical treatment of radial head and neck fractures in children with ESIO (Elastic Stable Intramedullary Osteosynthesis) our early results. Physioacta Vol 11, No. 3, 2017 p. 22-24.

Оваа студија има за цел да ги прикаже резултатите на минимално инвазивна хируршка техника за третман на фрактури на глава и врат.

3. Risteski T., **Simeonov R**., Cvetanoska V., Petrovski M. Laparoscopic hernioplasty in the treatment of inguinal hernias in female children. Physioacta Vol.11-No1, 2017, p. 101-108.

Во оваа студија се прикажани резултатите од воведување на лапараскопската херниопластика на УК за Детска хирургија – Скопје, нејзините предности во споредба со отворена хируршка техника.

4. Тони Ристески, **Ристо Симеонов**, Шабан Мемети, Весна Наунова, Миле Петровски., Споредба на лапароскопска херниопластика со конвенционална техника кај женски деца со индиректна ингвинална хернија. Архиви на Јавното Здравје- Vol.9 No.1, 2017, стр.18-25.

Ова е дескриптивна студија од собрани клинички материјали од УК за Детска хирургија-Скопје во период од една година, вкупно 10 девојчиња на возраст од 0-14 години кои беа дијагностицирани со индиректна ингвинална кила. Пациентит се

третирани со лапараскопска херниопластика. Во студијата се опишани податоци од време на хоспитализација, локализација на кила, козметички ефект.

5. **Ристо Симеонов**, Тони Ристески, Шабан Мемети, Весна Цветаноска, Миле Петровски, Лапароскопска апендектомија кај деца во Република Македонија, Архиви на Јавното Здравје- Vol.9 No.1 2017 стр.26-34

   Целта на трудот е да се евалуира ефикасноста на лапараскопската апендектомија во однос на отворената хируршка процедура. Да се прикажат предностите на лапараскопската апендектомија во однос на пократка хоспитализација, намалено користење на антибиотици и козметскиот ефект.

6. **Simeonov R.,** Risteski T., Cvetanoska V., Petrovski M.**,** Comparison of postoperative effects of laparoscopic and open appendectomy in pediatric patients. Physioacta Vol.11-No3, 2017:1-10

   Оваа студија презентира споредбена лапараскопска апендектимија и апендектомија со класична отворена хируршка метода. Презентирани се предностите на лапараскопската апендектомија, намалени хоспитални денови, намалено користење на антибиотици, козметски ефект, како и изведувањето на техниката.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во книга на апстакти***

7. Biljana Anodonovska, **Risto Simeonov**, Mile Petrovski, Vladimir Cadikovski, Roza Sokolova**,** Toni Risteski**,** Lazo Jovcevskim Anila Racaj.,Topical treatment of minor facial burns in pediatric patients. 31st Panchellenic Congress of Pediatric Surgery with International Participation, 6-8 october 2017, University of Macedonia, Thessaloniki, Greece. Book of abstracts, p. 47.
8. **Simeonov, R.;** Petrovski, M.; Simeonova, A.; Risteski, T.**;** Jordanovska, K.; Cokleska, N., **CLOSTRIDIAL SOFT-TISSUE INFECTION AFTER SEVERE LEG INJURY,** 1st CONGRESS OF THE SLOVENIAN ASSOCIATION OF PEDIATRIC SURGERY (SAOPS) with International Participation 10-11 NOVEMBER, 2017, THERMANA LAŠKO, SLOVENIA.
9. Toni Risteski, **Risto Simeonov**, Lazar Todorovik,Mile Petrovski., FIRST EXPERIENCES WITH LAPAROSCOPIC HERNIOPLASTY IN THE TREATMENT OF INDIRECT INGUINAL HERNIAS IN FEMALE CHILDREN., 8th CROATIAN CONGRESS OF PEDIATRIC SURGERY WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION- Vodice, Croatia, 3rd - 6th October 2018, **International Pediatric Urology Symposium in coorganisation with Cincinnati Children's Health & Medical Center and American Association of Pediatric Urology.** Zbornik na abstrakti str.149.
10. Тони Ристески, **Ристо Симеонов**, Њјомза Љумани, Наталија Цоклеска., Првични искуства со лапароскопска херниопластика за третман на ингвинална хернија кај деца. Congress of association of Abanian Medical Doctors in Macedonia XXII, 27-29 октомври 2017, Струга, Р.Македонија, Книга на апстракти стр. 26.
11. **Симеонов Р**., Петровски М., Симеонова А., Ристески Т., Јовчевски Л., Наунова В., Зибери Ј., Љумани Њ., Цоклеска Н., Трансплантација на бубрег во детска возраст 8-годишно искуство на Клиника за детска хирургија Скопје. Congress of association of Abanian Medical Doctors in Macedonia XXII, 27-29 октомври 2017, Струга, Р.Македонија. Книга на апстракти стр. 23
12. **Toni Risteski Shaban Memeti Njomza Ljumani Biljana Andonovska Risto Simeonov., Laparoscopic hernioplasty opposite conventional hernioplasty in the treatment of female inguinal hernias in children.** Association of Albanian Medical Doctors in Macedonia, Takim professional Mjekesor 26-28 oktober, 2018 Struga, Zbornik na abstrakti str.34.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за општите и посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена. По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Ристо Симеонов во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент; има континуирано научно напредување, позитивни научноистражувачки резултати и извонреден придонес во доменот на медицинските науки; има одличен придонес во наставно-образовната и стручно-апликативната дејност; ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување. Врз основа на изнесеното, Рецензенската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Ристо Симеонов во звањето насловен доцент за наставно-научната област хирургија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Кирил Лозанче,** редовен професор во пензија, с.р.
**Д-р Андреја Арсовски,** насловен вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Владимир Чадиковски,** насловен доцент, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br><br>**Трудови под реден број 5 и 6 – прв автор**<br>**Трудови под реден број 3 и 4 – втор автор**<br>**Трудови под реден број 1 и 2 – останати автор** | 2 x 9 = 18<br>2 x 6 = 12<br>2 x 3 = 6 | | | | **36** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник со трудови на научен собир<br><br>**Трудови под реден број 7, 8 и 9** | | | 3 x 3 | | **9** |
| **7** | Секциско предавање на научен собир | 2 x 2 | | | | **4** |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| **11** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| **23** | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **71** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| **6** | Труд објавен во зборник со трудови на стручен собир<br>- во земјава<br>**Трудови под реден број 10, 11 и 12** | 3 x 2 | | | | **6** |
| **26** | Раководител на катедра / оддел / центар | 3 | | | | **3** |
| **29** | JCI акредитација и реакредитација на КБ Аџибадем Систина; | 2 | | | | **2** |
| | **Вкупно** | | | | | **11** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **82 бода** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И ЗАБОЛУВАЊА НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-81/11 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање за наставно-научната област ендокринологија и заболувања на метаболизмот (30202) – 2 извршители на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

– **д-р Татјана Миленковиќ** - редовен професор за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот, вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје - претседател;
– **д-р Бранкица Крстевска** - редовен професор во пензија за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје - член;
– **д-р Андон Чибишев** – редовен професор за наставно-научната област токсикологија, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија и на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 5.3.2021 година и исправка на Конкурс од 9.3.2021 објавена во весниците и во предвидениот рок се пријавија насл вон. проф. д-р Ивица Смоковски и насл. вон проф. д-р Валентина Накова-Велковска.

По разгледување на доставената документација, утврдивме дека кандидатот насл. вон проф. д-р Ивица Смоковски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет заедно со пријавата ги има доставено следниве документи: 1) Диплома за одбранет докторски труд, диплома за одбранет магистерски труд и диплома за завршен Медицински факултет (Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје) (оригинален примерок и копии заверени на нотар); 2) Уверение за положени испити од прв циклус студии (среден успех 9.7) и втор циклус студии (среден успех 10.0) (Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје) (оригинален примерок и копии заверени на нотар); 3) Уверение за положен специјалистички испит од областа интерна медицина и положен супспецијалистички испит од областа ендокринологија (Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје) (оригинален примерок и копии заверени на нотар); 4) Кратка биографија (4 примероци); 5) Список на објавени научни и стручни трудови, по еден примерок од трудовите; 6) Потврда за користење странски јазик – англиски и германски јазик (оригинален примерок и копии заверени на нотар); 7) Примерок од магистерски и докторски труд; 8) Уверение за државјанство (оригинален примерок); 9) Дополнителна документација за активностите кои се бодираат за изборот во звање.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Насл. вон. проф. д-р Ивица Смоковски е роден на 13.10.1974 година во Скопје. Прогласен е за најдобар ученик на генерацијата во ОУ „Видое Смилевски Бато“ (денешно ОУ „Љубен Лапе“) - Скопје во 1989 год. и за првенец на генерацијата во УСО „Раде Јовчевски Корчагин“ - Скопје во 1993 год. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1999 год. со втор највисок просек

во генерацијата (9,7). Корисник е на стипендија на Министерството за образование и наука за талентирани ученици и студенти во периодот 1989-1999 год. Како студент зема активно учество во научноистражувачката работа, член е на Научно-наставниот совет при Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како претставник на студентите (1998-1999 год.) и има реализирано стручни престои на одделите за интерна медицина во Измир, Турција (1997 год.) и Хелсинки, Финска (1998 год.).

Како еден од најдобрите студенти на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, веднаш по завршувањето на студиите во 1999 год., е повикан во водечката домашна фармацевтска компанија Алкалоид АД Скопје, каде што меѓу другото учествува во дизајнирање и изведување на клинички испитувања. Од јануари 2001 год. до октомври 2001 год. го отслужува воениот рок во Армијата на Република Македонија. Од ноември 2001 год. е ангажиран во Ново Нордиск Македонија како регионален медицински советник и раководител на медицинскиот оддел. Со успех ги положил Базичната и Напредната школа за клинички истражувања и Добра клиничка пракса во Brookwood International Academy of Healthcare Research, Гилдфорд, Обединето Кралство, во периодот од 2002 - 2003 год. Има учествувано и предавано на бројни меѓународни и национални дијабетолошки симпозиуми, домашни и меѓународни дијабетолошки школи, работилници од областа на дијабетологијата и Добрата клиничка пракса, како и во голем број меѓународни научни проекти.

Од јули 2012 год. е дел од Кабинетот на министерот за здравство на Република Македонија, по постигнатиот највисок резултат на првите стручни тестови за вработување во јавните здравствени установи, каде што е вклучен во изработката на закони, подзаконски акти, подготвувањето национални документи, зема учество во повеќе комисии и тела, член е на официјални делегации на министерот за здравство при службени посети во странство, учествува во изработката на национални програми и експертски извештаи, национален координатор е за повеќе области.

Од септември 2013 год. е ангажиран како асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од јануари 2016 г. како доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а од февруари 2021 г. како насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од јануари 2014 год. е вработен на Универзитетската клиника за токсикологија - Скопје, додека од јуни 2016 г. е вработен на Универзитетската клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот Скопје.

Постдипломските студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги заврши со просечен успех 10,0. Магистерскиот труд од областа интерна медицина – кардиологија / дијабетес на тема *„Споредба на моделот на UKPDS и моделот на Framingham за проценка на апсолутниот ризик од коронарно срцево заболување кај дијабетес мелитус тип 2 и клиничките импликации од нивната примена“*, под менторство на проф. д-р Јелка Давчева-Павловска, го одбрани на 15.6.2007 год. и се стекна со називот магистер по медицински науки. Докторската дисертација од областа интерна медицина – ендокринологија на тема *„Прецизноста на моделот на United Kingdom Prospective Diabetes Study во предвидувањето на ризикот од коронарна артериска болест кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 од Република Македонија“*, под менторство на проф. д-р Татјана Миленковиќ ја одбранил на 3.4.2014 год. на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнал со називот доктор на медицински науки.

Специјалистичкиот испит по интерна медицина го положи на 12.1.2009 год. на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, додека супспецијалистичкиот испит по ендокринологија го положи на 7.3.2018 год. на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Насл. вон. проф. д-р Смоковски учествувал во формирањето на Националната комисија за дијабетес и служеше како нејзин член во периодот 2015-2017 год. Дополнително, имал клучна улога во креирањето на модулот за дијабетес во рамките на Националниот

електронски здравствен систем што ја покрива целокупната популација на државата. Насл. вон. проф. д-р Смоковски е автор на State-of-the-Art публикацијата *Diabetes Care in the Republic of Macedonia: Challenges and Opportunities*, која претставува прв сеопфатен преглед на ситуацијата со дијабетес мелитус во нашата земја, за која се проценува дека земјава има една од највисоките преваленци на дијабетес во Европа. Дополнително, автор е на публикацијата „*First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National e-Health System*", што претставува прва анализа на податоците за дијабетес од Националниот електронски здравствен систем.

Бил одговорен за воведувањето на неонаталната кардиохурургија во јавните здравствени установи во нашата земја за Програмата за ангажирање специјалисти од САД, за воведувањето на Balanced Score Card во јавните здравствени установи и бил претседател на Советот за специјализации и супспецијализации во периодот 2013-2016 год. Бил и национален координатор за European Healthcare Consumer Index, benchmark алатка за споредување на здравствените системи во Европа (2013-2016 год.).

Насл. вон. проф. д-р Смоковски е првиот добитник на наградата за најдобра публикација објавена во списанието на Лекарската комора на Македонија за 2014 год. и е добитник на наградата Donnell D. Etzwiler International Scholar Award за 2020 год. Насл. вон. проф. д-р Смоковски е еден од авторите на регионалниот проект на кој му е доделен две-годишен грант (2019-2021 год.) од International Diabetes Federation, со наслов: *Estimation of Stratified Total Diabetes and; Pre-Diabetes Prevalence in Western Balkan Countries.*

Насл. вон. проф. д-р Смоковски е национален претставник на EPMA (European Association for Predictive, Preventive and Personalized Medicine) за областа ендокринологија и дијабетес, член на претседателството на Националното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија, претседател на Научниот комитет на Националните дијабетолошки денови, член на American Diabetes Association и European Association for Study of Diabetes. Поканет предавач е на повеќе домашни и меѓународни настани од областа на ендокринологијата и дијабетологијата. Зборува англиски и германски јазик.

**Кандидатот насл. вон. проф. д-р Ивица Смоковски ги исполнува законските услови за избор во звањето вонреден професор**

**Општи услови:**

1. Остварен просечен успех од 9,7 на студиите од прв циклус на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје и просечен успех од 10,0 на студиите од втор циклус – магистер по медицински науки на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" - Скопје;
2. Доктор на науки од областа на медицината - докторската дисертација на тема: „*Прецизноста на моделот на United Kingdom Prospective Diabetes Study во предвидувањето на ризикот од коронарна артериска болест кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 од Република Македонија*", одбранета на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје на 3.4.2014 год.;
3. Со Одлука бр. 2002-41/8 од 15.1.2016 год. на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот ,„Гоце Делчев" – Штип на 155-та седница одржана на 15.1.2016 година е избран за наставник во звање доцент за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот на Факултетот за медицински науки за период од 15.1.2016 год. до 15.1.2021 год. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр. 161 од 30.12.2016 год. Со Одлука бр. 2002-36/12 од 1.2.2021 год. на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на 252. седница одржана на 1.2.2021 година е избран за наставник во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот на Факултетот за медицински науки. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр. 268 од 31.12.2020 год.

4. Објавени 8 (осум) научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години, од кои 4 се во списанија со импакт фактор;
5. Познавање на 2 странски јазици – англиски и германски;
6. Демонстрирана способност за изведување високообразовна дејност; во изминатиот период беше вклучен како наставник во наставата по предметите Интерна медицина 1 и Интерна медицина 2 (Општа медицина), Интерна медицина (Дентална медицина), Патофизиологија (Дентална медицина, Фармација, Медицински техничари, Акушерки, Лаборанти, Физиотерапевти), Физиологија и патофизиологија на стареење (Фармација). Дополнително беше вклучен во наставата по Интерна медицина на студентите од странство како дел од ERASMUS програмата. Насл. вон. проф. д-р Смоковски беше ментор на повеќе дипломски трудови, член на комисии за одбрана на дипломски трудови, како и член на комисија за одбрана на специјалистички труд.

**Посебни услови:**

1. Учество во бројни научноистражувачки проекти со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати: *Diabetes Care in the Republic of Macedonia: Challenges and Opportunities, First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National e-Health System, First Metabolic Control Results in Insulin-Treated Diabetes Patients from Republic of Macedonia Derived from National e-Health System, Postmenopausal breast cancer: European challenge and innovative concepts, Estimation of Stratified Total Diabetes & Pre-Diabetes Prevalence in Western Balkan Countries, National prevalence of heart failure in type 2 diabetes patients derived from the National e-Health System and their access to treatment with SGLT2 Inhibitors or GLP-1 Receptor Agonists.*
2. Значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници по предметите Интерна медицина 1, Интерна медицина 2, Интерна медицина, Патофизиологија, Физиологија и патофизиологија на стареење;
3. Автор на рецензирана скрипта и практикум објавени на е-библиотека на УГД:

**Ендокринологија-скрипта**

од Ивица Смоковски, Валентина Велкоска-Накова

**ISBN**: 978-608-244-656-1; **број на страни**: 101; **издадена**: 2019; **јазик**: македонски

Скриптата по ендокринологија е наменета за студенти, интернисти, семејни лекари и други здравствени работници кои се заинтересирани за ова подрачје од медицината. Целта е да се приближи ендокринологијата во една компактна и корисна форма. Темите се фокусирани, од патофизиолошката основа до диференцијална дијагноза и третман на ендокринолошките заболувања.

http://e-lib.ugd.edu.mk/849

**Практикум по ендокринологија со протоколи на испитување**

од Ивица Смоковски, Валентина Велкоска Накова

**ISBN**: 978-608-244-655-4; **број на стр.**: 30; **издадена**: 2019; **јазик**: македонски

Целта на овој практикум е да овозможи брз преглед на најчесто користените тестови во клиничката ендокринологија и не претендира да биде исцрпен учебник од областа на ендокринологијата.

http://e-lib.ugd.edu.mk/848

***Листа на научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години:***

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Импакт фактор (IF)** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Smokovski I**, Milenkovic T, Trapp C, Mitov A. | Diabetes Care in Republic of Macedonia: Challenges and Opportunities.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24074 | Annals of Global Health, 2016; 81(6): 792-802. | 2.037 |
| **2.** | National Diabetes Committee of Republic of Macedonia: Milenkovic T, Kocova M, Krstevska B, Pemovska G, **Smokovski I**. | Comment on Publications from OpT2mise Study.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24075 | Diabetes Technology & Therapeutics, 2016; 18(7):1-2. | 4.488 |
| **3.** | **Smokovski I**, Risteski M, Polivka Jr J, Zubor P, Konieczka K, Costigliola V, Golubnitschaja O. | Postmenopausal breast cancer: European challenge and innovative concepts.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24078 | EPMA Journal 2017; DOI 10.1007/s13167-017-0094-6. | 4.661 |
| **4.** | **Smokovski I**, Milenkovic T, Cho NH. | First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National eHealth System.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24082 | Diabetes Research and Clinical Practice, 2018; 143: 179-183. | 3.239 |
| **5.** | Chibishev A, Markoski V, **Smokovski I**, Shikole E, Stevcevska A. | Nutritional Therapy in the Treatment of Acute Corrosive Intoxication in Adults.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17098 | Mater Sociomed., 2016; 28(1): 66-70. | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Milenkovic T, **Smokovski I**, Bozhinovska N, Rahelic D, Jovanovska Misevska S, Bitovska Mileva I, Ahmeti I. | Effects of structured diabetes education program on diabetes knowledge and metabolic control in insulin-treated diabetes patients from the Republic of Macedonia.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24079 | Endocrine Oncology and Metabolism, 2017; DOI: 10.21040/eom/2017.3.1.1 | / |
| **7.** | Petkovska L, Chibishev A, Stevcevska A, **Smokovski I**, Petkovski D, Antova E. | Multi–System Complications after Intravenous Cocaine Abuse.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24080 | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2017; doi.org/10.3889/oamjms.2017.046 | / |
| **8.** | Petkovska L, Chibishev A, **Smokovski I**, Petronijevic Z, Ivanovska-Zafirovska B, Antova E, Zafirovska B. | Prevalence and Risk Factors for Pre-Diabetes and Diabetes After Kidney Transplantation.<br><br>http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24081 | Physioacta, 2017; 11(1):1-11. | / |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

По објавениот Конкурс за помлад асистент / асистент, д-р Ивица Смоковски во 2013 год. е избран во асистент за научната област интерна медицина со Одлука бр. 2502-137/14 од 5.7.2013 год. на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Од учебната 2013/2014 год. д-р Ивица Смоковски е активно вклучен во практичната настава на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (студиска програма за акушерки, физиотерапевти, лаборанти) како асистент по предметите: Интерна медицина со ревматологија, Основи на интерна медицина и Основи на поглавја на интерна медицина.

Со Одлука бр 2002-41/8 од 15.1.2016 год. на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на 155. седница одржана на 15.1.2016 година е избран за наставник во звање доцент за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот на Факултетот за медицински науки за период од 15.01.2016 год. до 15.01.2021 год. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 161 од 30.12.2015 год.

Со Одлука бр 2002-36/12 од 1.2.2021 год. на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на 252. седница одржана на 1.2.2021 година е избран за наставник во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот на Факултетот за медицински науки. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 268 од 31.12.2020 год.

Во изминатиот период беше вклучен како наставник – доцент и насловен вонреден професор во наставата по предметите Интерна медицина 1 и Интерна медицина 2 (Општа медицина), Интерна медицина (Дентална медицина), Патофизиологија (Дентална медицина, Фармација, Медицински техничари, Акушерки, Лаборанти, Физиотерапевти), Физиологија и патофизиологија на стареење (Фармација). Дополнително беше вклучен во наставата по Интерна медицина на студентите од странство како дел од ERASMUS програмата. Насл. вон. проф д-р Смоковски беше ментор на повеќе дипломски трудови, член на комисии за одбрана на дипломски трудови, како и член на комисија за одбрана на специјалистички труд.

***Листа на трудови и активности од остварената наставно-образовна и научноистражувачка дејност на насл. вон. проф. д-р Ивица Смоковски***

**I. Монографија или научна книга (реден број 1 од табелата - НИ):**

1. **Ендокринологија-скрипта**
   од Ивица Смоковски, Валентина Велкоска-Накова
   **ISBN**: 978-608-244-656-1; **број на страници**: 101; **издадена**: 2019; **јазик**: македонски

   Скриптата по ендокринологија е наменета за студенти, интернисти, семејни лекари и други здравствени работници кои се заинтересирани за ова подрачје од медицината. Целта е да се приближи ендокринологијата во една компактна и корисна форма. Темите се фокусирани од патофизиолошката основа до диференцијална дијагноза и третман на ендокринолошките заболувања.
   http://e-lib.ugd.edu.mk/849
2. **Практикум по ендокринологија со протоколи на испитување**
   од Ивица Смоковски, Валентина Велкоска-Накова
   **ISBN**: 978-608-244-655-4; **број на страници**: 30; **издадена**: 2019; **јазик**: македонски

   Целта на овој Практикум е да овозможи брз преглед на најчесто користените тестови во клиничката ендокринологија и не претендира да биде исцрпен учебник од областа на ендокринологијата.
   http://e-lib.ugd.edu.mk/848

**II. Дел од монографија или научна книга (реден број 2 од табелата - НИ):**

1. Автор на поглавјето *Акутни компликации*, во книгата *Практични упатства за превенција, дијагноза и третман на дијабетес тип 2*; Научно здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија, 2016 (ISBN 978-9989-2253-5-2.)
2. Автор на *Национален водич за добра клиничка практика – упатства за дијабетес; Научно здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија*, 2018.
3. Автор на поглавјето *Feeling Cold and Other Underestimated Symptoms of Flammer Syndrome* in *Breast Cancer Diagnostics: Is Innovative Screening on the Horizon? во книгата Advances in Predictive, Preventive and Personalized Medicine - Flammer Syndrome From Phenotype to Associated Pathologies, Prediction, Prevention and Personalization;* Springer, 2019 (ISBN 978-3-030-13549-2).

**III. Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (реден број 3 од табелата - НИ):**

1. **Smokovski I**, Milenkovic T, Trapp C, Mitov A. Diabetes Care in Republic of Macedonia: Challenges and Opportunities. Annals of Global Health, 2015; 81(6):792-802. (IF 2.037, прв автор).
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24074

   Овој труд е категоризиран како State-of-the-Art публикација и претставува прв сеопфатен преглед на ситуацијата со грижата за дијабетесот во нашата земја, за која се проценува дека има една од највисоките преваленци во Европа. Анализирани се причините за високата преваленца, асоцираноста со кардиоваскуларните настани, инсулинската потрошувачка, улогата на Националниот електронски здравствен

систем, како и можните решенија за намалување на преваленцата за дијабетес (15 поени).

2. National Diabetes Committee of Republic of Macedonia: Milenkovic T, Kocova M, Krstevska B, Pemovska G, **Smokovski I**. Comment on Publications from OpT2mise Study. Diabetes Technology & Therapeutics 2016;18(7):1-2. (IF 4.488, останати автори) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24075

Во овој труд се наведени ставовите на Националната комисија за дијабетес за публикацијата OpT2mise околу употребата на континуирана супкутана инсулинска инфузија (инсулински пумпи) кај популација со дијабетес тип 2 од нашата земја што беше вклучена во клиничката студија (5 поени).

3. **Smokovski I**, Risteski M, Polivka Jr J, Zubor P, Konieczka K, Costigliola V, Golubnitschaja O. Postmenopausal breast cancer: European challenge and innovative concepts. EPMA Journal 2017; DOI 10.1007/s13167-017-0094-6. (IF 4.661, прв автор) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24078

Овој труд ја опфаќа комллексноста на постменопаузаниот карцином на дојка, растечката преваленца и потребата од иновативни концепти за справувањето со оваа состојба што би се назирале на повисока предиктивна и превентивна вредност врз основа на одредени групи на симптоми (10.5 поени = 0.7*15)

4. **Smokovski I**, Milenkovic T, Cho NH. First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National eHealth System. Diabetes Research and Clinical Practice 2018; 143: 179-183. (IF 3.239, прв автор) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24082

Оваа е прва студија за националната, стратифицирана преваленца на дијагностициран дијабетес врз основа на податоците добиени од Националниот електронски здравствен систем, наместо врз основа на екстраполации од националните преваленци за дијабетес на земјите од регионот кои имаат извори на податоци за преваленца на дијабетес со висок квалитет (15 поени).

**IV. Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (реден број 4 од табелата - НИ):**

1. Chibishev A, Markoski V, Smokovski I, Shikole E, Stevcevska A. Nutritional Therapy in the Treatment of Acute Corrosive Intoxication in Adults. Mater Sociomed. 2016; 28(1): 66-70. (останат автор). http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17098

Во овој труд е анализирана важноста на нутритивната терапија во одржувањето на метаболните процеси и превенцијата на тешки метаболни компликации по акутна корозивна интоксикација кај адулти (3 поени).

2. Milenkovic T, **Smokovski I**, Bozhinovska N, Rahelic D, Jovanovska Misevska S, Bitovska Mileva I, Ahmeti I. Effects of structured diabetes education program on diabetes knowledge and metabolic control in insulin-treated diabetes patients from the Republic of Macedonia. Endocrine Oncology and Metabolism, 2017; DOI: 10.21040/eom/2017.3.1.1 (втор автор) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24079

Во овој труд се претставени ефектите на структурираниот програм за едукација за дијабетес врз знаењата и метаболната контрола кај инсулин-третираните пациенти со дијабетес од нашата земја (4.2 поени = 0.7*6).

3. Petkovska L, Chibishev A, Stevcevska A, **Smokovski I**, Petkovski D, Antova E. Multi–System Complications after Intravenous Cocaine Abuse. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences 2017; doi.org/10.3889/oamjms.2017.046. (останат автор) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24080

Во овој труд е претставен случај на предозирање со интравенска примена на кокаин со појава на мултисистемски компликации за кои е потребен мултидисциплинарен дијагностички и терапевтски пристап (2.1 поени = 0.7*3).

4. Petkovska L, Chibishev A, **Smokovski I**, Petronijevic Z, Ivanovska-Zafirovska B, Antova E, Zafirovska B. Prevalence and Risk Factors for Pre-Diabetes and Diabetes After Kidney Transplantation. Physioacta, 2017; 11(1):1-11. (останат автор) http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24081

Во овој труд е претставена високата преваленца за предијабетес кај реципиентите на ренални трансплaнти, при што мајорните ризик-фактори за дисрегулација на глукозниот метаболизам беа нивоата на циклоспорин, вкупни липиди и LDL холестерол (2.1 поени = 0.7*3).

**V. Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (реден број 5 од табелата - НИ):**

1. **Smokovski I**, Milenkovic T. National eHealth system – platform for preventive, predictive and personalized diabetes care. EPMA Journal. 2016; 7 (Suppl 1):A70.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24100

   Во овој труд се наведуваат предностите на Националниот електронски здравствен систем како платформа за превентивна, предиктивна и персонализирана грижа за дијабетесот во нашата земја (3 поени).
2. **Smokovski I**, Milenkovic T. Predicting cardiovascular risk in diabetic patients: are we all on the same side? EPMA Journal 2017; DOI 10.1007/s13167-017-0108-4
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24101

   Во овој труд се врши преглед на разликите во препораките на релевантните меѓународни асоцијации за дијабетес во однос на проценката на кардиоваскуларниот ризик кај лицата со дијабетес (3 поени).
3. **Smokovski I**, Milenkovic T. National eHealth System in Republic of North Macedonia - Platform for Preventive, Predictive and Personalized Metabolic Control in diabetes patients. National eHealth System in Republic of North Macedonia - Platform for Preventive, Predictive and Personalized Metabolic Control in diabetes patients. EPMA World Congress, Pilzen, Czech Republic, 19-22 Sep 2019.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24102

   Во овој труд се наведуваат предностите на Националниот електронски здравствен систем како платформа за превентивна, предиктивна и персонализирана метаболна контрола кај пациентите со дијабетес од нашата земја (3 поени).
4. **Smokovski I**, Milenkovic T. First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National eHealth System. IDF Congress 2017; P-0748, Abu Dhabi, UAE, 4-8 Dec-2017.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24103

   Во овој труд се наведени првите резултати за преваленцата за дијабетес во нашата земја добиени од Националниот електронски здравствен систем (3 поени).
5. **Smokovski I**. Self-monitoring as an important tool in preventing diabetes complications - Evidence from the real world. IDF Congress 2019, Busan, Korea, 2-6 Dec 2019.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24104

   Во овој труд се наведуваат предностите од самомерената плазматска гликемија, употребата на новите глукометрици, како и нејзиното место во однос на континуираното глукозно мониторирање (3.9 поени = 1.3 * 3).
6. **Smokovski I**, Milenkovic T. First Metabolic Control Results in Insulin-Treated Diabetes Patients from Republic of Macedonia Derived from National e-Health System. Diabetes 2019; 68(Supplement 1): -.https://doi.org/10.2337/db19-2393-PUB.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24105

   Во овој труд се наведени првите резултати од метаболната контрола кај инсулин-третирани пациенти со дијабетес од нашата земја врз основа на податоците добиени од Националниот електронски здравствен систем (3 поени).
7. **Smokovski I**, Mihajlovska D, Milenkovic T. Cushing's disease as a cause for secondary hypertension. EndoBridge 2019, P-05, Antalya, Turkey, 24-27 Oct-2019.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24106

   Во овој труд е прикажан случај на Morbus Cushing како причина за секундарна хипертензија, употребениот дијагностички алгоритам и третманот на состојбата кај пациентот (3 поени).

8. Behnke A, Bitoska I, Bozinovska N, Jovanovska MS, Milenkovic T, **Smokovski I**. Severe Hyponatremia Following Rhabdomyolysis And Acute Renal Failure In A Young Patient With Undiagnosed Hypothyroidism. AACE 29th Annual Scientific & Clinical Congress, e-poster, Washington, DC, 7-10 May, 2020.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24107

   Во овој труд е прикажан случај на пациент со тешка хипонатриемија асоцирана со рабдомиолиза и акутна бубрежна слабост поради недијагностициран хипотироидизам (2.1 поени = 0.7*3).
9. Zubor P, Gondova A, Bubnov R, **Smokovski I**, Risteski M, Polivka Jr J, Kasajova P, Konieczka K, Danko J, Golubnitschaja O. Breast cancer and Flammer syndrome: A linkage to better prediction, prevention and personalised medical approach. European Journal of Obstetrics & Gynecology and Reproductive Biology 2019; 234:e101-e102,
   DOI:https://doi.org/10.1016/j.ejogrb.2018.08.382.
   http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24108

   Во овој труд е прикажана можната асоцијација на карциномот на дојка и Flammer-овиот синдром, со цел подобрување на предиктивниот, превентивниот и персонализираниот медицински пристап (2.1 поени = 0.7*3).
10. Mihajlovska D, **Smokovski I**, Kocinski G, Bosevski M, Hristova E, Petkovska L. National prevalence of heart failure in type 2 diabetes patients derived from the National eHealth System and their access to treatment with SGLT2 Inhibitors or GLP-1 Receptor Agonists. 6th Macedonian Congress of Cardiology 2019 with international participation, Ohrid, 03-06 Oct 2019.
    http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24109

    Во овој труд е претставена преваленцата на срцева слабост кај пациентите со дијабетес тип 2 врз основа на податоците добиени од Националниот електронски здравствен систем, како и нивниот пристап до SGLT2i и GLP-1RA (1.4 поени = 0.7*2).
11. **Smokovski I**. Practical Clinical Guidelines in Treatment of Diabetes in Macedonia and worldwide. First Diabetes Days with International Participation, Mavrovo, 01-03 Apr 2016.
    http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24110

    Во овој труд е наведен преглед на различните практични упатства за третман на дијабетесот во светот (2 поени).
12. **Smokovski I**. Current Guidelines on Cardiovascular risk assessment in diabetic patients. Second Diabetes Days with International Participation, Dojran, 30 Mar-02 Apr 2017.
    http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24111

    Во овој труд се прикажани раличните водичи за проценката на кардиоваскуларниот ризик кај пациентите со дијабетес (2 поени).
13. **Smokovski I**. First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National e-Health System. Third Diabetes Days with International Participation, Ohrid, 10-13 May 2018.
    http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/24112

    Во овој труд се наведени првите резултати за преваленцата на дијабетес во нашата земја врз основа на податоците добиени од Националниот електронски здравствен систем (2 поени).

**VI. *Пленарно предавање на научен собир (реден број 6 од* табелата - *НИ):***

1. **Smokovski I**. National eHealth system – platform for preventive, predictive and personalized diabetes care. EPMA World Congress, 3-5 Sep 2015; Bonn, Germany (поканет предавач).
2. **Smokovski I**. Practical Clinical Guidelines in Treatment of Diabetes in Macedonia and worldwide. First Diabetes Days with International Participation, 01-03 Apr 2016; Mavrovo, Macedonia (поканет предавач).
3. **Smokovski I**. Cardiovascular risk assessment in diabetic patients. Second Diabetes Days with International Participation, 30 Mar-02 Apr 2017; Dojran, Macedonia (поканет предавач).
4. **Smokovski I**, Behnke A. Insulin therapy in type 2 diabetes. EASD Postgraduate Course in

Clinical Diabetes; 09-11 November 2017, Skopje, Macedonia (поканет предавач).

5. **Smokovski I**. First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National e-Health System. Third Diabetes Days with International Participation, 10-13 May 2018; Ohrid, Macedonia (поканет предавач).
6. **Smokovski I**. Consensus Statement – new recommendation for treatment for type 2 diabetes. Fourth Diabetes Days with International Participation, 29-31 Mar 2019; Krusevo, Macedonia (поканет предавач).
7. **Smokovski I**. Predicting cardiovascular events In diabetes - National eHealth System in Republic of N Macedonia - Platform for Preventive, Predictive and Personalized Metabolic Control in diabetes patients. EPMA World Congress, 19-22 Sep 2019; Pilzen, Czech Republic (поканет предавач).
8. **Smokovski I**. Self-monitoring as an important tool in preventing diabetes complications - Evidence from the real world. International Diabetes Federation Congress, 02-06 Dec 2019; Busan, Korea (поканет предавач).

**VII.** ***Секциско предавање на научен собир (реден број 7 од* табелата - *НИ):***

1. **Смоковски И**. Работилница од областа на клиничка токсикологија, како дел од едукацијата на избраните лекари, 25.11.2015, Струмица, Македонија.
2. **Смоковски И**. Работилница од областа на клиничка токсикологија, како дел од едукацијата на избраните лекари, 6.3.016, Скопје, Македонија.
3. **Смоковски И**. Работилница од областа на ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизимот, како дел од едукацијата на избраните лекари, 11.6.2016, Скопје, Македонија.
4. **Смоковски И**. Работилница од областа на ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизимот, како дел од едукацијата на избраните лекари, 25.6.2016, Тетово, Македонија.
5. **Смоковски И**. Работилница на тема Практични упатства за превенција, дијагноза и третман на дијабетес тип 2, како дел од едукацијата за избрани лекари, 29.9.2016, Велес, Македонија.
6. **Smokovski I**. Efficacy and Safety in Clinical Practice: EDITION Program Overview, Scientific meeting of Scientific Association of Endocrinologists and Diabetologists in Macedonia, 07 Mar 2019, Skopje, Macedonia.
7. **Smokovski I**. Stable today for safe tomorrow – 2nd generation basal insulins. Satellite symposium, Fourth Diabetes Days with International Participation, 30 Mar 2019, Krusevo, Macedonia.

**VIII.** ***Одржано предавање по покана од научна институција (реден број 8 од табелата - НИ):***

1. **Смоковски И.** Урамнотежен план на постигнувањата – УПП (Balanced ScoreCard - BSC) во здравството. Предавање на покана на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 25.2.2016, Скопје, Македонија.
2. **Смоковски И**. Урамнотежен план на постигнувањата – УПП (Balanced ScoreCard - BSC) во здравството. Предавање на покана на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 13.3.2017, Скопје, Македонија.
3. **Smokovski I**. Diabetes Care in Republic of Macedonia, invited to lecture in front of faculty, fellows, residents and medical students, University of Maryland Medical School, Baltimore, Maryland, 23-Februaty-2017, 28-February-2017, Baltimore, Maryland.

**IX.** ***Одбранета докторска теза (реден број 10 од табелата - НИ):***

Доктор на науки од областа на медицината - докторската дисертација на тема: „*Прецизноста на моделот на United Kingdom Prospective Diabetes Study во предвидувањето на ризикот од коронарна артериска болест кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 од Република Македонија*“, под менторство на проф. д-р Татјана Миленковиќ, одбранета на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Скопје на 3.4.2014 год.

**X. *Одбранет пост – докторски труд или одбранета специјализација (реден број 11 од табелата - НИ):***

Специјалистичкиот испит по интерна медицина го положи на 12.1.2009 год, на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, додека супспецијалистичкиот испит по ендокринологија го положи на 7.3.2018 год. на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**XI. *Одбранета магистерска работа (реден број 12 од табелата - НИ):***

Последипломските студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје ги заврши со просечен успех 10,0. Магистерскиот труд од областа интерна медицина – кардиологија / дијабетес на тема: „Споредба на моделот на UKPDS и моделот на Framingham за проценка на апсолутниот ризик од коронарно срцево заболување кај дијабетес мелитус тип 2 и клиничките импликации од нивната примена“, под менторство на проф. д-р Јелка Давчева-Павловска го одбрани на 15.6.2007 год. и се стекна со називот магистер по медицински науки.

**XII. *Раководител на научен проект (реден број 13 од табелата - НИ):***

1. Раководител и автор на меѓународниот проект на кој му е доделен две-годишен грант (2019-2021 год.) од International Diabetes Federation, со наслов: *Estimation of Stratified Total Diabetes and Pre-Diabetes Prevalence in Western Balkan Countries* (2019 - во тек).
2. Раководител и автор на националниот проект со наслов: *First stratified diabetes prevalence data for Republic of Macedonia derived from the National e-Health System (2015-2018)* (публикуван).
3. Раководител и автор на националниот проект со наслов: *First Metabolic Control Results in Insulin-Treated Diabetes Patients from Republic of Macedonia Derived from National e-Health System* (2017 – во тек) (апстракт публикуван на ADA 2019).

**XIII. *Учесник во научен проект (реден број 14 од табелата - НИ):***

1. Под-истражувач во клиничката студија EFC14875 (The SCORED Trial) - A Randomized, Double-blind, Placebo-controlled, Parallel-group, Multicenter Study to Demonstrate the Effects of Sotagliflozin on Cardiovascular and Renal Events in Patients with Type 2 Diabetes, Cardiovascular Risk Factors and Moderately Impaired Renal Function (2017 – во тек).
2. Под-истражувач во клиничката студија LPS15017 (Global Premix) - A multi-center open-label parallel group randomized controlled trial to compare iGlarLixi versus premixed insulin in patients with type 2 diabetes who have failed to achieve glycemic control with basal insulin and oral antidiabetic agents (2019 – во тек).
3. Под-истражувач во клиничката студија Efficacy of pregabalin and duloxetine in patients with painful diabetic peripheral neuropathy (PDPN): the effect of pain on cognitive function,
4. sleep and quality of life (BLOSSOM) - Randomized, open-label, prospective, international, multi-center clinical trial (2019 – во тек).

**XIV. *Претседател на организационен или научен одбор на научен собир (реден број 19 од табелата - НИ):***

1. Претседател на Научниот комитет на 4. Дијабетолошки денови во Македонија со меѓународно учество, 29-31 март 2019, Крушево, Македонија.

**XV. *Член на организационен или научен одбор на научен собир (реден број 20 од табелата - НИ):***

1. Член на Научниот комитет на Првите Дијабетолошки денови во Македонија со меѓународно учество, 1-3 април 2016, Маврово, Македонија.
2. Член на Научниот комитет на Вторите Дијабетолошки денови во Македонија со меѓународно учество, 31 март - 2 април 2017, Дојран, Македонија.

3. Член на Научниот комитет на 5. Македонски конгрес по ендокринологија и 3. Дијабетолошки денови во Македонија со меѓународно учество, 10-13 мај 2018, Охрид, Македонија.

**XVI.** ***Награди-признанија за научни постигнувања (реден број 22 од табелата - НИ):***

1. Добитник на меѓународната награда Donnell D. Etzwiler International Scholar Award за 2020 год. од страна на водечката институција во областа на дијабетологијата International Diabetes Center, Minneapolis, Minnesota.

**XVII.** ***Студиски престој во странство (реден број 23 од табелата - НИ):***

1. Престој на University of Maryland Medical School, Baltimore, MD, Department of Endocrinology, Diabetes and Nutrition; Veteran Affairs Healthcare System, Baltimore, MD, Department of Diabetes and Endocrinology (02/2017).

**XVIII.** ***Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати)(реден број 24 од Табелата - НИ):***

1. Рецензент на научниот труд Ref: DIAB_2017_849, Title: Increasing prevalence of type 2 diabetes mellitus and impact of ethnicity in north Sudan во списанието Diabetes Research and Clinical Practice (IF 3.239).

***Листа на трудови и активности од остварената стручно-апликативна и организационо-развојна дејност на насл. вон. проф. д-р Ивица Смоковски***

**I.** ***Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (реден број 6 од табелата - САОР):***

1. Андоновска Х, **Смоковски И**. Посебноста на македонскиот јазик – македонско-српско-бугарска паралела (врз примери од лексичко-семантичкото поле дијабетес). Меѓународна конференција на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Струмица, 2 и 3 ноември 2016 г.

**II.** ***Пленарно предавање на стручен собир (реден број 7 од табелата - САОР):***

1. **Smokovski I**. The power of e-Health integration solutions. European Center for Peace and Development (ECPD). University for Peace by the United Nations. XXII ECPD International Summer School Management of Healthcare Institutions. Professional Management – the Key to Sustainability of European Healthcare, 26–30 June 2017, Bečići, Montenegro (поканет предавач).
2. **Смоковски И**. Проценка на кардиоваскуларниот ризик кај дијабетични пациенти. Прв конгрес на студенти по општа медицина на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**III.** ***Елаборати и експертизи (реден број 17 од табелата - САОР):***

1. Експерт од Република Македонија во Светската здравствена организација од областа незаразни хронични заболувања (2017).

**IV.** ***Стручни награди и признанија (реден број 19 од табелата - САОР):***

1. Медицинскиот симулациски центар на РС Македонија во знак на признание за придонес при подготовката и спроведувањето на обуки поврзани со стекнување на практични вештини му доделува Благодарница на **доц. д-р Ивица Смоковски**, декември 2019.

**V.** ***Член на универзитетски или владини тела (реден број 27 од табелата - САОР):***

1. Член на 11 комисии на Министерството за здравство на Република Македонија во изминатите 5 години.
2. Член на Националната комсија за дијабетес (2015-2017).

**VI.** ***Член на институтски орган, комисија (реден број 29 од Табелата - САОР):***
1. Член на Управен одбор на Универзитетска клиника за токсикологија (2016).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, искуството во наставно-образовната и научноистражувачката дејност, кандидатот насл. вон. проф. д-р Ивица Смоковски ги исполнува сите законски услови за избор на вонреден професор за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот.

Кандидатот насл. вон. проф. д-р Ивица Смоковски со својата наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност презентирана преку објавените научни трудови и активности, кои се прикажани во табелите составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот, придонесува кон развојот на науката и ги поседува потребните научни и стручни квалитети за наведениот избор.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентска комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот насл. вонр. проф. д-р Ивица Смоковски да биде избран во звањето вонреден професор за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Татјана Миленковиќ,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Бранкица Крстевска,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Андон Чибишев,** редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4. | Избор во звање доцент | 30 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | **10** |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга | 2 | 12 | 1 | 10 | **22** |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) | 15 + 5 + 10.5 (0.7*15) + 15 = 45.5 | | | | **45.5** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 3 + 4.2 (0.7*6) + 2.1 (0.7*3) + 2.1 (0.7*3) = 11.4 | | | | **11.4** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1.4 (2*0.7) +2+2+2 = | 7.4 | 3+3+3+3+3.9+3+3+2.1 (3*0.7) + 2.1 (3*0.7)= | 26.1 | **33.5** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир | 5 | 15 | 3 | 18 | **33** |
| **7.** | Секциско предавање на научен собир | 7 | 14 | | | **14** |
| **8.** | Одржано предавање по покана од научна институција | 2 | 4 | 1 | 3 | **7** |
| **11.** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| **13.** | Раководител на научен проект | 2 | 8 | 1 | 6 | **14** |
| **14.** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | 3 | 9 | **9** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **19.** | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир | 1 | 2 | | | **2** |
| **20.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир | 3 | 3 | | | **3** |
| **21.** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | | | 1 | 10 | **10** |
| **22.** | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| **24.** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 1 * 2 | | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **230.4** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 2 | | | **2** |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 2 | 1 | 4 | **6** |
| **17.** | Елаборати и експертизи | | | 1 | 4 | **4** |
| **19.** | Стручни награди и признанија | 1 | 4 | | | **4** |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела | 12 * 5 = 60 | | | | **60** |
| **29** | Член на институтски орган, комисија | 2 | | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **78** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **338.4** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО–НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-81/10 од 26.3.2021 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање доцент / вонреден професор (двајца извршители) за наставно-научната област **офталмологија (30219)** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип:

– **д-р Милица Ивановска,** редовен професор во пензија за наставно-научната област офталмологија – претседател;
– **д-р Милена Голубовиќ,** редовен професор за наставно-научната област офталмологија, вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести во Скопје – член;
– **д-р Милка Здравковска,** редовен професор за наставно-научните области епидемиологија и здравствена статистика и информатика, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5.3.2021 година и исправката на Конкурсот од 9.3.2021 објавена во весниците „Слободен печат” и „Коха“ и во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати:

– **нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов**, доктор на медицински науки, специјалист по офталмологија, вработен во Клиничката болница во Штип;
– **нас. вон. проф. д-р Невенка Лабан-Гучева**, доктор на медицински науки, специјалист по офталмологија, вработена во Клиниката за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот.

Врз основа на приложената документација од кандидатот нас. вонр. проф. д-р Страхил Газепов, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов** е роден 6.10.1967 г. во Радовиш, Република Македонија. Основно образование завршува во родниот град, а средно медицинско училиште завршува во Штип, во 1986 год. Студира на Медицинскиот факултет од 1988 до 1994 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Специјализира офталмологија на Клиниката за очни болести во Скопје и по 2002 година работи како офталмолог во Клиничката болница во Штип. Докторската дисертација „*Промени во автоматската компјутеризирана периметрија и оптичката кохерентна томографија во ран стадиум кај пациенти со примарен глауком на отворен агол*“ ја брани во јануари 2015 година на Воено-медицинската академија, на Катедрата по очни болести во Софија, под менторство на д-р Лечезар Војнов, редовен професор, и се стекнува со звање доктор на медицински науки.

Нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов бил избран во звање предавач за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во 2010 година. Во јануари 2016 година се стекнува со наставно-научното звање доцент, а во февруари 2021 година, со звањето насловен вонреден професор при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

За својата работа е наградуван повеќе пати од Македонското лекарско друштво и од Министерството за здравство на Република Северна Македонија, а поради неговиот особен ангажман во областа на медицината, во април 2016 година добил плакета од Македонското лекарско друштво за посебни заслуги.

Во периодот од 2007 до 2016 година бил раководител на Очното одделение при Клиничката болница во Штип и под негово менторство се воведени повеќе нови методи, меѓу кои и факохирургијата како најсовремен начин на лекување на катаракта. Исто така, бил и поранешен директор на оваа здравствена институција.

Член е на повеќе здруженија: Лекарска комора на Република Северна Македонија, Здружение на офталмолози на Република Северна Македонија и др.

Оженет е, татко на две деца.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор**

1. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Одлука број 2002–36/14 од 1 февруари 2021 год.), д-р Страхил Газепов е избран во наставно-научната област офталмологија, во звање насловен вонреден професор.
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Ред. бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународно научно списание / меѓународна публикација | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| | | ***Прв автор*** | | |
| **1.** | **Gazepov, Strahil** | Дигитални уреди и човечки очи | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 41 (3). pp. 601–606. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **2.** | **Gazepov, Strahil** and Micevska, Viktorija and Gorgiev, Alen and Stojkova, Slavena | Хемиски корозивни болести на очи | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 38 (4). pp. 853–858. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **3.** | **Gazepov, Strahil** and Gorgiev, Alen | Incidence of pterygium in Eastern Macedonia for 2018 | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 30 (4). pp. 811–814. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **4.** | **Gazepov, Strahil** and Gorgiev, Alen and Stoykova, Slavena | From ECCE to FACO | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 35 (4). pp. 1319–1322. ISSN 2545–4439 | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Gazepov, Strahil** and Georgiev, Alen | Специфики на различни методи за мерење на ИОП | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 34 (4). pp. 1009–1013. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **6.** | **Gazepov, Strahil** and Hubreva, Marija and Zendelska, Radmila and Lichkova, Elena and Stojmenova, Verica | Fixed combinations in the treatment of glaucoma | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 28 (2). pp. 613–618. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **7.** | **Gazepov, Strahil** and Gorgiev, Alen and Kocev, Pavle | Screening of glaucoma | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 23 (2). pp. 653–657. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **8.** | **Gazepov, Strahil** and Dzidrova, Violeta and Petrova, Marina and Georgiev Alen | Operated patients from cataract of the department of ophthalmology at the Clinical Hospital Stip for the period of 2014/2017 | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1293–1296. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **9.** | **Gazepov, Strahil** and Panova, Gordana and Dimitrova, Kristina and Dodevska, Biljana | Refractory anomalies on preschool children in Stip | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 361–370. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **10.** | **Gazepov, Strahil** | Analysis of visual field changes in patients with early diagnosed open–angle glaucoma and ocular hypertension by standard computer–assisted perimetry | Bulgarian Forum Glaucoma, 7 (1). pp. 15–18. ISSN 1314–5800 | 2012 |
| **11.** | **Gazepov, Strahil** and Ismaili, Iljaz and Lichkova, Elena and Panova, Gordana and Stoimenova, Verica and Goshevska Dashtevska, Emilija | Standard computerized perimetry in function of diagnostic glaucoma | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 2095–2099. ISSN 2545–4439 | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | **Gazepov, Strahil** and Topov, Alek and Panova, Gordana and Shumanov, Gjorgji | XEN implant and fakoemulsyphication | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 2109–2112. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **13.** | **Gazepov, Strahil** and Ismaili, Iljaz and Goshevska Dashtevska, Emilija | Unwanted side effects of travoprost | International Scientific On–line Journal "Science & Technologies", VI (1). pp. 357–365. ISSN 1314–4111 | 2009 |
| ***Коавтор*** | | | | |
| **14.** | Dodevski, Aleksandar and **Gazepov, Strahil** and Dodevska, Biljana and Gorgiev, Alen | Myopia in pre–school children and mobile phones | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 31 (4). pp. 991–993. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **15.** | Ismaili, Iljaz and Dashtevska, Emilija and Mehmeti, Gazmend and **Gazepov, Strahil** | Prevention of visual loss in diabetic retinopathy | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1321–1325. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **16.** | Panova, Gordana and Sumanov, Gorgi and Simonovska Liljana and **Gazepov, Strahil** | Исхрана и третман на трудница | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1139–1143. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **17.** | Atanasov, Ilija and **Gazepov, Strahil** and Gorgiev, Alen and Kocev, Pavle | Prevalence of hypermetropy in preschool children in Delchevo | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1281–1285. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **18.** | Jankovska, Vesna and **Gazepov, Strahil** and Panova, Gordana and Sumanov Gorgi | Prevalence of myopia in preschool children in Radovish | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1287–1292. ISSN 2545–4439 | 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19.** | Sumanov, Gorgi and **Gazepov, Strahil** and Nikolovska, Evgenija | Control of epidemic parotitis in the Republic of Macedonia | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1235–1241. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **20.** | Jankovska, Vesna and **Gazepov, Strahil** | Evaluation of the number of patients with cataracts operated with the method of phacoemulsification of the Department of Ophthalmology at the Clinical Hospital Stip | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1217–1219. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **21.** | Atanasov, Ilija and **Gazepov, Strahil** | Evaluation of the number of patients with cataracts operated with extracapsular cataract extraction of the Department of Ophthalmology at the Clinical Hospital Stip | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1209–1211. ISSN 2545–4439 | 2009 |
| **22.** | Panova, Gordana and Shumanov, Gjorgi and **Gazepov, Strahil** and Dzidrova, Violeta and Dimova, T. and Petrova, Marina | The role of the nurse in obstetrics | Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 2119–2125. ISSN 2545–4439 | 2009 |

**I. Наставно-образовна дејност**

Во текот на 2010 година, нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов е избран за предавач за наставно-научната област офталмологија, а од 2016 година е избран во звањето доцент. Според тоа, почнувајќи од 2010 година, па се до денес, нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов континуирано е вклучен во теоретските и практичните часови на студентите по општа медицина, дентална медицина и оптометрија.

При изведувањето на оваа едукативна дејност, солидно, стручно и педагошки подготвен се залага студентите успешно да ја совладаат материјата предвидена со програмата. Во текот на својот ангажман на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, активно е вклучен во наставата по предметите Основи на офталмологија (насока: Дентална медицина) на Факултетот за медицински науки, односно предметите: Техника на изработка на офталмолошки помагала, Процеси на изработка на офталмолошки помагала, Практична изработка на офталмолошки помагала, Офталмолошки и оптички инструменти, Фабрикување на офталмолошки помагала, Оптометрија 1 и 2 (насока: Оптометрија) на стручните студии по Оптометрија

Ментор е на 12 завршни испити и член на повеќе комисии за полагање или одбрана на завршни испити. Исто така, вклучен е како ментор во едукација на специјализантите по офталмологија при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**II. Научноистражувачка дејност**

Нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов во последните пет години има објавено 22 трудови во списанија со меѓународен уредувачки одбор и презентирани на соодветни

конгреси со меѓународен карактер. Во тринаесет од овие трудови се јавува како прв автор, а во преостанатите девет како коавтор. Во текот на последните пет години, нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов бил и модератор на сесија за Медицина и здравје на два од конгресите со меѓународен карактер.

**Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија во последните пет години кои се евалуираат за избор во вонреден професор:**

1. **Gazepov, S.** (2020). Дигитални уреди и човечки очи. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 41 (3). pp. 601–606. ISSN 2545–4439

Во овој труд е даден детален опис на миопијата, како и нејзината улога доколку би дошло до оштета на очите и самиот вид. Ставен е акцент на поврзаноста помеѓу употребата на дигиталните уреди (компјутер и мобилен телефон) и ефектите кои истите ги предизвикуваат на очите, односно видот. За да се објасни ваквата корелација, применет е дескриптивниот епидемиолошки метод, поткрепен со статистичка обработка и анализа на податоците, собрани од 2018 година. Врз основа на спроведеното истражување, авторот дава констатација дека миопијата зема голем замав, независно од тоа дали станува збор за возраста или полот на испитаниците. Исто така, тој дава препораки за соодветна употреба на дигиталните уреди, која би резултирала со минимизирање на можноста за појава на миопија.

2. **Gazepov, S.**, Micevska, V., Gorgiev, A., Stojkova, S. (2020). Хемиски корозивни болести на очи. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 38 (4). pp. 853–858. ISSN 2545–4439

Главен фокус на целокупниот труд е истражувањето спроведено во ЈЗУ Клиничка болница Штип на Одделението за офталмологија во период од три години (од 2017 до 2019 година) во кое биле вклучени пациенти со хемиски или механички повреди на окото. Со цел подобро разбирање на природата на истражувањето, авторите даваат детален опис на хемиските повреди, како и начинот на нивно градирање, кој е од круцијално значење при изборот на најсоодветниот начин на третман. Врз основа на спроведеното истражување, авторите истакнуваат дека заштитата на работниците во работната средина, вклучувајќи го и домаќинството, е клучна во намалувањето на хемиско-механичките повреди на окото.

3. **Gazepov, S.**, Gorgiev, A. (2019). Incidence of pterygium in Eastern Macedonia for 2018. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 30 (4). pp. 811–814. ISSN 2545–4439

Во овој труд е даден детален опис на *Pterygium verrum* како една од најчестите окуларни болести, со цел да се утврди, докаже и прикаже различната застапеност на оваа болест помеѓу различниот пол, различните возрасни групи и степенот на негово рецидивирање. За реализација на главната цел на ова истражување вклучени биле пациентите од источниот дел на Република Северна Македонија, кои претежно се занимаваат со земјоделство, полјоделство и сточарство, а главниот метод на отстранување на оваа дупликатура во ЈЗУ Клиничка болница Штип претставува методот на хируршка ексцизија по претходна предоперативна подготовка на пациентот. Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување, авторите доаѓаат до констатација дека големо влијание врз појавата на *Pterygium verrum*, покрај возраста на пациентите, има и полот. Интересен е фактот што појавата на рецидиви на *Pterygium verrum* е значително помал во однос на глобалната статистика.

4. **Gazepov, S.**, Gorgiev, A., Stoykova, S. (2019) From ECCE to FACO. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 35 (4). pp. 1319–1322. ISSN 2545–4439

Главните цели на овој труд е да се направи споредба помеѓу пациентите оперирани според методата ECCE и пациентите оперирани според методата FACO во периодот од 2004 до 2006 година, како и конверзија од методата ECCE кон методата FACO, прикажана во период од шест години. Покрај статистичката анализа на податоците, авторите даваат краток опис на овие методи, а врз основа на добиените резултати, авторите посочуваат дека со развојот на медицинската технологија, класичниот метод на екстракапсуларна екстракција на леќа постепено се заменува со модерниот микрохируршки метод на факоемулзификација, при што наведено е дека во ЈЗУ Клиничка болница Штип се следи овој тренд и доаѓа до постепено отфрлување на класичниот метод.

5. **Gazepov, S.**, Georgiev, A. (2019). Специфики на различни методи за мерење на ИОП. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 34 (4). pp. 1009–1013. ISSN 2545–4439

Во овој труд акцент е ставен на тонометријата како метод со кој се одредува очниот притисок во окото. Притоа, објаснети се принципите на безконтактниот тонометар на Топкон СТ 100 и Шиотцовиот тонометар, како едни од најчесто употребуваните инструменти за одредување на очниот притисок во окото. Во истражувањето биле вклучени 60 пациенти по случаен избор (без поставена дијагноза на глауком или со нормотензивен глауком). Врз основа на добиените резултати, авторите истакнале дека не може да се потврди дека едниот инструмент е попрецизен во однос на другиот, односно не е можно да се добијат вредности за ИОП кои не се под влијание на морфолошките параметри на рожницата, па доколку некој од новите тонометри, во иднина би се усвоил како стандард, при процена на ризикот од развој на глауком, потребно е да се утврдат нови гранични вредности за ИОП.

6. **Gazepov, S.**, Hubreva, M., Zendelska, R., Lichkova, E., Stojmenova, V. (2018). Fixed combinations in the treatment of glaucoma. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 28 (2). pp. 613–618. ISSN 2545–4439

Главните цели на оваа студија се контрола на ИОП до ниво кое го одржува видот и квалитетот на животот, како и споредба на ефикасноста и сигурноста на AZARGA и COSOPT, односно монотерапија кај пациенти со глауком на отворен агол или окуларна хипертензија, кои побарале промена во терапијата, од причина што истата не дала соодветен ефект и комфор, а поради покачен ИОП во период кога пациентите примале лекови за негово намалување. Студијата е рандомизирана, двојно маскирана, активно контролирана, мултицентрична, со вклучување на паралелна група. Констатирано е дека AZARGA суспензијата претставува моќно средство за намалување на ИОП, кое манифестира помал дискомфор во споредба со COSOPT, а поголема ефикасност во споредба со COMBIGAN при 24-часовно мерење на ИОП.

7. **Gazepov, S.**, Gorgiev, A., Kocev, P. (2018). Screening of glaucoma. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 23 (2). pp. 653–657. ISSN 2545–4439

Ова истражување било спроведено во текот на Светската недела за борба против глаукомот. Притоа бил направен скрининг на интраокуларниот притисок со помош на бесконтактен тонометар на испитаници по случаен избор. За таа цел, употребени биле тонометрите Топкон СТ 800 и Нидек Тонораф 2, а мерењето на интраокуларниот притисок се вршел во вертикална позиција по методот на пневмометрија. Дополнително, на испитаниците им бил даден анкетен лист од 12 прашања, некои од нив поврзани со ризик факторите за појава на глауком. Генерална констатација од овој труд е дека навремената дијагноза на глаукомот е единствениот механизам за борба со оваа сериозна болест.

8. **Gazepov, S.**, Dzidrova, V., Petrova, M., Georgiev, A. (2018). Operated patients from cataract of the department of ophthalmology at the Clinical Hospital Stip for the period of 2014/2017. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1293–1296. ISSN 2545–4439

Основната цел на овој труд е да се направи статистичка анализа на сите оперирани пациенти со катаракта од различни возрасти, со различни методи на оперативен зафат (екстракапсуларна екстракција на леќа и факоемулзификација), во периодот од 2014 до 2017 година на Очното одделение во Клиничката болница Штип. Врз основа на обработените податоци, авторите констатирале дека методот на факоемулзификација многу почесто се користи на Очното одделение во Клиничката болница Штип во споредба со методот на екстракапсуларна екстракција на леќа, меѓу другото, и поради фактот што методот на факоемулзификација е побезбеден. Дополнително, констатирано е дека во овој период оперирани се повеќе жени, главно над 60-годишна возраст.

9. **Gazepov, S.**, Panova, G., Dimitrova, K., Dodevska, B. (2017). Refractory anomalies on preschool children in Stip. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 361–370. ISSN 2545–4439

Во овој труд е даден опис на рефракторните аномалии како најчести нарушувања на видот кои ги таргетираат децата. Главна цел на ова истражување е да се одреди преваленцата на рефракторните аномалии кај децата од претшколска возраст во Штип. Истражувањето траело помеѓу 15 јануари и 15 април 2016 година, при што во скринингот учествувале 890 деца од претшколска возраст. За одредување на рефракторните аномалии бил употребуван 2WIN мобилниот бинокуларен рефрактометар. Од вкупниот број на испитаници, кај 45.17% биле детектирани аномалии, од кои, кај најголем дел од испитаниците, односно 13.37% биле детектирани рефракторни аномалии. Генерална констатација од овој труд е дека навремената дијагноза е единствениот механизам за борба со оваа болест.

10. **Gazepov, S**. (2017). Analysis of visual field changes in patients with early diagnosed open–angle glaucoma and ocular hypertension by standard computer–assisted perimetry. Bulgarian Forum Glaucoma, 7 (1). pp. 15–18. ISSN 1314–5800

Во овој труд авторот се фокусира на раната детекција на промените во видното поле кај пациенти со глауком и окуларна хипертензија со помош на автоматизирана компјутерска периметрија и анализа на добиените резултати со цел разјаснување на морфологијата и патофизиологијата на овој феномен. Во студијата биле вклучени 105 пациенти, односно 210 очи, од кои, кај 90 очи бил дијагностициран глауком, кај 60 очи била дијагностицирана окуларна хипертензија и 60 очи биле употребени како контролна група. Пациентите биле поделени во три групи: пациенти со помалку од 40 години; пациенти помеѓу 41 и 59 години и пациенти над 60 години. Врз основа на спроведеното истражување, било констатирано дека точната и навремена дијагноза на глауком претставува единствениот механизам за борба против оваа опасна болест.

11. **Gazepov, S.**, Ismaili, I., Lichkova, E., Panova, G., Stoimenova, V., Goshevska Dashtevska, E. (2017). Standard computerized perimetry in function of diagnostic glaucoma. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 2095–2099. ISSN 2545–4439

Во овој труд е даден детален опис за тоа што претставува глаукомот, како и детален опис на стандардизираната компјутеризирана периметрија (карактеристики на компјутеризираниот параметар, начинот на испитување и интерпретација на добиените наоди) која се користи како метод за дијагностика на глауком. Констатирано е дека точната и навремена дијагноза на глаукомот е единствениот механизам за борба со оваа сериозна болест. Притоа, наведено е дека новите методи нудат низа на нови можности за иследување на најраните промени на дискот на очниот нерв и ретиналниот неврофибриларен слој. Како такви, истите треба да се користат во комбинација со класичните методи за испитување на глаукомот, како што е на пример, стандардизираната компјутеризирана периметрија.

12. **Gazepov, S.**, Topov, A., Panova, G., Shumanov, G. (2017). XEN implant and fakoemulsyphication. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 2109–2112. ISSN 2545–4439

Основната цел на оваа студија е да се претстават резултати од комбинираната факохирургија кај пациенти со долгогодишен глауком, како и поставувањето на XEN имплант со цел примена на медикаментозна терапија. За таа цел, во периодот од март до септември 2017 година, вклучени биле осум пациенти со долгогодишна медикаментозна терапија за глауком и катаракта. Кај сите очи било обезбедено намалување на интраокуларниот притисок, како и подобрување на визијата во раниот постоперативен период. Врз основа на спроведената студија, констатирано е дека имплантот води до безопасно и ефективно намалување на интраокуларниот притисок кај пациенти со примарен глауком на отворен агол, кој не бил контролиран со соодветна медикаментозна терапија.

13. **Gazepov, S.**, Ismaili, I., Goshevska Dashtevska, E. (2016). Unwanted side effects of travoprost. International Scientific On–line Journal "Science & Technologies", VI (1). pp. 357–365. ISSN 1314–4111

Во овој труд авторите ја анализираат употребата на простагландинот травопрост како моќен медикамент за третман на глауком. Акцент е ставен на неговите несакани ефекти, класифицирани во четири групи: многу чести, чести, помалку чести и други несакани

ефекти. За потребите на студијата биле вклучени 96 пациенти, од кои, 61 пациент го употребувал лекот на двете очи, а преостанатите 35 пациенти го употребувале лекот само на едното око. Авторите констатираат дека точната и навремената дијагноза на глаукомот претставува ефикасен третман и единствен механизам во борбата против оваа болест. И покрај тоа што предизвикува несакани ефекти, сепак, травопростот претставува еден од клучните лекови, кој се користи за третман на глауком.

14. Dodevski, A., **Gazepov, S.**, Dodevska, B., Gorgiev, A. (2019). Myopia in pre–school children and mobile phones. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 31 (4). pp. 991–993. ISSN 2545–4439

Целта на оваа студија е да се одреди преваленцата на визуелните нарушувања кај децата на претшколска возраст во градинките во градот Штип. Ваквата студија би требало да послужи за идентификација, рана дијагноза и навремен третман на визуелните нарушувања кај децата, а со тоа и да се наметне потребата од воведување на регуларен претшколски скрининг преку кој ќе се овозможи одредување на овој тип на нарушување. Врз основа на добиените резултати, констатирано е дека кај сигнификантен процент од децата на претшколска возраст се јавуваат рефракторни аномалии, од кои најзастапен е астигматизмот. Исто така, авторите истакнуваат дека недијагностицираните или нетретираните визуелни нарушувања кај децата на претшколска возраст може да резултираат со негативен ефект врз едукативниот прогрес на детето, неговиот потенцијал за совладување на наставната материја, а со тоа и неговата понатамошна кариера.

15. Ismaili, I., Dashtevska, E., Mehmeti, G., **Gazepov, S.** (2018). Prevention of visual loss in diabetic retinopathy. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1321–1325. ISSN 2545–4439

Во овој труд е даден детален опис на дијабетичната ретинопатија како најтешка васкуларна компликација на окото. За потребите на студијата, во период од три месеци, биле анкетирани 187 пациенти со шеќерна болест, кои биле прегледани во офталмолошката амбуланта при Клиничката болница во Тетово. Анкетниот прашалник вклучувал прашања кои се однесувале на: возраста на пациентот, времетраењето на шеќерната болест, видот на терапијата со која пациентот го регулирал шеќерот во крвта, временскиот период од откривањето на шеќерната болест до првиот офталмолошки преглед, како и сознанијата на пациентот со можните компликации од шеќерната болест врз органот за вид. Врз основа на спроведениот офталмолошки преглед и пополнетиот анкетен прашалник од секој пациенти, авторите дошле до констатација дека добрата метаболичка регулација на шеќерната болест е најважна во спречувањето на развојот и прогресијата на дијабетичната ретинопатија. Тие препорачуваат да се има подобра соработка помеѓу дијабетолозите, општите лекари и офталмолозите со цел да се спречи развојот на пролиферативната дијабетична ретинопатија, а со тоа и потенцијалните тешко компликации од истата, кои може да доведат и до појава на слепило.

16. Panova, G., Sumanov, G., Simonovska, L., **Gazepov, S.** (2018). Исхрана и третман на трудница. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1139–1143. ISSN 2545–4439

Во овој труд е даден детален опис на очекуваниот датум на породување, задачите на антенаталната грижа, комуникацијата помеѓу пациентката и медицинскиот персонал, поддршката во текот на активната фаза од породувањето, како и исхраната во бременоста. Основните цели на трудот е да се претставт негата, едукацијата и исхраната во бременоста, односно да се даде приказ за бремените жени според нивната возраст и националност. За таа цел, користени се архивски податоци од ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, а дополнително, направена е и консултација со дел од вработените, медицинските сестри и докторите кои имаат одлично познавање и искуство со бремените жени. Добиените податоци се прикажани на три начини: графички, табеларно и нумерички. Врз основа на добиените резултати, авторите дошле до констатација дека за исхраната во текот на бременоста биле запознаени повеќе од половината од трудниците. Притоа, 48 од

50 жени, се придржувале до советите за правилна исхрана во текот на бременоста, а 45 жени сметале дека добиваат добри совети и едукативни материјали од вработените. Исто така, било констатирано дека половина од жените имале желба да се породат по природен пат, а половина со царски рез. Речиси сите знаеле дека идеалната тежина во бременоста не им е спазена, односно имаат вишок килограми.

17. Atanasov, I., **Gazepov, S.**, Gorgiev, A., Kocev, P. (2018). Prevalence of hypermetropy in preschool children in Delchevo. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1281–1285. ISSN 2545–4439

Целите на оваа студија се: да се утврди преваленцијата на нарушувањата на видот кај детската популација од предучилишна возраст во Делчево; да се изврши идентификација, рана дијагноза и третман на деца со визуелни нарушувања; да се утврди потребата и бенефитот од воведување редовна предучилишна скрининг програма за визуелни пореметувања. За таа цел, во периодот од 26.3.2018 г. до 11.4.2018 г. во детската градинка во Делчево, била спроведена скрининг програма за рано откривање на рефракторни аномалии кај деца на возраст од 2,5 до 5 години, односно деца на претшколска возраст. Вредно е да се напомене дека скринингот е проект на USAID и LIONS на Република Северна Македонија, одобрен од страна на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство. Истиот бил извршен со 2WIN мобилниот бинокуларен рефрактометар, а за секое дете имало потпишана согласност од родител или старател. Врз основа на добиените резултати, авторите констатирале дека помеѓу рефракторните аномалии доминирал астигматизмот. Притоа, авторите истакнуваат дека колку порано е поставена дијагнозата, толку подобра е и прогнозата за видот и интервенцијата, а исто така, препорачуваат воведување редовна скрининг програма за визуелни нарушувања кај децата од претшколска возраст, со цел навремена дијагноза и третман на истите.

18. Jankovska, V., **Gazepov, S.**, Panova, G., Sumanov, G. (2018). Prevalence of myopia in preschool children in Radovish. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1287–1292. ISSN 2545–4439

Целите на оваа студија се: да се утврди, докаже и прикаже преваленцијата на рефракторните аномалии на видот кај детската популација од предучилишна возраст во Радовиш; да се изврши идентификација, рана дијагноза и третман на деца со визуелни пореметувања; да се утврди потребата и бенефитот од воведување редовна предучилишна скрининг програма за визуелни нарушувања. За таа цел, во периодот од март 2018 до јуни 2018 во детските градинки во Радовиш, била спроведена скрининг програма за рано откривање на рефракторни аномалии кај деца на возраст од 2,5 до 5 години, односно деца на претшколска возраст. Вредно е да се напомене дека скринингот е проект на USAID и LIONS на Република Северна Македонија, одобрен од страна на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство. Истиот бил извршен со 2WIN мобилниот бинокуларен рефрактометар, а за секое дете имало потпишана согласност од родител или старател. Врз основа на добиените резултати, авторите констатирале дека миопијата зема земав и започнува да доминира во претшколската детска возраст, а тоа се докажало и со овој скрининг проект. Исто така, како доминантни антагонистички фактори поврзани со развојот на миопијата, авторите ги наведуваат: начинот на живот на децата, помалата активност на отворено, зголемената активност на смарт телефоните, таблетите и лап-топ компјутерите.

19. Sumanov, G., **Gazepov, S.**, Nikolovska, E. (2018). Control of epidemic parotitis in the Republic of Macedonia. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 26 (4). pp. 1235–1241. ISSN 2545–4439

Целта на ова истражување е да се анализира динамиката на епидемиолошкиот процес на епидемиолошкиот паротитис во зависност од примената на задолжителната вакцинација; анализа и презентирање на податоците за

parotitis epidemica во Република Северна Македонија, посебно за струмичкиот, неготинскиот и кавадаречкиот регион, за периодот од 2001 до 2006 година; како и приказ на застапеноста на parotitis epidemica според пол, возраст и сезона. За реализација на целите на истражувањето, користен е дескриптивен метод со статистичка обработка на податоците. Податоците кои се обработени во трудот се земени од годишните извештаи за морбидитет и морталитет од ЈЗУ Центар за јавно здравје, Струмица и Велес. Врз основа на добиените резултати, авторите дошле до заклучок дека појавата на епидемии од заразни заушки во Република Северна Македонија во 2008 и 2009 година е типичен пример за интензивирање на епидемиолошкиот процес во епидемиолошки размери, кога превентивните мерки (вакцинација) не се спроведувале континуирано и квалитетно. Притоа, авторите истакнале дека за да се спречи повторното враќање на елиминираните и ерадицираните заразни болести, потребно е континуирано и квалитетно да се преземаат соодветни превентивни мерки.

20. Jankovska, V., **Gazepov, S.** (2018). Evaluation of the number of patients with cataracts operated with the method of phacoemulsification of the Department of Ophthalmology at the Clinical Hospital Stip. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1217–1219. ISSN 2545–4439

Целта на овој труд е да се прикаже статистиката на оперирани пациенти со катаракта на различни возрасти за периодот од 2014 до 2017 година со модерниот метод на факоемулзификациска екстракција на леќа и имплантација на ИОЛ во ЈЗУ Клиничка болница Штип на Очно одделение. За таа цел, во истражувањето биле вклучени сите пациенти кои биле оперирани на Очното одделение во ЈЗУ Клиничка болница Штип, со имплантација на интраокуларна леќа со факоемулзификација за периодот од 2014 до 2017 година. Пациентите биле на различни возрасти, во различни временски периоди. Врз основа на добиените резултати, авторите дошле до констатација дека катарактата најчесто е застапена кај лица над 60 години и подеднакво ги опфаќа двата пола. Исто така, авторите посочуваат дека со развојот на медицинската технологија, класичниот метод на ЕЦЦЕ се заменува со модерниот микрохируршки метод на факоемулзификација, при што, наведено е дека во ЈЗУ Клиничка болница Штип се следи овој тренд и доаѓа до постепено отфрлување на класичниот метод.

21. Atanasov, I., **Gazepov, S.** (2018). Evaluation of the number of patients with cataracts operated with extracapsular cataract extraction of the Department of Ophthalmology at the Clinical Hospital Stip. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 22 (5). pp. 1209–1211. ISSN 2545–4439

Целта на овој труд е да се прикаже статистиката на оперирани пациенти со катаракта на различни возрасти и различен пол за периодот од 2014 до 2017 година со класичниот метод на екстракапсуларна екстракција на леќа во ЈЗУ Клиничка болница Штип на Очно одделение, како и помалку зачестената употреба на овој метод на лекување на катаракта по воведувањето на факоемулзификацијата. За таа цел, во истражувањето биле вклучени сите пациенти кои биле оперирани на Очното одделение во ЈЗУ Клиничка болница Штип, со класичниот метод на екстракапсуларна екстракција на катаракта за периодот од 2014 до 2017 година. Пациентите биле на различни возрасти, во различни временски периоди. Врз основа на добиените резултати, авторите дошле до констатација дека катарактата најчесто е застапена кај лица над 60 години и подеднакво ги опфаќа двата пола. Исто така, авторите посочуваат дека со развојот на медицинската технологија, класичниот метод на ЕЦЦЕ се заменува со модерниот микрохируршки метод на факоемулзификација, при што, наведено е дека во ЈЗУ Клиничка болница Штип се следи овој тренд и доаѓа до постепено отфрлување на класичниот метод. Како и да е, класичниот метод останува метод од избор кај пациенти со многу тешки катаракти, со слабо епително ткиво на рожницата или кај пациенти со контраиндикација за факоемулзификација.

22. Panova, G., Shumanov, Gj., **Gazepov, S.**, Dzidrova, V., Dimova, T., Petrova, M. (2017). The role of the nurse in obstetrics. Knowledge – International Journal, Scientific papers, 20 (4). pp. 2119–2125. ISSN 2545–4439

Целта на овој труд е согледување на улогата на акушерката – анестетичарка при нејзината секојдневна работа за време на гинеколошко – акушерските операции на Клиничкиот комплекс „Мајка Тереза“ на Клиниката за гинекологија и акушерство – Скопје, како и нејзината улога во препознавањето и навременото известување на постоперативните компликации. За таа цел, спроведен бил квалитативен приод на анализа на веќепостоечка литература и постоечки протоколи за работа при гинеколошко-акушерски операции во периодот од 1.3.2017 година до 31.8.2017 година, кој се состоел од квантитативно истражување врз база на истории на болест на оперирани пациентки на Клиничкиот комплекс „Мајка Тереза“ на Клиниката за Гинекологија и акушерство – Скопје, со соодветен табеларен и графички приказ. Врз основа на добиените резултати од прегледот на околу 1550 истории, авторите даваат јасна слика за улогата на акушерката – инструментарка при гинеколошко-акушерските операции.

**Учество на научен собир со устен реферат**

23. Одржано предавање на XV интернационалена научна конференција Knowledge in practice на тема Standard computerized perimetry in function of diagnostic glaucoma, одржана во Банско, Р. Бугарија, 2017;
24. Одржано предавање и модератор на тематска сесија на XVIII интернационалена научна конференција The power of knowledge на тема Скрининг на глауком одржана во Солун, Р.Грција, 2018;
25. Одржано предавање на XVI интернационалена научна конференција Knowledge without borders на тема Оперирани пациенти на Очното одделение при Клиничка болница Штип во период 2014/2017, одржана во Врњачка Бања, Р.Србија, 2018;
26. Одржано предавање на XXII интернационалена научна конференција The power of knowledge на тема Специфики на различни методи на мерење на ИОП, одржана во Кавала, Р.Грција, 2019;
27. Одржано предавање на XXIII интернационалена научна конференција Knowledge in practice на тема  Од ЕЦЦЕ до ФАКО, кое се случи во Банско, Р.Бугарија, 2019;
28. Одржано предавање и модератор на тематска сесија на XXVII интернационалена научна конференција Knowledge for sustainability на тема Дигиталните уреди и човечките очи одржана во Струга, 2020.

**Член на организационен или научен одбор на научен собир**

29. Нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов бил член на Организациониот  одбор за организирање на IV Конгрес на офталмолозите на Македонија, одржан во Охрид, 2017.

**Студиски престој во странство**

30. Во текот на својата работна кариера, нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов во три наврати бил на повеќемесечна стручна едукација во болницата Токуда во Република Бугарија и тоа од 15.10 до 21.12.2012 за имплементација на факоемулсификација во хирургијата на катаракта, од 17.11 до 12.12.2014; индивидуален тренинг курс за фемтосекунден ласер во катаракталната хирургија и од 7 до 22.12.2015 тренинг курс за ласерфотокоагулација.

**Рецензент на научени трудови**

31. Physioacta, Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropoloists, ISSN 1857-5587- 2020  год.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

**Пленарно предвање на стручен собир**

32. По покана на стручниот колегиум на Специјалната болница „Систина офталмологија“, кариера, нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов има одржано предавање од областа на

офталмологијата на нивниот семинар со меѓународно учество одржан во Скопје, 2019;

33. Одржано стручно предавање пред стручниот колегиум на РЕ Очни болести при Клиничка болница Штип на тема “Фиксни комбинации во третман на Глауком” во 2018 год.

**Член на уредувачки одбор на стручно списание**

34. Член на Редакцискиот одбор на информативниот гласник „Медикус“ при ЈЗУ Клиничка болница - Штип од 2010 година.

**Учесник во научен проект**

35. Учесник во меѓународен проект за следење на вид кај претшколски деца во Република Северна Македонија. Проектот бил во организација на Универзитетот на Југоисточна Европа, УСАИД и ЛАЈОНСИ КЛУБ ИНТЕРНАТИОНАЛ (Cooperative Agreement Number AID165–A–14–00005 with South Eastern University in Tetovo); Проектот се одвиваше во две фази и тоа првата во 2016 год во сите градинки во Штип и втората во 2018 год. кога беа прегледани сите деца од 2.5 до 6 год. во градинките во Делчево, Радовиш, Пробиштип, М.Каменица и Злетово.
36. Учесник во проект на Министерството за здравство во соработка со црквата „Исус Христос“ во Јута, Соединети Американски Држави, за воведување на нови оперативни методи во клиничката практика на Очното одделение во Штип; Проектот се одвиваше во два сегменти едниот беше донација ва офталмолошка опрема, а вториот побитен сегмент беше посета на реномирани офталмолози од САД во три наврати во 2015 и споделување на нивните оперативни техники со офталмолозите од Клиничка болница Штип.
37. Учесник во проект на Министерството за образование за утврдување на стручните квалификации и компетанции на стручните школи во РСМ во 2018 г.

**Елаборати и експертизи**

1. Работи на изготвување на елаборат на Министерството за образование и наука во 2017 за изготвување на програмите за стручните школи во средното и вишото образование.
2. За потребите на Министерството за правда и Бирото за судски вештачења е лиценцирано вешто лице од областа на офталмологијата.

**Член на владини тела**

3. Нас. вон. проф. д-р Страхил Газепов бил и член на владини агенции. Бил избран за надворешен акредитатор на болниците од Агенцијата за акредитација при Владата на Република Северна Македонија и учествува во акредитецијата на Клиниката за педијатрија во 2016, Општа болница - Охрид, во 2017, Клиниката за нефрологија во 2017 и го предводи тимот за акредитација на Општа болница Велес и Специјална детска болница Козле во 2018.

**Стручни награди и признанија**

4. Наградуван е од Македонското лекарско друштво со ПЛАКЕТА за значаен придонес во остварувањето на целите и задачите на Македонското лекарско друштво по повод Денот на здравството 7.4.2016.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна за позитивната оценка на целокупната досегашна работа на насловен вонреден професор д-р Страхил Газепов.

Кандидатот ги исполнува сите предвидени услови за избор во вонреден професор за наставно-научната област офталмологија, согласно со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Според тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и кандидатот насловен вонреден професор д-р Страхил Газепов, да го избере во звање вонреден професор за наставно-научната област офталмологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милица Ивановска,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Милена Голубович-Арсовска,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Милка Здравковска,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 4 | Избор во звање доцент | 30 |
| | **Вкупно** | **30** |

| Р. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание:<br>( 9/6/3 )<br>Прв автор, со реден број **1-13**<br>Втор автор, со реден број **14, 17-21**<br>Останати автори, со реден број **15,16,22** | 13x9=117<br>6x6=36<br>3x3=9 | | | | 162 |
| **9** | Учество на научен собир со реферат во странство<br>Усна презентација, реден број **23-28** | | | 6 | 2 | 12 |
| **20** | Член на научен одбор на научен собир со реден број **29** | 1 | 1 | | | 1 |
| **24** | Рецензент на науцен труд | | | | | 1.5 |
| | **Вкупно** | | | | | **176,5** |

| | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | број | поени | број | поени | |
| **7** | Пленарно предавање на стручен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| **10** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 0,5 | | | 0,5 |
| **13** | Учесник во научен проект со реден број 35,36,37 | 3 | 5 | | | 15 |
| **17** | Елаборати и експертизи | 2 | 2 | | | 4 |
| **19** | Стручни награди и признанија | 1 | 4 | | | 4 |
| **27** | Член на владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| | **Вкупно** | | | | | **30,5** |

| ВКУПНО ОД СИТЕ АКТИВНОСТИ | 237 |
|---|---|

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-62/10 од 26.2.2021 година донесена на 254. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.2.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област дерматовенерологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип:

– **д-р Александар Анчевски,** редовен професор во пензија за наставно-научната област дерматовенерологија;
– **д-р Љубица Павлова,** редовен професор во пензија за наставно- научната област дерматовенерологија;
– **д-р Андреј Петров,** наставно-научната област дерматовенерологија, Факултет за медицински науки, УГД.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 4.2.2021 година и во предвидениот рок се пријави: **д-р Весна Бришкоска-Бошковски.**

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката **д-р Весна Бришкоска-Бошковски**, специјалист дерматовенеролог и доктор на медицински науки, врз основа на распишаниот Конкурс навремено ги има доставено сите документи:

- Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет;
- Уверение за положени испити со просек од студиите 8.87;
- Додаток на Диплома за одбранета докторска дисертација;
- Список и примерок од објавени научни и стручни трудови;
- Препорака од двајца редовни професори;
- Потврда за познавање на англиски јазик;
- Еден примерок од докторската дисертација (оригинал);
- Уверение за државјанство

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Весна Бришкоска-Бошковски** е родена во 1981 година во Скопје. Средно образование завршува во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов" во Скопје, во 1999 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". Дипломирала во јануари 2006 година со просечен успех 8,87. Кандидатката ја започнала специјализацијата по дерматовенерологија во 2008 година, на Клиниката за дерматологија во Скопје, а ја завршила во мај 2011 година, и се стекнала со звање специјалист по дерматовенерологија.

Од октомври 2012 година до денес е вработена на Одделот за кожни болести во ЈЗУ ГОБ „8 Септември" во Скопје.

Од септември 2016 година е студент на трет циклус – докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Докторира во јуни 2020 година, со просечен успех 9,71 и се стекнува со звање доктор на медицински науки, од студиската програма Клиничка медицина, од областа на дерматовенерологијата на тема „Ризик фактори за рекурентен еризипел на долни екстремитети".

Активно се служи со англискиот јазик, а има и базични познавања на албанскиот.

Од 2018 година е активно вклучена како едукатор во практичната настава на

специјализантите по дерматовенерологија, од Факултетот за медицински науки -Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

- Доктор на медицински науки - клиничка медицина, област дерматовенерологија (докторира во јуни 2020 година, на Медицинскиот факултет – УКИМ, Скопје), со остварен просечен успех од 9.71.
- Остварен просечен успех од 8,87 на студиите на Медицинскиот факултет - Скопје.
- Објавени а/ најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Brishkoska-Boshkovski V**, Vasileva M, Baloski M. | Factors Associated with Longer Length of Stay in Recurrent Cellulitis on Lower Legs. | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 2012 |
| 2 | **Brishkoska-Boshkovski V**, Vasileva M, Dimitrovska I, Grivcheva-Panovska V. | Coronavirus Disease-19 Pandemic and Dermatology. What to Expect? | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 2012 |
| 3 | **Brishkoska-Boshkovski V**, Kondova-Topuzovska I, Damevska K, Petrov A. | Comorbidities as Risk Factors for Acute and Recurrent Erysipelas. | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 2012 |
| 4 | **Brishkoska-Boshkovski V**, Dimitrovska I, Kondova-Topuzovska I. | Clinical Presentation and Laboratory Characteristics in Acute and Recurrent Erysipelas. | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 2012 |

**б/ два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Brishkoska-Boshkovski V**, Kondova-Topuzovska I, Damevska K, Petrov A. | Comorbidities as Risk Factors for Acute and Recurrent Erysipelas “ | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 0.73 |
| 2 | **Brishkoska-Boshkovski V**, Dimitrovska I, Kondova-Topuzovska I. | Clinical Presentation and Laboratory Characteristics in Acute and Recurrent Erysipelas. | Oppen Access Macedonian J Med Sci. | 0.73 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка работа***:

Д-р Весна Бришкоска-Бошковски е доктор на медицински науки - клиничка медицина, област – дерматовенерологија.

Од 2018 година е активно вклучена како едукатор во практичната настава на специјализантите по дерматовенерологија, од Факултетот за медицински науки -Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Учествувала на голем број стручни собири, конгреси, симпозиуми во земјава и во странство со свои изложувања.

Реализирала стручни престои во странство на Универзитетската клиника во болницата „Флоренс Најтингел Хастанеси“ во Истанбул (Турција).

***Трудови:***

1. **Brishkoska-Boshkovski V**, Vasileva M, Baloski M. Factors Associated with Longer Length of Stay in Recurrent Cellulitis on Lower Legs. Open Access Maced J Med Sci. 2020 May 05; 8(B):490-494 https://doi.org/10.3889/oamjms.2020.4074

Целта на студијата е да се дефинираат коморбидитетите, клиничките и лабораториско-биохемиските фактори асоцирани со подолг болнички престој, кај пациенти со рекурентен целулитис на потколениците. Студијата идентификува неколку независни фактори кои се значително поврзани со подолг болнички престој. Овие независни фактори присутни при приемот можат да го стратифицираат ризикот кај пациентот со цел да се подобри грижата за истиот и да се намалат бројот на релапси и реадмисии во болница.

2. **Brishkoska-Boshkovski V,** Vasileva M, Dimitrovska I, Grivcheva-Panovska V. Coronavirus Disease-19 Pandemic and Dermatology. What to Expect? Open Access Maced J Med Sci. 2020 Sep 25; 8(T1):290-293. https://doi.org/10.3889/oamjms.2020. 5032

Трудот претставува анализа на најчестите психодерматолошки нарушувања и нивни импликации во ерата на пандемијата со КОВИД-19. Пропорцијата на пациенти кои пријавуваат емоционални предизвикувачи, се движи од приближно 50% кај акни до 90% кај розацеа, алопеција ареата, псоријаза, невротични екскоријации, лихен симплекс и може да биде 100% за пациенти со хиперхидроза. Заклучокот е дека се потребни посеопфатни студии за импликациите на пандемијата КОВИД-19 кај овие пациенти.

3. **Brishkoska-Boshkovski V**, Kondova-Topuzovska I, Damevska K, Petrov A. Comorbidities as Risk Factors for Acute and Recurrent Erysipelas. Open Access Maced J Med Sci. https://doi.org/10.3889/oamjms.2019.214

Спроведена е ретроспективно-проспективна, кохортна студија, која ги вклучува сите пациенти со дијагностициран еризипел на долните екстремитети, во текот на две години. Овој труд ги анализира системските и локалните коморбидитети кај пациенти со дијагностициран еризипел на долните екстремитети. Пациентите се поделени во две групи: пациенти со прва епизода и втора група пациенти со рекурентен еризипел. Двете групи се споредувани, со посебен акцент на системските и локалните коморбидитети.

4. **Brishkoska-Boshkovski V**, Dimitrovska I, Kondova-Topuzovska I. Clinical Presentation and Laboratory Characteristics in Acute and Recurrent Erysipelas. Open Access Maced J Med Sci. 2019 Mar 15; 7(5):771-774. https://doi.org/10.3889/oamjms.2019.213

Во студијата се анализирани клиничките и лабораториските карактеристики на акутниот и рекурентен еризипел. Проспективно вклучени се пациенти со дијагностициран еризипел на долните екстремитети. Пациентите се поделени во две групи: пациенти со прва и втора група сорекурентен еризипел. Групите се споредувани според нивната демографија, клинички и лабораториски карактеристики.

5. Vasileva M, **Brishkoska Boshkovski V**. Pyoderma gangrenosum associated with ulcerative colitis. Case report and literature review. Our Dermatol Online. 2020;11(e):e119.1-e119.3 DOI: 10.7241/ourd.2020e.119

Во овој труд е прикажан случај на 30-годишна пациентка со екстраинтестинални компликации во склоп на инфламаторни болести на цревата, во овој случај потврдениот улцерозен колитис. Пиодерма гагренозум - улцерозни промени на долните екстремитети е најчесто првиот симптом на улцерозниот колит и може да појави кај дури 25% од пациентите со инфламаторна болест на цревата. Овој труд ја потенцира токму ваквата асоцијација, предизвикот за нејзина дијагноза, како и фактот дека ефективен третман на кутаните улцери вклучува третман пред сѐ на основната болест.

6. Vasileva M, **Brishkoska Boshkovski V**, Majhosheva M, Vasileva S, Vasilev S, Vasilev B, Drakalska Sersemova E. Quality of life in patients with psoriasis vulgaris during the COVID-19 pandemic. Our Dermatol Online. 2020;11(Supp. 2):1-5. DOI:10.7241/ourd.2020S2.1

Ова истражување беше насочено кон утврдување на квалитетот на животот кај пациенти со псоријаза, за време на пандемијата КОВИД-19. Во ова истражување користевме Прашалник DLQI (Дерматолошки индекс за квалитет на живот). Сто испитаници учествуваа активно во ова истражување. Резултатите од оваа студија, се во согласност со други студии извршени во последните години.

7. Vasileva M, **Brishkoska Boshkovski V**. Cutaneous side effects of hydroxyurea in a patient with thrombocytosis. Our Dermatol Online.2020;11(Supp. 3):10-12. DOI: 10.7241/ourd.2020S3.3

Овој труд прикажува пациент со есенцијална тромбоцитемија на редовна терапија со *хидроксиуреа*, препарат чија долготрајната употреба е поврзана со кожни компликации како што се трофични улцери на долни екстремитети и немеланотични карциноми на кожата.

8. Vasileva M, **Brishkoska Boshkovski V**, Vasileva S. Dermatology residents and teledermatology education during COVID-19. Our Dermatol Online. 2020;11(Supp. 2):17-18. DOI: 10.7241/ourd.2020S2.6

Во овој труд се опишуваат предизвиците со кои се соочуваат младите специјализанти по дерматовенерологија во време на пандемија со ковид-19 и улогата на теледерматологијата.

9. Baloski M, Buklioska Ilievska D, **Brishkoska-Boshkovski V** et al. Deep vein thrombosis and recurrent pulmonary embolism in a patient with thrombophilic mutations and generalized psoriasis: a case report. Sanamed Jul 2020 Vol 15(2):183-186 **DOI:10.24125/sanamed.v15i2.391**

Во овој приказ на случај презентиран е пациент со наследна тромбофилија и хронична плакарна псоријаза, компліцирана со длабока венска тромбоза и белодробна емболија. ДНК-анализата укажува на присуство на тромбофилни мутации на коагулационите фактори. Овој случај е дел од неколкуте трудови во последните години, кои сугерираат дека пациентите со тешка псоријаза имаат поголем ризик за венска тромбемболија и дека соодветни превентивни мерки треба да се асоцирани.

10. Baloski M, Buklioska Ilievska D, Hasan T, Nedeska Minova N, Prgova Veljanova B, Nanceva Boguchevska A, **Brishkoska Boshkovski V**, Nanceva J, Bosevski M, Panov S. Descriptive analysis of clinical and demographic data of selected group of patients with pulmonary embolism. Acta Morphol. 2020;Vol.17(1):20-26

Овој труд претставува дескриптивна анализа на демографските и клиничките карактеристики на 31 пациент со документирана белодробна емболија. Резултатите од оваа анализа покажаа согласност со резултатите од други објавени студии. Повеќе од 80% од пациентите немаат анамнеза претходен белодробен емболизам или тромбофлебитис, но близу 2/3 од сите пациенти имаат ДВТ (длабока венска тромбоза). Анамнеза за акутен миокарден инфаркт има кај 6,5% од пациентите. Артериска хипертензија присутна кај 1/3 од пациентите, дислипидемија кај 42% и дијабетес мелитус тип 2 кај 13%.

11. Vasileva M, Mirova Shakleva E, Petrovski D, Lazarova G, Petrovska Noveska B, **Brishkoska Boshkovski V**, Dimitrovska Efficiency of 5 fluorouracil solution application using dermaroller in the treatment of vitiligo. Vol 3 No 03 , (2020): l Journal Of Medical Science in Clinical Research and Review

Овој труд сугерира за нова ветувачка терапевтска метода во третманот на витилиго, со употреба на локален 5-флуороурацил (5-FU) и дермаролер. Патохистолошкиот наод сугерира дека 5-флуороурацилот, веројатно ја стимулира репигментацијата кај витилигото, преку директна стимулација на размножување на меланоцитите и зголемување на бројот на меланозоми во кератиноцитите.

12. **Boshkovski Brishkoska Vesna**, Dimitrovska I, Topuzovska Kondova I. Lymphoedema as a risk factor for reccurent erysipelas of the lower leg – a case report. Acta morphol.2018;Vol.15(2):61–64.

Во овој труд се презентира случај на рекурентен еризипел кај пациент со хроничен лимфедем на десната нога по хистеректомија и локална дисекција на лимфните јазли. Пациентот е 57-годишна жена која во последните 10 години страда од хроничен безболен секундарен унилатерален лимфедем на долните екстремитети со неколкукратни епизоди на еризипел на потколеницата во последната година. Овој случај ја нагласува потребата од посебна грижа и внимание кај пациенти со хроничен лимфедем. Нелекуваниот хроничен лимфедем е прогресивен и во некои случаи доведува до рекурентни инфекции, дисфигурација на екстремитетот, физичка попреченост и смрт.

***Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми:***

13. Pyoderma gangrenosum as the primary clinical manifestation of autoimmune diseases M. Gjufteski, M. Vasileva, V**. Briskoska Boskovski** Book of abstract - Втор конгрес на студенти Факултет за медицински науки Штип – 2019г 14.

Во овој труд се разработуваат некоку случаи на автоимуни заболувања, најчесто инфламаторните цревни болести, кај кои Пиодерма гагренозум промените се појавиле како прва манифестација.

14. Treatment of facial angiofibromas B. Dzidrova, M. Vasileva , **V. Briskoska – Boskovski** Book of abstract Втор конгрес на студенти Факултет за медицински науки Штип – 2019 г.

Во овој труд е презентиран случај на успешно третирани ангиофиброми на фацијалната регија, кај пациент со туберозна склероза со користење на CO2 ласер.

15. The psychosocial impact of Hidradenitis suppurativa - Vasileva S., Vasilev S., Vasilev B., Brishkoska Boshkovski V., Vasileva M. E-poster 29$^{th}$ EADV Congress Vienna, 29th – 31st October, 2020.

Овој труд го акцентуира психосоцијалниот ефект на супуративниот хидраденитис на квалитетот на животот кај пациентот. Во нејзиниот третман, покрај биолошката терапија, денес се препорачува интегриран пристап кој вклучува и психосоцијална поддршка.

16. Molluscum contagiosum in a 9 months old baby with Atopic dermatitis Vasileva M., Vasileva S., Mirova Shakleva E., Brishkoska Boshkovski V. E-poster 29$^{th}$ EADV Congress Vienna, 29th – 31st October, 2020.

Во овој труд се презентира редок случај на екстензивни молуски, кај 9-месечно дете со атописки дерматитис.

17. Контакт дерматитис и КОВИД-19 – ризици и превенција – Четврти симпозиум „Новини во алерголгологијата и клиничката имунологија 20203 (усна презентација).

Во овој труд е прикажан пораст на случаи со контактен дерматитис, во период на пандемија со КОВИД-19 кај здравствените работници, пред сѐ индуциран од личната заштитна опрема и хигиена на рацете. Се потвдува дека во 80% од случаите се работи за иритативен контакт дерматитис. Во трудот детално се опишани ризик-факторите за индукција или влошување пред сѐна најчестиот контакт дерматитис - дерматитис на дланка, како и имплементираните превентивни мерки од страна на Европската академија и Американската асоцијација за дерматологија.

***Приказ на докторската дисертација***

Целта на докторската дисертација е да се дефинираат демографските, клиничките и лабораториско-биохемиските фактори на ризик за развој на рекурентен еризипел, да се утврди влијанието на коморбидитетите и дефинирање на предиктивен модел на прогностички фактори за процена на ризикот за развој на рекурентен еризипел во првата година.

Истражувањето е ретроспективно-проспективна кохортна студија која се изведува на Одделот за дерматовенерологија во ЈЗУ ГОБ „8 Септеmври" во Скопје. Во студијата се анализирани 547 пациенти со акутен еризипел на долни екстремитети, кои се поделени во две групи. Прва група - пациенти со прва епизода и втора група - пациенти со рецидивантен еризипел. При вклучување во студијата се бележани, а потоа и споредувани

меѓу двете групи: клиничките, демографските, лабораториско-биохемиските и податоците за коморбидитетите. Варијаблите од униваријантната анализа што покажале значајна разлика во однос на одредувањето на ризик-факторите за развој на рецидив ги вклучивме во мултиваријантна логистичка регресиона анализа за да се детерминираат независните предиктори, асоцирани со ризик од развој на рекурентен еризипел.

Заклучно се идентификувани шест независни фактори што можат да го предвидат развојот на рекурентниот еризипел, и тоа - дебелината, имуносупресивните состојби, хируршки интервенции на долен екстремитет, тонзилектомија, ипсилатерален дерматитис и хроничен улцер. Еризипелот на долни екстремитети е асоциран со ризик за долгорочен морбидитет, бидејќи рекуренцијата е најзначајната компликација на еризипелот, затоа превенцијата на рецидивите има највисок приоритет. Покрај антибиотската профилакса, идентификацијата и третманот на факторите на ризик може да го редуцираат ризикот од последователна епизода на еризипел на долните екстремитети.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Весна Бришкоска-Бошковски е член е на Здружението на дерматовенеролози на Р. Македонија. Член е на Европската асоцијација на дерматовенеролози (EADV). Член на македонското лекарство друштво, Лекарската комора на Македонија. Член е на Комисијата за квалитет и контрола на здравствената заштита во ЈЗУ ГОБ „8 Септември" - Скопје. Таа учествува на повеќе домашни и меѓународни конгреси, семинари и симпозиуми во Македонија и пошироко.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупно наведената наставна, научноистражувачка и стручно-апликативна, како и организациско-развојна дејност на кандидатката **д-р Весна Бришкоска-Бошковски** детално е наведено дека кандидатката ги исполнува условите на Законот за високо образование, како и на Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за избор во насловно звање доцент од областа дерматовенерологија.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и врз база на личното познавање на кандидатката, имаме чест на **Наставно-научниот совет да му предложиме да ја избере д-р Весна Бришкоска-Бошковски во звање насловен доцент по наставно-научната област дерматовенерологија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Александар Анчевски,** редовен професор во пензија, претседател, с.р.
**Д-р Љубица Павлова,** редовен професор во пензија, член, с.р.
**Д-р Андреј Петров,** доцент, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р.бр | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор во звање помлад асистент | | | | | |
| 2 | Избор во звање асистент | | | | | |
| 3 | Избор во звање асистент докторанд | | | | | |
| 4 | Избор во звање доцент | | | | | |
| 5 | Избор во звање вонреден професор | | | | | |
| 6 | Избор во звање редовен професор | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br><br>**Трудови под реден број 1, 2, 3, 4 и 12 – прв автор<br>5 x 9 x 1 = 45 бода**<br><br>**Трудови под реден број 5, 6, 7 и 8 – втор автор<br>3 x 6 x 1 = 18 бода<br>1 x 6 x 0,7 = 4,2 бода (над 5 автора)**<br><br>**Труд со реден број 9, 10 и 11 – останати автори<br>1 x 3 x 1 = 3<br>2 x 3 x 0,7 = 4,2 бода (над 5 автори)** | 45<br><br>22,2<br><br>7,2 | | | | **74,4** |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| **11** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| **23** | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **96,4** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 7 | Пленарно предавање на симпозиум (бр 17) | 1 x 2 | | | | **2** |
| | Учество на стручен собир со реферат постер/усно (13-16) | 2 x 1 | | 2 x 1,5 | | **5** |
| | **Вкупно** | | | | | **7** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **103,4 бода** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАКОИНФОРМАТИКА (30601) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-81 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област фармакоинформатика (30601) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

– **д-р Бистра Ангеловска,** редовен професор за наставно-научната област социјална фармација и фармацевтска технологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
– **д-р Зоран Стерјев,** вонреден професор за наставно-научната област фармакоинформатика, вработен на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член;
– **д-р Зорица Наумовска,** вонреден професор за наставно-научната област фармакоинформатика, вработена на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 5.3.2021 година и исправка на Конкурс, објавена во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 9.3.2021 и во предвидениот рок се пријави:

Д-р Биљана Лазарова, магистер по фармација, специјалист по фармакоинформатика, примариус, доктор на фармацевтски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатката **д-р Биљана Лазарова** е родена на 15.7.1960 година во Штип. Основно и средно (гимназиско) образование завршила во Штип, а на Фармацевтскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1979/1980 година и го завршила во академската 1984 година со среден успех 9.0.

Специјалистичките студии по фармацевтска информатика кандидатката ги запишала во учебната 2001/2002 година на Фармацевтскиот факултет - Скопје и завршила во академската 2004 година и се стекнува со звање – специјалист по фармацевтска информатика.

Посебната комисија на Министерството за здравство за доделување на звање примариус на седницата одржана на 3.6.2009 год. одлучува за доделување на звање примариус.

Д-р Биљана Лазарова е доктор на фармацевтски науки, со одбранет докторат на тема „ЕВАЛУАЦИЈА НА ТРОШОЦИТЕ И ИСХОДИТЕ ПОВРЗАНИ СО ФАРМАКОЛОШКАТА ТРОМБОПРОФИЛАКСА СО НЕФРАКЦИОНИРАН ХЕПАРИН И ХЕПАРИНИ СО МАЛА МОЛЕКУЛСКА ТЕЖИНА НА ВЕНСКИОТ ТРОМБОЕМБОЛИЗАМ НА ОРТОПЕДСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ШТИП“ на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во докторската дисертација цел е да се ревидира трошок-ефикасноста помеѓу двата тромбопрофилактички режими LMWHs и UFH кои се употребуваат кај оперираните ортопедски болни хоспитализирани на Ортопедското одделение во ЈЗУ Клиничка болница Штип, да се споредат клинички и економски резултати на LMWH во споредба со UFH за превенција на ВТЕ кај ортопедски хируршки пациенти. Анализа е развиена според претходно постоечките насоки за економски евалуации. (Gold et al1996; American Thoracic Society 2002; Canadian Agency for Drugs and Technologies in Health 2013)

Анализата на трошок-ефективност на LMWHs наспроти UFH кај големи ортопедски хируршки интервенции покажува дека доминираат LMWHs, обезбедувајќи поголема корист при помали трошоци. Во прилог на обезбедување на зголемени QALYs во однос на UFH исто така, водат LMWHs за помалку симптоматски ВТЕ настани од UFH. Употреба на LMWHs во оваа профилактичка индикација придонесуваат за ефикасно користење на ограничените ресурси, бидејќи е поврзано со подобри клинички резултати по пониска цена.

**Професионални активности на кандидатката:**

- Фармацевт специјалист по фармакоинформатика во Болничка аптека – Клиничка болница - Штип од 2004 година.
- Раководител на Болничка аптека – ЈЗУ Медицински центар - Штип, 1989 -1999 год.
- Дипломиран фармацевт раководител на РЕ Аптекарска служба и медицинско снабдување во ЈЗУ Медицински центар - Штип, 1999-2001 год.
- Вработена е како специјалист раководител на отсек Фармакоинформативен центар во Болничка аптека ЈЗУ Општа болница - Штип од 2005 год.
- Во 2010 година е избрана за асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010).

Кандидатката е воедно и член на: Управните тела и надзорен одбор на Фармацевтската комора на Македонија, Државна комисија за полагање на стручен испит на дипломирани фармацевти, учесник на тренингот за обучени испитувачи за државна комисија за полагање стручен испит – Скопје (во тек), претседател на Секцијата болничка фармација при Фармацевтска комора на Македонија, член на Поткомитетот за фармација во проектот за подобрување на здравството на Македонија, член на Комисијата за референтни цени во ФЗОМ.

**Општи услови за избор**

Кандидатката д-р Биљана Лазарова ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен доцент, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на доцент, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

- просечен успех на студиите од 9.0 (повеќе од 8.0);
- доктор на фармацевтски науки со одбранет труд од областа фармакоинформатика, фармакоекономика;
- бирана за асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010);
- објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova | Evaluation of costs and outcomes associated with pharmacological thromboprophylaxis (unfractionated heparin and low molecular weight heparins) of venous thromboembolism at orthopedic ward in Clinical Hospital Stip, | Macedonian pharmaceutical bulletin, volume 63 (1) (2017) | 2002 |
| 2 | **Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova | Cost-effectiveness of LMWHs versus UFH for the prevention of postsurgical venous thromboembolism at orthopedic department in Clinical Hospital Stip, | Macedonian pharmaceutical bulletin, volume 64 (1) (2018) | 2002 |
| 3 | Biljana Eftimova**, Biljana Lazarova** | DRUG USE AT CLINICAL HOSPITAL STIP-EVALUATION OF RATIONAL/IRRATIONAL USE, KNOWLEDGE | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 Vol. 22 (2018) | 2009 |
| 4 | Biljana Eftimova, **Biljana Lazarova**, | COMPARISON OF ANESTESIA DRUG AND SUPPLY COSTS AND EFFECTIVENESS BETWEEN GENERAL AND SPINAL ANESTHESIA FOR TOTAL OR SUBTOTAL HIP REPLACEMENT SURGERY, | Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439 Vol. 22 (2018) | 2009 |

– Приложена потврда за активно го познавање на англискиот јазик;
– Поседува способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

– Постигнувањата во примената на научноистражувачките резултати кандидатката ги манифестира во текот на докторските студии на Фармацевтскиот факултет при УКИМ Скопје, при изработката на докторската дисертација и објавените и презентирани трудови;
– Кандидатката приложи две препораки од професори;
– Има повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на интегрираните студии по фармација и повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на специјализацијата од областа фармакоинформатика;
– Не е во работен однос на Универзитетот и согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник број 43, септември 2019), член 10 став 2 и член 14 став 2 нема рецензирана скрипта и практикум;
– Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето вкупно 87.5.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Вонреден наставник по предметот Фармацевтска технологија во Средното медицинско училиште „Јане Сандански“, 1989-2005 год.

Во 2010 година е избрана за асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010).

Како професионалец од пракса ангажирана е на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип од 2015 година.

Во периодот од 2010 година до денес изведува вежби на студентите на Фармација на Факултетот за медицински науки за предметите: Фармакоинформатика, Аптека и аптекарско работење, Фармацевтски грижи, Фармакоекономика и фармацевтски маркетинг.

Како професионалец од пракса ангажирана е во учебните 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015 год. на Фармацевтски факултет - Скопје за предавање на студентите во прва година за областа болничка фармација.

**Рецензирани трудови до 2010 година при избор во звање** асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010 г.

1. Лазарова Б., Ефтимова Б.:Klindamycin – prevention of the infection during and after the operation; World congress of pharmacy 96; Израел 1-6 септември 1996
2. Лазарова Б., Стерјев З., Ефтимова Б., Шутуркова Љ.:Study on the use of amp. Tramadol for treatment of postoperative pain in patients on SARIL Medical center Stip and KARIL Clinic center Skopje in period of one year; Трет конгрес на фармацијата на Македонија со меѓународно учество: Охрид 2003
3. Лазарова Б., Стојменова Ј.:DVT prevention in orthopedic patients in Medical center Stip; Конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество; Охрид 2006
4. Лазарова Б., Стојменова Ј.:Употреба на антихипертензивите: наутро и навечер; Трет Македонски конгрес по кардиологија; Охрид 2006
5. Лазарова Б.,Coma as a complication of total intravenous anesthesia by propofol; 67 Internationl Congress of FIP; China 2007
6. Лазарова Б., Стерјев З.:Study on the use of amp. Tramadol for treatment of postoperative pain in patients on SARIL Medical center Stip in period of one year; III Balkan congress of allergy and clinical immunology; Istanbul 2003
7. Лазарова Б., Михаилова Л.,Коларова С.:Пријавување на несаканите ефекти на лекови и придонесот на лекарите за истите; Четврти конгрес на фармацевтите на Македонија со интернационално учество 2007
8. Лазарова Б., Стојменова Ј., Лозановска Е.: Пролонгиран третман на хроничен отитис медиа со триметоприм/сулфаметоксазол кај деца; IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид 2007
9. Лазарова Б.,Стојменова Ј., Ефтимова Б.:Tretment of pain migrain with sumatriptan 100 mg tablets in out patients; II конгрес на лекарите по општа медицина на Република Македонија со меѓународно учество; Охрид 2008
10. Лазарова Б.,Стерјев З., Ефтимова Б.: DVT prevention in surgical patients at general hospital Stip 2007; 6 world stroke congress; Avstija 2008
11. Лазарова Б., Ковачева М., Михаилова Л.: Антипиретичен третман кај деца со висока температура: парацетамол, ибупрофен или наизменична апликација на двата лека; Први национални неонатолошки денови на РМ; Охрид 2008
12. Лазарова Б., Лозановска Е., Ефтимова Б.:Postoperative vomiting after tonsillectomy treated with dexamethasone; 2 nd Macedonian congress of oto-rhino-laringology; Ohrid 2008

13. Лазарова Б.:Превенција на длабока венска тромбоза; Фармацевтски информатор број 9/ јануари 2006
14. Лазарова Б.:Отстранување на крлеж; Евалуација на пет популарни методи, Фармацевтски информатор број 12/ април 2007
15. Лазарова Б.:Прашање поставено во Регионалниот фармакоинформативен центар во Штип; Фармацевтски информатор број 13/ септември 2007
16. Лазарова Б.:Антибиотска профилакса во абдоминалната хирургија; Фармацевтски информатор број 14/ декември 2007
17. Лазарова Б.: Влијание на недостатокот на лекови врз реализирањето на здравствената заштита кај хоспитализираните пациенти; Фармацевтски информатор број 15/ мај2008
18. Лазарова Б.:Општи карактеристики и активности на фармакоинформативните центри; Медикус информативен гласник на јавното здравство Штип 7 април 2006
19. Лазарова Б.:Интеракции на кетопрофен со најчесто употребувани лекови; Медикус информативен гласник на јавното здравство Штип 7 јули 2007
20. Лазарова Б.:Улогата на болничките фармацевти во процесот на давање на болничка здравствена заштита; Медикус информативен гласник на јавното здравство Штип ноември 2008
21. Лазарова Б.:Природната состојка миртол против воспаленија на горните дишни патишта; 24 часа здравје; Скопје мај 2008
22. Лазарова Б.:Улогата на фармацевтите во процесите на самогрижа и самомедикација; Фармацевтски информатор бр. 16/декември 2008
23. Ефтимова Б., Лозновска Е. Лазарова Б. Стојменова Ј.:Примарна реанимација на новородените со секцио цезареа; 7. конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество; Струга 1994;
24. Ефтимова Б., Лозновска Е. Лазарова Б.:Ketalar in sedation for brain computer thomography imaging procedure in children; 13 World congress of anaesthiologist; France 2004;
25. Стојменова Ј., Лазарова Б.:Антибиотска профилакса со цефотаксим 2 гр на одделот за хирургија во Општа болница Штип; 3 македонски конгрес на превентивна медицина со меѓународно учество; Охрид 2006;
26. Петков В., Лозновска Е., Лазарова Б., Лозновска Б. Ефтимова Б. Николова И.:Преваленца на дебелината во детска возраст; IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид 2007
27. Николова И., Лозновска Е. Лазарова Б., Ефтимова Б., Петков В.: Каротинемија предизвикана од специфичен начин на исхрана кај деца; IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид 2007;
28. Лозновска Е., Лазарова Б., Лозновска Б. Ефтимова Б. Петков В., Николова И.:Фреквенција на горнореспираторни инфекции кај деца со дијагностициран хроничен тонзилитис и тонзилектомија како оперативен третман; ИВ конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид 2007Ч
29. Стојменова Ј., Лазарова Б.,Икономова Л., Златковска В.:Лидокаин хидрохлорид и конвулзии; IV конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество; Охрид 2007;
30. Коларова С. , Лазарова Б., Михаилова Л.:Short interviews for problem identification with the use of drugs; IV конгрес на фармацевтите на Македонија со интернационално учество 2007;
31. Михаилова Л., Лазарова Б., Коларова С.: Efficasy and safety of enoxaparine in deep vein thrombosis therapy (case report); IV конгрес на фармацевтите на Македонија со интернационално учество 2007.

**Објавени научни и стручни трудови 2010 до 2014 (нерецензирани)**

**Научен труд објавен во меѓународно научно списание**

(33) B.Eftimova, **B.Lazarova,** Invasive ductal carcinoma in 58 year old man, Annals of Oncology, Supplement 5,vol.20-30PO- ECCLU, July 2009, Lugano Switzerland (печатен)

Во трудот е прикажан редок случај на инвазивен карцином на дојка кај маж кој во медицинската историја нема податок за хормонална терапија. Направена е оперативна радикална мастектомија и аксиларна дисекција со последователна хемо и радио терапија. Цел на трудот е да покаже дека и кај мажите може, иако ретко, да се јави инвазивен мамарен карцином со прашање дали кај мажите кои примале хормонална терапија или имале тестикуларни туморозни формации е потребна мамографија како рутинска инвестигација за рано откривање на промените на дојката. Трудот има научен и стручен придонес.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**

(34) B.Eftimova, **B.Lazarova**, J.Stojmenova, Intrathecal Morphine and postoperative delirium in elderly orthopedic patients, 6th Congress of European Federation of IASP Chapters, September 2009 Lisbon, (постер)

Целта на трудот е да покаже дека постоперативниот делириум е честа појава кај постари пациенти со фрактура на колкот поради што квалитетот на постоперативната аналгезија е во корелација со постоперативниот делириум. За таа цел ние го испитувавме ефектот на 0,1 мг. Морфиум даден интратекално на инциденцата на постоперативниот делириум кај постари пациенти со фрактура на колкот. Притоа е евалуирана квалитетот на аналгезијата постоперативно преку ВАС, несаканите ефекти, сатурацијата на кислород во одредени временски интервали споредено со инциденцата на постопераивен делириум. Заклучок е дека квалитетот на аналгезијата е многу подобар спореден со инциденцата на постоперативен делириум. Трудот има научен и стручен придонес.

(35) **Lazarova Biljana**, Kovaceva Maja, Petrusevska Tozi Lidija, Mladenovska Kristina: Activities for improving the role of hospital pharmacists in FYRO Macedonia, 15th congress of the EAHP, 24-26 March 2010, Nice, France (постер)

Во овој труд се прикажува важноста на болничката фармација како специјализирано поле на фармацијата и болничките фармацевти како професионалци на кои им е потребна континуирана едукација. Во 2006 година во рамките на фармацевтската комора на Македонија се формира асоцијацијата на болнички фармацевти со јасна цел за развивање на стратегии за услугите кои ги дава болничката аптека поврзани со улогата нивото и обемот на услуги за хоспитализираните пациенти. Заклучок е дека има потреба од унапредување на компетенциите на болничките фармацевти со цел подобрување на должината на хоспитализацијата и намалување на грешките со лекови преку поефективна комуникација со пациентите. Трудот има стручен придонес.

(36) B.Eftimova, **B.Lazarova,** Discussing EOL (end-of-life) issues with terminally ill cancer patients and their families - our results, The First International Multidisciplinary Forum on Palliative Care, Nov.11- 14,2010, Budapest, Hungary (постер)

Трудот има научен и стручен допринос.

(40) **Lazarova Biljana**, Kovaceva Maja, Patceva Jasminka, Mladenovska Kristina: Evaluation of hospital pharmacy – based pharmaceutical care and services, **16th congress of the EAHP,** 30 March – 1 April 2011, Vienna, Auastria (постер)

Во овој труд се идентификуваат квалитетот и стандардите на болничката фармација базирани на фармацевтската грижа и услуги во Македонија преку вградување на изјавите од Базел за иднината на болничката фармација. Заклучок е дека добрата фармацевтска пракса и фармацевтската грижа се делумно имплементирани во болничките аптеки. Евидентна е потребата на унапредување на болничката фармација, особено во компетенцијата на фармацевтите и останатиот персонал, едукација и професионален развиток и зголемување на бројот на специјалисти од соодветните области. Трудот има стручен придонес.

(41)**Лазарова Биљана**: ПОТРОШУВАЧКАТА НА АНТИБИОТИЦИ ВО ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД ЈАНУАРИ ДО АВГУСТ 2010-2011, Европски ден за рационална употреба на антибиотици, 18 ноември 2011, Скопје, Македонија (усна презентација)

Во овој труд се прикажани причините за појава на резистенцијата од антибиотиците. Низ историјата, постои континуирана борба на човекот со многубројните микроорганизми кои предизвикуваат инфекции и болести. Почнувајќи од средината на 20 век, антибактериските лекови стануваат лекови од суштинско значење во борбата против заразните болести предизвикани од најразлични микроорганизми. Речиси веднаш штом антибактериските лекови почнаа да се применуваат, бактериите одговорија со манифестирање на различни форми на резистенција. Зголемена употреба на антибактериски лекови доведува до зголемување на нивото и комплексноста на механизмот на резистенција кај патогените бактерии. Зголемена употребата на антимикробните лекови предизвикува: висока стапка на интрахоспитални инфекции, зголемување на морбидитетот и морталитетот, брз развој на бактериска резистенција кон најпотентните лекови, зголемен ризик од несакани ефекти, висока цена. Извршените анализи покажуваат значителна девијација од оптималната употреба на антибиотиците особено на цефалоспорини, што е и најверојатно причина за се поголемиот број на интрахоспитални инфекции и брзо развивање на бактериска резистентност. Ваквата состојба има и негативно влијание и врз економската состојба на болницата. Трудот има професионален и апликативен придонес.

(42)**Lazarova Biljana,** Serafimoska Zorica, Sterjev Zoran**:** Evaluation of utilization of perfloxacilin and ciprofloxacilin in clinical hospital stip, department for internal medicine, SecondCroatian and first Adriatic congress on pharmacoeconomics and outcomeresearch 6-9 april 2011, Rovinj, Hrvatski casopis za farmakoterapiju Pharmaca 48(Supl 1), (постер)

Во овој труд е извршена евалуација на искористеноста на пефлоксацин и ципрофлоксацин кај пациенти со бронхитис на Интерното одделение во Клиничка болница Штип со примена на дневно дефинираната доза за период од 6 месеци. Заклучок е дека ципрофлоксацинит се употребува повеќе од пефлоксацинот, а искористеноста на флуорохинолоните е повисока во однос на резултатите добиени од други студии. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(43)**Lazarova. Biljana**, Eftimova Biljana. Sterjev Zoran: Comparison of cost and effects of izofluran and propofol anesthesia in Clinical hospital Stip, first Bosnian-herzegovinian and second Adriatic congress on pharmacoeconomics and outcomes research, 24-26 april 2012 Sarajevo, BIH Journal of Medical faculty, University of Sarajevo, Bosnia& Herzegovina, Vol 47.No1-suppl.2012 (постер)

Во овој труд е направена споредба помеѓу трошокот и ефектите на анестезијата со изофлуран и пропофол во Клиничка болница Штип. Анестезијата како интервенција може да се изведува интравенски или да биде инхалациона. Лековите кои се користат во анестезијата одземаат околу 5% од буџетот на болничката аптека и затоа често се цел на мерките за намалување на трошоците. Заклучок е дека анестезијата со изофлуран во споредба со анестезијата со пропофол е поевтина и резултира со значителна заштеда на време и помала инциденца на несакани ефекти. Заклучокот исто така сугерира дека употребата на брзоелиминирачките инхалаторни агенси како што е изофлуоранот за одржување на анестезијата е поевтина и нема големо влијание на квалитетот на грижа дадена на пациентот. Трудот има научен и стручен придонес.

**(44)Lazarova Biljana,** Mihailova Lidija, Bajraktar Jeldaz: Treatment of urinary tract infections in pregnancy, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се идентификуваат и третираат бремени жени со асимптоматска и симптоматска бактериурија. Закличок е дека е важен третманот на оваа инфекција и покрај малиот примерок. Се препорачува употреба на цефалоспорини кои се ветувачки антибиотици и за трудницата и за родилката. Трудот има научен и стручен придонес.

(45)Bajraktar Jeldaz, Najdovska Elena, **Lazarova Biljana:** The effectiveness and safety of peginterferon alfa – 2A in patients with chronic hepatitis C on haemodialysis, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се евалуира ефикасноста и безбедноста од употребата на пегинтерферон алфа кај пациенти со хроничен хепатитис Ц на хемодијализа. Заклучок е дека третманот со овој лек е ефективен и безбеден и покажа добри резултати кај 30 од 32 пациенти. Пегинтерферон алфа кај пациенти со хроничен хепатитис Ц на хемодијализа останува лек од избор за нив. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(46)Mihailova Lidija, **Lazarova Biljana**: DVT prevention in surgical patients in Stip General hospital 2010, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се покажува дека LMWH се ефикасни профилактички агенси за превенција на ДВТ кај високоризични пациенти кои се подложени на големи хируршки интервенции. Заклучок е дека LMWH се ефективни за превенција на ДВТ кај високоризични пациенти, без потреба од лабораториски мониториниг и со минимални несакани ефекти. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(47)Najdovska Elena, Bajraktar Jeldaz, **Lazarova Biljana**: Compounding methyltioninum chloride 1% solution in hospital pharmacy and risk assessmentof preparation, **17th congress of the EAHP,**. 21 - 23 March 2012, Milan, Italy (постер)

Во овој труд се прикажува потребата од креирање на состојби за да се започне со производство на мали количини на метил тионин хлорид 1% инјекции и детерминирање на на проценка на ризик на производот. Заклучок е дека со применетата технологија е возможно да се изгитвива овој производ. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(48)**Lazarova Biljana**, Mihilova Lidija, Lazarova Maja, Lozanovska Pancevska Irena: Reuse of steril lidocain 2% vials in bergmann's infusion in orthopedic department in Stip, clinical hospital, **18th congress of the EAHP,**. 13 - 15 March 2013, Paris, France (постер)

Во овој труд се демонстрира неопходноста за асептична техника, опкружувања и поделување на еднодозните пакувања во помали дози каде што секоја доза е наменета за поединечен пациент. Заклучок е дека сестринските соби, како и едукацијата на сестрите се непогодни за повторна употреба на еднодозните лекови за повеке пациенти. Поделбата на лекови мора да се врши во висококонтролирани услови на околината, преку обука и квалификација на персоналот, како и преку воведување на процедури за повторна употреба на отворен стерилен лек. Овие услови се исполнети само во болничката аптека и од страна на болничкиот фармацевт во Клиничка болница Штип. Трудот има научна и апликативна вредност.

(49)Najdovska E, Bajraktar J, **Lazarova B**, Media fill to validate the aseptic preparation of sodium bicarbonate intravenous infusion, **18th congress of the EAHP,**. 13 - 15 March 2013, Paris, France (постер)

Во овој труд е извршена валидација на асептичниот процес кој се користи за производство на стерилниот производ Натриум бикарбонат интравенска инфузија во Клиничка болница Битола и достигнување на ГМП барањата со изведување на media fill (процес на симулирани студии). Со media fil се евалуира асептичната операција на стерилната опрема, квалификацијата на ракувачите и проценка на техниката и се покажа дака контролите на опкружувањето се соодветни за да се достигнат основните потреби неопходни за производство на Натриум бикарбонат интравенска инфузија со асептична постапка. Трудот има научна и апликативна вредност.

(50)Bajraktar J, **Lazarova B**, Najdovska E, Mihailova L, Efficasy and safety of epoetin zeta in dialysis patients, **18th congress of the EAHP,**. 13 - 15 March 2013, Paris, France (постер)

Во оваа студија извршена е евалуација на безбедноста и ефикасноста на биосимиларот епоетин зета за одржување на стабилни нивоа на хемоглобин кај дијализни болни. Заклучок е дека третманот на анемија со епоетин зета е ефикасен и безбеден. Средните дози на епоетин зета остануваат стабилни кај пациенти кои преминуваат од сите претстудиски еритропетин стимулирачки агенси. Следените несакани ефекти остануваат во рамките на очекуваното. Трудот има стручна и апликативна вредност.

**Труд во стручно (научно-популарно) списание**

**(37)Лазарова Билјана (2011)**, Превенција на длабока венска тромбоза (ДВТ), Фармацевтски информатор (26). pp. 28-29. ISSN 1409-8784 (печатен)

ДВТ е честа појава кај хоспитализираните пациенти, особено по поголемите хируршки интервенции. Затоа тромбопрофилаксата станува критична компонента во менаџментот на пациентите. Со многу научни докази и со медицина базирана на докази потврдени се научните сознанија дека хепаринот и нискомолекуларните хепарини се ефикасни профилактички агенси. Трудот има стручна и апликативна вредност.

**(38)Лазарова Билјана (2011),** Стандардни оперативни процедури**,** Фармацевтски информатор (27). pp. 29-30. ISSN 1409-8784 (печатен)

За реализација на концептот добра фармацевтска пракса во болничките аптеки потребно е да се изработат стандардни оперативни процедури кои се од суштинско значење за овој концепт. Работната група на Асоцијацијата на болнички фармацевти изработи упатство и препораки за изработка на СОП. Трудот има стручна и апликативна вредност.

**(39)Лазарова Биљана (2009),** Инкорпорирање на медицина базирана на докази во секојдневната практика, Фармацевтски информатор (17). pp. 56. ISSN 1409-8784 печатен (печатен)

Медицината базирана на докази (МБД) претставува интеграција на најдобрата истражувачка евиденција со клиничка експертиза и вредности корисни за пациентите. МБД дава насока со која се олеснува донесувањето на корисни и правилни одлуки за пациентите од страна на здравствените професионалци преку користење на податоци од научни студии како и од други релевантни извори со кои се помага во добивањето на одговори за сложените клинички прашања поврзани со третманските опции, скрининг програми и ризик менаџмент. Трудот има стручна и апликативна вредност.

**Трудови објавени во научни списанија во периодот од 2014 до 2019 година**

(53)**Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zorica Naumovska, Aleksandra Grozdanova, Ljubica Suturkova, Zoran Sterjev, Evaluation of rational / irrational drug use at orthopedic department in Clinical Hospital Stip in the period from January to April 2013, Macedonian pharmaceutical bulletin, 62 (suppl) 115 - 116 (2016) Short communication

Во овој труд се евалуира рационалната/ирационалната потрошувачка на лековите на Ортопедското одделение во Клиничка болница Штип за период од 4 месеци преку ретроспективна евалуација на потрошувачката на аналгетици (Tramadol and Ketoprofen), антибиотици (Ceftriaxon), нефракциониран хепарин и хепарини со мала молекулска тежина кај вкупно 348 пациенти. Заклучок е дека евалуацијата на потрошувачката на лекови на Ортопедското одделение во Клиничка болница Штип покажа дека е ирационална за сите мониторирани индикатори и препораки за рационализација на употребата на лековите. Трудот има научна и апликативна вредност.

(54) Biljana Eftimova**, Biljana Lazarova**, DRUG USE AT CLINICAL HOSPITAL STIP-EVALUATION OF RATIONAL/IRRATIONAL USE, KNOWLEDGE - Vrnjacka Banja, Serbia, March 16-18 2018, International Journal, Vol. 22 (печатен)

Во овој труд е прикажана употребата на аналгетици (трамадол и кетопрофен) и антибиотици (цефтриаксон) во постоперативниот период на ортопедија во Клиничка болница Штип. Од трудот може да се види дека употребата како аналгетици така и на антибиотици не е рационална што се заклучува од индексите користени, а евалуацијата е извршена со МБД пропишана од Министерството за здравство на РМ за дадените дијагнози. Заклучок е дека уште многу треба да се работи на адекватен третман и употреба на терапијата според пропишани индикатори. Трудот има научна и апликативна вредност.

(55)Biljana Eftimova, **Biljana Lazarova**, COMPARISON OF ANESTESIA DRUG AND SUPPLY COSTS AND EFFECTIVENESS BETWEEN GENERAL AND SPINAL ANESTHESIA FOR TOTAL OR SUBTOTAL HIP REPLACEMENT SURGERY, KNOWLEDGE - Vrnjacka Banja, Serbia, March 16-18 2018, International Journal, Vol. 22 (печатен)

Во овој труд прикажана е споредбата помеѓу општата и спиналната анестезија при имплантација на вештачки колк и колку се трошоците за овие две техники во однос на употребените лекови, медицински средства, ангажман на персонал, постоперативно закрепнување и должина на престој. Заклучок е дека спиналната анестезија е подобра

опција со помал трошок и подобар ефект кај пациенти кои имаат подобар постоперативен аналгетски скор и пократок престој во ПАКУ. Трудот има научна и апликативна вредност.

(56) **Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, *Evaluation of costs and outcomes associated with pharmacological thromboprophylaxis (unfractionated heparin and low molecular weight heparins) of venous thromboembolism at orthopedic ward in Clinical Hospital Stip, Macedonian* pharmaceutical bulletin, volume 63 (1) (2017) (печатен)

Вововојтрудсеопишуваатактуелнитетрендовивофармаколошкататромбопрофилакса со UFH и LMWHs после ортопедски хируршки интервенции во Клиничка болница Штип и евалуација на трошоците поврзани со третманот и исходите (должина на болнички престој, настанување на ДВТ и ПЕ). Заклучок е дека комбинираната тромбопрофилакса е неоправдана и придонесува до зголемување на трошоците за болнички престој. Терапијата со LMWH аплицирана во препорачаните дози субкутано еднаш дневно е потенцијално поефективна и поисплатлива опција споредено со UFH и би требало да се смета како фармаколошки третман од прв ред за превенција на ДВТ кај пациенти кои закрепнуваат од големи ортопедски интервенции на Ортопедското одделение во Клиничка болница Штип. Трудот има научна и апликативна вредност.

(57)**Biljana Lazarova,** Aleksandra Kapedanovska Nestorovska, Zoran Sterjev, Ljubica Suturkova, Cost-effectiveness of LMWHs versus UFH for the prevention of postsurgical venous thromboembolism at orthopedic department in Clinical Hospital Stip, Macedonian pharmaceutical bulletin, volume 64 (1) (2018) (печатен)

Во овој труд се евалуира трошок ефективноста на LMWH споредено со UFH за превенција на ДВТ кај ортопедски оперирани пациенти. Заклучок е дека LMWH доминираат, давајќи поголема ефективност при помал трошок, што се докажува со трошок-ефективност анализата за LMWH наспроти UFH кај големи ортопедски хируршки интервенции. Добивањето на зголемено QALY со LMWH во споредба со UFH, е како резултат на тоа што LMWH даваат помалку симптоматски ВТЕ настани од UFH. Употребата на LMWH во оваа профилактичка индикација придонесува до ефективна употреба на лимитираните ресурси, како и до подобри клинички резултати за помал трошок. Трудот има научна и апликативна вредност.

**Учество на научен собир со реферат (постер/усно) 2014-1019**

**(51)Biljana Lazarova,** Poceva Panovska Ana, Ribarska Tonic Jasmina, Sterjev Zoran: UTILIZATION OF HEPARIN AND LOW MOLECULAR WEIGHT HEPARINS AT THE ORTHOPEDIC DEPARTMENT AT THE CLINICAL HOSPITAL IN STIP First Macedonian and fourth Adriatic congress on pharmacoeconomics and outcome research, 24-27 april 2014, Ohrid Macedonia (poster)

Во овој труд прикажана е споредба помеѓу искористеноста на хепарин и хепарини со мала молекулска тежина на Ортопедското одделение во Клиничка болница Штип во количини кои се издадени според потребите на одделението за 2013 година. Преку споредбата се прикажува дали воспоставениот начин на барање на лек кореспондира со вистинската искористеност или генерира непотребни задолжувања. Заклучок е добиените резултати сугерираат дека актуелниот начин на барање за лекови на основа на дневните потреби на пациентите е ирационален и генерира трошоци во болницата. За надминување на овој проблем неопходно е воведување на нова здравствена технологија како што е бар кодирање при издавање на лековите како инвестиција која се покажала како трошок-ефективна во голем број на здравствени институции во светот, со претходно истражување на трошок-ефективноста за воведување на оваа нова технологија. Трудот има научна и апликативна вредност.

**(52) Lazarova Biljana,** Mihailova Lidija, Lazarova Maja, Lozanovska Emilija: Consumption of antibiotics at Stip Clinical hospital from January to august 2011-2012, 19$^{th}$ congress of the EAHP, 26-28 March 2014 Barcelona, Spain (постер)

Во овој труд е идентификувана голема потрошувачка на антибиотици во Клиничка болница Штип за период од 8 месеци во 2011 и 2012 година што претставува индикатор

за несоодветната употреба на антибиотиците, препишувачките навики на лекарите како и варијациите во преваленцата на инфекциитепомеѓу болничките одделенија. Заклучок е дека болницата треба да спроведе брза интервенција за да се спречи прекумерната употреба на антибиотиците преку развивање на полиси за регулирање и рационална употреба на антибиотиците. Трудот има стручна и апликативна вредност.

(58)Naumovska Zorica, Sadikarijo-Pecijareva Iskra, Kovacheva Maja, **Lazarova Biljana**, Tonic-Ribarska Jasmina, Капедановска Nestorovska Alekasandra, Sterjev Zoran: HOSPITAL PHARMACISTS AS KEY FACTOR FOR IMPROVMENT OF ADVERSE DRUG REACTIONS REPORTING PRACTICE, THE MACEDONIAN CASE, The third congress of pharmacist of Montenegro with international participation, 9-12 May 2019 Becici, Crna Gora. (poster)

Во овој труд е прикажана евалуацијата на ефикасноста од имплементираните мерки за унапредување на знаењето и свесноста за известување за несаканите ефекти од лековите помеѓу здравствените професионалци (ЗП) вклучувајќи ги и болничките фармацевти. Изведени се едукативни работилници за околу 500 ЗП во 12 градови, а евалуацијата се изврши со валидиран и предизајниран прашалник кој содржеше 20 прашања. Заклучок е дека со имплементација на соодветна стратегија која се состои од едукативна програма за фармаковигиланца и со софтверска инфраструктура се потврди како успешен пристап за унапредување известувањето за несаканите ефекти од лековите во секојдневната клиничка пракса. Водечката улога на болничките фармацевти ги охрабрува ЗП за активно учество во пријавувањето на несаканите ефекти од лековите на национално ниво. Трудот има научна и апликативна вредност.

Кандидатката д-р Биљана Лазарова со успех ја извршува наставно-педагошката дејност како асистент (специјалист) и како стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип од 2010 до 2019 година, каде што изведува вежби на студентите од студиската програма Фармација за предметите Фармакоинформатика, Аптека и аптекарско работење, Фармацевтски грижи, Фармакоекономика и фармацевтски маркетинг. Своето искуство во наставно-педагошката дејност го збогатува и со наставната дејност во Средното медицинско училиште „Јане Сандански", 1989-2005 год., како и при изведувањето вежби од болничка фармација како стручњак од пракса на студентите на Фармацевтскиот факултет од Скопје во периодот од 2012 до 2015 година.

До 2010 година е автор/коавтор е на 31 труд рецензирани при избор во звање асистент (специјалист) за научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во Универзитетски билтен бр. 35 од 15 февруари 2010 г.

Од 2010 до 2015 година кандидатката е автор/коавтор на вкупно 18 научни и стручни трудови (еден објавен во меѓународно списание, 14 учества на научен собир, и 3 во научно-популарно списание)

Од 2015 до 2019 година има објавено пет труда во меѓународни списанија и три учества на научни собири.

Кандидатката ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање насловен доцент.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката е акредитиран едукатор за астма на тренингот за астма едукатори одржан во Скопје организиран од СЗО, акредитиран едукатор за дипломираните фармацевти од обласа на фармакоинформатиката на тренинг за едукатори, ментори и испитувачи во организација на СЗО одржан во Скопје во 2009 година, акредитиран претставник на Комитетот за унапредување на здравствениот систем на Р. Македонија на тренингот одржан во Скопје во 2009 година, член на болнички терапевтски комитет за лекови при ЈЗУ Општа болница Штип од 2009 година, член на Комитетот за унапредување на здравствениот систем на РМ – поткомитет за фармација од 2009 година, одговорно лице за план за управување со ризик на ниво на болници од 2014 година, претседател

на Комисијата за спречување на грешки при лекување со лекови од 2016 година, член на Работната група на ФЗОМ за реализација на проектот „Наместо рефундирање, лекови на рецепт“ од 2017 година, член на тимот за подготовка на акредитација на ЈЗУ Клиничка болница Штип во тимот за лекување на пациенти за самооценување од 2018 година, член на Комисијата за набавки на лекарства и медицински потрошен материјал при ЈЗУ Клиничка болница Штип од 2011 година

Исто така, таа е стручен соработник во емисиите од областа на медицината „Домашна ординација“ и „ТВ Медика“, надворешен соработник на Националниот фармакоинформативен центар од 2009 година, член на Редакцискиот одбор на информативниот гласник „Медикус“ при ЈЗУ Клиничка болница Штип од 2010 година, член на Уредувачкиот одбор на „Трошоци, квалитет и исходи од здравствена заштита, Книга на термини на ИСПОР“

Претседател е на Асоцијацијата на болнички фармацевти при Фармацевтската комора на Македонија и член е на Комисијата за лиценцирање и релиценцирање на дипломираните фармацевти при Фармацевтската комора на Македонија од 2011 година.

Активен учесник е на повеќе академски семинари: Развој на фармацевтската практика „Фармацевтска грижа“ - проект за управување со здравствениот систем, 11-12 април 2008 година Скопје, РМ,

Medication safety matters, Europharm forum 20-th Annual meeting, 14-15 October 2011, Ohrid, Macedonia

Logistics of pharmaceuticals in hospitals - The Academy Seminar in Riga, Latvia from 14 -16 May 2010

Pharmacoeconomics - tools, strategies and beyond - The Academy Seminar in Lisbon, Portugal from 12-15 September 2013

European Statements of Hospital Pharmacy, European Summit on Hospital Pharmacy, 14 & 15 May 2014, Brussels, Belgium

Seminar 2: Working together differently – a new approach to quality management -

Academy Seminar 30 September 2016 to 2 October 2016, Bucharest, Romania

Seminar 1: Hospital Pharmacy Practice Research – Scientific Quality, Academy Seminar, 29 September 2017 to 1 October 2017, Vienna, Austria

Европски ден за рационална употреба на антибиотици, Фармацевтски факултет Скопје 18,11,2011 година

Имплементација на клиничко-фармацевтска пракса во грижа на пациенти со малигни заболувања, Секција за клиничка фармација, 24.2.2017 Скопје, РМ.

Учесник е на повеќе работилници и семинари организирани од Европската асоцијација на болнички фармацевти.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Биљана Лазарова ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање доцент и за целокупната активност во извештајниот период од 2016 до 2021 година има остварено (НО 15 +НИ 57.5 + САОР 15) = 87.5 поени.

Од целокупната презентирана досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката Биљана Лазарова поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност.

Кандидатката преку ангажираноста и успешната реализација на соработничките обврски за студентите дава свој придонес во совладувањето на знаењата и вештините, активно вградувајќи го своето богато искуство во фармацевтската пракса. Нејзините активности како едукатор на магистрите по фармација при извршувањето на пробната работа, како и активностите во Асоцијацијата на болнички фармацевти при Фармацевтската комора имаат особено значење при процесот на лиценцирање и континуирана едукација на дипломираните магистри по фармација. Со објавувањето на научни трудови со оригинални научни резултати во меѓународни и стручни списанија кандидатката д-р Биљана Лазарова ќе придонесува и за развојот на науката на нашиот Универзитет.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката д-р Биљана Лазарова да биде избрана во звање доцент во наставно-научната област фармакоинформатика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Бистра Ангеловска,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Зоран Стерјев,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Зорица Наумовска,** вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање асистент | 15 | | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Научен труд објавен во меѓународно списание<br>Прв автор 53, 56, 57<br>Втор автор 54, 55 | | 3<br>2 | | 9<br>6 | **39** |
| | Учество на научен собир со реферат (постер) 51, 52, 58 | | | 3 | 1.5 | **4.5** |
| | Одбранета докторска дисертација | | 8 | | | **8** |
| | Одбранета специјализација | | 6 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **57.5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 4 | 0.5 | | | **2** |
| | Председател на организациски или програмски одбор на стручен собир | 4 | 2 | | | **8** |
| **1. член** | Член на универзитетски или владини тела | | 5 | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **87.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ (ТРУБА) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 1402-60/3 од 31.3.2021 година донесена на 76. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 31.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на насловен доцент за *наставно-научната и уметничка област видови на инструменти (труба)* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– **д-р Бранко Павловски,** вонреден професор од наставно-научната област, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, претседател;
– **м-р Васо Ристов,** редовен професор од наставно-научната област, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, член;
– **м-р Александар Гошев,** вонреден професор од наставно-научната област, на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“, на 19.3.2021 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот:

- м-р Александар Златески, вработен како прва труба при оркестарот на Национална опера и балет.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Златески** е роден на 28 ноември 1985 година во Кавадарци, Република Северна Македонија. Уште од рана возраст покажува интерес за инструментот труба. Основно музичко училиште завршува во ОУ „Лазо Мицев - Рале“ во Кавадарци во класата на проф. Златко Јованов. Средно музичко училиште завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ во Скопје, во класата на проф. м-р Васо Ристов. Во 2004 година се запишува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје, во класата на проф. м-р Васо Ристов, а својот дипломски труд го брани со оценка 10 и е награден со признание „CUMLAUDE“, признание од деканатот на Факултетот за музичка уметност.

Вториот циклус од своето образование го продолжува на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во класата на проф. м-р Васо Ристов, со просечна оценка 10 и се стекнува со звање магистер по музички уметности.

За време на неговото основно, средно, додипломско и постдипломско образование се стекнува со многубројни специјални и први награди, признанија (Признание од Чешкиот центар во Софија, Р. Бугарија, за најдобра изведба на композиција од чешки автор, Признание „CUMLAUDE“ за најдобар дипломски испит и др.), посетува неколку семинари кај истакнати педагози од областа на трубата (Андре Анри, Гиј Туврон, Благој Ангеловски, Ангел Македонски, Васо Ристов, Висенте Кампос и др.), како и летен музички камп во Мичиген во Америка. Има настапувано како солист на труба со придружба на оркестар, со Оркестарот на Факултетот за Музичка уметност, Филхармонијата на РС Македонија и Софискиот симфониски оркестар. Уште за време на додипломските студии и по завршувањето се до неговото вработување како прва труба во Националната опера и балет во Скопје во 2011 година е редовен хонорарен соработник во Филхармонијата на РС Македонија, Националната опера и балет и Косовската филхармонија. По вработувањето во 2011 година како прв пистон со трета труба, подоцна унапреден како прва соло

труба во оркестарот на Националната опера и балет, преку своите изведби на соло и тути делници во партитурите на повеќе опери и балети како што се Аида, Турандот, Тоска, Кармен, Травијата, Риголето, Магбет, Лебедово Езеро, Ромео и Јулија, Рајмонда, Есмералда, Оревокршачка и други, докажува дека успешно и професионално делува во својата област. Како хонорарен соработник во еден период во Косовската филхармонија, како прва соло труба во интернационалниот оркестар на Конзерваториумот во Берн во Швајцарија во нивниот проект „Bridges for the Futures“ со концерти во Берн, Скопје, Приштина, Белград, Пула, Мостар и Сараево и како сегашен хонорарен соработник во Симфонискиот орекестар на Црна Гора докажува дека успешно се претставува и надвор од нашата земја. Исто така со земање активно учество во повеќе професионални состави, како што се Македонскиот брас квартет, Македонскиот брас квинтет, Брасстет, Биг бендот на Македонската радио-телевизија, ЗЏМ Биг бендот и други, докажува за неговото успешно дејствување во соодветната област.

***Критериум за избор во сите звања наведени во Конкурсот***

Критериумите за избор на наставник во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве: кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставнонаучни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, пријавениот кандидат ги достави во целост:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд;
– диплома за прв и втор циклус на студии;
– уверение за положени испити на прв и втор циклус;
– потврда за познавање на еден странски јазик;
– кратка биографија;
– список на објавени научни и стручни трудови/концерти;
– препорака од најмалку 2 (двајца) професори од соодветната научна област;
– еден примерок од магистерски труд;
– уверение за државјанство.

**Услови што треба да ги исполнуваат кандидатите за извор во насловно звање насловен доцент според Правилникот за единствените критериуми и постапка за извор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип:**

1. Кандидатот треба да има диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен на музички науки или музички уметности или фолклористика.
2. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).
3. Кандидатот треба да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Место и датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Александар Златески со Македонски брас квартет | целовечерен концерт | Концерт на Македонски брас квартет во Софија | Софија. Р. Бугарија 10.4.2019 година |
| 2 | Александар Златески со Македонски брас квартет | целовечерен концерт | Концерт на Македонски брас квартет во Кавадарци | Кавадарци, 15.10.2018 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3** | Александар Златески со Македонски брас квинтет | целовечерен концерт | Брас фантазија | MC Gallery New York USA, 25.10.2019 година |
| **4** | Александар Златески со Брасстет | целовечерен концерт | Концерт на Скопско лето | Скопје, 27.6.2019 година |
| **5** | Александар Златески со Македонски брас квинтет | целовечерен концерт | Концерт на Македонски брас квинтет во Њујорк | MC Gallery, New York, USA<br><br>4.6.2018 година |

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности и стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност***

Од доставената документација кандидатот м-р Александар Златески има реализирано 24 концерти во земјава и 3 во странство во повеќе градови и признаени концертни сали и тоа:

– 13.12.2020 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квартет во Национална опера и балет (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 5.10.2020 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квартет во Прилеп (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 20.10.2020 год. Целовечерен концерт со Брасстет на џез фестивал во Куманово (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 1.10.2020 год. Концерт со Македонски брас квинтет на Концерт за класична музика во Куманово (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 3.10.2020 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квартет во Неготино (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 15.9.2020 год. Целовечерен концерт со Брасстет во Неготино (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 14.10.2020 год. Целовечерен концерт со Брасстет во Кавадарци (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 29.8.2020 год. Целовечерен концерт со Брасстет во Бабино (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 19.12.2019 год. Целовечерен концерт со Градски дувачки оркестар на Град Скопје во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 20.11.2019 год. Целовечерен концерт со Градски дувачки оркестар на Град Скопје на свечено затворање на Кавадаречка културна есен во Кавадарци (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 17.6.2019 год. Концерт со Македонски брас квартет на отворање на Драмскиот аматерски фестивал во Кочани (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 25.10.2019 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квинтет во Њујорк во Америка (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 16.9.2019 год. Целовечерен концерт со Брасстет на фестивалот Звуците на чаршијата (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
– 27.6.2019 год. Целовечерен концерт на Брасстет на Скопско лето (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);

- 26.6.2019 год. Концерт на Градскиот дувачки оркестар во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 10.4.2019 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квартет во Софија во Р. Бугарија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 4.6.2019 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квинтет во Берово (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 27.11.2019 год. Новогодишен концерт со Градскиот дувачки оркестар на Град Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 18.10.2018 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квинтет во Филхармонија на РС Македонија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 8.10.2018 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квартет на Светиниколски есенски културен бран во Свети Николе (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 15.10.2018 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квартет во Кавадарци (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 9.10.2018 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квинтет во Кочани (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 12.12.2017 год. Новогодишен концерт со Градскиот дувачки оркестар на Град Скопје во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 4.6.2018 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квинтет во Њујорк во Америка (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 7.6.2015 год. Солистички магистерски втор дел на концерт за труба во придружба на пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 30.6.2014 год. Солистички магистерски прв дел на концерт за труба во придружба на пијано (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 15.7.2013 год. Целовечерен концерт со Македонски брас квартет на Бит фест во Битола (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 6);
- 30.6.2015 год. Одбранета магистерска работа (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 11);
- 12.6.2009 год. признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност во рамките на државата, признание „Cumlaude" од Деканатот на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);
- 25.4.2002 год. признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност во рамките на државата, интернационален натпревар по труба во Кавадарци, освоено прво место (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);
- 19.4.2003 год. признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност во рамките на државата, државен натпревар по труба во Скопје, освоена прва специјална награда (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);

– 24.10.2003 год. меѓународно признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност, меѓународен академски натпревар по труба во Софија, Р.Бугарија, награда од Чешкиот центар во Софија (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);
– 24.10.2003 год. меѓународно признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност, меѓународен академски натпревар по труба во Софија, Р.Бугарија, освоена Втора награда и Лауреатско звање (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21);
– 8.10.2005 год. меѓународно признание за научни/уметнички постигнувања од областа на музичката уметност, сертификат за учество од Конзерваториумот во Берн, Швајцарија, во Интернационалната оркестарска академија во проектот „Brideges for the Future" (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под ред. бр. 21).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

На членовите на Комисијата за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област видови на инструменти (труба) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог:

Врз основа на доставената документација и целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Александар Златески ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање насловен доцент по наставно-научната и уметничка област видови на интрументи – труба на Музичката академија, наведени во Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на **Наставно-научниот и уметнички совет усвојување на нашиот заклучок и кандидатот м-р Александар Златески да го избере во насловно звање насловен доцент за наставно-научните и уметнички области видови на инструметни (труба) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Бранко Павловски,** вонреден професор, претседател, с.р.
**М-р Васо Ристов,** редовен професор, член, с.р.
**М-р Александар Гошев,** вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | **Во странство** |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 24x3=72 | 3x6=18 |
| **11.** | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| **21.** | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 3x5=15 | 3x10=30 |
| | **ВКУПНО** | **139** | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ КЛИНИЧКА ФАРМАЦИЈА И ИНСТРУМЕНТАЛНИ ФАРМАЦЕВТСКИ АНАЛИЗИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2007-89/9 од 29.3.2021 г., донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 г., формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област клиничка фармација (30616) и инструментални фармацевтски анализи (30612) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во следниот состав:

– **д-р Анета Димитровска**, редовен професор за наставно-научните области аналитика на лекови и инструментални фармацевтски анализи, на Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – претседател;
– **д-р Кристина Младеновска**, редовен професор за наставно-научните области биофармација и фармацевтска хемија, на Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – член;
– **д-р Билјана Ѓорѓеска**, редовен професор за наставно-научните области аналитика на лекови и аналитичка хемија, на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 5.3.2021 г. во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" и исправка на конкурсот на 9.3.2021 г. во дневните весници „Слободен печат" и „Коха". Во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

– **д-р Зорица Арсова-Сарафиновска**, насловен вонреден професор за наставно-научните области клиничка фармација и инструментални фармацевтски анализи, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

По разгледување на доставената документација, утврдивме дека кандидатката д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: 1) пријава; 2) диплома за одбранет докторски труд (оригинален примерок и три копии заверени кај нотар); 3) диплома за одбранет магистерски труд (оригинален примерок и три копии заверени кај нотар); 4) диплома за завршен фармацевтски факултет (оригинален примерок и три копии заверени кај нотар); 5) уверение за завршен специјалистички испит (оригинален примерок и копија заверена кај нотар); 6) уверение за положени испити на прв циклус на студии (оригинален примерок и копија заверена кај нотар); 7) кратка биографија (во четири примероци); 8) список на објавени научни и стручни трудови; 9) по еден примерок од објавените научни и стручни трудови; 10) потврда за познавање на англиски јазик (оригинален примерок и копија заверена кај нотар); 11) оригинален примерок од магистерски труд; 12) оригинален примерок од докторски труд; 13) дополнителни сертификати, одлуки и решенија; 14) уверение за државјанство (оригинален примерок).

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Зорица Арсова-Сарафиновска** е родена на 3.6.1966 г. во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. Во учебната 1984/1985 г. се запишува на Фармацевтскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 1988 г. со просечен успех 9,96 како најдобро дипломиран студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во учебната 1988/1989 г. Магистерските студии ги завршува на Фармацевтскиот

факултет во Скопје во 2001 г., со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Влијание на макролидниот антибиотик рокситромицин врз микрозомалната ензимска фракција на црниот дроб, преку следење на серумските концентрации на теофилин кај болни од астма и други заболувања". Специјализација по испитување и контрола на лекови завршува во 2006 г. на Фармацевтскиот факултет – Скопје. Докторската дисертација под наслов „Оксидативен стрес, антиоксидантни ензими и генетски полиморфизми кај карцином на простата" ја одбрани 2008 г. на Фармацевтски факултет во Скопје. Докторскиот труд е работен во рамките на здружениот билатерален научноистражувачки проект под наслов „*Oxidative stress, DNA damage and genetic variants in prostate cancer*", одобрен и финансиран од TUBITAK, Турција и Министерството за образование и наука на Македонија. За својата работа на оксидативниот стрес, оксидативното оштетување на ДНК и генетските полиморфизми на антиоксидантните ензими кај карцином на простата, кандидатката добива награда за најдобар клинички лабораториски истражувачки проект во 2009 г. од страна на Балканската клиничка лабораториска федерација (*BALKAN AWARD for The Best Clinical Laboratory Research Project, 2009*). Научниот труд „*Oxidative stress and antioxidant status in non-metastatic prostate cancer and benign prostatic hyperplasia*" се наоѓа на списокот на првите пет најчесто цитирани трудови во списанието *Clinical Biochemistry* во периодот од јануари–март 2006 г., а научниот труд „*Increased oxidative/nitrosative stress and decreased antioxidant enzyme activities in prostate cancer*" е во првите 25 најчесто цитирани трудови во периодот јули-септември 2009 г.

Своето работно искуство д-р Зорица Арсова-Сарафиновска го започнува како истражувач-волонтер во Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија во Македонска академија на науките и уметностите, Скопје (1989–1990 г.).

Во 1993 г. се вработува во Републичкиот завод за здравствена заштита – Скопје (во 2010 г. преименуван во Институт за јавно здравје), каде што до денес е во редовен работен однос на позиција раководител на Оддел за хемиски и радиолошки испитувања и раководител на Одделение за физичко-хемиски испитувања во Оддел за испитување и контрола на лекови.

Во периодот 2002–2005 г., како истражувач-волонтер, учествува во работата на Одделот за фармацевтска токсикологија во Воено-медицинска академија Gulhane, Анкара.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на 39. седница одржана на 6.12.2010 г. е избрана за наставник во звање **насловен доцент** за наставно-научната област аналитика на лекови и стабилност на лекови на Факултетот за медицински науки за период од 6.12.2010 г. до 6.12.2015 г.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на 21.2.2011 г. на Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се стекнува со статус истакнат стручњак од практиката за изведување на клиничка настава на студентите на Фармацевтски факултет. Во тек на 2011/2012 г. е ангажирана во изведување на настава на специјалистичките студии по фармацевтска регулатива.

Од 2013 г. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска се наоѓа на листата на Европска комисија на експерти за медицински науки–истражувачи (*EPSO/CAST/S/5/2013 – Researcher, FG IV*).

Од 2014 г. е авторизиран предавач за метролошки барања на стандардот ISO/IEC 17025 од страна на TrainMiC, Институтот за референтни материјали и мерења во Гел, Белгија (IRMM), *European Commission, DG Joint Research Centre* и член на националниот тим за изведување на тренинзи од областа на метрологијата во хемиските мерења.

Со Одлука 2002-262/36, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на својата 152. седница одржана на 18.11.2015 г. ја избра д-р Зорица Арсова-Сарафиновска за наставник во звање **вонреден професор** за наставно-научната област клиничка фармација на Факултетот за медицински науки за период од 18.11.2015 г. до 18.11.2020 г.

Со Договор за вработување бр. 0402-7/58, од 28.12.2020 г. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска заснова работен однос со Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на работно место вонреден професор од наставно-научната област клиничка фармација на Факултетот за медицински науки.

Со Одлука 2002-36/10, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на својата 252. седница одржана на 1.2.2021 г. ја избра д-р Зорица Арсова-Сарафиновска за наставник во звање **насловен вонреден професор** за наставно-научната област клиничка фармација (30616) и инструментални фармацевтски анализи (30612).

Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска е член на работни групи и комисии за подготовка на подзаконски акти (правилници и упатства) при Министерство за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства.

Кандидатката е рецензент на научни трудови во научни списанија (опфатени со SCI): *Human & Experimental Toxicology*, *Redox Report*, *Balkan Journal of Medical Genetics*, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* и други, и член на уредувачкиот одбор на научното списание *Journal of Chemical Engineering Research Updates*.

**Законски (општи) услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор согласно со Законот за високото образование:**

**Општи услови за избор:**

Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студии на прв и втор циклус, за секој циклус посебно:

- Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска има просечен успех од 9,96 на додипломските студии и 9,95 на постдипломските студии по фармација.

Научен степен доктор на науки од научната област за која се врши изборот:

- Докторската дисертација „Оксидативен стрес, антиоксидантни ензими и генетски полиморфизми кај карцином на простата” ја одбрани 2008 г. на Фармацевтски факултет – Скопје, и се стекна со научен степен – доктор на фармацевтски науки.

Претходен избор во звање :

- Со Одлука 2002-262/36, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на својата 152. седница одржана на 18.11.2015 г. ја избра д-р Зорица Арсова-Сарафиновска за наставник во звање **вонреден професор** за наставно-научната област клиничка фармација на Факултетот за медицински науки за период од 18.11.2015 г. до 18.11.2020 г.
- Со Одлука 2002-36/10, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на својата 252. седница одржана на 1.2.2021 г. ја избра д-р Зорица Арсова-Сарафиновска за наставник во звање **насловен вонреден професор** за наставно-научната област клиничка фармација (30616) и инструментални фармацевтски анализи (30612).

Да има способност за изведување на високообразовна дејност:

- Кандидатката учествува во изведување на настава на прв и втор циклус студии, се јавува како ментор на дипломски теми, член на комисии за изработка и одбрана на дипломски и стручни специјалистички трудови, а има и богата научноистражувачка и стручно-апликативна дејност.

Објавени најмалку 6 (шест) научни трудови во референтна научна публикација:

- Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска во изборниот период има објавено 6 научни трудови во научни списанија со импакт фактор; 8 научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија; 3 публикации во стручни списанија; трудови со оргинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научни собири во земјата и во странство; одржани предавања на покана на научни институции, на стручни собири и др. Сите се објавени на е-репозиториумот на УГД.

Кандидатката има објавено 6 научни труда во меѓународни научни списанија со импакт фактор и тоа:

| Р. број | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Maksimova V, Mirceski V, Gulaboski R, Koleva Gudeva L, **Arsova-Sarafinovska Z.** | Electrochemical Evaluation of the Synergistic Effect of the Antioxidant Activity of Capsaicin and Other Bioactive Compounds in *Capsicum sp. Extracts.* | International Journal of Electrochemical Science, 2016; 11: 6673-6687 | IF 1,284 http://eprints.ugd.edu.mk/16085/ |
| **2.** | Darkovska-Serafimovska M, Janevik-Ivanovska E, Djorgoski I, **Arsova-Sarafinovska Z,** Zdravkovska M, Balkanov T, Ugresic N. | Radiolabeled tirofiban – a potential radiopharmaceutical for detection of deep venous thrombosis. | Drug Design, Development and Therapy, 2016; (10). 2989-2996. ISSN 1177-8881; | IF 3,208 http://eprints.ugd.edu.mk/17130/ |
| **3.** | Darkovska-Serafimovska M, Serafimovska T, **Arsova-Sarafinovska Z,** Stefanoski S, Keskovski Z, Balkanov T. | Pharmacotherapeutic considerations for use of cannabinoids to relieve pain in patients with malignant diseases. | Journal of Pain Research. 2018; 837-842. ISSN 1178-7090 | IF 2,236 http://eprints.ugd.edu.mk/19895/ |
| **4.** | Mwanza Wanjeh D, Alemu A, Strjova Arev M, **Arsova-Sarafinovska Z,** Apostolova P, Janevik-Ivanovska E. | Standardization of a method for freeze-drying of antibodies as ready to use therapeutic radiopharmaceuticals. | Farmacia, 2020; 6 (1): 142-149. ISSN 0014-8237. | IF 1,527 http://eprints.ugd.edu.mk/23947/ |
| **5.** | Serafimovska, T., Darkovska-Serafimovska, M., Stefkov, Gj,, **Arsova-Sarafinovska, Z.,** Balkanov, T. | Pharmacotherapeutic Considerations for Use of Cannabinoids to Relieve Symptoms of Nausea and Vomiting Induced by Chemotherapy. | Folia Medica, 2020. ISSN 1314-2143 (online) \| ISSN 0204-8043 (print) | IF 0,87 https://eprints.ugd.edu.mk/27002/ |
| **6.** | Dimovska, V., Ilieva, F., Kostadinovic Velickovska, S., Mihajlov, Lj., Kovacevik, B., Balabanova, B., **Arsova-Sarafinovska, Z.** | Morphological and chemical assessment of juices and antimicrobial activity of peels from two varieties of pomegranates grown in the region of North Macedonia. | Research Journal of Biotechnology, 2021; 16 (5). pp. 133-139. ISSN 0973-6263 | IF 0,21 https://eprints.ugd.edu.mk/28016/ |

Кандидатката има објавено и 8 труда во референтни научни публикации во смисла на Законот за високо образование (меѓународни научни публикации без импакт фактор):

| Р. број | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| **7.** | Kamceva G, **Arsova-Sarafinovska Z**, Ruskovska T, Zdravkovska M, Kamceva-Panova L, Stikova E. | Cigarette Smoking and Oxidative Stress in Patients with Coronary Artery Disease. | Open Access Maced J Med Sci. 2016; 4(4): 636–640. | 2013 http://eprints.ugd.edu.mk/16624/ |
| **8.** | Maksimova V, **Arsova-Sarafinovska Z**, Koleva Gudeva L. | Molecular mechanisms of capsaicin mediated cytotoxic activity. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2016; vol 62(s): 493-494 | 2001 http://eprints.ugd.edu.mk/16215/ |
| **9.** | Shishovska M, Doneva D, **Arsova-Sarafinovska Z**, Starkoska K. | Determination of cannabidiol and Δ9THC in *Cannabis sativa* L. preparations present in the European market by HPLC/DAD. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2016; vol 62(s): 239-240 | 2001 http://eprints.ugd.edu.mk/24191/ |
| **10.** | Janevik- Ivanovska E, Gjorgieva Ackova D, Smilkov K, Gjorgoski I, Stafilov T, Makreski P, **Arsova- Sarafinovska Z**, Baloch L, Carollo A, Signore A, Duatti A. | Development and standardization of Rituximab-conjugates for labelling with Lutetium-177 and Yttrium-90. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2016; vol 62(s): 537-539. | 2001 http://eprints.ugd.edu.mk/24197/ |
| **11.** | Tanturovski Z, **Arsova-Sarafinovska Z**, Dimitrovska A. | RP-HPLC method with indirect UV detection for determination of sodium ibandronate in pharmaceuticals. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2019; 64 (2) | 2001 ISSN 1409 – 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/24208 |
| **12.** | Grozdanov A, Paunović P, Vasilevska-Nikodinovska V, Dimitrov A, Yukhymchuk V, Stojkovski I, **Arsova Z.** | Structural Analysis of X-Ray Irradiated Carbon Nanostructures. | Material Sci & Eng., 2019; 3(4):141-145. | 2017 http://eprints.ugd.edu.mk/24220/ |
| **13.** | Mustafa Z, **Arsova-Sarafinovska Z**, Shishovska M, Aleksandra Grozdanova A. | A simple RP-HPLC method for determination of nitisinone in pharmaceuticals. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2019; 65 (2) | 2001 ISSN 1409 – 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/24209/ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | Poposka Svirkova, Z., **Arsova-Sarafinovska, Z.,** Grozdanova, Aleksandra | Optimization of RP-HPLC method with UV detection for determination of ursodeoxycholic acid in pharmaceutical formulations. | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2020; 66 (1). ISSN 1409-8695 | 2001<br>ISSN 1409-8695<br>https://eprints.ugd.edu.mk/27906/ |

**Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

Објавени рецензирани учебни помагала (учебници, скрипти, практикуми)

– Кандидатката во изборниот период е автор/ коавтор на два рецензирани учебници, две скрипти и два практикуми, објавени на е-библиотека на УГД:

1. Arsova-Sarafinovska, Zorica and Darkovska-Serafimovska, Marija and Balkanov, Trajan (2020) Клиничка фармација – Учебник. University «Goce Delcev» Stip. ISBN 978-608-244-732-2 http://eprints.ugd.edu.mk/24225/
2. Balkanov, Trajan and Darkovska-Serafimovska, Marija and Arsova-Sarafinovska, Zorica (2018) Фармакотерапија – Учебник. Goce Delcev University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-492-5 http://eprints.ugd.edu.mk/19835/
3. Arsova-Sarafinovska, Zorica and Maksimova, Viktorija and Darkovska-Serafimovska, Marija (2017) Фитохемија (скрипта). ISBN 978-608-244-393-5. http://eprints.ugd.edu.mk/18139/
4. Arsova-Sarafinovska, Zorica and Maksimova, Viktorija and Darkovska-Serafimovska, Marija (2017) Практикум по Фитохемија. ISBN 978-608-244-394-2. http://eprints.ugd.edu.mk/18140/
5. Balkanov, Trajan and Darkovska-Serafimovska, Marija and Arsova Sarafinovska, Zorica (2019) Клиничка фармакологија (скрипта). ISBN 978-608-244-665-3. http://eprints.ugd.edu.mk/23713/
6. Balkanov, Trajan and Darkovska-Serafimovska, Marija and Arsova Sarafinovska, Zorica (2019) Клиничка фармакологија (практикум). ISBN 978-608-244-666-0. http://eprints.ugd.edu.mk/23716/

Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати:

– Кандидатката во изборниот период учествува во 4 меѓународни проекти и еден научноистражувачки проект поддржан од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип:

1. Janevik-Ivanovska E, Angelovska B, Arsova Sarafinovska Z, Gorgieva Ackova D, Smilkov K, Sterjova M, Darkovska Serafimovska „Воведување и стандардизација на технологија на добивање на готови кит формулации на радиофармацевтски препарати базирани на коњугирани комплекси од моноклонални антитела и пептиди“, доделен од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитет „Гоце Делчев“, Штип (2015-2018).
2. Janevik-Ivanovska, E., Giganti, M., Duatti, A., Zdravev, Z., Barbareev, K., Uccelli, L., Poletti, G., Ganino, G., Angelovska, B., Martini, P., Drakalska, E., Darkovska-Serafimovska, M., Gulaboski, R., Bosnakovski, D., Ivanovska, A., Arsova-Sarafinovska, Z., Sterjova Arev, M., Apostolova, P., Krstev, A., Stojanovic, I., Velinov, A., Delipetreva, K. (2017) RFP No. 34923 - Developing, Testing and Installing E-learning System for African Member States (RAF6049).
3. Отстранување на техничките и економските бариери за иницирање на активности за расчистување на контаминираната локација со α-HCH, β-HCH и γ-HCH (Линдан) во ОХИС (GF/MCD/100/122).

4. H2020-INFRADEV-2018-2020/H2020-INFRADEV-2019-2 METROFOOD-PP (GA n. 871083) – Deputy National Coordinator
5. H2020-INFRADEV-2016-2017 PROMETROFOOD – Progression toward the construction of METROFOOD (GA n. 739568) – Deputy National Coordinator

Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници

- Д-р Зорица Арсова-Сарафиновска во изборниот период била претседател на Комисија за избор на наставник во насловно звање доцент во областа клиничка фармација (Одлука бр. 2002-125/10, од 26.4.2017 г.); член на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент во областа фармацевтска ботаника и фармакогнозија (Одлука бр. 2002-84/8 од 16.3.2017 г.).
- Кандидатката била член на Комисија за оценка и одбрана на една докторска дисертација и член на Комисија за специјалистички испит по Испитување и контрола на лекови; рецензент на учебник по Инструментални фармацевтски анализи; рецензент на скрипта и практикум по Фитотерапија.
- Во периодот од 2015 г. таа била ментор на повеќе од 15 дипломски трудови на интегриран прв и втор циклус на фармација и член на повеќе од 25 комисии за одбрана на дипломски труд/ завршен испит на студиската програма Фармација.

Да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од учебната 2011/2012 г. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска е активно вклучена во наставните активности на студиската програма фармација, студиската програма медицински лаборанти (стручни студии, прв циклус) и студиската програма медицински лаборанти (стручни студии, прв циклус) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, каде што воведува повеќе наставни предмети: Клиничка фармација и фармакотерапија, Клиничка фармација, Фармакотерапија, Фитохемија, Основи на фитотерапија, Фитофармација, Научноистражувачка работа со самостоен проект/ работа на *case study*, Медицински помагала, Лековитите растенија и животна средина.

Во изборниот период д-р Зорица Арсова-Сарафиновска е вклучена во наставата на студиската програма Фармација (по предметите: Клиничка фармација, Фармакотерапија, Инструментални фармацевтски анализи, Валидација на инструменти, постапки и реагенси) и на студиската програма Медицински лаборанти – стручни студии (по предметот Евалуација на инструменти, постапки и реагенси).

Од учебната 2015/ 2016 г. учествува и во наставата на втор циклус, на академските магистерски студии по Радиофармација на англиски јазик (со предметот Контрола на квалитет на радиофармацевтици).

Од учебната 2016/ 2017 г. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска се вклучува и во наставата на трет циклус, насока Фармацевтски науки (со предметите Клиничко-токсиколошки анализи, Физичко-хемиски феномени и инструментални методи во испитување на нови лекови, Токсиколошки анализи на нови лекови и Токсикологија на метали).

Кандидатката активно извршува научноистражувачка работа и објавува научни трудови во релевантни меѓународни списанија и списанија со импакт фактор.

По изборот во вонреден професор, д-р Зорица Арсова-Сарафиновска има објавено шест (6) труда со импакт фактор, осум (8) труда во меѓународни списанија, три (3) труда печатени во стручни и професионални списанија, тринаест (13) труда презентирани на научни конференции.

Сите објавени трудови на кадидатката се достапни во електронска форма на е-репозиториум на следниот линк: http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Arsova-Sarafinovska=3AZorica=3A=3A.html.

Севкупните публикации на д-р Зорица Арсова-Сарафиновска се цитирани 741 пати, со h-индекс = 11 и i10-индекс = 11 (од 2016 г. до денес има 387 цитати) според базата на податоци *Google Scholar*. https://scholar.google.com/citations?hl=en&user=Vx6DcH8AAAAJ).

Во изборниот период д-р Зорица Арсова-Сарафиновска ги објавила следните научноистражувачки трудови:

**I. Научни трудови објавени во списанија со фактор на влијание**

1. Maksimova V, Mirceski V, Gulaboski R, Koleva Gudeva L, **Arsova-Sarafinovska Z.** *Electrochemical Evaluation of the Synergistic Effect of the Antioxidant Activity of Capsaicin and Other Bioactive Compounds in Capsicum sp. Extracts*. International Journal of Electrochemical Science, 2016; 11: 6673-6687. ISSN 14523981 (IF 1,284) http://eprints.ugd.edu.mk/16085/

Овој труд ги разработува основните електрохемиски особини на капсаицинот, а потоа дава споредба со екстрактите од *Capsicum*, во истите експериментални услови. Акцентот во овој труд е ставен на синергистичкиот ефект на капсаицинот и другите биоактивни компоненти, кој за првпат е докажан, со што се укажува на тоа дека екстрактот од лута пиперка може да се користи во различни медицински цели.

2. Darkovska-Serafimovska M, Janevik-Ivanovska E, Djorgoski I, **Arsova-Sarafinovska Z**, Zdravkovska M, Balkanov T, Ugresic N. *Radiolabeled tirofiban – a potential radiopharmaceutical for detection of deep venous thrombosis*. Drug Design, Development and Therapy, 2016; (10): 2989-2996. ISSN 1177-8881 (IF 3,208) http://eprints.ugd.edu.mk/17130/

Целта на овој труд беше да се испита можноста за употреба на тирофибан (реверзибилен антагонист на гликопротеин IIb/IIIa) обележан со 99 m Technetium за детекција на длабоки венски тромбози кај стаорци без да се предизвика антитромбоцитен ефект. Обележувањето со 99 mTc не влијае на способноста на тирофибан да се поврзе со гликопротеин IIb / IIIa, ниту на неговата „in vivo“ фармакокинетика. Ниска доза од 99 mTc-тирофибан не предизвикува антитромбоцитен ефект и може да се користи за визуелизација на ДВТ во рана фаза.

3. Darkovska-Serafimovska M, Serafimovska T, **Arsova-Sarafinovska Z**, Stefanoski S, Keskovski Z, Balkanov T. *Pharmacotherapeutic considerations for use of cannabinoids to relieve pain in patients with malignant diseases.* Journal of Pain Research, 2018; 837-842. ISSN 1178-7090 (IF 2,236) http://eprints.ugd.edu.mk/19895/

Целта на овој труд беше да се процени ефикасноста на препаратите со канабис за ублажување на болка кај пациенти со малигни заболувања, преку преглед на рандомизирани двојно – слепи со плацебо контролирани студии, објавени на MEDLINE/PubMed, Embase, The Cochrane Controlled Trials Register до јуни 2017 г. Во 15 од 18 студии канабиноидите покажаа значително подобар аналгетски ефект од плацебо. Најчесто пријавените несакани ефекти се благи до умерени (поспаност, гадење, повраќање и сува уста). Сепак, потребни се понатамошни поголеми студии за употреба на канабиноиди кај хомогена популација.

4. Mwanza Wanjeh D, Alemu A, Strjova Arev M, **Arsova-Sarafinovska Z**, Apostolova P, Janevik-Ivanovska E. *Standardization of a method for freeze-drying of antibodies as ready to use therapeutic radiopharmaceuticals*. Farmacia, 2020; Vol. 6 (1): 142-149. ISSN 0014-8237 (IF 1,527) http://eprints.ugd.edu.mk/23947/

Целта на оваа студија е да се воведе и стандардизира скратен протокол за лиофилизација на имуноконјугат на моноклоналното антитело ритуксимаб-1B4M-DTPA и да се изведе карактеризација на добиениот производ. Добиените резултати покажуваат дека скратениот протокол за лиофилизација е супериорен во однос веќе одобрениот тридневен протокол. Изгледот на производот, времето на реконституција и опацитетот при реконституцијата беа слични, а ATR/ FTIR спектрите покажаа дека двата протоколи за лиофилизација даваат производи со сличен квалитет.

5. Serafimovska, T., Darkovska-Serafimovska, M., Stefkov, Gj., **Arsova-Sarafinovska, Z.**, Balkanov, T. (2020) *Pharmacotherapeutic Considerations for Use of Cannabinoids to Relieve*

*Symptoms of Nausea and Vomiting Induced by Chemotherapy*. Folia Medica. ISSN 1314-2143 (online) | ISSN 0204-8043 (print) (IF 0,87) https://eprints.ugd.edu.mk/27002/

Целта беше да се процени ефикасноста на препаратите со канабис за ублажување на гадење и повраќање предизвикано од хемотерапија, преку преглед на рандомизирани клинички студии, објавени на MEDLINE/PubMed, Embase, The Cochrane Controlled Trials Register до април 2020 г. Објавени се испитувања кои ја споредуваат ефикасноста на канабиноидите во споредба со плацебо, кои известуваат за отсуство на повраќање (3 испитувања, 168 испитаници) и отсуство на гадење и повраќање (3 испитувања, 288 испитаници). Се заклучува дека пациентите на хемотерапија, со недоволно ефикасна стандардна антиеметичка терапија, може да имаат бенефит од препарати од канабис, но со строго придржување со упатствата за третман на гадење и повраќање при хемотерапија.

6. Dimovska, V., Ilieva, F., Kostadinovic Velickovska, S., Mihajlov, Lj., Kovacevik, B., Balabanova, B., **Arsova-Sarafinovska, Z.** (2021) *Morphological and chemical assessment of juices and antimicrobial activity of peels from two varieties of pomegranates grown in the region of North Macedonia*. Research Journal of Biotechnology, 16 (5). pp. 133-139. ISSN 0973-6263 (IF 0,21) https://eprints.ugd.edu.mk/28016/

Цел на оваа студија беше испитување на хемискиот состав на сокот од калинка во однос на органски киселини, шеќери, витамин Ц, вкупни феноли, катехини и антоцијанини од две македонски сорти „карамустафа“ и „хиказ“. Нивото на антоцијани е значително повисоко во сортата „хиказ“. Највисока статистички значајна разлика е добиена за содржината на аскорбинска киселина која е четири пати поголема во свежо исцеден сок од сортата „хиказ“. Екстрактите покажуваат силна антибактериска активност против *Staphylococcus aureus* (ATCC 25923) без статистички значајни разлики помеѓу двете сорти.

**II. Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија**

7. Kamceva G, **Arsova-Sarafinovska Z**, Ruskovska T, Zdravkovska M, Kamceva Panova L, Stikova E. *Cigarette Smoking and Oxidative Stress in Patients with Coronary Artery Disease*. Open Access Maced J Med Sci., 2016; 4(4): 636–640. ISSN 1857-9655 http://eprints.ugd.edu.mk/16624/

Во оваа клиничка студија се анализирани селектирани биомаркери на оксидативниот стрес кај пациенти со коронарна артериска болест. Авторите ја определуваат активноста на еритроцитните антиоксидантни ензими супероксид дизмутаза, каталаза и глутатион пероксидаза. Утврдено е дека пушачите имаат значајно пониска активност на глутатион пероксидазата, што говори за намалена антиоксидантна заштита и поголема подложност кон оксидативно оштетување.

8. Maksimova V, **Arsova-Sarafinovska Z**, Koleva Gudeva L. *Molecular mechanisms of capsaicin mediated cytotoxic activity*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2016; 62 (s): 493-494. ISSN 1409 - 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/16215/

Овој труд претставува краток преглед на молекуларните механизми, опишани во литературата како основни механизми во цитотоксичност на антитуморните агенси. Се покажало дека капсаицинот, алкалоид од лутата пиперка, е стимулатор во ослободувањето на серотонин и допамин во SH-SY5Y невробластома клетките. Притоа ванилоидниот рецептор 1 (TRPV1) е еден од клеточните механизми одговорни за овој ефект. Литературните податоци укажуваат дека капсаицинот ја зголемува каспаза-3 активноста по третман во времетраење од 1-24 часа. Притоа, слободните радикали играат важна улога во цитотоксичниот ефект на капсаицинот врз канцер клетките.

9. Shishovska M, Doneva D, **Arsova-Sarafinovska Z**, Starkoska K. *Determination of cannabidiol and Δ9tetrahydrocannabinol in Cannabis sativa L. preparations present in the European market by HPLC/DAD*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2016; 62 (s): 239-240. ISSN 1409 – 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/24191/

Целта на овој труд е да се определи содржината на канабидиол (CBD) и тетрахидроканабинол (THC) во пет препарати со Cannabis sativa L. присутни на европскиот пазар, со употреба на интерен HPLC/ DAD метод. Добиените резултати покажаа присуство на поголема количина на CBD од декларираната (разликите се движеа

од 9,7% m/m до 25,4% m/m). Во три препарати, количината на THC беше над дозволената максимална граница од 0,20%. Не сите испитувани препарати имаат прифатлив квалитет, иако сите тие потекнуваат од европски производители и се присутни на европскиот пазар.

10. Janevik- Ivanovska E, Gjorgieva Ackova D, Smilkov K, Gjorgoski I, Stafilov T, Makreski P, **Arsova- Sarafinovska Z**, Baloch L, Carollo A, Signore A, Duatti A. (2016) *Development and standardization of Rituximab-conjugates for labeling with Lutetium-177 and Yttrium-90.* Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 2016; 62 (s): 537 -538. ISSN 1409 – 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/24197/

Основната цел на авторите во овој труд е да се направи хемиска карактеризација на имуноконјугати обележани со нерадиоактивни изотопи на лутециум и итриум во исти услови како со радиоактивен лутециум-177 и да се покаже нивното хемиско однесување и токсичниот потенцијал.

11. Tanturovski Z, **Arsova-Sarafinovska Z**, Dimitrovska A. *RP-HPLC method with indirect UV detection for determination of sodium ibandronate in pharmaceuticals.* Macedonian pharmaceutical bulletin, 2019; 64 (2). ISSN 1409 – 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/24208

Целта беше да се развие и валидира RP-HPLC со индиректна UV детекција за определување на натриум ибандронат во фармацевтски препарати. Хроматографското раздвојување беше извршено на C18 реверзно-фазна колона во изократски режим на елуирање со мобилна фаза од 90% фосфатен пуфер: 10% ацетонитрил (v/v). Апсорпцијата се определува со DAD детектор на 198 nm, во инверзна функција. Методот е валидиран според упатствата на ICH за валидација. Лимит на детекција и квантификација е 0,0163 µg/ml и 0,0495 µg/ml, соодветно.

12. Grozdanov A, Paunović P, Vasilevska-Nikodinovska V, Dimitrov A, Yukhymchuk V, Stojkovski I, **Arsova-Sarafinovska Z**. *Structural analysis of x-ray irradiated carbon nanostructures.* Material Science & Engineering International Journal, 2019; 3 (4): 141-145. ISSN 2574-9927 http://eprints.ugd.edu.mk/24220/

Перспективна апликација на јаглеродните наноструктури се уреди за дозиметрија, кои можат да обезбедат минијатуризација на уредите, пониски трошоци и комерцијално производство. Во оваа студија, се претставуваат ефектите на ниски дози на x–зрачење врз физичко-хемиските својства на три јаглеродни наноструктури (повеќеслојни јаглеродни наноцевки–MWCNT, графен–G, хибрид–G/MWCNT). Користевме низа техники за карактеризација (скенирачка електронска микроскопија, Раман спектроскопија и FTIR, термичка анализа и мерење на големина на честички). Беше откриено дека изложеноста на зрачење резултира со намалување на sp2 природата на сите три јаглеродни нано структури.

13. Mustafa Z, **Arsova-Sarafinovska Z**, Shishovska M, Grozdanova A. *A Simple Isocratic RP-HPLC Method for Determination of Nitisinone in Pharmaceuticals.* Macedonian pharmaceutical bulletin, 2019; 64 (2).ISSN 1409 – 8695 http://eprints.ugd.edu.mk/24209/

Нитисинон е реверзибилен инхибитор на ензимот 4-хидроксифенил–пируват диоксигеназа и активна супстанција во леко што се користи за третман на наследна тирозинемија тип I, ретка болест предизвикана од мутации на генот на ензимот фумарил – ацетоацетат хидролаза. Целта на трудот беше да се развие и валидира едноставен и точен RP–HPLC метод со УВ детекција за рутинско одредување на нитизинон во комерцијално достапни фармацевтски форми. Предности на предложениот метод се: едноставна подготовка на примерок, добра прецизност (RSD è 2%) и висок аналитички принос (> 99%).

14. Poposka Svirkova, Z., **Arsova-Sarafinovska, Z.,** Grozdanova, A. (2020) *Optimization of RP-HPLC method with UV detection for determination of ursodeoxycholic acid in pharmaceutical formulations*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (1). ISSN 1409-8695 https://eprints.ugd.edu.mk/27906/

Цел на оваа студија беше да се развие и валидира едноставен и сензитивен HPLC/UV метод за определување на урсодеоксихолна киселина во фармацевтски препарати. Ефективно раздвојување се постигна на C18 реверзно–фазна колона, со градиентно елуирање на мобилната фаза составена од мешавина на 0,001 M фосфатен пуфер (pH

2,8 ± 0,5) и ацетонитрил, со проток 1,5 mL/ min, UV детекција на 200 nm и волумен на инјектирање 50 μL. Предложениот HPLC/UV метод беше валидиран според упатствата на ICH.

**III. Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир**

15. Darkovska-Serafimovska M, Janevik-Ivanovska E, Gjorgoski I, **Arsova-Sarafinovska Z**, Balkanov T, Ugresic N. (2016) *Serum determination of 99m Technetium radiolabeled Tirofiban using high performance liquid chromatography in the animal rat model of introduced acute deep venous thrombosis*. In: 18th European Symposium on Radiopharmacy and Radiopharmaceuticals, 7-10 Apr 2016, Salzburg, Austria. http://eprints.ugd.edu.mk/18162/
16. Janevik-Ivanovska E, Zdravev Z, Bhonsle U, Júnior O, Alberto J, Duatti A, Angelovska B, Stojanovska Z, **Arsova-Sarafinovska Z**, Bosnakovski D, Gjorgieva D, Smilkov K, Drakalska E, Venkatesh M, Gulaboski R (2016) *University Master Program of Radiopharmacy – step forward for Good Radiopharmacy Education*. EJNMMI Radiopharmacy and Chemistry, 1. p. 36. ISSN ISSN: 2365-421X http://eprints.ugd.edu.mk/17070/
17. Maksimova V, Koleva Gudeva L, **Arsova-Sarafinovska Z**, Shishovska M. (2016) *Percentage of capsaicinoids in fruits from Capsicum sp. cultivated in the Republic of Macedonia*. Annual volume 2016, Faculty of Agriculture, 14 (1). ISSN 1409-987X http://eprints.ugd.edu.mk/17109/
18. Maksimova V, Koleva Gudeva L, Gulaboski R, Shishovska M, **Arsova-Sarafinovska Z** (2017). *Capsaicin and dihydrocapsaicin variability in Capsicum sp. cultivars from Republic of Macedonia, revealed by validated HPLC method*. Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, 15 (1/2). pp. 89-96. ISSN 2545-4447 http://eprints.ugd.edu.mk/19004/
19. **Arsova Sarafinovska Z**., Najdenkoska A., Culeva B., Dimitrovska M. *Proficiency Testing Activities; Experience of a Laboratory for Food Control Quality Control*. 3rdIMEKOFOODS; Metrology Promoting Harmonization& Standardization in Food & Nutrition; 1st – 4thOctober 2017, KEDEA building, AUTH, Thessaloniki, Greece http://eprints.ugd.edu.mk/24218/
20. Janeva T., Najdenkoska A., **Arsova Sarafinovska Z**. *HPLC/DAD Method for Determination of Flavonoids Rutin and Quercetin in Herbal Supplements*. 4th international conference on Metrology in Food and Nutrition (IMEKOFOODS); 19th – 20th of September 2019; Brussels; Tervuren; Belgium http://eprints.ugd.edu.mk/24210/
21. Najdenkoska A, **Arsova-Sarafinovska Z**, Velkoska-Markovska L, Jankulovska M. (2020) *Joint Research Unit – METROFOOD-MK and its Contribution to Food Safety and Quality*. In: 5th International Conference on Metrology in Food and Nutrition, 16 - 18 Sep 2020, Prague, Czech Republic. http://eprints.ugd.edu.mk/26651/

**IV. Учество на научен собир со реферат (постер/ усно)**

22. Atanasova D, Joseva M, **Arsova-Sarafinovska Z** (2016) *Optimization and verification of the method for determination of antioxidant enzyme catalase in vitro*. In: MatCatNet Workshop "From molcules to functionalised materials" Scientific module "Optical and electronic devices", 1-5 Sept 2016, Ohrid Macedonia. http://eprints.ugd.edu.mk/23422/
23. Gjorgieva Ackova D, Smilkov K, Janevik-Ivanovska E, Stafilov T, **Arsova-Sarafinovska Z**, Makreski P. (2017) *Analytical instruments for biopharmaceutical characterization*. In: 17th CEEPUS Symposium and Summer School on Bioanalysis, 2-8 July 2017, Ohrid http://eprints.ugd.edu.mk/18561/
24. Gjorgieva Ackova D, Smilkov K, Janevik-Ivanovska E, Stafilov T, **Arsova-Sarafinovska Z**, Makreski P. (2017) *Analytical techniques as instruments for biopharmaceutical characterization*. In: 17th CEEPUS Symposium and Summer School on Bioanalysis, 2-8 July 2017, Ohrid http://eprints.ugd.edu.mk/18563/
25. Smilkov K, Gjorgieva Ackova D, Janevik-Ivanovska E, Stafilov T, **Arsova-Sarafinovska Z**, Makreski P, Gjorgoski I. (2017) *Assessment of changes in freeze-dried protein pharmaceuticals*. In: 17th CEEPUS Symposium and Summer School on Bioanalysis, 2-8 July 2017, Ohrid http://eprints.ugd.edu.mk/18564/

26. Feflakova R, Aleksandrov M, **Arsova-Sarafinovska Z**. (2018) *Истражување на употребата на енергетски пијалоци кај студентите во Република Македонија*. In: First Congress of Students on General Medicine; UGD; Stip, 9-10 May 2018, Stip http://eprints.ugd.edu.mk/20809/
27. Najdenkoska A, **Arsova-Sarafinovska Z**, Toshevska S, Velkoska-Markovska L, Jankulovska M, Petanovska-Ilievska B, Janeska Stamenkovska I, Manasievska-Simikj S. *JRU METROFOOD-MK as a part of METROFOOD-RI – infrastructure for promoting metrology in food and nutrition*; In: NUTRICON 2020 Congress, 2–4 September 2020, Ohrid http://eprints.ugd.edu.mk/26650/

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период кандидатката е автор/ коавтор на два рецензирани учебници, две скрипти и два практикуми, објавени на е-библиотека на УГД. Исто така, има објавено и статии во стручни (научно-популарни) списанија, и тоа:

**V. Објавени трудови во стручни (научно-популарни) списанија (2016 – 2021 г.)**

28. Aleksandrov M, Sarafiloska E, **Arsova-Sarafinovska Z**. (2018) *Улогата на ензимскиот цитохром P450 ензимски систем во интеракциите на некои позначајни лекови кои делуваат на централниот нервен систем со пушењето*. Фармацевтски информатор (49). pp. 36-44. ISSN 1409-8784 http://eprints.ugd.edu.mk/21818/
29. Feflakova R, Aleksandrov M, **Arsova-Sarafinovska Z**. (2018) *Истражување за употребата на енергетски пијалаци и нивните ефекти врз здравјето кај студентите во Република Македонија*. Фармацевтски информатор (48). pp. 64-68. ISSN 1409-8784 http://eprints.ugd.edu.mk/20810/
30. Najdenkoska A., **Arsova-Sarafinovska Z.**, Velkovska-Markovska L., Jankulovska M., Zoani C.. *Preparatory phase METROFOOD-PP towards construction of METROFOOD-RI – Infrastructure for promoting metrology in food and nutrition*. Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, Vol 39, No 2 (2020)

**VI. Учество во научноистражувачки проекти**

1. Воведување и стандардизација на технологија на добивање на готови кит формулации на радиофармацевтски препарати базирани на коњугирани комплекси од моноклонални антитела и пептиди, доделен од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитет „Гоце Делчев", Штип (2015-2018).
2. Developing, Testing and Installing E-learning System for African Member States (RAF6049); (2017) RFP No. 34923
3. Отстранување на техничките и економските бариери за иницирање на активности за расчистување на контаминираната локација со α-HCH, β-HCH и γ-HCH (Линдан) во ОХИС (GF/MCD/100/122).
4. H2020-INFRADEV-2018-2020/H2020-INFRADEV-2019-2 METROFOOD-PP (GA n. 871083) – Deputy National Coordinator
5. H2020-INFRADEV-2016-2017 PROMETROFOOD – Progression toward the construction of METROFOOD (GA n. 739568) – Deputy National Coordinator.

**VII. Учество на семинари и тренинг работилници**

- Study Visit on Principles and Application Criteria for Trace Metals Analyses in Food and Feed (22 – 26.10.2018, Venezie, Italy), во организација на TAIEX, European Commission и Istituto Zooprofilattico Sperimentale delle Venezie (Italy);
- Study Visit on Internal and External Quality Control in Chemical Laboratories (5 – 9.2.2018, Athens, Greece), во организација на TAIEX, European Commission и State General Chemical Laboratory of Greece, Athens;
- 2017 Expert meeting on TDI/Treatment (20 – 21.09.2017, Lisbon), во организација на European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction (EMCDDA), Lisbon, Portugal;

- Workshop – Removal of technical and economic barriers to initiating activities to clean up the contaminated location with a-HCH, b-HCH and g-HCH (Lindane) OHIS within the project GF/ MCD/ 100/122 (11 – 15.09.2017, Brno; Czech Republic), во организација на Ministry of Environment and Physical Planning of Macedonia & Research Centre for Toxic Compounds in the Environment (RECETOX), Masaryk University; Brno; Czech Republic;
- Study Visit to the Croatian Competent Authority for Chemicals Management (04 – 05.07.2017, Zagreb, Croatia), во организација на European Chemicals Agency во соработка со Croatian Competent Authority for Chemicals Management, Zagreb, Croatia;
- European Chemicals Agency's 12th Stakeholders' Day at ECHA premises (5.4.2017, Helsinki, Finland), во организација на European Chemicals Agency, Helsinki, Finland;
- Study Visit on the Determination of the Quality of Nectar and Fruit Juices (26 – 30.9.2016, Cluj-Napoca, Romania), во организација на TAIEX, European Commission и National Institute for R&D of Isotopic and Molecular Technologies, Cluj-Napoca, Romania;
- Study Visit on Determination of Novel Composition in Consumer Products (15 – 17.6.2016, Pau, France), во организација на TAIEX, European Commission и IPREM "Laboratoire de Chimie Analytique Bio-inorganique et Environnement", Pau, France.

**VIII. Рецензент на трудови во научни списанија опфатени во** CSI листа (списанија со фактор на влијание): **(2015 – 2021 г.)**

- Redox Report (Taylor&Francis Ltd.), ISSN / eISSN 1351-0002 / 1743-2928; IF 1,963
- https://www.tandfonline.com/toc/yrer20/current
- Human and Experimental Toxicology (SAGE Pub), ISSN / eISSN 0960-3271 / 1477-0903; IF 2.171 https://journals.sagepub.com/home/het
- Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering; Print ISSN 1857-5552; Online ISSN 1857-5625; IF 0,644 https://mjcce.org.mk/index.php/MJCCE
- Balkan Journal of Medical Genetics (Macedonian Academy of Sciences and Arts); ISSN / eISSN 1311-0160; IF 0.769 https://content.sciendo.com/view/journals/bjmg/bjmg-overview.xml
- International Journal of Environmental Analytical Chemistry (Taylor&Francis Ltd.), ISSN / eISSN **0306-7319 / 1029-0397**, IF 1.267 https://www.tandfonline.com/loi/geac20

**IX. Член на институтски орган, комисија**

Д-р Арсова-Сарафиновска учествува во работа на комисии во Фармацевтската комора:

- Испитувач за спроведување на пробната работа и стручниот испит на фармацевтите со завршено високо образовани (Одлука на Извршниот одбор на Фармацевтската комора бр. 02-71/7, донесена на седницата одржана на 25.2.2015 г.).
- Член на комисијата за признавање на пробна работа и стручен испит поминати и положени во странство при Фармацевтската комора (Решение од 30.6.2013 г.).
- Вршител на стручен надзор на работата на здравствена установа (лабораторија) и здравствените работници кои се вработени во установата. (Одлука на Извршниот одбор на Фармацевтската комора бр. 02-347/5 од 25.12.2013 г.).

Во изборниот период кандидатката била/ е член на комисии кои работат во состав на Агенцијата за лекови и медицински средства, и/ или Министерството за здравство:

- Комисија за клинички испитувања на лекови и медицински средства (Решение бр. 03-8409/2 од 18.10.2019 г.);
- Комисија за оценување на условите за добра производна пракса, добра клиничка пракса и добра лабораториска пракса (Решение бр. 03-4791/1 од 28.5.2019 г.);
- Комисијата за проценка на документација и подготвување на стручни мислења (Решение бр. 03-7998/1 од 4.9.2019 г., 03-7998/2 од 1.11.2019 г.);
- Комисија за пуштање во промет на хемикалии (Решение бр. 19-544/1, од 6.9.2016 г.).

Од 2008 г. е технички оценувач/ експерт во Институт за акредитација за стандардите МКС EN ISO 17025:2006; МКС EN ISO 15189:2013 и МКС EN ISO/IEC 17021-1. Во изборниот период учествува во повеќе оценки и има подготвено повеќе од 18 експертски извештаи (според Договори за ангажирање во постапка за акредитација од 07.11.2016; 07.12.2016; 02.02.2017; 01.03.2017; 27.03.2017; 27.03.2017; 16.05.2017; 04.07.2017; 28.09.2017; 22.04.2019;. 24.04.2019;.03.05.2019; 31.01.2020; 04.02.2020; 04.03.2020; 20.08.2020; 25.08.2020; 22.09.2020).

**Член на факултетски орган, комисија**

Кандидатката е вклучена во повеќе активности на Факултетот за медицински науки:

- Претседател на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научната област клиничка фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2002-125/10 од 26.4.2017 г.);
- Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научната област фармацевтска ботаника и фармакогнозија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Одлука бр. 2002-84/8 од 16.3.2017 г.;
- Член на Рецензентска комисија за издавање на скрипта со наслов „Фитотерапија“ (Одлука бр. 2002-111/54 од 5.6.2019 г.);
- Член на Рецензентска комисија за издавање на практикум со наслов „Практикум по Фитотерапија“ (Одлука бр. 2002-111/55 од 5.6.2019 г.);
- Член на Комисија за одбрана на специјалистички испит по Испитување и контрола на лекови (втор циклус) на кандидат м-р фарм. Ирена Брчина.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со својата досегашна работа д-р Зорица Арсова-Сарафиновска има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност. Кандидатката поседува квалитети и способности за успешна реализација на образовната и научностражувачката работа покажувајќи посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Освен во наставно-образовната активност преку ангажираноста и успешната реализација на обврските со студентите, кандидатката дава свој придонес и во стручно-апликативната и организациско-развојната дејност на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Со објавувањето на научни трудови со оригинални научни резултати во меѓународни списанија со фактор на влијание, д-р Зорица Арсова-Сарафиновска придонесува и за развојот на науката на Универзитетот.

Според Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/18) и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Зорица Арсова-Сарафиновска во изборниот период има остварено (НО + НИ + САОР) = 236 поени со што ги исполнува условите да биде избрана во звањето **редовен професор.**

Врз основа на приложениот материјал, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип да ја избере кандидатката д-р Зорица Арсова-Сарафиновска во звање редовен професор за наставно-научната област клиничка фармација (30616) и инструментални фармацевтски анализи (30612), а потоа да побара од Универзитетскиот сенат да го потврди овој избор.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Анета Димитровска,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Кристина Младеновска,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Билјана Ѓорѓеска,** редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | / | / | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ | | | | | |
| | останати автори (≤ 5): труд бр. 1, 5 | | | 2 | 5 | 10 |
| | останати автори (≥ 5): труд бр. 2, 3, 4, 6 | | | 4 | 3,5 | 14 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | | | | | |
| | втор автор (≤ 5): труд бр. 8, 11, 13, 14 | | | 4 | 6 | 24 |
| | втор автор (≥ 5): труд бр. 7 | | | 1 | 4,2 | 4,2 |
| | останати автори (≤ 5): труд бр. 9 | | | 1 | 3 | 3 |
| | останати автори (≥ 5): труд бр. 10, 12 | | | 2 | 2,1 | 4,2 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | | | |
| | Во земјата: труд бр. 17, 18 | 2 | 2 | | | 4 |
| | Во странство: труд бр. 19, 20, 21 | | | 3 | 3 | 9 |
| | Во странство: труд бр. 15, 16 | | | 2 | 2,1 | 4,2 |
| | Учество на научен собир со реферат | | | | | |
| | Во земјата (постер): труд бр. 22, 23, 24, 26, 27 | 5 | 1 | | | 5 |
| | Во земјата (усно): труд бр. 25 | 1 | 1,5 | | | 1,5 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | | | | |
| | Во земјата: VI.1 | 1 | 2 | | | 2 |
| | Во странство: VI. 2 | | | 1 | 3 | 3 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (останати) | | | | | |
| | Journal of Chemical Engineering Research Updates | | | | 1 | 1 |
| | Студиски престој во странство (8 еднократно) | | | 1 | 8 | 8 |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ) | | | | | |
| | Redox Report | | 4 x 2 | | | 8 |
| | Human and Experimental Toxicology | | 4 x 2 | | | 8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering | | 4 x 2 | | | 8 |
| | Balkan Journal of Medical Genetics | | 1 x 2 | | | 2 |
| | International Journal of Environmental Analytical Chemistry | | 1 x 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **125** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга/ учебник | 2 | 10 | | | 20 |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>Во земјата: труд бр. 28, 29, 30 | 3 | 2 | | | 6 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>VI.3; VI.4; VI.5 | | | 3 | 8 | 24 |
| | Раководител на катедра/ оддел/ центар<br>Раководител на Оддел за хемиски и радиолошки испитувања | | 3 | | | 3 |
| | Член на факултетски орган, комисија<br>Член на рецензентска комисија за избор на наставник | 2 | 2 | | | 4 |
| | Член на институтски орган, комисија | | | | | |
| | Член на комисии во Фармацевтска комора | 3 | 2 | | | 6 |
| | Член на комисии во Агенција за лекови и медицински средства | 3 | 2 | | | 6 |
| | Член на комисија во Министерство за здравство | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **71** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **236** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И ЗАБОЛУВАЊЕ НА МЕТАБОЛИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-81/11 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот (30202) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

– **д-р Татјана Миленковиќ** - претседател, редовен професор за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот, вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– **д-р Бранкица Крстевска** - член, редовен професор во пензија за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
– **д-р Андон Чибишев** – член, редовен професор за наставно-научната област токсикологија, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија и на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 5.3.2021 година и исправка на Конкурсот од 9.3.2021 година објавена исто така во весниците „Слободен печат” и „Коха“ во предвидениот рок се пријавија д-р Валентина Велкоска-Накова и д-р Ивица Смоковски, насловни вонредни професори на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката навремено и уредно ги има доставено сите документи кои се бараат во Конкурсот, односно:

- Пријава;
- Кратка биографија (4 примероци);
- Уверение за положени испити од додипломски студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (заверена кај нотар);
- Диплома за завршени додипломски студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (заверена кај нотар);
- Диплома за завршен втор циклус на студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (заверена кај нотар);
- Диплома за завршен трет циклус студии на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (заверена кај нотар);
- Уверение за државјанство (оригинал);
- Список со објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од секој труд);
- Сертификати од присуство на стручни конференции;
- Сертификат за познавање на англиски јазик (оригинал);
- Примерок од магистерски и докторски труд, електронска верзија на CD;
- Примерок од објавени во е-библиотека, скрипта и практикум од соодветната област, електронска верзија на CD;
- Одлука за избор на доцент во наставно-научната област еднокринологија и заболување на метаболизмот;
- Одлука за избор во насловен вонреден професор во наставно-научната област еднокринологија и заболување на метаболизмот;
- Останати сертификати, одлуки и решенија.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Валентина Велкоска-Накова** е родена на 22.10.1979 г. во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех. Во учебната 1998/1999 г. се запишува на студии на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во 2004 г. со просечен успех 9,12 и се стекнува со звање дипломиран доктор на медицина. Во 2005 година го положува стручниот испит и се стекнува со лиценца за работа.

Во 2007 г. се запишува на постдипломски студии по интерна медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, каде што ги положува сите предвидени испити со среден успех 10,0 и на 4.4.2011 г. ја брани магистерската теза со наслов „Влијание на супклинички хипотироидизам врз некои фактори на ризик за атеросклероза", со што се стекнува со титулата магистер на медицински науки.

Во 2008 г. се запишува на специјализација по интерна медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и истата ја завршува во септември 2013 г.

Во 2011 г. се запишува на докторски студии по клиничка медицина на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и на 22.5.2015 година ја брани докторската дисертација на тема „Евалуација на ефектот од тироидна супституциона терапија врз левовентрикуларната систолна и дијастолна функција кај супклинички хипотироидизам".

Во 2019 г. се запишува на супспецијализација по ендокринологија, која е сè уште во тек.

Од 2004 до 2006 г. работи како професор по стручни предмети во средното Државно медицинско училиште „Јане Сандански" во Штип.

Од 2007 г. со Одлука на Матичната комисија при основањето на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип е избрана за помлад асистент на Високата здравствена школа. Во 2010 год. е реизбрана во истото звање на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Во 2012 г. е избрана во звањето асистент, а во 2015 г. е избрана во звањето доцент на Факултетот за медицински науки - Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. На 1.2.2021 година е избрана во насловен вонреден професор.

Од 2014 г. работи како специјалист по интерна медицина на Одделението за внатрешни болести во Клиничката болница во Штип. Од 31.12.2020 година засновува двоен работен однос со 35 часа неделно во Клиничка болница во Штип и 5 часа неделно на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик, работа со компјутери и статистичка обработка на податоци во Statistics 7,0 и SPSS.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во сите звања:**

1. Кандидатката д-р Валентина Велкоска-Накова има остварено просечен успех од 9,12 на додипломските студии по медицина и 10,0 на постдипломските студии по медицина.
2. Кандидатката д-р Валентина Велкоска-Накова во 2015 г. ја брани докторската дисертација со наслов „Евалуација на ефектот од тироидна супституциона терапија врз левовентрикуларната систолна и дијастолна функција кај супклинички хипотироидизам", која обработува научни согледувања за потребата од третман на супклиничкиот хипотироидизам и ефектот од болеста и терапијата на левовентрикуларната функција на срцето, при што се стекнува со научен степен доктор на медицински науки. Со Одлука 2002-203/19 од 2.9.2015 г. избрана е во звањето доцент.
3. Објавени научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години:

***Објавени научноистражувачки трудови од соодветните области во референтна научна публикација***

| Бр. | Автори | Наслов на публикацијата | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| | Brankica Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova**, Slagjana Simeonova Krstevska, Sasha Jovanovska Mishevska | Maternal 75-g OGTT glucose levels as predictive factors for large-for-gestational age newborns in women with gestational diabetes mellitus. | Arch Endocrinol Metab. 2016;60/1. | IF = 1.193 |
| | **Valentina Velkoska Nakova**, Brankica Krstevska, Elizabeta Srbinovska Kostovska, Olivija Vaskova, Ljubica Georgievska Ismail. | The effect of levothyroxine treatment on left ventricular function in subclinical hypothyroidism. | Arch Endocrinol Metab. 2018; 62(4) 392-398. | IF =1.193 |
| | **Valentina Velkoska Nakova** | Comparison of rosuvastatin and atorvastatin for lipid lowering and safety in patients with type 2 diabetes mellitus. | Knowledge-International Journal 2019; Vol. 35(4): 1227-1230. | |
| | Slagjana Simeonova Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova**, Igor Samardziski, Aleksandra Atanasova Bosku, Irena Todorovska, Aneta Sima, Vesna Livrinova, Viktorija Jovanovska, Daniel Milkovski. | Perinatal Outcome in gestational diabetes mellitus vs normoglycemic women. | Biomed J Sci & tech Res. 2020; 26(2): 19882-19887. | IF=0.548 |
| | Brankica Krstevska, Sasha Jovanovska Misevska, Slagjana Simeonova Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova**. | Using 75 g OGTT in Prediction for Macrosomia in Gestational Diabetes Mellitus. | Clinics Mother Child Health 2016,13:4. | |
| | Simeonova-Krstevska, S., Bogoev, M., Bogoeva, K., Zisovska, E., Samardziski, I., **Velkoska Nakova, V.,** Livrinova, V., Todorovska, I., Sima, A., Blazevska-Siljanoska, V. | Maternal and Neonatal Outcomes in Pregnant Women with Gestational Diabetes Mellitus Treated with Diet, Metformin or Insulin. | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2018; 6(5), 803-807. | SJR=0,26 |
| | Aneta Sima, Anita Arsovska, Jadranka Georgievska, **Valentina Velkoska Nakova**, Slagana Simeonova Krstevska. | Menopausal transition as a cause of emotional disturbance, insomnia and sexual dysfunction. | Мак Мед Преглед 2019; 73(1)1-10. | |
| | Nakov, D., Trajchev, M., **Velkoska Nakova, V.,** Stojiljkovic, J. | Enzimatic antioxidants in raw cow milk. | KNOWLEDGE – International 2019. Journal Vol. 35. 3. pg. 901-907. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Stojiljkovic, J., Trajchev, M., **Velkoska Nakova, V.,** Nakov, D. | Growth of Salmonella enteritidis in egg-based pasta. | KNOWLEDGE – International 2019. Journal Vol. 35.3. pg. 915-920. | |
| | Brankica Krstevska, Sasha Misevska Jovanovska, Slagjana Simeonova Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova,** Vladimir Serafimoski. | Maternal lipids may predict fetal growth in type 2 dibetes mellitus and gestational diabetes mellitus pregnancies. | CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XXXVII 2–3, 2016. | |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Валентина Велкоска-Накова е избрана за помлад асистент од Матичната комисија при формирањето на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Од формирањето на Високата здравствена школа во 2007 г., а подоцна и на Факултетот за медицински науки, како помлад асистент, а потоа и асистент, учествува во етаблирањето на практичната настава на повеќе предмети од сите студиски програми акредитирани на Факултетот за медицински науки: интерна медицина, нега на болен, физиологија. По изборот во доцент учествува во наставата на предметите: Интерна медицина 1, Интерна медицина 2, Вовед во клиничка пракса, Интерна медицина со нега, Основни поглавја на интерна медицина, Геријатрија, Медицина на труд на студиските програми Општа медицина и стручните студии - Лаборант, Акушерка и Медицинска сестра/техничар. Д-р Валентина Велкоска-Накова е вклучена во наставата на втор циклус стручни студии, на студиската програма Дипломирана стручна медицинска сестра/техничар специјализирана за интензивна нега, на изборниот предмет Медицински апарати и гасови. На 1.2.2021 година е избрана во насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Унверзитетот „Гоце Делчев" за наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот.

Во периодот од 2015 г. до денес, д-р Валентина Велкоска-Накова била ментор на над 10 дипломски трудови на прв циклус на студиска програма Општа медицина, Медицински сестри/техничари, Медицински лаборант, а била член на над 30 комисии за одбрана на дипломски трудови, како и рецензент и член на комисии за одбрана на стручен специјалистички труд. Била член и на комисии за одбрана на специјалистички трудови.

Во сегментот на публикација на учебни помагала, од изборот во доцент, д-р Валентина Велкоска-Накова учествува како коавтор во изработка на една рецензирана скрипта по ендокринологија и еден рецензиран практикум по ендокринологија со протоколи на испитување. Истите се наменети за студентите од студиската програма Општа медицина, материјал кој се изучува во состав на предметот Интерна медицина 2, распореден во 8 семестар.

Д-р Валентина Велкоска-Накова била рецензент во меѓународни списанија, како и член на уредувачкиот одбор на Acta Medica Balkanica, International Journal Of Medical Sciences. Член е на меѓународниот одбор на COST акцијата (CA18216): Network for Research in Vascular Ageing. Учествувала во 1 апликативен проект: Medically ill patient assessment of rivaroxaban versus placebo in reducing post - discharge venous thrombo - embolism risk, 2016-2018, спроведен во Клиничка болница - Штип. Во моментов учествува во уште еден апликативен проект: Randomised, Double Blind, Placebo-controlled study to evaluate the efficacy and safety of TRC1010 in delaying chronic kidney disease progression in subjects with metabolic acidosis, кој исто така се изведува во Клиничка болница - Штип.

Во рамки на доедукација, кандидатката во периодот по изборот во доцент, остварила еден месечен престој на AKH University Hospital - Vienna, во периодот 2-25.9.2015 г.

Д-р Валентина Велкоска-Накова има објавено 3 научни трудови, печатени во списанија со фактор на влијание (SCI листа, Clarivate analytic/ Thomson Reuters), 7 научни трудови објавени во меѓународни списанија и 2 научни трудови помеѓу двата избори, но постари од 5 години и истите не се рецензирани:

1. **(не е рецензиран) Valentina Velkoska Nakova,** Brankica Krstevska, Elizabeta Srbinovska Kostovska, Olivija Vaskova, Silvana Jovanova. Influence of the Subclinical Hypothyroidism on the Left Ventricular Systolic and Diastolic Function (pilot study). Thyroid Disorders Ther 2015, 4:2-5.

*Овој case-control труд ја евалуира левовентрикуларната систолна и дијастолна функција кај пациенти со супклинички хипотироидизам наспроти соодветни според возраст, пол и индекс на телесна маса здрави лица, користејќи ги новите модалитети во ехокардиографијата. Притоа прикажува статистички значајно влијание на супклиничкиот хипотироидизам врз глобалната лонгитудинална систолна функција на левата комора.*

2. Brankica Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova**, Slagjana Simeonova Krstevska, Sasha Jovanovska Mishevska. Maternal 75-g OGTT glucose levels as predictive factors for large-for-gestational age newborns in women with gestational diabetes mellitus. Arch Endocrinol Metab. 2016;60/1.

*Оваа проспективна студија ја истражува гликемиската вредност од 75г.ОГТТ кај мајката, која би можела да го предвиди раѓањето на макросомичен плод. Вклучувајќи 118 бремени жени, трудот прикажува дека во најголем дел вредноста на гликемијата на гладно и во помал дел гликемијата по 1 час од 75 г. ОГТТ може да се користат во тоа предвидување.*

3. **Valentina Velkoska Nakova**, Brankica Krstevska, Elizabeta Srbinovska Kostovska, Olivija Vaskova, Ljubica Georgievska Ismail. The effect of levothyroxine treatment on left ventricular function in subclinical hypothyroidism. Arch Endocrinol Metab. 2018; 62(4) 392-398.

*Трудот е проспективна студија која го обработува ефектот од терапијата со левотироксин врз левовентрикуларната систолна и дијастолна функција кај пациенти со блага форма на супклинички хипотироидизам, наспроти здрава контролна група. Пациентите со супклинички хипотироидизам имаат суптилни промени во ехокардиографските параметри, кои се покажале како реверзибилни по спроведениот третман со левотироксин.*

4. **Valentina Velkoska Nakova**. Comparison of rosuvastatin and atorvastatin for lipid lowering and safety in patients with type 2 diabetes mellitus. Knowledge-International Journal Vol. 35(4): 1227-1230.

*Овој оригинален научен труд прави споредба помеѓу росувастатините и аторвастатините во моќноста на намалување на различните фракции на липиди и нивниот безбеден профил кај лица со дислипидемија и дијабетес тип 2. Истиот прикажува статистички значајно намалување во липидите и кај двата лека, со тоа што розувастатините се покажале како помоќни во намалувањето на вкупниот и LDL-холестеролот, а аторвастатините како помоќни во однос на росувастатините во намалување на триглицеридите. И двата лека притоа не довеле до зголемување на трансаминазите и креатинин киназата.*

5. Slagjana Simeonova Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova**, Igor Samardziski, Aleksandra Atanasova Bosku, Irena Todorovska, Aneta Sima, Vesna Livrinova, Viktorija Jovanovska, Daniel Milkovski. Perinatal Outcome in gestational diabetes mellitus vs normoglycemic women. Biomed J Sci & tech Res. 2020; 26(2): 19882-19887.

*Проспективна студија која обработува мајчин и неонатален исход кај мајки со гестациски дијабетес наспроти мајки без дијабетес. Студијата прикажува полош исход за мајката во однос на присуство на артериска хипертензија, предвремено породување и породување со царски рез, но полош исход и за новороденчето во однос на честота на хипогликемија, респираторен дистрес, лекување во неонатална интензивна нега и понизок Апгар скор.*

6. **(не е рецензиран) Velkoska Nakova V,** Krstevska B, Srbinovska Kostovska E, and Vaskova O. Assessment of left ventricular systolic and diastolic function in subclinical hypothyroidism. International Journal of Recent Scientific Research; 2015 Vol. 6, Issue, 11, p. 7580-7585.

*Оваа проспективна студија ја проценува глобалната и лонгитудинална систолна и дијастолна левовентрикуларна функција кај пациенти со супклинички хипотироидизам наспроти здрави пациенти. Од големиот број на ехокардиографски мерења од кои поголем дел не се користат рутински се потенцираат оние кои би можеле да се користат за следење на овие пациенти (E/A, E/e' sep., S/TDI, MPI, GLS).*

7. Brankica Krstevska, Sasha Jovanovska Misevska, Slagjana Simeonova Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova.** Using 75 g OGTT in Prediction for Macrosomia in Gestational Diabetes Mellitus. Clinics Mother Child Health 2016,13:4.

*Овој труд ја прикажува зголеменаta преваленција на макросомични новороденчиња кај мајки со гестациски дијабетес, наспроти мајки без дијабетес. Во трудот е изработена ROC крива според резултатите од 75 г. ОГТТ која предвидува кои вредности на гликемија може да ја предвидат макросомичноста кај мајки со гестациски дијабетес.*

8. Simeonova-Krstevska, S., Bogoev, M., Bogoeva, K., Zisovska, E., Samardziski, I., **Velkoska-Nakova, V**., Livrinova, V., Todorovska, I., Sima, A., Blazevska-Siljanoska, V. Maternal and Neonatal Outcomes in Pregnant Women with Gestational Diabetes Mellitus Treated with Diet, Metformin or Insulin. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2018; 6(5), 803-807.

*Овој труд го споредува неонаталниот исход од мајки со гестациски дијабетес според типот на третман: диета, метформин или инсулин. Студијата ја прикажува безбедноста на метформинот во терапијата на гестациски дијабетес, прикажувајќи и помал ризик за макросомија кај новородените од мајки кои биле третирани со метформин, но и помал ризик од неонатална хипогликемија кај истата група.*

9. Aneta Sima, Anita Arsovska, Jadranka Georgievska, **Valentina Velkoska Nakova**, Slagana Simeonova Krstevska. Menopausal transition as a cause of emotional disturbance, insomnia and sexual dysfunction. Мак. мед. преглед 2019; 73(1)1-10.

*Во овој труд ги истражува психо-социјалните промени кај жените во периодот на перименопауза, земајќи ги предмет демографските карактеристики на анализираните жени. Несоницата и сексуалната дисфункција се покажале како најчесто присутни, а депресијата почеста кај жените кои живеат на село, оние со понизок степен на образование и со македонска националност.*

10. Nakov, D., Trajchev, M., **Velkoska Nakova, V**., Stojiljkovic, J. (2019). Enzimatic antioxidants in raw cow milk. KNOWLEDGE – International Journal Vol. 35. 3. pg. 901-907.

*Во трудот е испитуван антиоксидативниот капацитет на сурово кравјо млеко преку одредување на активноста на 2 најзначајни антиоксидативни ензими. Притоа било утврдено дека постои статистички значајна корелација помеѓу испитуваните ензими, што укажува на нивното значење во антиоксидативната стабилност на кравјото млеко.*

11. Stojiljkovic, J., Trajchev, M., **Velkoska Nakova, V**., Nakov, D. (2019). Growth of Salmonella enteritidis in egg-based pasta. KNOWLEDGE – International Journal Vol. 35.3. pg. 915-920.

*Овој прегледен труд ја обработува преваленцијата на алиментарните болести предизвикани од бактериите од видот Salmonella enterica, со посебен акцент на храната која содржи свежи јајца.*

12. Brankica Krstevska, Sasha Misevska Jovanovska, Slagjana Simeonova Krstevska, **Valentina Velkoska Nakova,** Vladimir Serafimoski. Maternal lipids may predict fetal growth in type 2 dibetes mellitus and gestational diabetes mellitus pregnancies. CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XXXVII 2–3, 2016.

*Овој труд ја проценува предиктивната вредност на липидите во 3-тиот триместар за макросомија кај бремени жени со гестациски и тип 2 дијабетес мелитус. Триглицеридите и LDL- холестеролот се покажале како независни предиктори за фетална макросомија кај оваа група на жени.*

Во рамки на научноистражувачката дејност, д-р Валентина Велкоска-Накова е автор/коавтор на 14 предавања, усни и постер презентации на научни и стручни собири, кои се печатени во зборници на трудови од научни собири, во земјата и во странство:

13. **(не е рецензиран)** Tatjana Barjaktarova Prosheva, **Valentina Velkoska Nakova**, Slavica Jordanova, Svetlana Tofiloska Josifova. Idiopathic osteoporosis in young male with rib fractures. 17th ESE Postgraduated Training Course on Endocrinology, Diabetes and Metabolism, 19-22.11.2015, Tirana, Albania, Abstract book.
14. **(не е рецензиран) Valentina Velkoska Nakova**, Tatjana Barjaktarova Prosheva, Brankica Krstevska. Parathyroid adenoma- a case report with unusual clinical characteristics. 17th ESE Postgraduated Training Course on Endocrinology, Diabetes and Metabolism, 19-22.11.2015, Tirana, Albania, Abstract book. (усна презентација)
15. **Valentina Velkoska Nakova**, Vesna Ushinova, Aleksandar Pop-Dimitrov, Snezhana Donchovska. Hiatus hernia presented as acute respiratory failure. The Xth Macedonian Gastroenterology and Hepatology congress with International participation, 2016, Abstract Book. (постер презентација)
16. **Valentina Velkoska Nakova**, Tatjana Bajraktarova Prosheva, Lence Topliklieva, Slave Dimitrov, Vesna Ushinova, Hristina Camovska Sheshoska. Does glycaemic parameters predict adverse outcomes in hospitalized patients with diabetes mellitus? 5. Македонски конгрес по ендокринологија и 3. дијабетолошки денови со интернационално учество, 10-13.5.2018, Охрид, Книга на апстракти, стр.156. (постер презентација)
17. А. Нацева, **В.Велкоска Накова**. Компликациите од дијабетес како причина за хоспитализација во Клиничката болница во Штип. 5. Македонски конгрес по ендокринологија и 3. Дијабетолошки денови со интернационално учество, 10-13.5.2018, Охрид, Книга на апстракти, стр.111-112. (постер презентација)
18. Е. Тасева, **В. Велкоска Накова**, С. Николов, М.Јовев, Г. Камчева Михаилова, С.Докузиова. Инциденција на акутен коронарен настан кај лица со дијабетес тип 2 во клиничката болница во Штип. 5. Македонски конгрес по ендокринологија и 3. Дијабетолошки денови со интернационално учество, 10-13.5.2018, Охрид, Книга на апстракти, стр.108-109. (постер презентација)
19. Б. Пецанова, **В.Велкоска Накова**, Т. Бајрактарова Прошева. Ултрасонографска анализа на тироидни јазли. 5. Македонски конгрес по ендокринологија и 3. Дијабетолошки денови со интернационално учество, 10-13.5.2018, Охрид, Книга на апстракти, стр.146-147.(постер презентација)
20. **Valentina Velkoska Nakova**. Stress, smoking and thyrotoxicosis. Регионална стручно-научна конференција, Социјалните детерминанти и здравјето на населението, постер презентација, Штип, 27.2.2018, стр.135.
21. **Velkoska Nakova V**, Ushinova V, Donchovska S. Pancoast tumor- a case report, 4th congress of the pneumophtisiologists od Repablic of North Macedonia with international participation, 12-14.09.2019, Struga, R. N. Macedonia. (постер презентација)
22. **V. Velkoska Nakova**, S.Jordanova. Anticoagulation therapy in patients with hyperthyroid-related atrial fibrillation. 6th Macedinian Congress of Cardiology, 3-6.10.2019, Ohrid, N.Macedonia. Abstract book p.41. (усна презентација)
23. M. Kostova, **V.Velkoska Nakova**, S. Nikolov, M.Jovev. Implications from diabetes mellitus in acute coronary syndrome. 6th Macedinian Congress of Cardiology, 3-6.10.2019, Ohrid, N.Macedonia. Abstract book p.101 (постер презентација)
24. S.Jordanova, M. Shorova, S. Josifovska-Tofilovska, **V. Nakova Velkoska**. Pulmonary embolism in patients with Factor V Leiden mutation (FVL) - case presentation. 6th Macedinian Congress of Cardiology, 3-6.10.2019, Ohrid, N.Macedonia, Abstract book p.116. (постер презентација)
25. **Valentina Velkoska Nakova.** "Diabetic ketoacidosis and acute appendicitis in T1DM patient" на медицинската конференција "Special Ops"- pre/intra/post-operative management of complicated surgical patient, Shtip, 19th November, 2019. (усна перзентација)
26. **Valentina Velkoska Nakova**, Brankica Krstevska, Gordana Pemovska, Irfan Ahmeti, Tatjana Milenkovic. Management of subclinical hyperthyroidism presented by several cases. 22nd European Congress of Endocrinology. Endocrine Abstracts September 2020, Vol 70. EP518 (постер презентација)

Според базата на Google Scholar, научните трудови на д-р Валентина Велкоска Накова до 4.4.2021 година се цитирани 305 пати, од кои 219 пати во периодот од 2015 година до денес.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во рамки на стручно-апликативната дејност, д-р Валентина Велкоска-Накова објавила 3 труда во стручното списание „Медикус“:

27. Анастасија Нацева, **Валентина Велкоска Накова**. Дијабетот-доминантна патологија за хоспитализација. Медикус, број 28, 2019.
28. **Валентина Велкоска Накова**, Благица Пецанова, Татјана Бајрактарова Прошева. Тироидни јазли. Медикус, број 28, 2019.
29. **Валентина Велкоска Накова**. Третман на пациенти со дијабетес тип 2 и кардиоваскуларна болест. Медикус, број 30. 2020.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната активност на насловен вонреден професор д-р Валентина Велкоска-Накова може да се заклучи дека кандидатката остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во списанија со импакт-фактор, како и повеќето публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјата и странство. Истовремено, кандидатката остварува континуиран прогрес и во наставно-образовната дејност, почнувајќи од асистент, а потоа продолжувајќи како наставник - доцент, насловен вонреден професор.

Имајќи ги предвид претходно изложените факти во овој извештај, освоените поени од нејзините активности во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, кандидатката ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање вонреден професор, затоа Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да ја избере насловен вонреден професор д-р Валентина Велкоска-Накова во звањето вонреден професор во наставно-научната област ендокринологија и заболување на метаболизмот.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Татјана Миленковиќ,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Бранкица Крстевска,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Андон Чибишев,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Избор во звање доцент | 1 | 30 | / | / | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор – бр. 3) | | | 1 | 15 | 15 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (втор автор –бр. 2,5) | | | 1<br>1 | 10<br>7 | 17 |
| | Научен труд објавен во списание со ИФ (останати автори – бр.8) | | | 1 | 3,5 | 3,5 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор –бр. 4) | | | 1 | 11,7 | 11,7 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (останати автори – бр. 7,9,10,11,12) | | | 1<br>4 | 2,1<br>3 | 14,1 |
| | Секциско предавање на научен собир (бр. 22) | 1 | 2 | | | 2 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер) (бр.15,16, 17, 18, 19, 20, 21, 23, 24, 26) | 9 | 1 | 1 | 1,5 | 10,5 |
| | Учесник во научен проект | | | 1 | 3 | 3 |
| | Студиски престој во странство | | | | 8 | 8 |
| | Рецензент на научен труд (ЦА) | | | 1 | 1,5 | 1,5 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списани | 1 | 2 | | | 2 |
| | ВКУПНО | | | | | 80,3 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание (бр. 26,27,28) | 3 | 2 | | | 6 |
| | Учесник во научен проект | 2 | 5 | | | 10 |
| | Учество на стручен собир со реферат (бр. 25) | 1 | 1 | | | 1 |
| | ВКУПНО | | | | | 17 |
| | ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | | | | 135,3 |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-100/4 од 26.4.2021 година донесена на 227. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 26.4.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-стручни звања за наставно-научна област 64004 а*нглистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– **м-р Снежана Кирова,** виш лектор за наставно-научната област 64004 англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
– **м-р Биљана Иванова,** виш лектор за наставно-научната област 64004 англистика на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип – член;
– **д-р Даринка Маролова,** вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.4.2021 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: м-р Драган Донев, вработен како виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет, Катедра за англиски јазик и книжевност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Драган Донев** е роден на 13 април 1980 година во Штип, каде што со континуиран одличен успех завршува основно и средно образование. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во 2006 година со просек 8,95 и се стекнува со звање толкувач по англиски и германски јазик.

Во 2013 година, со просек 9,60 магистрира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и се стекнува со титула магистер на филолошки науки. Магистрира на тема „Анализа на реториката на убедување во политички дискурс на македонски и на англиски јазик“.

Во периодот од септември 2006 до јуни 2007 година работи како референт/толкувач и преведувач по германски јазик во „Астибо фешан“ - Штип. Во 2007 година бил избран како лектор со Матична комисија при формирањето на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година бил избран за помлад лектор по англиски јазик (Одлука бр. 2402-32/13 од 17.2.2010 година) на истиот факултет, во 2013 година за лектор по англиски јазик (Одлука бр. 2402-104/3 од 14.8.2013 година), а во 2017 година бил избран за виш лектор по англиски јазик на истиот факултет (Одлука бр. 1902-164/6 од 4.7.2017 година).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во виш лектор***

М-р Драган Донев има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научна област 64004 *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Ги завршил студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (осум просечна вредност - неговиот просек на оцените од прв циклус студии е 8,95, а од втор циклус студии 9,60. Има објавено научни и најмалку пет стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).

Претходно е избран во звање виш лектор по англиски јазик според Одлука бр.1902-164/6 од 4.7.2017 година, донесена на 158. седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет и реферат објавен во Универзитетски билтен број 192 од 14.6.2017 година. Кандидатот м-р Драган Донев покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање виш лектор.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатот м-р Драган Донев се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатот е ангажиран на Групата за англиски јазик и книжевност за реализација на вежбите по следните предмети: Современ англиски јазик 5, Преведување и толкување од англиски на македонски јазик, Преведување и толкување од македонски на англиски јазик, Техники на бележење при толкување, Симултано толкување, Консекутивно толкување, Консекутивно и симултано толкување, Толкување од англиски на македонски јазик и обратно. Истовремено е ангажиран за изведување вежби по предметот Англиски јазик како странски јазик на нематичните факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип: Деловен англиски јазик 2, 3, 4, 5 и 6 на Економскиот факултет, Медицински англиски на Медицинскиот факултет, Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2 на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Англиски јазик 1 на Земјоделски факултет и Англиски јазик 1 на Правен факултет. Учествува и во организацијата на англискиот јазик како универзитетски предмет на УГД. За горенаведените предмети, тој одржува вежби, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, тој ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Драган Донев важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се неговите досегашни учества на повеќе домашни и меѓународни научни собири, објавените трудови во домашни и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за период од последниот избор на кандидатот до денес.

***Објавени научни и стручни трудови***

Резултатите од научната и стручната активност на м-р Драган Донев се презентирани преку следниве трудови:

1. Донев, Драган и Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2018) Културолошки импликации во изучувањето на деловен англиски како странски јазик и неговите *културолошки импликации во изучувањето. Годишен зборник 2018 – Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11) pp. 77-81.*
2. Донев, Д., Крстева, М., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). Улогата на квалификуваните преведувачи во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 51-57.
3. Донев Д., Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Костова, К. (2019). Културолошки импликации во меѓународната деловна комуникација. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 19-27.
4. Костова, К., Поп Зариева, Н., Донев, Д., Илиев, К., и Крстева, М. (2019). Андроцентричниот глас на текстот во драмата на Џон Озборн „Обѕрни се во гнев“. Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 53-58.

5. Крстева, М., Донев, Д., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). The Use of Letters in Postmodern Biofictions: The Paris Wife. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 19-25.
6. Донев, Д., Крстева, М. (2018). Потребата од преводот во глобализираниот свет. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 179-183.
7. Рогич, П., Донев, Д. (2020). Минатите времиња во бугарскиот и македонскиот превод на „Вујко Вања" од Антон Павлович Чехов во однос на минатите времиња во српскиот превод. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 273-280.
8. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). Some Common Traits Shared by English Renaissance Revenge Tragedies. Годишен зборник 2018 - Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12). стр. 25-32.
9. Krsteva, M., Donev, D., Iliev, K. (2018). New media content – meme. Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 135-138.
10. Илиев, К., Поп Зариева, Н., и Донев, Д. (2018). Attitudes to Poetry in the Antiquity and to Dramatic Poetry in Renaissance England. Годишен зборник 2018 – Филолошкиот факултет, Штип, 9 (12) стр. 65-74.
11. Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2019). Дракула на Брам Стокер: Суеверие или религија? Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 69-74.
12. Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., и Донев, Д. (2019). The Origins of the Seven Deadly Sins. Годишен зборник 2019 - Филолошкиот факултет, УГД – Штип, 10 (14) стр. 49-53.
13. Поп Зариева, Н., Костова, К., Донев, Д., Илиев, К. (2020). Моќта на очите во Дракула на Брам Стокер, Годишен зборник 2020 - Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (15) стр. 55-61.
14. Илиев, К., Крстева, М., Костова, К., Донев, Д., Поп Зариева, Н. (2020). Пренебрегнувањето на статусот и должноста на принцот Хал, неговиот грев на мрзливост, неговата реформација и неговото паѓање во гревот на гордоста. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 27-35.
15. Костова, К., Крстева, М., Поп Зариева, Н., Илиев, К., Донев, Д. (2020). Драмата во среден век како основа за означување на културниот идентитет во Англија. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 155-161.
16. Pop Zarieva, N., Iliev, K., Donev, D. Mary Shelley's Frankenstein and Byron. (2018). Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 29-34.
17. Iliev, K., Pop Zarieva, N., Donev, D. (2018). Attitudes to poetry in the antiquity and to dramatic poetry in renaissance England. Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 65-74
18. Тасевска, М., Хаџи-Николова, А., Донев, Д. (2018). Мотивацијата како клучен фактор за изучување на германскиот јазик кај учениците од средно гимназиско образование. Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 109-116
19. Krsteva, M., Donev, D., Kostova, K. (2020). Outline of fictional appropriations of F. Scott and Zelda Fitzgerald. Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 57-60.

1. *Донев, Д., Крстева, М., Костова, К., Илиев, К., Поп Зариева, Н. (2020). Улогата на квалификуваните преведувачи во глобализираниот свет во време на пандемија и инфодемија. Годишен зборник 2020 – Филолошки факултет, УГД – Штип, 11 (16) стр. 51-57.*

Овој труд го разгледува феноменот на глобализацијата од аспект на соочување со една нова појава, појава каква немало во изминатите сто години. Станува збор за новонастанатата здравствена криза од светски рамки. Авторите разгледуваат и дискутираат за делата на автори кои во своите трудови пишуваат за две кризи што се одвиваат паралелно една на друга: едната е здравствената, а другата информациската,

првата уште ја нарекуваат пандемија, а втората инфодемија. Во овој труд најпрво накратко е изнесен преглед на ставови на еминентни истражувачи од оваа областа презентирани во нивни трудови. Понатаму се анализира влијанието од овие две кризи, здравствената и информациската, во глобализираниот свет, како и улогата што преведувачот ја има во справувањето со вакви кризи. Главната поента во анализата на трудот е потребата од квалификувани преведувачи во меѓународната комуникација во време на здравствена криза од светки рамки, во трката за што побргу да се дојде до релевантни информации кога светот се наоѓа во информациска криза.

2. *Донев, Драган и Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2018) Културолошки импликации во изучувањето на деловен англиски како странски јазик и неговите културолошки импликации во изучувањето. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11) pp. 77-81.*

Трудот ги истражува културолошките аспекти како многу чест фокус на истражувањата поврзани со меѓународната деловна комуникација. Овој труд се обидува на кратко да даде преглед на ставовите на еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, исто така се фокусира на влијанието на културолошките аспекти поврзани со меѓународната деловна комуникација. Притоа ја анализирана улогата што културата ја има во општествените ситуации на меѓународната деловна комуникација во современиот живот. Трудот прави осврт на мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особини како важен аспект во меѓународната деловна комуникација во време на глобализацијата. Трудот става посебен акцент на употребата на англискиот јазик амбиент на меѓукултурни контакти.

3. *Донев Д., Илиев, К., Поп Зариева, Н., Крстева, М., Костова, К. (2019). Културолошки импликации во меѓународната деловна комуникација. Годишен зборник 2019 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 10 (13). стр. 19-27.*

Културолошките аспекти сѐ почесто се во фокусот на истражувањата поврзани со наставата по англиски како странски јазик. Во овој труд се обидува да даде преглед на ставовите од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, како и влијанието на културолошките аспекти во изучувањето на англискиот како странски јазик и нивното влијание во комуникацијата во меѓународниот глобализиран контекст. Притоа се анализира улогата што културата ја има во општествените ситуации на современиот живот. Авторите на трудот ги презентираат мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особени како важен аспект во изучувањето на англискиот како странски јазик во време на глобализацијата. Трудот, исто така, се фокусира на употребата на англискиот како лингва франка во меѓукултурни контакти.

4. *Донев, Д., Крстева, М. (2018). Потребата од преводот во глобализираниот свет. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 179-183.*

Овој труд ја анализира глобализацијата како појава која во последно време се споменува во скоро сите сфери на модерното општествено живеење. Во трудов на кратко се дава преглед на ставови од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика како и влијание на глобализацијата врз науката за преводот, бидејќи и таа не останува имуна на овој светски тренд. Главниот акцент во анализава е ставен врз потребата од преводот во меѓународната комуникација. При тоа се анализирана улогата што преводот ја има во општествените аспекти на современото живеење. Се презентирани мислењата на повеќе автори, како и нивните сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од преводот како активност која е сѐ поприсутна во глобализираниот свет.

5. *Krsteva, M., Donev, D., Iliev, K. (2018). New media content – теме. Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 135-138.*

Во овој труд се анализира постојаното зголемувањето на употребата на нови технологии и дигитализацијата доведе до значајни промени во секојдневниот живот на луѓето. Новата медиумска содржина произведена како резултат на тоа доведе до промена

на обрасците на однесување, разбирање на социјалните, културните и политичките случувања и на глобално ниво и локално. Еден таков медиумски производ, мемото, игра значајна улога во создавањето на концепти и разбирање Овој процес е метафоричен и може да решава различни проблеми со цртање на луѓе внимание и ангажирање на нивното размислување. Понатаму, тоа може значително да влијае на пристрасностите на луѓето.

6. *Рогич, П., Донев, Д. (2020). Минатите времиња во бугарскиот и македонскиот превод на „Вујко Вања“ од Антон Павлович Чехов во однос на минатите времиња во српскиот превод. Зборник на трудови ФИЛКО – Филолошки факултет, УГД – Штип, стр. 273-280.*

Овој труд ги истражува минатите времиња во бугарскиот и македонскиот превод на „Вујко Вања“ од Антон Павлович Чехов во однос минатите времиња во српскиот превод. Како основа за компаративната анализа е делото „Вујко Вања“ на Антон Чехов. Се претставени и споредени особеностите на минатите времиња на споменатите три јазици и се утврдува нивната фреквенција и начин на употреба. Анализата се фокусира особено на лингвистичкиот материјал собран од делото на Чехов.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатот м-р Драган Донев активно учествуваше во низа стручно-апликативни и организациски активности на Филолошкиот факултет. Од нив ги издвојуваме следните:

- Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД;
- Учество во проектот „Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката“;
- Учество во организација на Меѓународната конференција на Филолошкиот факултет при УГД – Филко;
- Учество во јазичното уредување на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет при УГД;
- Тестатор по англиски јазик во рамките на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при УГД;
- Менторирање на студенти при изработка на завршни испити и дипломски трудови;
- Учество во комисии за спроведување на завршни испити на Филолошкиот факултет;
- Преводи на разновидни документи за потребите на УГД:
- Учество во проектот за рекламирање на УГД низ градовите во Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Драган Донев поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски и во целост ги исполнува сите критериуми за избор во наставно-стручно звање виш лектор предвидени со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да го избере кандидатот м-р Драган Донев во звањето виш лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Снежана Кирова,** виш лектор, претседател, с.р.
**М-р Биљана Иванова,** виш лектор, член, с.р.
**Д-р Даринка Маролова,** вонреден професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-81/8 од 26.3.2021 година донесена од Наставно- научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на својата 256. седница одржана на 26.3.2021 година, а во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката на избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и по завршувањето на рокот за пријавување, на Конкурсот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област **анестезиологија** (30200) - еден извршител на Факултетот за медицински науки, определени сме за членови на Рецензентска комисија во следниот состав:

– **д-р Марија Шољакова,** редовен професор во пензија за наставно-научната област анестезиологија со реанимација, претседател;
– **д-р Јордан Нојков,** редовен професор во пензија, за наставно-научната област анестезиологија – член;
– **д-р Зорка Николова-Тодорова,** редовен професор во пензија за наставно-научната област анестезиологија со интензивно лекување – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен на 5.3.2021 година, во весниците „Слободен печат” и „Коха“, со дополнителна исправка и дополнување на Конкурсот од 9.3.2021 г., на кој во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

– **насловен доц. д-р сци. Билјана Ефтимова,** доктор по анестезиологија од областа на медицинските науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, имаме за чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **насловен доцент д-р Билјана Ефтимова** е родена во 1962 година во Штип, каде што го оформува своето основно и средно образование, кое го завршува со одличен успех. Студиите на Медицински факултет во Скопје ги започнува во учебната 1980/1981 година и истите ги завршува во декември 1985 година. Се вработува во ЈЗУ Клиничка болница - Штип во 1986 година, каде што работи како лекар по општа пракса во Службата за итна медицинска помош. Во декември 1989 год. ја започнува специјализацијата по анестезиологија со реанимација и интензивна медицина, која ја завршува со успех во декември 1993 год. Таа дел од својот специјалистички турнус, според програмата, го поминува во Клиничката болница во Штип, а останатиот дел на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување при Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Р. Македонија. Како специјалист анестезиолог практикува и работи во ЈЗУ Клиничка болница – Штип, каде што се истакнува со својата професионалност и способност за организација. Во 2002 година се стекнува со звањето Примариус.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, модул Клиничка медицина, отсек Анестезија со реанимација. Докторските **студии ги завршува со просек 9.62**. На 1.12.2017 година успешно ја брани својата докторска дисертација со наслов *„Влијание на изложеност на анестетичкиот гас диазот оксид врз здравјето на медицинскиот персонал во операциона сала“.*

Во нејзината досегашна научна работа, таа како автор и коавтор, има публикувано и презентирано повеќе од 43 научни трудови како во земјава така и во странство, како и 2 интерни публикации во тек на престојот во АКХ во Виена. Ги завршила Корнел семинарите во Салцбург, Австрија во 1995 и 1999 година. Престојувала на стручно усовршување во АКХ во Виена во 2000 и 2001 година, потоа во Израел во 2001 и 2004

година, Лугано-Швајцарија, Изворани и Букурешт Романија, Јапонија 2000 и 2008 година,САД – на Универзитетот во Мичиген во ноември-декември 2014 година,Стокхолм, Мастрихт - Холандија и други центри. Таа е учесник на повеќе конгреси, семинари и симпозиуми во земјава и надвор од неа од областа на анестезиологијата и реанимацијата и има перманентен и континуиран стручен развој од специјализирањето, па сѐ до денес. Посебно импресионира присуството на големиот број странски и домашни форуми за континуирана постдипломска едукација, Во периодот од јануари-февруари 2008 година престојува во Јапонија и работи на проект за едукација што ја спроведува Владата на Јапонија за менаџери од Југоисточна Европа, во склоп на кој го изработува проектот „Формирање на Ургентен центар во Клиничка болница" - Штип

***Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање:***

1. Кандидатката насл. доц. д-р Билјана Ефтимова на додипломските студиите од прв циклус, има остварен **просечен успех од 8,0,** завршени специјалистички студии по анестезиологија со реанимација и интензивна терапија и завршени докторски студии со **просечен успех од 9,62;**
2. Насл. доц. д-р Билјана Ефтимова е **доктор на науки по клиничка медицина**, отсек Анестезија со реанимација;
3. Има сертификат за владеење на англиски јазик;
4. Има препорака и тројца професори од соодветната специјалност;
5. Има доставено сепарати од четири трудови објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор;
6. Има доставено и сепарати од сите објавени трудови од последнта рецензија во 2018 година до сега.

Список на релевантни печатени трудови во последните 5 години

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Bilijana Eftimova1***, Marija Sholjakova , Dejan Mirakovski , Marija Hadzi-Nikolova, | Health Effects Associated With Exposure to Anesthetic Gas Nitrous Oxide-N2O in Clinical Hospital – Shtip Personel | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences (OAMJMS), Vol 5, No 6 800-804 (Oct.2017) | Списанието излегува од 2008 година Меѓународно научно списание<br><br>Global Impact Factor 2015 0.787 |
| 2. | **Biljana Eftimova1*** , Dejan Mirakovski , Marija Sholjakova , Marija Hadzi-Nikolova | Nitrous Oxide Exposure of Health Care Personnel in the Operating Rooms and Intensive Care Units in Hospitals in Macedonia | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences (OAMJMS), Vol 5, No 6 790-793 (Oct.2017) | Списанието излегува од 2008 година Меѓународно научно списание<br><br>Global Impact Factor 2015 0.787 |
| 3. | **Ефтимова Биљана,** Биљана Лазарова | Лекови во Клиничката Болница Штип, Евалуација на рационална/ нерационална употреба | Knowledge- International journal, 2018, Vol 22 | 1 god Global Impact Factor 2016 1.322 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Ефтимова Биљана,** Биљана Лазарова | Comparison of anesthesia drugs and supply costs and effectiveness between general and spinal anesthesia for total or subtotal hip replacement surgery | Knowledge- International journal, 2018, Vol 22 | Global Impact Factor 2016 1.322 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката насловен доцент д-р Билјана Ефтимова стекнатите знаења успешно ги применува и во воспитно-образовната дејност. Во периодот од 1993 до 2005 година работи како предметен наставник во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански" во Штип.

Во 2009 година е избрана за предавач по предметот Ургентни состојби, анестезија и реанимација на Високата медицинска школа при Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Таа е асистент по предметот Анестезиологија и реанимација на УГД од декември 2010 година. Активно е вклучена во клиничката и научноистражувачка работа во матичната институција. На 2 април 2018 година (Билтен 208/2018) е избрана за насловен доцент за наставно-научната област **анестезиологија** (30200) на Факултетот по медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Публикувала повеќе од 40 труда како автор и коавтор кои се рецензирани и објавени во универзитетските билтени на УГД и тоа: ***бр. 31 од ноември 2009 г.; бр.113, ноември 2013 г. и бр. 208 април/2018.***

Во последните пет години ги има публикувано следните трудови кои се за рецензија:

1. Health Effects Associated with Exposure to Anesthetic Gas Nitrous Oxide-N2O in Clinical Hospital – Shtip Personel. Bilijana Eftimova1*, Marija Sholjakova2 , Dejan Mirakovski3 , Marija Hadzi-Nikolova3 1Department of Anesthesia and Intensive Care, Clinical Hospital, Shtip, Republic of Macedonia; 2Department of Anesthesia, Medical Faculty, Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia; 3Univeristy "Goce Delcev", Faculty of Natural and Techncial Scinces, AMBICON Lab, Shtip, Republic of Macedonia

Во оваа студија се прикажани ефектите врз здравјето предизвикани од долготрајната хронична изложеност на анестетичкиот гас диазотен оксид на персоналот во операционите сали на Клиничка болница во Штип. За таа цел се користени специјално дизајнирани прашалници за точно дефинирани здравствени симптоми. Од анализата на одговорите на овие прашалници се заклучи дека кај експонираниот во однос на неекспонираниот персонал има статистички значајна разлика во однос на појавувањето на одредени симптоми (главоболка, вртоглавица, гадење и повраќање, трнење на екстремитетите, тахикардија, еуфорија). Заклучок е дека постои поврзаност меѓу хроничната изложеност на диазотен оксид и одредени здравствени проблеми.

2. Nitrous Oxide Exposure of Health Care Personnel in the Operating Rooms and Intensive Care Units in Hospitals in Macedonia -Biljana Eftimova1* , Dejan Mirakovski2, Marija Sholjakova3, Marija Hadzi-Nikolova3 1Department of Anesthesia and Intensive Care, Clinical Hospital, Shtip, Republic of Macedonia; 2Univeristy "Goce Delcev", Faculty of Natural and Technical Sciences, AMBICON Lab, Shtip, Republic of Macedonia; 3Department of Anesthesia, Medical Faculty, Ss. Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia

Целта на оваа студија е да се спореди изложеноста на персоналот во операционите сали на Клиничка болница Штип, Клиниката за ОРЛ во Скопје и Општа болница Кочани на анестетичкиот гас диазотен оксид. Овие болници се разликуваа меѓу себе во однос на опременоста и системите за проветрување. Резултатите од студијата покажаа

сигнификантна изложеност на персоналот од операционите сали на послабо опремените болници во Штип и Кочани во однос на Клиниката за ОРЛ во Скопје, со што се наложи заклучокот дека со употреба на соодветни системи за проветрување (евак системи, вентилациони системи и адекватно одржување на опремата за анестезија (спречување на истекување на гасовите (leakage) значително ќе се намали изложеноста, до пропишаните светски гранични вредности за безбедна работна средина.

3. Ефтимова Б, Лазарова Б.: Лекови во Клиничката болница Штип, Евалуација на рационална/ нерационална употреба. Knowledge - Internationaljournal, 2018,Vol 22

Во овој труд е направена ретроспективна евалуација за период од 6 месеци, за употребата на аналгетици (трамадол и кетопрофен) и антибиотици (цефтриаксон) во постоперативниот период на Ортопедското одделение во Клиничка болница Штип. Во студијата се вклучени 528 пациенти.

4. Ефтимова Б,Лазарова Б.: Comparison of anesthesia drugs and supply costs and effectiveness between general and spinal anesthesia for total or subtotal hip replacement surgery.Knowledge- Internationaljournal, 2018,Vol 22

Во трудот е прикажана споредбата меѓу општата и спиналната анестезија кај инплантација на вештачки колк и колку се трошоците при овие две техники на анестезија во однос на употребените лекови, помошен медицински материјал, ангажман на персонал и денови на постоперативниот престој.

5. Ефтимова Б: Спинална анестезија за Секцио Цезареја, како метод од избор во Клиничката болница во Штип, Abstract Book; Macedonian Congress of Anesthesiology, Reanimation and IntensiveCare; 2019, Мак. мед. прегл., 2019, Суппл, 107:119

Авторката е поканет предавач на Конгресот. Во својот труд таа ги елаборира можностите на Клиничката болница Штип и зборува за пристапот на анестезирање при секцио цезареа. Во заклучокот се апострофираат предностите од користење на спинална анестезија за секцио цезареа како безбедна и едноставна метода, особено кај итните случаи. Трудот има апликативна вредност.

6. Ефтимова Б: Транексамична-киселина за третман и профилакса од губење крв во текот и по тотална замена на колк. УСЗ Семинар во ПБМ: Фокус на периоперативно крвавење, Хајнбург/Австрија 10-15.06.2018

Трудот е презентиран на Семинарот за водење на периоперативно крвавење. Претставува оригинална рандомизирана дупло слепа студија за употребата на транексамична киселина (TXA) при тотална замена на колк. Во трудот се вклучени 100 болни за тотална замена на колк поделени во две групи: Гр 1 кои предопеартивно примиле TXA и Гр 2 кои примиле ист волумен плацебо. Предоперативно и постоперативно се споредени елементите од крвната слика, Хб и коагулациските параметри. Истражувањето покажало сигнификантно помала потреба од трансфузија на крв во Гр 1 споредено со Гр 2 (826 : 1828 мл крв).

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Таа е член и заменик-претседател на Невладината организација „Нов живот“ за борба против малигни заболувања, член на Државната комисија за полагање на стручни испити на лекари од општа медицина, член на Комисијата за реформи во болниците при Лекарската комора на Македонија и член на Собранието на Лекарската комора на Македонија (2011-2017). Исто така, таа членува во Македонското здружение на анестезиолозите, Светското здружение на анестезиолозите (WFSA) и Меѓународната асоцијација за терапија на болка (IASP). Има добиено и повеќе награди и признанија од Лекарската комора на Македонија за особени залагања и придонеси во лекарската професија како БЛАГОДАРНИЦА, ДИПЛОМА И ПЛАКЕТА.

Во склоп на својата континуирана едукација ги посетувала следните семинари: „Современ пристап во лекувањето и испитувањето на артериска хипертензија (Штип, 1994), Семинар во Салцбург – (Cornell Seminars, Cornell University, Medical college) во мај 1995 година.

Европска фондација за едукација во анестезиологијата (F.E.E.A.) - континуирана едукација (сите 5 циклуси во Дојран во тек на 5 последователни години 1999 - 2003).

Едукација за примена на нова специјалистичка апаратура во интензивната нега (JICA Medisun. Co., 2 јануари - 28 февруари 2000 во Јапонија), Специјалистичка обука во АКН – Виена (Anesthesia and Reanimation Clinic-Intensive Care Unit, 1-30 септември 2000 г.).

Специјалистичка обука во АКН – Виена (Anesthesia and Reanimation Clinic-Pain Therapy departement, 1-30 јули 2001 г.). „Менаџмент во здравствениот систем“- Izrael, (Galillee Coledge, октомври-ноември 2001 г.).

Обука за терапија на болка кај болни од карцином - одржана во Клинички центар – Љубљана (Словенија) на Одделот за онкологија, јануари - февруари 2003 год.

Основна обука за ентерална и парентерална исхрана – одржана во Изворани, Романија (октомври 2003 год.).

Обука за анестезија на Медицинскиот универзитет „Сорока“ во Тел Авив, Израел (февруари - март 2004 год.).

Напредната обука за ентерална и парентерална исхрана одржана во Клиничкиот центар во Мастрихт (Холандија), во мај 2005 г.;

Европска школа за онкологија - обука за палијативна нега кај болни од карцином во септември 2006 г., Стокхолм (Шведска).

Европска школа за онкологија за терапија на терминални болни (обука во Лугано (Швајцарија, јули 2009 г.)

„Раководење со човечки ресурси“, обука под раководство на МЦМС, Маврово (во ноември 2007 г).

Тренинг-обука за болнички менаџмент во земјите на Југоисточна Европа, (јануари - февруари 2008, Јапонија).

Обука за Сертификат за менаџмент и лидерство во здравство - Министерство за здравство на Р. Македонија (Скопје, 2006-2007 г.).

Престој на Мичиген Универзитетот во САД, на Клиника за анестезиологија (ноември-декември 2014).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Насловен доц. д-р Билјана Ефтимова е доктор на медицинските науки од областа на анестезиологијата и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област анестезиологија. Таа професионално се занимава со анестезиологијата веќе 30 години.

Комисијата ги анализираше доставените материјали за рецензија и смета дека кандидатка насловен доц. д-р Билјана Ефтимова ги исполнува општите и посебни услови предвидени со Конкурсот за избор во звањето доцент. Својата одлука Комисијата ја базира на фактот дека кандидатката приложила доволен број на документи – докази и ги задоволува законските услови во конкурсот од кои може да се види дека таа покрај формалните критериуми на Конкурсот кои се составен дел на Правилникот за посебните услови и постапката на избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и има перманентен континуиран стручен развој од специјализирањето па сѐ до денес. Посебно импресионира присуството на големиот број странски и домашни форуми за континуирана постдипломска едукација, како и сосема пристојниот број на стручни трудови објавени во земјава и во странство.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на факултетот за медицински науки при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип да ја избере насловен доц. д-р Билјана Ефтимова во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Шољакова,** редовен професор во пензија, претседател, с.р.
**Д-р Ордан Нојков,** редовен професор во пензија, член, с.р.
**Д-р Зорка Николова-Тодорова,** редовен професор во пензија, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО) | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | **Асистент** | **15** |
| 2. | | |
| 3. | ВКУПНО | **15** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ (НИ) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | | | |
| 2 | Дел од **монографија** или научна книга<br>1.КЕЕА III циклус (Анестезија и ИЛ во неврохирургијата), 2016, Дојран, РСМ<br>- Б. Ефтимова: Кома, интоксикации, труења<br>- Б. Ефтимова и др.: Анестезија при невромускулни заболувања | **2X6=12** | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>**Трудови под реден број 1, 2, 3 и 4 – прв автор**<br>**4 x 9 = 36 бода** | **36** | |
| 5 | Труд со **оригинални** научни резултати, објавени во **зборник од трудови на научен собир:**<br>**во странство – труд под реден бр. 5**<br>**во земјата - труд под реден бр. 6** | **1X2=2** | **1x3=3** |
| 6 | **Пленарно предавање на научен собир,** музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба:<br>1 x 3 | **3** | |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/**усно**), концерт во земјата и во странство<br>Во странство: | | **1X2 =2** |
| 10 | Одбранета докторска теза: | **8** | |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | **6** | |
| 20. | **Член на организациски или научен одбор** на научен собир, фестивал<br>1.6-ти Македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество, Скопје, ноември 2018 | **1** | |
| 23 | Студиски престој во странство | **8** | |
| 24 | **Член** на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>1.Jurnal of Pharmaceutical Research International | | **2** |
| | | | |
| | **ВКУПНО** | **83** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ (СОАР) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| | | | |
| | | | |
| 19 | Стручни награди и признанија<br>1. Диплома, МЛД 2016<br>2. Плакета МЛД 2016 | **2X4=8** | |
| | **ВКУПНО** | **8** | |
| | **ВКУПНО** | **106** | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-81/9 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *хирургија* на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Андреја Арсовски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – претседател;
- **д-р Влатко Цветановски**, насловен вонреден професор за наставно-научната област хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член;
- **д-р Александар Митевски**, доцент за наставно-научната област дигестивна хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 5.3.2021 година и исправка на Конкурс беше објавена на 9.3.2021 во весниците „Слободен печат” и „Коха”. Во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати:

- д-р Илија Милев, доктор на медицински науки – клиничка медицина од обласа на хирургијата/дигестивната хирургија;
- д-р Стефан Петровски, доктор на медицински науки – клиничка медицина од обласа на хирургијата/торакална хирургија.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Илија Милев** роден на 5.3.1975 година во Штип, каде што го завршил основното и средното образование, со континуиран одличен успех (5.00).

Во учебната 1993/1994 година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирал на 4.11.1999 година со просечен успех 8.53 и притоа се стекнал стручно звање доктор на медицина.

По положувањето на стручниот испит на 20.12.2000 година и добивањето на лиценцата работел како волонтер со полно работно време во Јавна здравствена организација (ЈЗО) Медицински центар – Штип, најпрво во Службата за општа медицина, а потоа на Одделението за оториноларинголошки (ОРЛ) заболувања.

Во учебната 1999/2000 година бил ангажиран како професор по предметот Гинекологија со акушерство во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански” – Штип. Наредните две учебни години бил ангажиран во истото училиште како професор по предметот Хигиена со нега на болен.

Волонтерскиот стаж на Одделението за ОРЛ заболувања му завршил на 11.6.2002 година, кога се вработил во работната единица (РЕ) за Итна медицинска помош со домашно лекување при ЈЗО Медицински центар – Штип. Од 1 септември 2003 година бил упатен на специјализација по општа хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје. На 25.1.2008 година го положил специјалистичкиот испит по специјалноста општа хирургија и се стекнал со стручно звање специјалист по општа хирургија. По континуирана 4-годишна работа како хирург во РЕ Хируршки болести при Јавна здравствена установа (ЈЗУ) Клиничка болница - Штип, на 2.5.2012 година бил упатен на супспецијализација по дигестивна хирургија на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје. На 2.6.2014 година го положил супспецијалистичкиот испит по дигестивна хирургија и се стекнал со стручно звање супспецијалист по дигестивна хирургија. До овој момент работи како општ и дигестивен хирург на Одделот за хируршки болести при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Во мај 2010 година бил избран во звање асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во мај 2013 година повторно е избран во звањето асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во септември 2020 година е избран во звањето насловен доцент за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Во 2014 година се запишал на докторски студии на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, студиска програма Клиничка медицина од областа на дигестивната хирургија. На 25.1.2019 г. успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија" под менторство на проф. д-р Александар Караѓозов и се стекнува со академски степен доктор на медицински науки.

За време на работниот век повеќе пати бил на усовршување, особено во областа на лапароскопската хирургија. Од 13 март до 10 април 2011 година успешно завршил тренинг курс од областа на абдоминалната и лапароскопската хирургија во Ankara Numune болницата во Анкара, Република Турција. Од 3 декември до 28 декември 2012 година успешно завршил курс од областа на лапароскопската хирургија во Florence Nightingale болницата во Истанбул, Република Турција.

Од 21.7.2017 година до 25.7.2017 година остварил студиски престој на St. Elisabeth's Hospital, Appleton, Wisconsin во САД. Дополнително таму успешно завршил и тренинг курс од областа на роботската хирургија со DaVinci Robotic Simulator.

Д-р Илија Милев е автор и коавтор на повеќе стручни и научни трудови објавени во странски и домашни списанија со меѓународен уредувачки одбор.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,53;
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија" е одбранета на 25.1.2019 година на Медицински факултет во Скопје;
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание / конференција | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Milev, Ilija and Karagjozov, Panche and Mitevski, Aleksandar and Mihailov, Marjan (2019) | Annular pancreas with choledocholithiasis in an adult male patient: a case report. | International Surgery Journal, 6 (10). pp. 3834-3838. ISSN 2349-3305, 2349-2902 | 5 години |
| 2 | Markov, Petar, and Milev, Ilija and Mitevski Aleksandar (2019) | Hydatid cyst migration in peritoneal cavity: A case report | Lietuvos chirurgija 6 (10): 3834-3838, ISSN 1392-0995 \| eISSN 1648-9942 (online) | 16 години |
| 3 | Mitevski, Aleksandar and Markov, Petar and Milev, Ilija and Jankulovski, Nikola (2019) | Laparoscopic appendectomy in Clinical hospital-Shtip (2014-2019) | Macedonian Medical Review 73(1): 5-8. ISSN 0025-1097 | 6 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) | A Safe Laparoscopic Appendectomy in Relation to Preoperative Parameters: Our Experience | Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (3). pp. 1-10. ISSN 1857-5587 | 12 години |
| **5** | Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) | Utilization of Laparoscopic Appendectomy – A Three-year Experience | Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (1). pp. 47-57. ISSN 1857-5587 | 12 години |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик;
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Илија Милев има 10-годишна академска кариера, со два избори во звање асистент (специјалист).

**Посебни услови:**

- постигнувања во примената на истражувачките резултати – развиен алгоритам за безбедна имплементација на лапароскопската апендектомија кој се користи во пракса во Клиничка болница – Штип.
- две препораки од професори – од проф. д-р Александар Караѓозов и проф. д-р Зоран Карацов, супспецијалисти по дигестивна хирургија од Универзитетската клиника за дигестивна хирургија - Скопје.
- има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=66; (САОР)=31 или вкупно 127 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Со Одлука бр.2502-60/35 од 11.5.2010 година бил избран во звање асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки (ФМН) при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2502-94/5 од 7.5.2013 година повторно е реизбран во звањето асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука бр. 2002-148/5 од 9.9.2020 година бил избран во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хирургија (30309) на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Досега кандидатот учествувал во наставата на прв и втор циклус на ФМН, и тоа:

- *Прв циклус студии* – вежби по Хирургија 1, Хирургија 2, Клиничко испитување 2, Хируршка пропедевтика, Општа хирургија и Хирургија со рехабилитација;
- *Втор циклус студии* - **Висока медицинска школа во рамките на ФМН**: Нормативи и стандарди во оперативен блок.

Во текот на овие години активно и пасивно учествувал на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со хирургијата. Меѓу другото е постојан учесник на Интернационалниот симпозиум за колопроктологија, кој на секои две години се одржува во Белград, Република Србија, почнувајќи од 2006 до 2016 година. Учествувал и на осмиот научен, годишен состанок на Европското здружение за колопроктологија во Белград, 2013 година, како и на 9. Македонски конгрес за гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество во Охрид 2012 година.

Д-р Илија Милев во јуни 2016 остварил студиски престој во:St. Elisabeth's Hospital, Appleton, Wisconsin во САД, од 21.7.2017 година до 25.7.2017 година.

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

1. Milev, Ilija and Karagjozov, Panche and Mitevski, Aleksandar and Mihailov, Marjan (2019) Annular pancreas with choledocholithiasis in an adult male patient: a case report. International Surgery Journal, 6 (10). pp. 3834-3838. ISSN 2349-3305, 2349-2902.

До пред десетина години се објавени само нешто повеќе од 700 случаи на ануларен панкреас во англиската литература, а во последните години поради зголемите можности за предоперативна дијагноза со помош на ендоскопска ретроградна холангиопанкреатографија и магнетна резонанца оваа бројка рапидно расте. Во трудот се опишува успешен оперативен третман на ануларен панкреас со невообичаена манифестација поврзана со присуство на холедохолитијаза. Направени се повеќе предоперативни иследувања, но сепак дијагнозата е поставена интраоперативно. На крајот се потенцира потребата од детално познавање на ембриолошкиот развиток на оваа аномалија за донесува правилна одлука при изборот на оперативниот третман од што секако зависи успехот во лекувањето.

2. Markov, Petar, and Milev, Ilija and Mitevski, Aleksandar (2019) Hydatid cyst migration in peritoneal cavity: A case report. Lietuvos chirurgija 6 (10): 3834-3838, ISSN 1392-0995 | eISSN 1648-9942 (online)

Во трудот се опишува невообичаена презентација на ехинококова болест на црниот дроб со мигрирачка хидатидна циста во Дугласовиот простор кај 38-годишна пациентка. Состојбата е успешно дијагностицирана предоперативно со помош на комплетна ултрасонографија на абдоменот и контрастна компјутерска томографија по што следи успешен оперативен третман преку медијана лапаротомија без постоперативни компликации. Случајот наведува на задолжително комплетно предоперативно имицинг иследување на целата абдоминална празнина при оперативниот третман на ехинококовата болест на црниот дроб.

3. Mitevski, Aleksandar and Markov, Petar and Milev, Ilija and Jankulovski, Nikola (2019) Laparoscopic appendectomy in Clinical hospital-Shtip (2014-2019). Macedonian Medical Review 73(1): 5-8. ISSN 0025-1097

Во трудот е дадена ретроспективна студија во периодот 1.1.2014 до 1.1.2019 г. на пациенти со акутен апендицитис од датотеката на Хируршкото одделение во Клиничка болница Штип. Пациентите се оперирани со лапороскопска техника со три порта и отворена апендектомија со инцизија по McBurny или Rocky-Davis.

4. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) A Safe Laparoscopic Appendectomy in Relation to Preoperative Parameters: Our Experience. Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (3). pp. 1-10. ISSN 1857-5587

Се работи за проспективна клиничка студија со 63 учесници, спроведена во две институции во двегодишен период со цел да се утврди поврзаноста помеѓу одредени предоперативни: клинички, лабораториски, ехотомографски и КТ параметри кај испитаниците и нарушената безбедност при изведувањето на лапароскопската апендектомија поради акутен апендицитис. Во детално испланирана и систематизирана студија анализата покажува дека: присуството на коморбидитети, времетраењето на симптоматологијата предоперативно, вредностите на Ц – реактивниот протеин, тоталниот билирубин, како и можноста за постоење на комплицирана форма на акутен апендицитис се состојби на кои треба да се внимава при намерата за изведување на лапароскопската апендектомија без тешкотии, компликации и можност за конверзија во отворен пристап.

5. Milev, Ilija and Velikj Stefanovska, Vesna and Karagjozov, Panche and Mancheva, Ljubinka and Zendelska, Radmila (2018) Utilization of Laparoscopic Appendectomy – A Three-year Experience. Physioacta: Journal of Macedonian Association of Physiologists and Anthropologista, 12 (1). pp. 47-57. ISSN 1857-5587

Во ретроспективна студија спроведена на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје врз вкупно 361 пациент со акутен апендицитис се анализирани предоперативните параметри кај пациентите кои играле улога во изборот на хируршкиот пристап како и во одлуката за конверзија од лапароскопски во отворен пристап. Се заклучува дека

употребата на лапароскопската апендектомија се однесувала на ограничена бројка на помлади пациенти, претежно од женскиот пол, без коморбидитети, повеќето со Американско здружение на анестезиолозите (АСА) скор I и II и со понизок степен на апендицитис. Селективноста во употребата на лапароскопскиот пристап во третманот на акутниот апендицитис дала одлични резултати во поглед на безбедноста на лекувањето во согласност со резултатите од современата литература.

**Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Илија Милев е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на општата и дигестивната хирургија. Учествувал на неколку меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постери и усни презентации. Автор или коавтор е на повеќе научни трудови и стручни трудови.

Во рамки на наставно-педагошката дејност, Милев ги држел вежбите на повеќе предмети од прв циклус на студии од ФМН, како и предавањата на предмет од втор циклус на Високата медицинска школа.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Во изборниот период д-р Илија Милев ги има реализирано следниве стручно и организациско-развојни активности.

Д-р Милев има остварено:

6. Учество со реферат – усна презентација на тема „Суптотална проктоколектомија со илеален пауч анална анастомоза (ИПАА) – златен стандард во хируршкиот третман на улцерозен колитис" на стручниот состанок на Здружението на хирурзи на Р. Македонија на 5 мај 2017 година во Штип.
7. Учество со реферат на работилницата „Запознавање со основи на лапароскопската хирургија" на Вториот конгрес на студенти по општа медицина при Универзитетот „Гоце Делчев" што се одржа во Штип од 9 до 10 мај 2019 година, исто така имал.

Д-р Илија Милев почнувајќи од 2.2.2015 година учествувал во следните проекти:

8. (2017) Employment Service Agency: IPA PROJECT "Supporting employment of young people "CONTRACT TITLE "Component B– Trainings for Skills Demanded on the Labour Market" LOT 4 Training for Caregiver of elderly and helpless persons in domestic conditions, Identification number 12-7741/1-6.3 -4
9. (2016-2017) IOM "Pathway to employment through skills development and sustainable labour market integration of the Roma, in particular Roma women (PATHSKILL)" ID IOMSKP077/16
10. (2017) EPTISA - Local integration of the refugees, internally displaced persons and minority groups - Component 2 - Institutional capacity building and Access to Labour Market for refugees and IDP" Europe Aid/136616/IH/SER/MK (Ref.no. 12-8715/1).

Член е на следните институциски органи:

11. Лекарската комора на Република Македонија и
12. Македонското лекарско друштво.

Бил или тековно е член и на следниве институциски комисии:

13. Комисија за издавање на конзилијарно мислење со наод за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (Решение бр. 03-2732/1 од 26.12.2014 – ЈЗУ Клиничка болница Штип и Решение бр. 12765/1 од 24.12.2014 – Министерство за здравство) – член до 2017.
14. Стручна комисија за разгледување на случаи на пациенти болни од малигни заболувања, ЈЗУ Клиничка болница – Штип (Решение бр. 03-1756/2 од 12.8.2014) – функционира и тековно.

15. Второстепена лекарска комисија како стручно медицински орган за давање наод, оценка и мислење по постапка за оценување на привремена спреченост за работа во ФЗОМ (Договор бр. 04-1746/145 од 6.5.2010 - ФЗОМ) – член до 2017 година.
16. Комисија за селекција на ЈЗУ Клиничка болница – Штип (Одлука бр. 02-1309/1 од 2.5.2013).

Техничко унапредување:

17. Од 21.7.2017 година до 25.7.2017 година успешно завршил и тренинг курс од областа на роботската хирургија со DaVinci Robotic Simulator во St. Elisabeth's Hospital, Appleton, Wisconsin во САД.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Илија Милев во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање доцент; има континуирано научно напредување, позитивни научноистражувачки резултати и извонреден придонес во доменот на медицинските науки; има одличен придонес во наставно-образовната и стручно-апликативната дејност; ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Врз основа на изнесеното, Рецензенската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Илија Милев во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област хирургија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Андреја Арсовски,** претседател, с.р.
**Д-р Влатко Цветановски,** член, с.р.
**Д-р Александар Митевски,** член, с.р.

**Табела за вреднување на активностите на д-р Илија Милев, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Избор во звање асистент | 15 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **15** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | | | 3 (x 9)<br>1 (x 6)<br>1 (x 3) | 27<br>6<br>3 | 36 |
| **2** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| **3** | Одбранета специјализација | 2 | 6 | | | 12 |
| **4** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| **5** | Труд со оргинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **66** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 5 | 2 | | | 10 |
| **2** | Труд објавен во зборник на трудови од стручен собир | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| **3** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 2 | 0,5 | | | 1 |
| **4** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 5 | | | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **31** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **112** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-81/9 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Андреја Арсовски**, насловен вонреден професор за наставно- научната област торакална хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје - претседател;
- **д-р Влатко Цветановски**, насловен вонреден професор за наставно- научната област хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика во Скопје- член;
- **д-р Александар Митевски**, насловен доцент за наставно-научната област дигестивна хирургија, вработен во ПЗУ Ремедика- член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.3.2021 година, а исправка на Конкурсот беше објавена на 9.3.2021 во весниците „Слободен печат“ и „Коха“. Во предвидениот контакт се пријавија двајца кандидати:

- д-р Илија Милев, доктор на медицински науки - клиничка медицина од областа на дигестивна хирургија;
- д-р Стефан Петровски, доктор на медицински науки - од областа на општа хирургија;

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Стефан Петровски** роден на 27.11.1982 година во Штип, каде што го завршил основното и средното образование, со континуиран одличен успех (5.00).

Во учебната 2001/2002 година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирал на 3.12.2007 година со просечен успех 8.56, и притоа се стекнал стручно звање доктор на медицина.

Во учебната 2007/2008 година бил ангажиран како професор по предметот Психијатрија, Интерна медицина во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански” – Штип.

Во 2008 година, со отворањето на Медицинскиот факултет во Штип бил вработен од Матичната комисија со одлука бр. 0206-1200 како лаборант на седницата одржана на 6.8.2008.

Започнува да работи како лаборант по предметот Биохемија за студентите по Општа медицина.

Со Одлука бр. 2502-45/10 на седмата седница на 4.3.2009 год. Д-р Стефан Петровски е избран во помлад асистент по фундаментални медицински науки со време од 5.3.2009 до 5.3.2012 год.

Од октомври 2009 год. се запишува на специјализација по Општа хирургија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под менторство на проф. д-р Александар Караѓозов.

На 12.3.2014 год. успешно го положува испитот и се стекнува со стручно звање специјалист по општа хирургија.

На Факултетот по медицински науки продолжува да работи и со Одлука бр. 2502-97/6 на 54. седница на факултетот е избран во асистент по клинички медицински предмети во траење од 16.9.2011 до 16.9.2014 година.

Во 2011 година се запишува на трет циклус студии на Медицинскиот универзитет во Софија на Катедрата по општа и оперативна хирургија и разработува тема „Колоректални метастази на црниот дроб - принципи на хируршко лекување“ на Клиниката по општа и црнодробно-панкреатична хирургија под менторство на проф. д-р Виолета Димитрова, дмн, при УМБАЛ Александровска болница, Софија, Р. Бугарија.

Во периодот од 6 години работи на својата докторска дисертација и на 20.1.2017 на Медицинскиот универзитет во Софија успешно ја одбрани и се стекна со научно звање доктор на медицински науки.

На 130. седница на Факултетот за медицински науки во Штип одржана на 18.11.2014 година, со Одлука бр. 2502-291/20 кандидатот асс. д-р Стефан Петровски е избран во асистент-докторанд од областа дигестивна хирургија во периодот од 18.11.2014-18.11.2019 година.

Од 1.3.2015 година со преземање асс. д-р Стефан Петровски започнува да работи како специјалист по општа хирургија на РЕ Хирургија при ЈЗУ Клиничка болница – Штип.

Од 20.7.2015 до 20.8.2015 г. е испратен на стручно усовршување за лапароскопска и роботска хирургија во Liv hospital Истанбул кај проф. д-р Октар Озоглу.

Во февруари 2016 година кандидатот започнува супспецијализација од областа торакална хирургија под менторство на проф. д-р Андреја Арсовски и коменторство на проф. д-р Зоран Спировски.

На 16.3.2018 успешно го положува испитот и се стекнува со стручно звање супспецијалист по торакална хирургија.

Оттогаш кандидатот работи како специјалист по Општа хирургија и супспецијалист по торакална хирургија во ЈЗУ Клиничка болница – Штип и како ангажиран асистент во Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Кандидатот асс. д-р Стефан Петровски е член на Лекарската комора на Република Северна Макединија, член на Хируршкото здружение и на Здружението на кардио-торакални хирурзи на Р.Северна Македонија.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех – додипломски студии 8,56;
- Научен степен – доктор на медицински науки. Докторската дисертација со наслов „Колоректални метастази на црниот дроб - принципи на хируршко лекување“ е одбранета на 20.1.2017 година на Медицински факултет во Софија, Р. Бугарија;
- Објавени минимум 4 научни трудови во референтна научна публикација:

| Број | Автор | Наслов на труд | Списание | Година на излегување на списание |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Stefan Petrrovski,** Elena Arabadzhieva, Saso Bonev, Dimitar Bulanov, Valentin Popov and Violeta Dimitrova | Methods for vascular control in liver resections due to colorectal metastases – impact on residual paren-chyma | Mecedonian Medical Review 2016; 70 (2)<br><br>UDK:61+061.231=866=20<br>CODEN:MKMPA3<br>ISSN:0025-1097<br><br>www.mld.org.mk | 1946 |
| 2. | **Stefan Petrovski**, Elena Arabadzhieva, Saso Bonev, Dimitar Bulanov, Valentin Popov and Violeta Dimitrova | Prognostic factors affecting survival of patients after liver resection due to colorectal liver metastases | Mecedonian Medical Review<br><br>2016; 70 (3)<br><br>UDK:61+061.231=866=20<br>CODEN:MKMPA3<br>ISSN:0025-1097<br><br>www.mld.org.mk | 1946 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Stefan Petrovski,** Marija Ilova Karakolevska, Elena Joveva Simeonovska, Aleksandar Serafimovski, Ljubica Adzi Andov and Violeta Dimitrova | Influence of the type and amount of the liver resection of the survival of the patients with colorectal liver metastases. | Mecedonian Jurnal of Medical Sciences 09, 2018 https://doi.org/10.3889/oamjms.2018.116e ISSN: 1857-9655 | |
| **4.** | Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and **Petrovski, Stefan** | Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis | Acta Medica Medianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478, 2019 | |

- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – германски и англиски јазик;
- Способност за изведување на високообразовна дејност – д-р Стефан Петровски има 12-годишна академска кариера, со три избори од помлад асистент, асистент и асистент-докторанд.

**Посебни услови:**

- Две препораки од професори – од проф. д-р Зоран Спировски и проф. д-р Томе Стефановски, супспецијалист по торакална хирургија и супспецијалист по пулмологија од Универзитетската клиника за торакална хирургија и УК за пулмологија - Скопје.
- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=45; (НИ)=50; (САОР)=0 или вкупно 95 поени.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатот асс. д-р Стефан Петровски во периодот од 2008 до 2014 година со Одлука бр. 2502-45/10, бр. 2502-97/6 и бр. 2502-291/20 минува низ сите фази на избор и реизбор на Факултетот за медицински науки во Штип и бил ангажиран како асистент.

Во учебната 2008/2009 г. работи како лаборант по предметот Биохемија, со изборот во помлад асистент по фундаментални медицински науки започнува да работи со студенти од Општа медицина и со студенти од ВМШ.

Со Одлука бр. 2502-45/10 д-р Стефан Петровски е избран во звање **помлад асистент** по фундаментални медицински науки.

Во учебната 2009/2010 со Одлука бр. 0402-4/93 д-р Стефан Петровски е ангажиран на предметите: Физиологија за МСТ, Физиологија 1 за ОМ , Физиологија 2 за Стоматолози и Физиологија со основи на анатомија за Фармацевти.

Во учебната 2010/2011 д-р Стефан Петровски е ангажиран како помлад асистент на предметите Хирургија со нега за МСТ, Хирургија и урологија со нега за Физиотерепевти.

На 16.9.2011 година на 54. седница при Медицинскиот факултет на УГД Штип со Одлука бр. 2502-97/6 е избран во **асистент** по клинички медицински предмети.

Во учебната 2011/12/ 2012/13 д-р Стефан Петровски е ангажиран на предметите Хирургија со нега за МСТ, Хирургија со урологија за Физиотерапевти, Хируршка пропедефтика, Хирургија 1 и 2 за студенти по Општа медицина.

На 130. седница на Факултетот за медицински науки во Штип одржана на 18.11.2014 година, со Одлука бр. 2502-291/20 кандидатот асс. д-р Стефан Петровски е избран во **асистент-докторанд** од областа дигестивна хирургија во периодот од 18.11.2014-18.11.2019 година.

Во наредните студиски години асс. д-р Стефан Петровски успешно ја извршува работата како асистент по хируршките предмети за студентите од стручните медицински

програми како и по предметите Клиничко испитување 2 и по Хирургија 1 и 2 за студентите по Општа медицина.

Во текот на овие години активно и пасивно учествувал на повеќе симпозиуми, конгреси и семинари поврзани со хирургијата. Учесник на XIV National congress of surgery- with international participation in Sofija, на X congress with international participation – Macedonian surgery organization, Ohrid, 2010.

Кандидатот низ својата професионална кариера како асистент и супспецијалист пројавува интерес и во научноистражувачката работа во последните 5 години публикувал:

**Објавени научни трудови во меѓународни научни списанија последните 5 години:**

1. Petrovski, Stefan and Arabadzieva, Elena and Bonev, Saso and Bulanov, Dimitar and Popov, Valentin and Dimitrova, Violeta (2016) *Methods for vascular control in liver resection due to colorectal metastases - impact on residual parenchima.* Македонско лекарско друштво, Македонски медицински преглед, 70 (2). pp. 63-67. ISSN 0025-1097

Во трудот е прикажано влијанието на пероперативното користење на техники за васкуларна контрола при трансекција на црниот дроб и нивната импликација на функционалноста на резидуалниот паренхим. Прикажано е влијанието на користењето на техники како Pringle maneuver и влијанието на времетраењето на овој метод за васкуларна контрола и придобивките од интермитентност на истиот. Во групата на пациенти на кои е применет под 15 минути е забележана сигнификантна помала крвозагуба, како и помало влијание на методот на резидуалниот хепатален паренхим. На групата со Pringle над 15 минути е забележано поголеми постоперативни вредности на ALT, AST, GGT. Во групата без употреба на овој метод за васкуларна контрола се забележани сигнификантно помали вредности на трансаминазите во раниот постопертивен период што го покажува влијанието на овој метод на резидаулниот паренхим при ресекциии на црн дроб.

2. Petrovski, Stefan and Aravadzieva, Elena and Bulanov, Dimitar and Bonev, Saso (2016) *Prognostic factors affecting survival of patients after liver resection due to colorectal liver metastases.* Списание на македонското лекарско друштво, Македонски медицински преглед, 70 (3). pp. 136-142. ISSN 0025-1097

Во овој научен труд се прикажани различните клинички, демографски и фактори на примарниот тумор, како и влијанието на типот и екстензитетот на ресекцијата на црниот дроб како прогностички фактори.Синхрони или метахрони колоректални метастази на црниот дроб, бројот на лезиите, локализицијата – уни или билобарни метастази, екстрахепатална метастатска болест, метастатска лимфаденопатија, возраст, пол, диференцираност на примарниот тумор итн. Со овие фактори може да се одреди нивната импликација на преживувањето на пациентите со колоректални метастази на црниот дроб, а воедно може да се користат и за селекција на пациенти кои би имале бенефит и долгогодишно преживување од ресекција на црниот дроб.

3. Petrovski, Stefan and Karakolevska Ilova, Marija and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Adzi-Andov, Ljubica and Dimitrova, Violeta (2018) *Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases.* Open Access Maced J Med Sci, 6 (6). ISSN 1857-9655

Во овој научен труд е прикажано влијанието на типот и екстензитетот на ресекцијата на црниот дроб кај пациенти со колоректални метастази и нивното влијание на преживувањето. Типот на ресекција анатомска или неанатомска ресекција кај пациенти со колоректални метастази на црниот дроб не влијаат на долгогодишното преживување на пациентите, неанатомските се поврзани со поголем процент на позитивни ресекциони маргини или R 1 ресекција и имаат поголем процент на рецидиви. Екстензитетот или големината на ресекција исто така немаат сигнификантно влијание на преживувањето на пациенти, мајор ресекциите имаат поголем процент на морбидитет и морталитет, но не влијаат на преживувањето на пациентите со колоректални метастази на црниот дроб.

4. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Petrovski, Stefan (2019) *Differential diagnosis between Bulbospinal muscular atrophy - Kennedy's disease and Amyotrophic lateral sclerosis.* Acta Medica Medianae, 58 (2). pp. 77-81. ISSN 0365-4478

Во овој научен труд е прикажан случај на Амиотрофична латерална склероза (АЛС) вклучува голем број нарушувања што предизвикуваат дегенерација на долните и горните моторни неврони и наоди во регионот на сијалицата и најмалку два рбетни региони или UMN и LMN во три региони на ‘рбетот. Обично АЛС е претставен со слабост во сијалицата или асиметричноста на екстремитетите, губење на способноста да зборува, да голта и да дише. Болеста на Кенеди е форма на МНД која е поврзана со вклучување на сијалиците и X-поврзано рецесивно наследство. Симптомите вклучуваат грчеви во мускулите, дистрибуција на екстремитети на слабост во мускулите, симптоми на сијалица и клинички карактеристики што ги разликуваат вклучуваат особено фаскулации на лицето и периорната страна. Ова е студија на случај на 43 годишен маж, кој страдаше од повторливи грчеви во мускулите и прогресивна симетрична слабост на долниот екстремитет, со истакната заморувачка компонента на оваа слабост, слабост на рамото, тешкотии при голтање и гмечење на лицето. дијагностицирање и благи симптоми што ги изложуваат некои пациенти. Електрофизиолошките прегледи се клучна точка за дијагностицирање на болеста Кенеди. Во нашиот случај, откривме симетрична слабост, сензорни абнормалности при електрофизиолошко тестирање, истакнати фасцинации на лицето и гинекомастија кои не беа карактеристични за АЛС, и посочивме дека тоа е еден од синдромите на МНД како што е болеста Кенеди и тоа беше потврдено со генетско тестирање.

1. **Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност**

Во рамки на научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Стефан Петровски е научен истражувач со резултати кои придонесуваат во областа на општата, дигестивната и торакалната хирургија. Учествувал на неколку меѓународни научни конференции, научни и стручни собири и работилници, во земјава и во странство, со постери и усни презентации. Автор или коавтор е на повеќе научни трудови и стручни трудови.

Во рамки на наставно-педагошката дејност, Петровски ги држел вежбите на повеќе предмети од прв циклус на студии од ФМН.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

Во изборниот период, д-р Стефан Петровски ги има реализирано следниве стручно и организациско-развојни активности.

Д-р Петровски има остварено:

2. Менторство на студентите од МФ – постер презентација на тема „Спонтан пнеумоторакс кај млади" на Вториот конгрес на студенти по општа медицина при Универзитетот „Гоце Делчев" што се одржа во Штип од 9 до 10 мај 2019 година, исто така имал.

Член е на следните институциски органи:

3. Лекарската комора на Р. Северна Македонија;
4. Македонското лекарско друштво;
5. Здружение на хирурзи на Р. Северна Македонија;
6. Здружение на кардио-торакални хирурзи на Р. Северна Мекедонија.

Техничко унапредување:

7. Од 21.6.2015 година до 17.7.2015 година успешно завршил и тренинг курс од областа на минимал инванзивната и роботска хирургија во Liv hospital- Istanbul - Turkey.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци, Комисијата смета дека кандидатот нас. доц. д-р Стефан Петровски поседува стручни, научноистражувачки и наставно-образовни квалитети, исполнувајќи ги притоа законските услови за избор на наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област хирургија.

Врз основа на изнесеното, Рецензенската комисија има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Стефан Петровски во наставно-научното звање доцент за наставно-научната област хирургија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Андреја Арсовски,** насловен вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Влатко Цветановски,** насловен вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Александар Митевски,** насловен доцент, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.бр** | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Избор во звање помлад асистент | 10 | | | | |
| **2** | Избор во звање асистент | 15 | | | | |
| **3** | Избор во звање асистент докторанд | 20 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **45** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br><br>**Трудови под реден број 1, 2 и 3 – прв автор<br>3 x 9 x 0,7 = 18,9 бода**<br><br>**Труд со реден број 4 – останати автори<br>1 x 3 x 1 = 3** | 18,9<br><br>3 | | | | **21,9** |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| **11** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | 2 | 6 | | | **12** |
| **23** | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **49,9** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **94,9 бода** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-81/19 од 26.3.2021 година донесена на 256. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 26.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трансфузиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

– **д-р Воскресија Стефановска,** редовен професор во пензија за наставно-научна област трансфузиологија - претседател;
– **д-р Стојанка Костовска,** редовен професор во пензија за наставно-научна област трансфузиологија - член;
– **д-р Борче Георгиевски,** редовен професор за наставно-научна област хематологија, вработен на Медицински факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 5.3.2021 година и исправка на Конкурс од 9.3.2021 година објавена во „Слободен печат“ и „Коха“. Во предвидениот рок се пријави

– **насл. доц. д-р Рада Милош Грубовиќ-Растворцева**, специјалист трансфузиолог – супспецијалист хематолог, вработена како раководител на Институтот за трансфузиона медицина – Скопје во Институтот за трансфузиона медицина на РСМ во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Насл. доц. д-р супспец Рада Милош Грубовиќ-Растворцева** е родена на 18 јули 1975 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Коле Неделковски“ во Скопје и е прогласена за најдобар ученик на деценијата за што пишува Монографијата на училиштето. Средно образование завршила во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје исто така како првенец на генерацијата. Се запишала на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 1993 година, а дипломирала во 1999 година прва во генерацијата со просечен успех 9,3. Во учебната 2000 г. се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2002 година со просечен успех 10. Во јули 2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема „*Анализа на факторите кои влијаат на одлуката да се дарува крв*” на Медицинскиот факултет во Скопје. Во септември 2002 година се вработила во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ, каде што работи и денеска. Специјализацијата по трансфузиологија ја завршила со успех во март 2006 година. Од 2012 година е раководител на Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки при Институтот за трансфузиона медицина на РМ, при што врши експертска дејност од големо значење за здравството во Република Македонија. Од јануари 2020 година е раководител на Институтот за трансфузиона медицина – Скопје. Супспецијализацијата по хематологија ја започнала во 2012 година и со успех ја завршила во април 2014 година.

Во март 2018 година на Медицинскиот факултет во Скопје ја одбранила докторската дисертација на тема „*Анализа на факторите кои влијаат на мобилизацијата и харвестрирањето на хематопоетските периферни матични клетки и квалитетот на графтот”.*

**Општи услови за избор:**

1. Насл. доц. д-р супспец Рада М. Грубовиќ-Растворцева има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии - 9.3, втор циклус (магистерски студии) - просек 10, има завршено специјализација по трансфузиологија (март 2006 година) и супспецијализација хематологија (април 2014 година);
2. Д-р Грубовиќ е магистер на медицински науки (јули 2007 година) и доктор на медицинските науки (март 2018 година) од областа на трансфузиологија и хематологија;
3. Претходно е избрана во звањето насловен доцент по предметот Трансфузиологија на Факултетот за медицински науки, УГД (Одлука бр. 2002-286/12 од 24.12.2019 година);
4. Претходно е бирана во звањето асистент по предметот Трансфузиологија на Медицинскиот факултет во Скопје (Билтен бр. 938, 14 март 2008, Медицински факултет – Скопје, УКИМ, договорот за асистент со Медицински факултет во Скопје е обновен во 2011 година) Одлука бр. 02-1459 од 22.5.2008 година
5. Има доставено сепарати од сите нејзини научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.
6. Има препорака од двајца професори.
7. Има сертификат за владеење со руски јазик - уверение за напредно познавање на руски јазик од Руски центар при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, 2019 и англиски јазик (TOEFL 2010, IELTS 2015, уверение за напредно познавање на англиски јазик од УКИМ – ниво C1, 2019 и сертификат за напредно познавање на англиски јазик од Hellenic American University, USA).
8. Поседува способност за изведување на високообразовна дејност.

Научните трудови со кои насл. доц. д-р супспец Рада Милош Грубовиќ-Растворцева ги исполнува законските критериуми за избор во звање доцент се:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Grubovic Rada,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic MR. | *Analysis of factors that influence hematopoietic recovery in autologous transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood.* | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2017. June 15;5(3):324-331. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.0392. **PubMed** | 11 години |
| 2 | **Grubovic Rada,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic M. | *Factors associated with successful mobilization and collection of peripheral blood hematopoietic stem cells in autologous and allogeneic donors* | South East European Journal of Immunology. 2017 Dec 26; 2017:20012. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.20012 | 6 години |
| 3 | **Grubovic Rada,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva Stavric S, Grubovic M. | Evaluation of factors that influence hematopoietic recovery in autologous and allogeneic transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood | Bilten za Transfuziologiju 2016;62(1-2):29-37. | 65 години |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4** | **Грубовиќ Растворцева Рада,** Георгиевски Б, Чевреска Л, Усеини С, Генадиева Ставриќ С, Стојаноски З, Пивкова А, Чадиевски Л, Грубовиќ М. | Карактеристики на донорите и аферезната постапка кои влијаат на ефикасноста на колекционирањето на хематопоетските матични клетки од периферна крв | International Medical Journal MEDICUS 2017. 2017;22(1):39-49. | 24 години |
| **5** | Useini S, **Grubovic Rada,** Andonov G. | How religion impacts blood donation | Macedonian Medical Review, 2018; 72(3): 107-109. | 73 години |

**Посебни услови**

Д-р Грубовиќ била проект менаџер на меѓународниот ЕУ ИПА проект **„Зајакнување на системот на сигурност на крв"** спроведуван во тек на 2013 и 2014 година во Институтот за трансфузиона медицина на РМ. Д-р Грубовиќ е автор и коавтор на повеќе од 170 научни труда публикувани во индексирани меѓународни и домашни научни списанија, од кои 90 се авторски, а 25 се in extensio. Поголемиот дел од трудовите се презентирани на повеќе меѓународни и национални научно-стручни собири и конгреси. **Коавтор** е на **Практикумот по трансфузиологија**, поглавја 1-4 во книгата: Костовска С, Благоевска М и сор. **Трансфузиологија,** Скопје 2009**.** Д-р Грубовиќ работата како насловен доцент ја извршува одговорно, стручно и посветено. Таа е ментор на двајца специјализанти по трансфузиологија и била едукатор на преку 70 специјализанти на специјализација по трансфузиологија и другите гранки на медицината.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во март 2008 г. е избрана за ***асистент*** на Медицинскиот факултет во Скопје по предметот Трансфузиологија (Одлука бр. 02-1459 од 22.5.2008 година), при што се рецензирани 38 научни труда. Договорот за асистентско звање со Медицинскиот факултет во Скопје е обновен во 2011 година. Од самиот почеток е вклучена во изведувањето на практичната настава, подготовка и изведување на колоквиуми и испити, семинарски работи, консултации со студенти по предметите: *Трансфузиологија*, за студенти на Додипломски студии по медицина и *Дијагностички методи*, за Стручни студии за медицински сестри и техничари - редовни и вонредни.

На 24.12.2019 година д-р Грубовиќ е избрана во звање ***насловен доцент*** за наставно-научната област трансфузиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Одлука бр. 2002-286/12 од 24.12.2019 година). Д-р Грубовиќ држи предавања по предметите: *Трансфузиона медицина* на студентите Општа медицина и *Основи на трансфузиологија* за студентите на Високата школа за лаборанти – редовни и вонредни. Ментор е и едукатор на специјализанти по трансфузиона медицина и специјализанти од други области на медицината.

Насочувањата и едукацијата на д-р Рада Грубовиќ започнуваат уште во текот на средношколските денови, каде што два пати освојува прво место на државните натпревари по медицина. Веднаш по завршувањето на студиите во 1999 година станува раководител на Американската програма во Интернационалната организација за миграција (ИОМ) одговорна за медицинската состојба и сигурниот транспорт на 25.000 бегалци од Косово во САД. Во тек на вршењето на оваа дејност во САД стручно соработувала и со Првата дама на САД г-ѓа Хилари Клинитон и министрите од американската Влада. Во текот на септември и октомври 2008 година студиски престојувала во *Кингс Колеџ болницата* во *Лондон*, каде што работела истражување од областа на хематопоетските матични

клетки. Истата година ја добила *Меморијалната награда на Принцезата од Велс*, која ѐ била доделена од *Британското здружение на трансфузиолози*. Од септември 2010 година до јуни 2011 била на студиски престој на *Медицинскиот факултет Дејвид Гефен* при *Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес (УКЛА)*, во Лос Анџелес, Калифорнија, САД, каде што работела истражувања од областа на трансплантацијата на хематопоетски матични клетки под менторство на проф. д-р Гари Шилер. Како признание за извонредните достигнувања на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес д-р Грубовиќ има добиено *Сертификат за достигнувања* од Универзитетот, а за покажаната извонредна посветеност кон пациентите, посетителите и персоналот д-р Грубовиќ добила *Благодарница од Медицинскиот центар „Роналд Реган"* при *УКЛА*. Студиски престојувала во два наврати во *Институтот за трансфузија на крв во Љубљана*, Словенија во јануари и февруари 2014 година. Активно учествувала на голем број конгреси во земјата и во странство и била наградена со грантови од: US Department of State – Fulbright Program, British Blood Transfusion Society - BBTS, International Society for Blood Transfusion - ISBT (Истанбул, Турција, 2003; Единбург, Велика Британија, 2004; Атина, Грција, 2005), European School for Transfusion Medicine - ESTM (Пескара, Италија, 2009; Белград, Србија и Црна Гора, 2003), European School of Haematology & Eurocord - ESH&Eurocord (Монте Карло, Монако, 2013) и Turkish Academy of Science - TUBA (Анталија, Турција, 2014).

Научни трудови објавени во целост во референтни научни списанија во последни пет години:

1. **Grubovic RM**, Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic MR. ***Analysis of factors that influence hematopoietic recovery in autologous transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood.*** Open Access Maced J Med Sci. 2017. June 15;5(3):324-331. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.039

   За успешна трансплантација на хематопоетски матични клетки потребно е да се постигне брзо и трајно неутрофилено и тромбоцитено хематопоетско опоравување. Во оваа клиничка студија е извршена анализа на факторите кои влијаат на хематопоетското опоравување кај автологно трансплантираните пациенти со хематопоетски матични клетки од периферна крв. Пациентите биле анализирани во три подгрупи во зависност од заболувањето од кое се лекуваат: акутна миелоидна леукемија, мултипли миелом и лимфоми, а добиените резултати и заклучоци од студијата имаат сигнификантно значење за третманот на овие болни.

2. Grubovic R, Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic M. ***Factors associated with successful mobilization and collection of peripheral blood hematopoietic stem cells in autologous and allogeneic donors.*** SEE J Immunol. 2017 Dec 26; 2017:20012. https://doi.org/10.3889/oamjms.2017.20012.

   Трансплантациите на хематопоетски матични клетки претставуват третман на избор за многу досега неизлечиви болести, како што се малигните и немалигните болести на крвта и некои автоимуни болести. Во оваа клиничка студија се испитувани факторите кои влијаат на мобилизацијата и колекционирањето на хематопоетски матични клетки од периферна крв кај автологните и алогени донори, како предуслов за добивање на квалитетен графт, што е предуслов за успешно изведување на трансплантација. Определувањето на точното ниво на предаферезните лабораториски параметри за започнување на аферезната постапка која би била безбедна за донорите и со голема ефикасност на колекционирање на ХМК, би го намалило проблемот на помалку успешни и/или повеќекратни харвестрации.

3. Грубовиќ Растворцева Р, Георгиевски Б, Чевреска Л, Усеини С, Генадиева Ставриќ С, Стојаноски З, Пивкова А, Чадиевски Л, Грубовиќ М. ***Карактеристики на донорите и аферезната постапка кои влијаат на ефикасноста на колекционирањето на хематопоетските матични клетки од периферна крв.*** IMJM 2017. 2017;22(1):39-49.

   Во овој труд е испитувано влијанието на потенцијалните предиктивни фактори – демографски и лабораториски карактеристики на донорите, карактеристиките на аферезното колекционирање и мобилизациионата стратегија, како и карактеристиките

поврзани со болеста кај автологните донори, кои би можеле да влијаат на ефикасноста на колекционирањето, односно вкупниот број на колекционираните МНК и ЦД34+ клетки. Студија покажала дека на вкупниот број на колекционираните МНК клетки сигнификантно влијаеле предаферезниот број на тромбоцитите (p=0.045576), мобилизирачката стратегија (p=0.044071), видот на сет за харвестрација (p=0.042254), бројот на аферзни циклуси во една процедура(p=0.037069) и бројот на циклуси на примена хемотерапија (p=0.033519), додека на вкупниот број на колекционирани ЦД34+ клетки кај автологните донори сигнификантно влијаел бројот на аферезни циклуси во една процедура (p=0.014608).

4. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva Stavric S, Grubovic M. ***Evaluation of factors that influence hematopoietic recovery in autologous and allogeneic transplanted patients with hematopoietic stem cells from peripheral blood.*** Bilt Transfuziol 2016;62(1-2):29-37.

Трансплантациите на хематопоетски матични клетки се едни од најкомплексните терапевтски процедури. Во овој труд се евалуирани факторите кои влијаеле на енграфтментот кај автологните и алогено трансплантирани пациенти со хематопоетски матични клетки од периферна крв. Потребно се понатамошни истражувања за подобро да се разбере кинетиката на енграфтментот и да се минимизира употребата на трансфузиите и потенцијалните компликации поврзани со трансплантацијата на хематопоетски матични клетки. Резултатите од студијата претставуваат голем придонес во оваа област.

5. Useini S, **Grubovic R,** Andonov G. ***How religion impacts blood donation.*** Mac. Med. Review, 2018; 72(3): 107-109.

Можноста за употреба на крв и крвните продукти претставува една од најголемите придобивки на современата медицина. Во овој ревијален труд се анализирани ставовите на различни религии во однос на крводарувањето и нивното влијание на крводарувањето. Мотивирањето на крводарителите претставува основен аспект во процесот на крводарување и оттука произлегува и важнота на истото.

Други научни трудови за рецензија објавени во последните 5 години:

6. **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S, Georgievski B, Cevreska L, Genadieva Stavric S, Petkovic E, Andonov G, Pivkova A, Stojanoski Z, Cadievski L, Hristova A, Grubovic M. ***Apheresis collection of peripheral blood stem cells in hematological patients and healthy donors-17 years of experience.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):115.

Во овој труд се опишани искуствата во аферезното колекционирање на хематопоетски матични клетки од периферна крв (ХМК) кај хематолошки пациенти и здрави донори во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетската клиника за хематологија, во периодот од 2001 до 2018 година. Во овој период имало 773 аферезни процедури за колекционирање на матични клетки, од кои 626 (81%) биле изведени кај 313 хематолошки пациенти, а 148 процедури (19%) биле изведени кај 95 здрави донори. Доволен број ХМК биле добиени во просек со 2 афереизи (опсег 1-5) кај алогените донори и 1,6 афереизи кај здравите донори (опсег 1-3). Сите процедури биле изведени без компликации, со што се потврдува безбедноста на процедрата.

7. **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S, Petkovic E, Andonov G, Neceva V, Todorovski B, Todorovska E, Velkova E, Makarovska Bojadzieva T, Apostolovska R, Grubovic M. ***Maintenance of the Quality Management System in the Stem Cell Collection Facility as a prepequisite for JACIE Accreditation***. Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):116.

Главната цел на JACIE акредитацијата е да се подобри квалитетот на трансплантациите на хематопоетски матични клетки во Европа, со овозможување на услови, стандарди и водичи за работа на аферезните центри, центрите за трансплантација и лабораториите за процесирање со што ќе се овозможи високо квалитетно работење. Во трудот се опишани резултатите од аудитот на JACIE и преземените чекори за одржување и подобрување на квалитетот во Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки при Институтот за трансфузиона медицина.

8. Petkovic E, Useini S, Andonov G, **Grubovic Rastvorceva R,** Todorovska E, Blagoevska M, Lolita M. ***Comparison of blood donor profile – what is new after one decade.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):126.

Унапредувањето на крводарителскиот процес е една од мисиите и целите на трансфузиолошката служба за континуирано обезбедување на доволно количество сигурна крв. Во трудот е направена компарација на крводарувањата во период 2007 и 2016 година. Во заклучокот се констатира дека е потребна постојано да се работи на задршката на постоечките крводарители и регрутирањето на новите крводарители.

9. Andonov G, Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Petkovic E, Todorovski B***. Summary of blood donation in the Institute for Transfusion Medicine of RM.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):126.

   Во овој труд се евалуирани резултатите од крводарувањата во тек на 2017 година. Во текот на годината имало 23.686 крводарувања во Институтот за трансфузиона медицина, од кои 75% биле со мобилни екипи, 74,8% биле мажи и 25,2% биле жени. Имало 8,9% донори кои за прв пат дарувале крв, а 14% од донорите биле одбиени од крводарување заради различни причини. Највисоки пикови во крводарувањата имало во месеците март и ноември.

10. **Grubovic Rastvorceva R.** ***Impact of factors affecting mobilization and collection efficiency in autologous and allogeneic hematopoietic stem cell donors.*** Bilt Transfuziol 2018; 63(1-2):82.

    За успешно колекционирање на мононуклеарни клетки (МНК) и ЦД34+ клетки од периферна крв потребна е идентификација на предиктивните фактори.Во овој труд се испитувани факторите кои влијаат на мобилизацијата и харвестрирањето на хематопоетски матични клетки од периферна крв (ХМК) кај автологните и алогени донори, како предуслов за добивање на квалитетен графт, што е предуслов за успешно изведување на трансплантација. Потребно е да се направат универзални водичи за употребата на лабораториски параметри во иницијацијата на аферезната процедура за оптимизацијата на колекционирањето на ХМК.

11. Todorovska E, Petkovic E, Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Neceva V, Apostolovska R, Angelovski J. ***Fibrinolytic system and lipid status in patients with deep venous thrombosis***. Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):134.

    Во овој труд е испитувано дали постои корелација помеѓу испитуваните параметри од фибринолитичниот систем и липидните фракции кај пациентите со длабока венска тромбоза. Анализата на резултатите покажала позитивна корелација помеѓу t-PAI и HDL, PAI-1 и TC, LDL, Lp(a), DD и TC, LDL, Lp(a).

12. Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Petkovic E, Andonov G, Raka F, Muaremoska-Useini S, Todorovski B. ***Automated platelet collection in the Institute for Transfusion Medicine of RM.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):103.

    Тромбоцитниот концентрат од единечен дарител добиен со афереза е терапија на избор кај најтешко болните пациенти кои имаат потреба од овој вид терапија, пред се заради тоа што го намалува ризикот од несакани реакции во споредба кога се даваат тронбоцити од рандом донори. Во период од 2010 до 2018 година имало 831 тромбоцитофереза во Институтот за трансфузиона медицина и може да заклучи дека трендот на тромбоцитоферези е во пораст.

13. Makarovska Bojadzieva T, Nikolova J, Velkova E, **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S. ***Comparative study on transfusion transmissible infections in blood donors.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):93.

    Во овој труд се компарирани серопреваленците на маркерите за инфекции преносливи со трансфузија во период од десет години Испитувањето на маркерите за инфекции преносливи со трансфузија се едни од најважните процедури во процесот на обработка на крвта, неопходни за сигурноста на крвта.

14. Makarovska Bojadzieva T, Velkova E, Nikolova J, **Grubovic Rastvorceva R,** Angeloski J. ***Comparative study on red blood cell antibodies in blood donors.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):98.

    Испитувањето на антиеритроцитните антитела во донираната крв е задолжителен дел при тестирањето на крводарителите. Во овој труд е компарирана преваленцата и природата на ирегуларните еритроцитни атитела детектирани во периодот од 2015-

2018 и периодот од 2009-2014 и анализирани се демографските карактеристики на крводарителите со специфични антитела.

15. Todorovski B, Blagoevska M, Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Andonov G, Petkovic E, Damevska Todorovska O**.** ***Some aspects of blood donation in NITM in Skopje in 2017 – young donors.*** Bilt Transfuziol 2018;63(1-2):101.471

Овој труд ги обработува крводарувањата во Институтот за трансфузиона медицина во 2017 година, со посебен осврт на младата популација. Од 23683 дарувања, 1458 (6,15%) биле студенти и 2797 (11,8%) средношколски ученици. За да се одржи постоечкиот и да се зголеми бројот на крводарувањата потребно е да се изнајдат нови начини за мотивација на младите луѓе.

16. **Grubovic Rastvorceva R,** Useini S, Dimitrovski K, Petkovikj E, Andonov G, Grubovic M. ***Collection of mobilized peripheral blood stem cells in healthy donors – 17 years of experience.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 336-337.

Во овој труд се опишани искуствата во аферезното колекционирање на хематопоетски матични клетки кај здрави донори во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетската клиника за хематологија, во периодот од 2001 до 2018 година. Како заклучок е наведено дека треба да се работи на развојот на Националниот регистар на несродни донори на хематопоетски матични клетки во РСМ.

17. **Grubovic Rastvorceva R.** ***Assessment of factors associated with successful mobilization and collection of peripheral blood hematopoietic stem cells in autologous and allogeneic donors.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 337.

Хематопоетските матични клетки од периферна крв се најпреферираните матични клетки за трансплантација кај автологните (99%) и алогените (79%) трансплантации. Доволен број на хематопоетски метични клетки е предуслов за успешна трансплантација и овој труд дава особен придонес анализирајќи ги факторите поврзани со успешна мобилизација и харвестрирање на хематопоетски матични клетки. Бројот на тромбоцитите пред започнување на мобилизација и харвестрација бил идентификуван како потенцијален предиктор за успешна мобилизација и харвестрација.

18. Useini S, **Grubovic Rastvorceva R,** Dimitrovski K, Andonov G, Petkovikj E. ***Donation of single donor platelets in the Institute for transfusion medicine of Republic of Macedonia.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 139-140. Во овој труд се прикажани искуствата во колекционирањето на тромбоцити со клеточен сепаратор со тромбоцитофереза во Институтот за трансфузиона медицина. Во период од 2010 до 2017 година се дарувани во просек 104 тромбоцитни концентрати со клеточен сепаратор, во 2010 година – 49, 2011 година – 66, 2012 година – 78, 2013 година – 105, 2014 година – 108, 2015 година – 120 и 2016 година – 208. Тромбоцитоферезата е потврдена како сигурна и ефикасна метода за добивање тромбоцити.

19. Andonov G, **Grubovic Rastvorceva R,** Dimitrovski K, Blagoevska M, Useini S, Petkovikj E, Tododorovska Damevska O, Todorovski B, Grubovic M. ***Overview of blood donation in the the Institute for transfusion medicine of Republic of Macedonia.*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 139.

Во овој труд се евалуирани резултатите од крводарувањата во тек на 2017 година, со посебен осврт на полова дистрибуција, национална, професионална окупираност, првократни крводарители и одбиени крводарители, со цел да се изнајдат нови начини за мотивација на крводарителите.

20. Petkovikj E, Andonov G, Blagoevska M, Dimitrovski K, **Grubovic Rastvorceva R**, Useini S, Mitevska L**.** ***Blood donor profile – is there any change after 10 years?*** Vox Sanguinis 2018; 113 (Suppl.1): 132.

Унапредувањето на крводарителскиот процес е една од мисиите и целите на трансфузиолошката служба за континуирано обезбедување на доволно количество сигурна крв. Во трудот е направена анализа на крводарувањата во период од 10 години и најдено е дека има покачување на бројот на жените крводарители, како и двојно намалување на невработените и средношколците крводарители во 2016 година наспроти 2007 година.

21. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Useini S, Petkovic E, Grubovic M. ***Mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood as a preferred source in autologous stem cell transplantation in adult patients with hematologic malignancies.*** Vox Sanguinis 2017; 112 (Suppl.1): 292-293.

Мобилизираните хематопоетски матични клетки од периферна крв го имаат приматот во однос на хематопоетски матични клетки добиени од коскена срцевина и се преферирaн избор при 99% автологни трансплантацијии во светски рамки. Во оваа клиничка студија работена во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетска клиника за хематологија, се анализирани аферезните колекционирања на мобилизирани хематопоетски матични клетки од периферна крв кај автологни донори, односно хематолошки пациенти во периодот од 2001 до 2017 година.

22. Grubovic RM, Georgievski B, Cevreska L, Genadieva-Stavric S, Grubovic MR. ***Evaluation of factors that influence collection efficiency hematopoietic stem cells from peripheral blood.*** Vox Sanguinis 2017; 112 (Suppl.1): 291.

Во оваа клиничка студија е прикажана важноста на одредени параметри, кои се предуслов за успешно колекционирање на мононуклеарни клетки и ЦД34+ клетки. Потребно е одредувањето на точните вредности на лабораториските параметри за започнување на мобилизацијата и аферезното колекционирање кое е сигурно за донорот и многу ефикасно во колекционирањето на хематопоетски матични клетки за оптимизација на овие процедури, како и за рана интервенција кај слабите мобилизери.

23. **Grubovic R,** Velkova E, Useini S, Petkovikj E, Veljanovski N, Raka F, Grubovic M. ***Implementing the Quality Management System in the Institute for Transfusion Medicine of Republic of Macedonia.*** Vox Sanguinis 2017; 112 (Suppl.1): 99-100.

Потребата да се демонстрира квалитет во праксата стана еден од главните приоритети на здравствените работници и здравствените институции. Посакуваното ниво на квалитет и извонредност може да биде постигнато и да се демонстрира со акредитација. Институтот за трансфузиона медицина е ISO акредитиран, а се стреми да биде акредитиран и од JACIE.

24. **Grubovic R.** ***Safety and efficacy of apheresis collection of mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood in healthy donors – 15 years of experience.*** Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 286-287.

Во овој труд се опишани искуствата во земањето на алогени хематопоетски матични клетки од периферна крв кај здрави донори во периодот од 15 години. Донорите биле стимулирани со гранулоцити-колоностимулирачки фактор 4-5 дена ред харвестрација. Сите донори и приматели на хематопоетски матични клетки биле ХЛА типизирани. Процедурата траела од 3 до 4 часа и биле колекционирани од 50 до 220 мл. Посакуваниот број нематопоетски матични клетки бил добиен во просек со 1,7 процедура по донор, а аферезната процедура е успешно извршена.

25. **Grubovic R,** Georgievski B, Cevreska L, Useini S, Genadieva-Stavric S, Stojanovic A, Petkovic E, Grubovic M. ***Mobilized hematopoietic stem cells from peripheral blood as preferred source for autologous and allogeneic transplantation in hematological patients - 15 years of experience.*** Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 291.

Во овој труд се опишани искуствата во аферезното колекционирање на мобилизирано хематопоетски матични клетки од периферна крв (ХМК) кај хематолошки пациенти и здрави донори во Институтот за трансфузиона медицина и Универзитетската клиника за хематологија, во периодот од 2001 до 2016 година. Во наведениот период биле изведени 653 харвестрации, од кои 527 кај 255 хематолошки пациенти и 126 процедури кај 74 здрави донори. Посакуван број ХМК биле добиени во просек со 2.1 аферези (опсег 1-5) кај алогените донори и 1,7 аферези кај здравите донори (опсег 1-3). Главни индикации за автологна трансплантација на ХМК биле: мултипли миелом – 53,1%, лимфоми – 25%, акутна миелоидна леукемија – 21,9%; и акутна миелоидна леукемија – 61.3%, акутна лимфобластна леукемија – 17.7% и хронична миелоидна леукемија – 9.7' кај алогените трансплантации на ХМК.

26. **Grubovic R,** Useini S, Velkova E, Damevska Todorovska O, Veljanovski N, Petkovikj E, Raka F, Grubovic M. ***Maintenance of the Quality Management System in the Stem Cell***

*Collection Facility in the Institute for Transfusion Medicine.* Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 110-111.

Во овој труд е опишано одржувањето на Системот за квалитет во Институтот за трансфузиона медицина, поточно во Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клеткиво периодот од неговото формирање во 2012 година до 2016 година. Одржувањето на Системот за квалитет е спроведувано преку ISO стандардизација, двајца лекари станаа JACIE инспектори и со постојано следење на стандардите и препораките на JACIE и работење според нив.

27. Raka F, Useini S, **Grubovic R,** Kacarski K. ***Automated platelet collections at ITM-Skopje.*** Vox Sanguinis 2016; 111 (Suppl.1): 129.

Во овој труд е опишано автоматизираното колекционирање на тромбоцити со клеточен сепаратор во Институтот за трансфузиона медицина во тек на 2015 година.

Д-р Грубовиќ има голем број активности на континуирана медицинска едукација. Учествувала на голем број едукации и била организатор на интернационални конгреси, симпозиуми, школи:

- **Европски комитет за трансфузија на крв (CD-P-TS),** тело на ***Европскиот директорат за квалитет на лекови (EDQM),*** при ***Советот на Европа,*** 13-14 ноември 2019, Стразбург, Франција – учесник на 16-тиот годишен експертски состанок;
- **Претседател на Конгрес** и **Претседател на меѓународен научен одбор** на ***5-ти Конгрес на Македонско здружение на трансфузиолози*** со меѓународно учество, 16-19 октомври 2019, Скопје, Северна Македонија – пленарен предавач;
- **Претседавач** на сесија ***Венски тромбемболизам*** на ***5-тиот Конгрес на кардиолози на РСМ*** со меѓународно учество, 3-6 октомври 2019, Охрид, Северна Македонија;
- **Поканет предавач** на **1st Bone Marrow Transplant Workshop of Republic of North Macedonia,** 12-14 април 2019, Скопје, Северна Македонија;
- **International Society on Thrombosis and Hemostasis - ISTH 2019 Congress,** 6-10 јули, 2019, Мелбурн, Австралија;
- **Организатор** и **поканет предавач** на **стручен состанок Нови директни антикоагуланси,** 1 ноември 2019, Скопје, Северна Македонија;
- Член на **Програмски одбор и поканет предавач** на ***6-тиот Конгрес на трансфузиолози на Србија*** со меѓународно учество, 7-10 ноември 2018, Белград, Србија;
- **„Анализа на нуклеотидни секвенци на геноми на вирус во медицинска дијагностика"** Национален симпозиум, 11 октомври, 2018, ВМА, Белград, Србија (Сетрификат);
- Едукација при **Националната агенција за акредитација, Медицински факултет – Скопје и Министерство за здравство на РМ**, јуни-септември 2015 (Сертификат за **надворешен оценувач на здравствени институции);**
- ***"New Techniques in the Production of Stem Cells"*** курс, **Turkish Academy of Science – TUBA**, април 2014, Анталија, Турција (Сертификат);
- Едукација ***"Quality Management in Transfusion Medicine"*** – **EU IPA Project – Strengthening of the Blood Safety System**, јануари/февруари 2014, Љубљана, Словенија (Сертификат);
- ***"A New Concept of Medical Education in Macedonia – Developing a Competency-based Graduate Medical Training Program, Macedonia-US Physician Project Workshop"*** 17-21 октомври 2014, Медицински факултет - Скопје (Сертификат);
- **Annual EFI (European Federation for Immunogenetics) Region EPT Meeting**, 29-30 ноември 2013, Белград, Србија (Сертификат);
- Едукација при **JACIE** (Joint Accreditation Committee of ISCH – International Society of Cellular Therapy & EBMT – European Group for Blood and Marrow Transplantation), октомври 2012, Барселона, Шпанија (Сертификат за **JACIE инспектор**);

- **Multicountry Workshop: "*Development of deceased donation programs in SEEHN Countries - Technical Requirements for Donation and Procurement of Organs",*** European Commission and TAIEX, јуни 2012, Охрид, Македонија (Сертификат);
- **SEEHN Министерска конференција за донација на органи и трансплантација**
- ***"Heart to the Region",*** јуни 2012, Загреб, Хрватска;
- Студиски престој **–** стипендист на **Американската Влада** - **Fulbright** програма – ***Bone Marrow Transplantation Fellowship*****, Hematological Malignancy/Stem Cell Transplant Program, David Geffen School of Medicine at UCLA, Los Angeles, California, USA,** под менторство на проф. д-р Gary J. Schiller, MD FACP, септември 2010 – јуни 2011 (Сертификат);
- Едукација ***"Introduction to Principles and Practice of Clinical Research",*** **National Institutes of Health, USA,** октомври 2010 – март 2011. (Сертификат);
- Симпозиум ***"Science of Learning in Medical Education"***, **David Geffen School of Medicine at UCLA**, октомври 2010, Лос Анцелес, САД (Сертификат);
- **European School for Transfusion Medicine – ESTM** курс ***"Organizational, technical and clinical aspects of cord blood banking***", ноември 2009, Пескара, Италија (Сертификат);
- Студиски престој – стипендист на **British Blood Transfusion Society (BBTS)**, **Stem Cell Transplant Unit/ King's College Hospital, London, UK**, септември - октомври 2008;
- ***"The First Macedonian Workshop for Scientific Writing and Publishing and Evidence-based Medicine",*** Медицински факултет - Скопје и Croatian Medical Journal, ноември 2007, Скопје, Македонија (Сертификат);
- ***"The Programme for Management and Leadership in Health"*** едукација, 2006-2007 Министерство за здравство на РМ, World Bank и Медицински факултет – Скопје (Сертификат);
- **European School for Transfusion Medicine - ESTM** курс ***"Contribution of Clinical Medicine in Blood Safety"*** Белград, Србија и Црна Гора, октомври 2003 (Сертификат)
- ***35th International Congress of International Society for Blood Transfusion - ISBT***, 2-6 јуни, 2018, Торонто, Канада – постер презентации;
- Член на **Научен одбор** на ***19th Danubean League against Thrombosis and Hemofilia,*** 18-20 мај, 2017 Скопје, Македонија – постер презентација;
- ***5th Meeting on Rare Disease in the South Eastern Europe,*** **Македонска академија на наука и уметност,** Скопје, Македонија, ноември 2016;
- ***5th Congress of Cardiosurgery in RM,*** Скопје, Македонија, ноември 2016;
- ***41th European Society for Blood and Marrow Transplantation - EBMT Congress***, јуни 2015, Лондон, Велика Британија – усна и постер презентација;
- **Претседавач** на сесијата ***Трансплантација и имунобилогија*** и поканет предавач на ***V Transfusiology Congress of Serbia and Montenegro*** *with international participants*, 6-9 ноември 2014, Белград, Србија;
- Член на **Научен одбор и поканет предавач** на ***IV Congress of Macedonian Society for Transfusion Medicine*** *with international participants*, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија;
- ***40th European Society for Blood and Marrow Transplantation - EBMT Conference***, 30 март- 2 април 2014, Милано, Италија – усна и постер презентација;
- ***IV World Cord Blood Congress and Innovative Therapies for Sickle Cell Disease***, 24-27 октомври 2013, Монако;
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT Congress***, 2-7 јуни, 2013, Амстердам, Холандија – постер презентација;
- ***39th EBMT (European Group for Blood and Marrow Transplantation) Meeting***, 7-12 април 2013, Лондон, Велика Британија – наградена постер презентација;
- Член на **Работна група за ISO стандардизација и акредитација,** ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ (октомври 2012 -);
- Член на **Научен одбор и поканет предавач** на ***I Macedonian Conference for Transfusion Alternatives in Critical Ill Patients under patronate of NATA*** *(Network for advancement of transfusion alternatives)*, 16-17 ноември 2012, Скопје, Македонија;

- **Поканет предавач** на ***33. Medical Conference of Serbia and Montenegro***, 11-14 септември 2012, Беране, Монтенегро;
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT Congress***, јули 2012, Канкун, Мексико – постер презентација;
- **Поканет предавач** на Симпозиумот ***"Updates in Transplantation of Hematopoietic Stem Cells",*** Здружение на трансфузиолози на РМ, Македонско Лекарско Друштво, ноември 2011, Скопје;
- Учество во **10 клинички студии** за пациенти со акутна миелоидна леукемија и мултипли миелом, **University of California Los Angeles** (2010-2011);
- **Генерален секретар** и **поканет предавач** на ***III Congress of Macedonian Society for Transfusion Medicine*** *with international participants*, 10-14 јуни 2009, Охрид, Македонија;
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2009 Congress,*** 20-24 март, 2009, Каиро, Египет – усна и постер презентација;
- ***British Blood Transfusion Society – BBTS Congress,*** Llandudno, Wales, UK, септември 2008 – добитник на **Princess of Wales Memorial Award;**
- Симпозиум ***"Implementation of European Guidelines for Safe Blood",*** Здружение на трансфузиолози на РМ, Македонско лекарско друштво, мај 2008;
- ***III Transfusiology Congress of Serbia and Montenegro*** *with international participants*, 8-12 ноември, 2006, Белград, Србија – постер презентација;
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2005 Congress***, јули 2005, Атина, Грција – постер презентација;
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2004 Congress***, јуни 2004, Единбург, Шкотска, ВБ – постер презентација;
- ***International Society for Blood Transfusion - ISBT 2003 Congress***, 5-9 јули, Истанбул, Турција – усна и постер презентација.

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамки на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, Рецензентската комисија констатира дека д-р Рада Милош Грубовиќ-Растворцева е исклучително посветен и прагматичен научник и истражувач со завидни резултати во кариерата. Д-р Грубовиќ била организатор, предавач и член на научен и организациски одбор на повеќе меѓународни научни конгреси, научни собири, работилници, семинари, во земјава и во странство, каде што остварила забележителни резултати и успеси, за што се стекнала со соодветни сертификати, дипломи и уверенија. Автор е и коавтор на над 170 научни и стручни трудови, од кои 25 се in extenso. Научните трудови чиј автор е д-р Грубовиќ претставуваат значаен придонес кон развојот и унапредувањето на научната дејност во областа на трансфузиологијата.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Д-р Грубовиќ е избрана за потпретседател на Македонското здружение на трансфузиолози во април 2012 година и таа функција ја обавувала до септември 2018 година. Во септември 2018 г. е избрана за **претседател на Здружението на трансфузиолози на РМ**, која функција ја врши и денеска. Д-р Грубовиќ активно учествувала во организацијата на повеќе стручни и научни конгреси, семинари, симпозиуми и работилници. Д-р Грубовиќ е организатор и ***претседател на 5-тиот Конгрес на Македонското здружение на трансфузиолози*** со меѓународно учество и Претседател на Меѓународниот научен одбор на Конгресот. Била член на ***Научен одбор*** и активен учесник на ***3. и 4. Конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество*** (2009 и 2014 година), на ***Првата македонска конференција за алтернативи во трансфузијата кај критично болни пациенти*** во 2012 година, на ***19. Интернационални средби на Дунавската лига за тромбоза и хемостаза*** во 2017 година, а била и член на ***Програмски одбор на 5. и 6. Конгрес на трансфузиолози на Србија со меѓународно учество*** (2014 и 2018 година).

Како раководител на Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки, Д-р Грубовиќ активно работи на изготвување и воведување на стандардни оперативни постапки (СОП) за процесите на аферезно колекционирање на хематопоетски матични клетки и тромбоцитоферези и е член во работната група за ISO стандардизација при Институт за трансфузиона медицина на РМ. Во 2018 година во Центарот за колекционирање на хематопоетски матични клетки воведува нова метода за земање на хематопоетски матични клетки од периферна крв со нов тип на клеточен сепаратор Cobe Optia.

Д-р Грубовиќ е ***национален претставник*** во ***Експертскиот комитет за трансфузија на крв на EDQM*** (Европскиот директорат за квалитет на лекови) при ***Советот на Европа***. Била ***стручен соработник*** на ***Министерството за здравство на РМ*** од областа на матичните клетки од 2012 до 2015 година и учествувала во изработката на *„Законот за изменување и дополнување на законот за земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување"*, како и соодветните подзаконските акти и уредби. Истата година станала и **JACIE инспектор** одговорен за *акредитација на здравствени установи кои се занимаваат со колекционирање, чување, процесирање и трансплантирање на матични клетки во Европски рамки.* Во текот на 2013 и 2014 г. била **Национален проект менаџер на EU IPA проектот „Зајакнување на системот на сигурност на крв"** кој бил успешно завршен. Во 2015 година станала ***надворешен оценувач на здравствени институции во РМ*** *при Националната агенција за акредитација и Министерство за здравство на РМ.* Од 2017 година д-р Грубовиќ е ***акредитиран испитувач при Лекарската комора на Македонија***.

Д-р Грубовиќ е член на голем број домашни и интернационални професионални здруженија.

- **Претседател** на **Здружение на трансфузиолози на РМ**
- Член на **Македонско лекарско друштво**
- Член на **Лекарска комора на Македонија**
- Член на **Интернационално здружение за трансфузија на крв (ISBT)**
- работна група за ***Клеточна терапија*** и ***Менаџмент на квалитет***
- Член на **Европското здружение за трансплантација на крв и коскена срцевина (EBMT)**
- Член на **Интернационално здружение за тромбоза и хемостаза (ISTH)**
- Член на **Здружение на здравствени работници и соработници кои ги згрижуваат лицата со хемофилија и други коагулопатии – 17ти април**
- Член на **Македонско здружение на хематолози**
- Член на **Второстепена комисија за лекување во странство при ФЗО на РМ**
- Член на **Комисија за полагање на стручен испит** при ЛКМ
- Член на **Алумните на Сојузот на млади истражувачи на РМ**
- Член на **Fulbright Alumni State Association**
- Член на **Macedonian-American Alumni Association.**

Д-р Грубовиќ е член е на уредувачки одбор и рецензент во повеќе од 20 меѓународни научни списанија.

- **Лекарски весник,** издание на Македонско лекарско друштво
- **Journal of Stem Cell Therapy and Transplantation**
- **Annals of Stem Cells and Regenerative Medicine**
- **Clinical Medicine Research**
- Scientific Pages of Immunology
- Journal of Hematology and Oncology Research
- Austin Transplantation Sciences
- Archives of Organ Transplantation
- Journal of Hematology and Clinical Research
- Clinics of Oncology

- SciTz Stem Cells Research & Therapy
- Science Journal of Clinical Medicine (SJCM)
- Jacobs Journal of Bone Marrow and Stem Cell Research
- Journal of Evolving Stem Cell Research
- International Journal of Recent Scientific Research
- Journal of Genetic Medicine and Gene Therapy
- American Journal of Leukemia Research
- Annals of Bone Marrow Research
- Open Hematology Journal
- Journal of Disease and Global Health
- Macedonian Journal of Medical Science (MJMS)

Д-р Грубовиќ е добитник е на голем број награди и признанија:

- **Fulbright Scholarship/Award**, **US State Department** (2010/2011)
- *Certificate of Achievement* – **International Education Office at UCLA** (мај 2011), како признание за извонредните достигнувања на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес
- *Certificate of Recognition* – **UCLA Health System & Ronald Reagan UCLA Medical Center** (мај 2011) за покажаната извонредна посветеност кон пациентите, посетителите и персоналот
- **Princess of Wales Memorial Award 2008, British Blood Transfusion Society – BBTS** (септември 2008)
- **Плакета** од **Македонско лекарско друштво**, 2017
- **Диплома** од **Македонско лекарско друштво**, 2012
- **Благодарница** од **Македонско лекарско друштво**, 2007
- **Благодарница** од **Асоцијацијата на млади истражувачи на РМ**, 2015

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, со кои се исполнуваат општите и посебни услови за избор во звање, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа насл. доц. д-р супспец Рада Милош Грубовиќ-Растворцева има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да ја избере насл. доцент д-р супспец Рада Милош Грубовиќ-Растворцева во наставно- научно звање доцент за наставно-научната област трансфузиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Воскресија Стефановска,** редовен професор во пензија, претседател, с.р.
**Д-р Стојанка Костовска,** редовен професор во пензија, член, с.р.
**Д-р Борче Георгиевски,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 2 | Избор во звање асистент по Трансфузиологија | 2 x 15 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3 )<br>Трудови под реден бр. 1,2 и 4 – прв автор 3 x 9 = 27 бода;<br>труд бр. 3 – прв автор 1x9x0.7 = 6.3<br>Труд под реден бр. 5 – втор автор 1 x 6 = 6 бода (6x1=6) | 3 x 9 = 27<br>1x9x0.7 = 6.3<br>1 x 6 = 6 | | | | **39.3** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (2/3)<br>Труд под ред. бр. 6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25,26,27 - во странство<br>Труд бр. 10,17,14 (3x3x1.3=11.7 бода)<br>Труд бр. 9,13,14,18, 20,24 (6x3x1 = 18)<br>Останати трудови – 13<br>(13x3x0.7 = 27.3<br>**Вкупно = 57** | | | 3<br>6<br>13 | 11.7<br>18<br>27.3 | **57** |
| **9** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во странство (1,5/2)<br>Труд под реден бр. 6,7,8,9,11,13,14,15,16, 17,18,19,20,21,23,24,25,26,27 – постер презентации во странство<br>Труд под реден бр. 10,12,22 – усни презентации во странство<br>**3x2+19x1.5=6+28.5=34.5** | | | 19<br>3 | 1.5<br>2 | **34.5** |
| **10** | Одбранета докторска теза | | 8 | | | **8** |
| **11** | Одбранета специјализација по трансфузиологија и супспецијализација по хематологија | 2 | 6 | | | **12** |
| **12** | Одбранет магистерски труд | | 4 | | | **4** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **16** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>( 4/2/1)<br>- Лекарски весник, издание на Македонско лекарско друштво<br>- Journal of Stem Cell Therapy and Transplantation<br>- Annals of Stem Cells and Regenerative Medicine<br>- Clinical Medicine Research<br>- Scientific Pages of Immunology<br>- Journal of Hematology and Oncology Research<br>- Austin Transplantation Sciences<br>- Archives of Organ Transplantation<br>- Journal of Hematology and Clinical Research<br>- Clinics of Oncology<br>- SciTz Stem Cells Research & Therapy<br>- Science Journal of Clinical Medicine (SJCM)<br>- Jacobs Journal of Bone Marrow and Stem Cell Research<br>- Journal of Evolving Stem Cell Research<br>- International Journal of Recent Scientific Research<br>- Journal of Genetic Medicine and Gene Therapy<br>- American Journal of Leukemia Research<br>- Annals of Bone Marrow Research<br>- Open Hematology Journal<br>- Journal of Disease and Global Health<br>- Macedonian Journal of Medical Science (MJMS) | 21 | 2 | | | **42** |
| **20** | Член на организациски или научен одбор на меѓународен научен собир<br>1. Претседател на Конгрес и Претседател на меѓународен научен одбор на *5-ти Конгрес на Македонско здружение на трансфузиолози* со меѓународно учество, 16-19 октомври 2019, Скопје, Северна Македонија<br>2. Член на Програмски одбор на *6-тиот Конгрес на трансфузиолози на Србија* со меѓународно учество, 7-10 ноември 2018, Белград, Србија<br>3. Член на Научен одбор на *19th Danubean League against Thrombosis and Hemofilia,* 18-20 мај, 2017 Скопје, Македонија<br>4. Член на Научен одбор на *IV Congress of Macedonian Society for Transfusion Medicine with international participants*, 08-11 октомври 2014, Скопје, Македонија<br>5. Член на Научен одбор на *I Macedonian Conference for Transfusion Alternatives in Critical Ill Patients under patronate of NATA (Network for advancement of transfusion alternatives)*, 16-17 ноември 2012, Скопје, Македонија | | | 5 | 2 | 10 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22** | Награди-признанија за научни-постигнувања<br>• **Fulbright Scholarship/Award, US State Department** (2010/2011)<br>• ***Certificate of Achievement*** **– International Education Office at UCLA** (мај 2011), како признание за извонредните достигнувања на Универзитетот на Калифорнија Лос Анџелес<br>• ***Certificate of Recognition*** **– UCLA Health System & Ronald Reagan UCLA Medical Center** (мај 2011) за покажаната извонредна посветеност кон пациентите, посетителите и персоналот<br>• **Princess of Wales Memorial Award 2008, British Blood Transfusion Society – BBTS** (септември 2008)<br>• **Плакета** од **Македонско лекарско друштво**, 2017<br>• **Диплома** од **Македонско лекарско друштво**, 2012<br>• **Благодарница** од **Македонско лекарско друштво**, 2007<br>• **Благодарница** од **Асоцијацијата на млади истражувачи на РМ**, 2015<br><br>странство 4 x 10 = 40 бода<br>дома 4 x 5= 20 бода | 4 | 5 | 4 | 10 | **60** |
| **23** | Студиски престој во странство<br>1. ***Институт за трансфузија на крв, Љубљана, Словенија***<br>2. ***Bone Marrow Transplantation Fellowship*, Hematological Malignancy/Stem Cell Transplant Program, David Geffen School of Medicine at UCLA, Los Angeles, California, USA**<br>3. -***Kings College Hospital, Лондон, Велика Британија*** | **8** | | | | |
| **24** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | | | 20 | 1 | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **294.8** |

| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **2** | Коавтор на Практикум во книга Трансфузиологија | | | | | **10** |
| **7** | Пленарни предавање на стручен собир<br><br>- Пленарно предавање на ***6-тиот Конгрес на трансфузиолози на Србија*** со меѓународно учество, 7-10 ноември 2018, Белград, Србија | | | 1 | 4 | **4** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **13** | Учесник во научен проект<br><br>Проект менаџер на меѓународен научен проект<br>***"Strengthening of the Blood Safety System in the National Blood Transfusion Service*** – Implementation of the European Union IPA Project at the Institute for Transfusion Medicine of the Republic of Macedonia | | | | 8 | **8** |
| **17** | Елаборати и експертизи<br>Изработка на Закони и подзаконски акти<br>- *"Закон за изменување и дополнување на законот за земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување",*<br>- Соодветни подзаконски акти и уредби (4) | 5 | 2 | | | **10** |
| **26** | Раководител на Центар за земање на хематопоетски матични клетки | 1 | 3 | | | **3** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела<br>- **Национален претставник** во ***Експертскиот комитет во Европскиот директорат за квалитет на лекови – EDQM при Советот на Европа*** | | | 1 | 5 | **5** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **29** | Член на институтски орган, комисија<br><br>- Претседател на **Здружение на трансфузиолози на РМ**<br>- **Потпретседател** на **Здружение на трансфузиолози на РМ** (2012-2018)<br>- Член на **Македонско лекарско друштво**<br>- Член на **Лекарска комора на Македонија**<br>- Член на **Интернационално здружение за трансфузија на крв (ISBT)**<br>- Член на **Европското здружение за трансплантација на крв и коскена срцевина (EBMT)**<br>- Член на **Интернационално здружение за тромбоза и хемостаза (ISTH)**<br>- Член на **Здружение на здравствени работници и соработници кои ги згрижуваат лицата со хемофилија и други коагулопатии – 17 април**<br>- Член на **Македонско здружение на хематолози**<br>- Член на **Алумните на Сојузот на млади истражувачи на РМ**<br>- Член на **Fulbright Alumni State Association**<br>- Член на **Macedonian-American Alumni Association**<br>- Член на **Работна група за ISO стандардизација и акредитација,** ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ<br>- Член на **Второстепена комисија за лекување во странство при ФЗО на РМ**<br>- Член на **Комисија за полагање на стручен испит** при ЛКМ | 11 | 2 | 4 | 2 | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **394.8** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМУНИКАЦИИ И МАС-МЕДИУМИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

.

Со Одлука бр. 1102-63/3 од 13.4.2021 година донесена на 204. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 13.4.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и мас-медиуми (50706) на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Слободен печат" и „Коха» на 19.3.2021 година и во предвидениот рок се пријави: **д-р Андон Мајхошев,** вонреден професор од областа на комуникации и мас-медиуми.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно објавениот конкурс и чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Андон Мајхошев** е роден на 2.2.1961 година во Штип. Основно и средното образование завршува во Штип. Дипломира во 1984 година на Факултетот за политички науки на Универзитетот во Белград.

Магистрира во 2008 година на студиите за политички науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на тема „*Функционирање на економско-социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997-2007 година"* и се стекнува со диплома магистер по политички науки. Во 2011 година докторира на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на тема „*Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Република Македонија во периодот од 1990-2010 година"* и се стекнува со диплома доктор на политички науки.

Во периодот од 1985 година до 1993 година е вработен во ТК „Македонка" – Штип на работно место секретар на општествено-политичките организации. Од 1994 година до 1997 година ја врши функцијата претседател на Општинскиот синдикат - Штип. Од 1998 до 2008 година ја врши функцијата претседател на Регионалниот синдикален совет на ССМ - Штип.

Од 2008 до 2011 година е избран за асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Во 2011 година е избран во звање доцент за наставно-научната област комуникации и мас-медиуми на Универзитет „Гоце Делчев" од страна на Наставно-научниот совет на Правен факултет со Одлука од 3.10.2011 г. (рецензија објавена во Универзитетски билтен бр. 66 од 15.9.2011 година).

Во 2016 год. е избран во вонреден професор за наставно-научната област комуникации и мас медиуми во Универзитетот „Гоце Делчев" од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, донесена на седница одржана на 19.4.2016 г. (Рецензија објавена во Универзитетски билтен бр. 165 од март 2016 година).

**Општи услови за избор:**

1. На ден 14.4.2011 година одбранет докторат на Институтот за социолошки, политички и правни истражувања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на тема „*Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Република Македонија во периодот од 1990-2010 година".*
2. Во 2011 година со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев» од 3.10.2011 е избран во Доцент во наставно-научната

област комуникации и мас-медиуми (Рецензија објавена во Билтен бр. 66 од 15.9.2011 година);

3. Како вонреден професор за научната област комуникации и медиуми е избран на 19.4.2016 година, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип; (Рецензија објавена во Универзитетски билтен бр. 165 од март 2016 година).
4. Објавени најмалку шест (6) научни труда во научни списанија, годишни зборници или зборници од научни конференции, согласно ЗВО во последните 5 (пет) години пред објавување на конкурсот. Во табелите се презентирани трудовите

Д-р Андон Мајхошев од изборот во доцент до денес има објавено повеќе од 70 труда, а во периодот од изборот на вонреден професор од 2016 година има објавено 26 труда во научни списанија, годишни зборници или зборници од научни конференции. Во табелите се презентирани трудовите од периодот на избор на вонреден професор (2016 год. до денес).

***Објавени трудови во меѓународни научни списанија и годишни зборници на трудови од 2016 до денес***

.

| | ***Автори*** | ***Наслов на трудот*** | ***Списание*** | ***Година на излегување*** |
|---|---|---|---|---|
| ***1.*** | Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and **Majhosev, Andon** and Arthur, Robert | *Insights into Professional Standards of Informing: Media Legislation and Protection of EU Values in Republic of North Macedonia.* | Technium Social Sciences Journal, 14. pp. 236-249. ISSN 2668-7798 | *2020* |
| ***2.*** | **Majhosev, Andon** and Denkova, Jadranka and Osmanov, Shenaj | *Hate speech on social networks and traditional media in Republic of N. Macedonia.* | Journal of Process Management – New Technologies, International, 8 (3/2020). pp. 82-90. ISSN 2334-735X /e-2334-7449 | *2020* |
| ***3.*** | **Majhosev, Andon** and Belovski, Vojo | *Извори на Медиумското право.* | Годишен зборник на Правен факултет, IX (9). pp. 23-32. ISSN 1857-8713 | *2019* |
| ***4.*** | **Majhosev, Andon** and Paraklieva, V. | *Legal and institutional framework for safety and health at work in the Republic of North Macedonia.* | JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International Vol. 7, No 2, 2019., 7 (2). pp. 44-53. | *2019* |
| ***5.*** | Majhosev, Anon | *Living and working in North Macedonia.* European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions | [https://www.eurofound.europa.eu/ | *2019* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *6.* | **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana | *European model of regulating the media.* | Balkan Social Science Review, 12. pp. 127-141. ISSN 1857- 8772 | *2018* |
| *7.* | **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana | *Заштита на приватноста во медиумите (право на приватност).* | Годишен зборник на Правен факултет (8). pp. 108-117. ISSN 1857-8713 | *2018* |
| *8.* | **Majhosev, Andon** and Majhosev, Darko | Decriminalization of insult and defamation in the journalistic profession in the Republic of Macedonia through the prism of the law on civil liability for insult and defamation | Balkan Social Science Review, 10. pp. 25-41. ISSN 1857- 8772 | *2017* |
| *9.* | Majhosev, Darko and Nakovska, Marija and **Majhosev, Anon** | Право на здравствено осигурување со акцент на правото на парични надоместоци на осигурените лица во Република Македонија | Годишен зборник на Правен факултет (7). ISSN 1857-7229 | *2017* |
| *10.* | **Majhosev, Andon** and Mirkovski, Goran | Freedom of expression and decriminalization of the defamation in the Republic of Macedonia | Journal of Process Management - New Technologies, 5 (3). pp. 106-113. ISSN 2334-735X | *2017* |
| *11..* | Majhosev, Andon | *Freedom of the media.* | Balkan Social Science Review, 9. pp. 89-103. ISSN 1857- 8772 | *2017* |
| *12.* | **Majhosev, Andon** and Krusarska Velinovska, Katerina | *The right to form and to join trade unions as defined in international legal instruments.* | Journal of Process Management - New Technologies, 5 (3). pp. 79-86. ISSN 2334-735X | *2017* |
| *13.* | Majhosev, Andon | *Слободата на медиумите вистински тест за демократијата.* | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Правен факултет и ЦОЈ, Stip | *2017* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ***14.*** | Андон Мајхошев | *Анализа на одредбите на колективните договори во Република Македонија во периодот 1990-2010 од аспект на примена на начелото поповолност за вработените (in favorem laboratories).* | Годишен зборник на Правен факултет 2016, Vol. 6 (1). pp. 53-62. ISSN 1857-7229 | *2016* |
| ***15.*** | Belovski, Vojo and Majhosev, Andon and Dujovska, Ivana | The bill of exchange as a means of payment and security | (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International, 4 (3). pp. 39-49. ISSN 2334-7449 (Online)/ 2334-735X (Print) | *2016* |

***Трудови објавени во зборник на трудови од меѓународна научна конференција во странство (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји и коишто се организираат најмалку по петти пат од 2016 до денес)***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **16.** | Андон Мајхошев | *Journalism and Journalism Ethics* | In: 29th International Scientific Conference – Knowledge in practice, 18-19 Dec 2020, Bansko, Bulgaria | 2020 |

**Трудови објавени во зборник на трудови од меѓународна научна конференција во земјава (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји, од 2016 до денес)**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | ***Андон Мајхошев***, *Јорданка Галева, Искра Коровешовска и Јадранка Денкова* | *Perception of Freedom of Expression of Media Workers in the Eastern Region of the Republic of North Macedonia* | Зборник на трудови, VII Меѓународна научна конференција: «Општествените промени во глобалниот свет”, Правен факултет на УГД, 2020 година; | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **18.** | Denkova, Jadranka and **Majhosev, Andon** and Stojanovski, Strasko | *Предности и недостатоци на Управниот спор во македонскиот правен систем* | In: Седма меѓународна конференција - Општествените промени во глобалниот свет, Sept 2020, Stip. | 2020 |
| **19.** | **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana | *Регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи.* In: 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 05-06 Sept 2019, Stip, Macedonia. | In: 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 05-06 Sept 2019, Stip, Macedonia. | 2019 |
| **20.** | Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and **Majhosev, Andon** and Donev, Dragan | *Регулирање на радиодифузните програми во македонското законодавство и заштита на демократските вредности и принципи.* | In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 06-07 Sept 2018, Stip, Macedonia. | 2018 |
| **21.** | **Majhosev, Andon** and Belovski, Vojo and Pavlovski, Jani | *Резултати од постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавци во РМ (второ пребројување).* | In: Fifth International Scientific Conference: Social Changes in the Global World, 06-07 Sept 2018, Stip, Macedonia. | 2018 |
| **22.** | **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana | Саморегулација на медиумите-компаративна анализа | IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 1183-1197. ISSN ISBN 978-608-244-423-9 | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **23.** | Војо Беловски**, Андон Мајхошев** | *Европското трудово право и глобализацијата.* | IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. pp. 47-73. ISSN ISBN 978-608-244-423-9 | 2017 |
| **24.** | Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and **Majhosev, Andon** | What print media write for workers rights and problems in Republic of Macedonia in the period 1.03.2014 - 31.08.2014 | In: Third International Scientific Conference, Social Change in the Global World, 01-02 Sept 2016, Stip, Republic of Macedonia. | 2016 |
| **25.** | **Majhosev, Andon** and Bakev, Zlatko | Како известуваат медиумите во Република Македонија за активностите на јавното обвинителство за гонење на кривичните поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во периодот од 01.04.-30.06.2016 | Трета меѓународна научна конференција-Општествените промени во современиот свет, Универзитет Гоце Делчев-Штип, 2016 , Vol. 2. pp. 990-1008. ISSN ISBN 978-608-244-353-9 | 2016 |
| **26.** | Majhosev, Andon | *Говор на омраза во традиционалните медиуми во РМ: примери од Македонија.* | In: Меѓународна научна конференција филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip, Republic of Macedonia | 2016 |

– Потврда за познавање на англиски јазик
– Способност за изведување на високообразовна дејност, д-р Андон Мајхошев во 13-годишниот изборен период од асистент до вонреден професор остварува плодна научноистражувачка и наставно-образовна дејност, истиот бил ментор на околу 50 дипломски трудови и на околу 35 магистерски трудови, автор е на учебници и учебни помагала од областа на медиумите, новинарството, трудовото право. Извршувал факултетски функции (член на комисии и одбори). Учествувал во изработка на елаборати за студиските програми од областа Медиумските студии и односи со јавноста за прв и втор циклус студии, како и во процесите на акредитација на факултетот. Исто така, бил рецензент на учебници и трудови, менторирал 4 Еразмус студенти по *предметите Медиуми и општество, Медиумско право со студенти од Турција и Шпанија итн.*

***Посебни услови:***

– *Учество во научноистржувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати* - во изборниот период д-р Андон Мајхошев бил раководител во научноистражувачки проект што е реализиран од страна на истражувачки тим при Правниот факултет во кој биле вклучени и студенти со наслов *„Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот Регион на Република С. Македонија»*. Учествувал како тренер во проект *„Интегрирање на Ромите во локалните јавни политики"*, финансиран од Европската Унија, односно како предавач и панелист на проекти на Европското движење на Македонија (Национална конвенција за ЕУ во Република С. Македонија) во врска со Поглавјето 4.19 Социјална политика и вработување на теми: Флексибилност на работниот однос, социјалниот дијалог и др. Во рамките на споменатиот проект, д-р Мајхошев беше предавач на теми: *„Прилагодување на индустриските односи кон новите облици на работа» и „Хармонизација на професионалниот и приватниот живот: подобри услови за поквалитетно живеење»*. Во рамките на Проектот *«Living and working in North Macedonia» на Eurofond, д-р Мајхошев бил ангажиран како експерт за изготвување на Извештај за животните и работните услови во Република С. Македонија во 2017 година. Исто така, д-р Мајхошев бил ангажиран и во Проектотот «The World Justice Project/Rule of Law Index» во 2015* и 2020 година.

По покана на Советот на млади на Штип одржал работилница на тема: Решавање на проблеми со преговарање. Исто така, на покана на НВО има одржано предавања за слобода на изразување и слободата на медиумите, како и индустриските односи во Република С. Македонија.

– *Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници* - во рамките на образовните активности учествува и во самостојниот развој на помлади наставници и асистенти и со нив соработувала во рамките на изведувањето на наставата, предавања и вежби по предмети што се од областа на медиумските студии, комуникациите, односите со јавноста и други предмети.

Во целокупниот изборен период од доцент до денес д-р Мајхошев објавил четири (4) рецензирани учебници (Медиумско право, Новинарска етика, Трудово право, Индустриски односи-регулатива, теорија и практика) и дел од учебно помагало Европска Унија: право и политики, поглавје «Европско трудово право и Индустриски односи во Европска Унија»), скрипта и практикум по предметите „Новинарска етика" и „Трудово право».

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 2011 год. е избран во доцент за наставно-научната област комуникации и мас медиуми на Универзитетот „Гоце Делчев" од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет (Рецензија објавена во Универзитетски билтен бр. 66 од 15 септември 2011 година).

Како доцент е вклучен во наставната дејност на Правниот факултет на првиот и вториот циклус студии. Во периодот од изборот е вклучен во предметните програма од сите насоки. До воспоставувањето на новата предметна програма, како резултат на нова акредитација на Универзитетот во 2012 година ги предавала следниве предмети: Етика и деловна комуникација, Новинарска етика, Основи на комуникации, Комуникациски теории, Медиуми и општество, Трудово право, Медиумско право, Политички теории, Локална самоуправа и др.

Во 2016 год. е избран во вонреден професор за наставно-научната област комуникации и мас медиуми во Универзитетот „Гоце Делчев" од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет. Научната евалуација на научните трудови за избор во вонреден професор е содржана во Рефератот за избор во вонреден професор, усвоен од Наставно-научниот совет на Правниот факултет (Рецензија објавена во Универзитетски билтен бр.165 од март 2016 година).

Со последната акредитација од 2016 година, според новата програма вклучен е во прв, втор и трет циклус студии.

***На првиот циклус студии е вклучен на сите насоки за следниве предмети*:**

На насоката *Правни студии ги предава следните предмети:*

- *Трудово право* во третиот семестар, (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), Штип и Струмица;
- *Локална самоуправа* во третиот семестар, (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Штип и Струмица;
- *Медиумско право*, во седмиот семестар на сите модули, (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Штип и Струмица;
- Етика и деловна комуникација, осми семестар, 6 кредити, задолжителен предмет (2+2+1), Штип;

На насоката *Новинарство и односи со јавноста* ги предава следните предмети*:*

- *Вовед во новинарството*, во првиот семестар, (6 кредити), задолжителен предмет (2+2+1), во Скопје и Штип;
- *Новинарска етика*, втор семестар, 6 кредити, задолжителен предмет (2+2+1), Скопје и Штип;
- *Основи на комуникации, втор семестар* (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Скопје и Штип;
- *Локална самоуправа* во третиот семестар, (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Скопје и Штип;
- *Медиуми и општество*, шести семестар, 8 кредити, задолжителен предмет (3+2+2), Скопје и Штип;
- Медиумско право, седми семестар, 4 кредити, изборен предмет (2+1+1), Скопје и Штип;

На насоката *Применета политика и дипломатија* ги предава следните предмети:

- *Локална самоуправа*, во третиот семестар, (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Штип;
- *Политички теории*, четврти семестар, 8 кредити, задолжителен предмет (3+2+2), Штип;
- *Медиумско право*, седми семестар, 4 кредити, изборен предмет (2+1+1);

***На вториот циклус ги предава следниве предмети*:**

*Студиска програма јавна администрација 3+2:*

На студиската програма Јавна администрација, во првиот семестар, предметот Службенички систем (4 кредити), задолжителен предмет (2+1+1), Штип.

На студиската програма Јавна администрација, во вториот семестар, предметот Етика и деловна комуникација (4 кредити), изборен предмет (2+1+1), Штип.

На студиска програма Јавна администрација во вториот семестар, предметот Комуникација во јавната администрација (8 кредити), задолжителен предмет (3+2+2), Штип.

*Студиска програма јавна администрација 4+1*

На студиска програма Јавна администрација во првиот семестар, предметот Комуникација во јавната администрација, 6 кредити, задолжителен предмет (2+2+1), Штип

*Студиска програма Применета политика и дипломатија 3+2:*

На студиска програма Применета политика и дипломатија во првиот семестар, предметот Службенички систем, 4 кредити, изборен предмет (2+2+1), Штип;

На студиската програма Применета политика и дипломатија во вториот семестар, предметот Етика и деловна комуникација, 4 кредити, изборен предмет (2+1+1), Штип;

На студиската програма  Применета политика и дипломатија во третиот семестар, предметот Современи политички теории, 8 кредити, задолжителен предмет (3+2+2), Штип;

*Студиска програма Комуникациски менаџмент и односи со јавност 3+2*

На студиската програма Комуникациски менаџмент и односи со јавност, во првиот семестар, ги предава предметите Комуникациски теории, 8 кредити, задолжителен (3+2+2) и Методологија на општествени истражувања со академско пишување, 6 кредити, задолжителен (2+2+1), Штип.

*Студиска програма Масовни комуникации и менаџмент во медиумите 4+1*

На студиската програма Масовни комуникации и менаџмент во медиумите, во првиот семестар, го предава предметот Методологија на општествени и истражувања со академско пишување, 6 кредити, задолжителен (2+2+1), Штип.

***На третиот циклус на студии ги предава следниве предмети*:**

На Катедрата за политички и правно-политички науки на студиската програма Докторски студии по политички науки – политички системи предавал два предмети.

Во рамките на образовните активности учествува и во самостојниот развој на студентите на првиот, вториот и третиот циклус студии. Така, под негово менторство дипломирале на прв циклус на студии околу 50 студенти. На вториот циклус на студии под негово менторство досега магистрирале повеќе од 35 студенти. Покрај тоа, учествувал како член на комисија за одбрана на магистерски труд во повеќе од 25 комисии, а на додипломски студии во повеќе од 20 комисии. Бил член на комисија за одбрана на докторски студии на 4 (четири) студенти, 3 на УГД и 1 на УКИМ. Во рамките на програмата „Еразмус +“ менторирал и оценил 4 студенти за предметите Медиуми и општество и Медиумско право со студенти од Турција, Полска и Шпанија итн. Рецензент е на повеќе од 25 учебници, книги и научни и стручни трудови. Одлуките се наоѓаат во архивата на Правниот факултет.

***Учебници и учебни помагала***

Од 2011 година до денес д-р Мајхошев е автор на четири учебници, две книги-монографии, две учебни помагала и коавтор на дел од меѓународна книга. Коавтор е на учебник *„Трудово право“* објавен во 2017 година. Автор е на учебниците: *„Индустриски односи: регулатива, теорија и практика», „Медиумско право», „Новинарска етика»,* дел од учебно помагало *„Европска Унија: право и политики“*, делот Европско трудово право и индустриски односи во Европска Унија. Исто така, автор е на скрипта и практикум наменети за предметот Новинарска етика, како и на практикум *„Трудово право“*.

| **Реден број** | **Автор** | **Наслов на учебникот, учебното помагало** | **Издавач** | **Година на издавање** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Андон Мајхошев | Индустриски односи: регулатива, теорија и практика | **Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип,** | 2021 |
| **2.** | Андон Мајхошев | Новинарска етика ISBN 978-608-244-754-4. | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип | 2020 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | Андон Мајхошев и Војо Беловски | Учебно помагало „Европска Унија: право и политики“, главата Европско трудово право и Индустриски односи во ЕУ автори Андон Мајхошев и Војо Беловски. Уредена од Ана Никодиновска-Крстевска, Борка Тушевска-Гавриловиќ и Олга Кошевалиска<br><br>ISBN 978-608-244-595-3 | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип, | 2019 |
| **4.** | Андон Мајхошев | Медиумско право<br><br>SBN ISBN 978-608-244-498-7. | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип, | 2018 |
| **5.** | Војо Беловски и Андон Мајхошев | Трудово право ISBN 978-608-244-383-6 | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип, | 2017 |
| **6.** | Majhosev, Andon and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana | Новинарска етика-практикум ISBN 978-608-244-277-8. | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип | 2016 |
| **7.** | Мајхошев Андон | *Решавање на колективните работни спорови (The Settlement of Collective Labour Disputes)* | NUUB “Goce Delcev” Stip | 2015 |
| **8.** | Андон Мајхошев | Новинарска етика-рецензирана скрипта ISBN 978-608-244-115-3. | Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип | 2014 |
| **9.** | Андон Мајхошев | Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Република Македонија во периодот 1990-2012 ISBN 978-9989-147-88-3 | НУУ Библиотека «Гоце Делчев»-Штип | 2012 |

***Евалуација на научните трудови***

Д-р Андон Мајхошев во своите научни трудови е насочена кон истражувања од областа на мас-медиумите и комуникацијата, каде во неговите трудови се осврнува кон анализата на медиумите, а пред се кон: слободата на изразување, слободата на медиумите, професионалните стандарди на новинарската професија, саморегулација на медиумите. Исто така, негово поле на истражување се и индустриските односи од речиси сите негови аспекти.

Ги има објавено следните научни трудови:

1. Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and **Majhosev, Andon** and Arthur, Robert (2020) *Insights into Professional Standards of Informing: Media Legislation and Protection of EU Values in Republic of North Macedonia.* Technium Social Sciences Journal, 14. pp. 236-249. ISSN 2668-7798
2. **Majhosev, Andon** (2020) *Journalism and Journalism Ethics.* In: 29th International Scientific Conference – Knowledge in practice, 18-19 Dec 2020, Bansko, Bulgaria.
3. Denkova, Jadranka and **Majhosev, Andon** and Stojanovski, Strasko (2020) *Предности и недостатоци на Управниот спор во македонскиот правен систем.* In: Седма меѓународна конференција - Општествените промени во глобалниот свет, Sept 2020, Stip.
4. **Majhosev, Andon** and Galeva, Jordanka and Korovesoska, Iskra and Denkova, Jadranka (2020) *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во источниот регион на Република С. Македонија.* In: Меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет, Sept 2020, Stip, R.N. Macedonia.
5. **Majhosev, Andon** and Denkova, Jadranka and Osmanov, Shenaj (2020) *Hate speech on social networks and traditional media in Republic of N. Macedonia.* Journal of Process Management – New Technologies, International, 8 (3/2020). pp. 82-90. ISSN 2334-735X /e-2334-7449
6. **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2019) *Регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи.* In: 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 05-06 Sept 2019, Stip, Macedonia.
7. **Majhosev, Andon** and Belovski, Vojo (2019) *Извори на Медиумското право.* Годишен зборник на Правен факултет, IX (9). pp. 23-32. ISSN 1857-8713
8. **Majhosev**, Andon and Paraklieva, V. (2019) *Legal and institutional framework for safety and health at work in the Republic of North Macedonia.* (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International Vol. 7, No 2, 2019., 7 (2). pp. 44-53.
9. **Majhosev, Andon** (2019) *Living and working in North Macedonia.* European Foundation for the Improvement of Living and Working Conditions [https://www.eurofound.europa.eu/
10. Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and **Majhosev, Andon** and Donev, Dragan (2018) *Регулирање на радиодифузните програми во македонското законодавство и заштита на демократските вредности и принципи.* In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 06-07 Sept 2018, Stip, Macedonia.
11. **Majhosev, Andon** and Belovski, Vojo and Pavlovski, Jani (2018) *Резултати од постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавци во РМ (второ пребројување).* In: Fifth International Scientific Conference: Social Changes in the Global World, 06-07 Sept 2018, Stip, Macedonia.
12. **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2018) *European model of regulating the media.* Balkan Social Science Review, 12. pp. 127-141. ISSN 1857- 8772
13. **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2018) *Заштита на приватноста во медиумите (право на приватност).* Годишен зборник на Правен факултет (8). pp. 108-117. ISSN 1857-8713
14. **Majhosev, Andon** and Majhosev, Darko (2017) *Decriminalization of insult and defamation in the journalistic profession in the Republic of Macedonia through the prism of the law on*

*civil liability for insult and defamation.* Balkan Social Science Review, 10. pp. 25-41. ISSN 1857- 8772

15. Majhosev, Darko and Nakovska, Marija and **Majhosev, Andon** (2017) *Право на здравствено осигурување со акцент на правото на парични надоместоци на осигурените лица во Република Македонија.* Годишен зборник на Правен факултет (7). ISSN 1857-7229
16. 
17. Belovski, Vojo and **Majhosev, Andon** (2017) *Европското трудово право и глобализацијата.* IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 47-73. ISSN ISBN 978-608-244-423-9
18. **Majhosev, Andon** and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2017) *Саморегулација на медиумите-компаративна анализа.* IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 1183-1197. ISSN ISBN 978-608-244-423-9
19. **Majhosev, Andon** and Mirkovski, Goran (2017) *Freedom of expression and decriminalization of the defamation in the Republic of Macedonia.* Journal of Process Management - New Technologies, 5 (3). pp. 106-113. ISSN 2334-735X
20. **Majhosev, Andon** and Krusarska Velinovska, Katerina (2017) *The right to form and to join trade unions as defined in international legal instruments.* Journal of Process Management - New Technologies, 5 (3). pp. 79-86. ISSN 2334-735X
21. **Majhosev, Andon** (2017) *Freedom of the media.* Balkan Social Science Review, 9. pp. 89-103. ISSN 1857- 8772
22. **Majhosev, Andon** (2017) *Слободата на медиумите вистински тест за демократијата.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет и ЦОЈ, Stip
23. Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and **Majhosev, Andon** (2016) *What print media write for workers rights and problems in Republic of Macedonia in the period 1.03.2014 - 31.08.2014.* In: Third International Scientific Conference, Social Change in the Global World, 01-02 Sept 2016, Stip, Republic of Macedonia.
24. **Majhosev, Andon** (2016) *Говор на омраза во традиционалните медиуми во РМ: примери од Македонија.* In: Меѓународна научна конференција филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip, Republic of Macedonia.
25. **Majhosev, Andon** and Bakev, Zlatko (2016) *Како известуваат медиумите во Република Македонија за активностите на јавното обвинителство за гонење на кривичните поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во периодот од 01.04.-30.06.2016.* Трета меѓународна научна конференција-Општествените промени во современиот свет, Универзитет Гоце Делчев-Штип, 2016 , Vol. 2. pp. 990-1008. ISSN ISBN 978-608-244-353-9
26. **Majhosev, Andon** (2016) *Анализа на одредбите на колективните договори во Република Македонија во периодот 1990-2010 од аспект на примена на начелото поповолност за вработените (in favorem laboratories).* Годишен зборник на Правен факултет 2016, Vol. 6 (1). pp. 53-62. ISSN 1857-7229
27. Belovski, Vojo and **Majhosev, Andon** and Dujovska, Ivana (2016) *The bill of exchange as a means of payment and security.* (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International, 4 (3). pp. 39-49. ISSN 2334-7449 (Online)/ 2334-735X (Print)

***Кратка евалуација на секој труд поединечно***

Д-р Андон Мајхошев во научноистражувачкиот период е насочена кон истражувања појави, процеси и тенденции од областа на комуникациите и мас медиумите, како и индустриските односи. Тој во неговите трудови се осврнуваат кон анализа на улогата на медиумите во современото општество, регулацијата на медиумската сфера, медиумскиот плурализам, уредувачката политика, слободата на медиумите, слободата на изразување, анализа на професионалната етика низ призмата на примената на професионалните стандарди и др. Исто така, д-р Андон Мајхошев во своето научно истражување посветува значајно место и на индустриските односи од сите негови аспекти. Посебно е значајно да се нагласи неговото учество на голем број на научни конференции во странство од каде и

се објавени бројни трудови. Во целокупниот истражувачки период има објавено околу 80 трудови, од кои околу 20 се објавени во научни списанија регистрирани во релевантните бази за списанија, Ebsco, Emerald, Scopus и др. Значајно е да се нагласи дека во сите негови објавени трудови дава свои препораки насочени кон подобрување на степенот на слободата на изразување и слободата на медиумите, зголемување на ефикасноста во работењето на медиумите, саморегулацијата на медиумите и др. Исто така, д-р Мајхошев продлабочено навлегува во материјата на медиумската регулација и саморегулација каде што на свој начин ги разрешува дилемите и предизвиците во одговорот на прашањето што е подобро «регулација или саморегулација».

Д-р Мајхошев се фокусира и на анализа на индустриските односи на глобално, регионално и национално ниво преку анализа на социјалниот дијалог (бипартитен и трипартитен), решавањето на колективните работни спорови со акцент на примена на мирните методи.

***Кратка евалуација на секој труд поединечно во период поединечно за изборниот период од редовен професор 2016 до денес***

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународно научно списание***

1. **Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Arthur, Robert (2020) *Insights into Professional Standards of Informing: Media Legislation and Protection of EU Values in Republic of North Macedonia.* Technium Social Sciences Journal, 14. pp. 236-249. ISSN 2668-7798**

Трудот се однесува на примената на професионалните стандарди на информирање: со посебен осврт на законодавство за медиуми и заштита на вредностите на ЕУ во Република Северна Македонија. Користејќи ги регулативите на ЕУ и на Република Северна Македонија, авторите ја илустрираат важноста на регулативата за медиумите да се осигура дека правата на поединците, социјални, политички и верските групи се заштитени од злоупотреби што можат да произлезат од непрофесионално новинарство практики. Понатаму, авторите исто така ја нагласуваат важноста на заштитата на регулативите за медиумите малолетници од содржина што може да се смета за навредлива и / или штетна за нивниот развој.

2. **Majhosev, Andon and Denkova, Jadranka and Osmanov, Shenaj (2020) *Hate speech on social networks and traditional media in Republic of N. Macedonia.* Journal of Process Management – New Technologies, International, 8 (3/2020). pp. 82-90. ISSN 2334-735X /e-2334-7449**

Авторите во трудот се осврнуваат на улогата на медиумите, особено социјалните мрежи како средство за масовна комуникација, во промовирање на различноста, нивната почит, толеранција и еднаквост, недискриминација. И покрај ова, тие често стануваат промотори на говор на омраза. Во поново време, во покрај традиционалните медиуми, се најде и говорот на омраза нов начин да се манифестира - преку социјалните медиуми, Интернет, чија популарност и широко распространета употреба дозволува одредена содржина да допре до најшироката публика. Трудот се осврнува на говорот на омраза во однос на неговиот присуство на социјалните мрежи и традиционалните медиуми. Целта е да се прикаже состојбата во Република Македонија во врска со ова прашање. Притоа, преку методот на описна анализа, поддржан од а серија примери од пракса, заклучено е дека во Република Македонија присуството на се забележува злоупотреба на медиуми и социјални мрежи, со цел да не се почитува различноста, да се шират предрасуди, нетолеранција и стереотипи.

3. **Majhosev, Andon** and Belovski, Vojo (2019) *Извори на Медиумското право.* Годишен зборник на Правен факултет, IX (9). pp. 23-32. ISSN 1857-8713

Авторите во трудот го апострофираат развојот на медиумското право како релативно млада правна дисциплина на брзиот развој на медиумите, особено електронските медиуми. Со развојот на медиумите се наметна потребата од нивна регулација. Медиумското

право како правна дисциплина има свој предмет, содржина и правни извори. Предметот на проучување на Медиумското право е широк, но, во фокусот на проучување ја има слободата на изразување и регулацијата на медиумите. Во рамките на трудот, авторите ги анализираме најважните правни акти и извори на Медиумското право: меѓународните (актите на ООН, Советот на Европа) и националните (хетерономни) извори (устав, закони, подзаконски акти) и автономни извори (Етички кодекси, Статут, Правилници) на Здруженијата на новинари и актите на Трговските Радио-дифузни друштва.

4. **Majhosev, Andon (2019)** ***Legal and institutional framework for safety and health at work in the Republic of North Macedonia.*** **(JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International Vol. 7, No 2, 2019., 7 (2). pp. 44-53.**

Авторите во овој труд ги анализираат одредбите од најважните акти на државата што се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа, особено Уставот, Законот за работни односи и Законот за безбедност и здравје при работа. Исто така, авторите во трудот ги анализираат и одредбите на неколку колективни договори со цел да се утврди дали и на кој начин е регулирано ова прашање. Оваа работа исто така ќе опфати институционално воспоставување на безбедноста и здравјето при работа во државата.

5. **Majhosev, Andon and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Darko (2018)** ***European model of regulating the media.*** **Balkan Social Science Review, 12. pp. 127-141. ISSN 1857- 8772**

Во овој труд, авторите се фокусираат на дефинирање на поимот јавен интерес во медиумската сфера, основните предуслови и односот на медиумите кон владата, со цел да се постигне транспарентност и отчетност во управувањето и социјалниот и културниот развој. Исто така, во трудот се анализирани и основните стандарди на Советот на Европа во врска со прашањата како што се: родова еднаквост, малцински права и медиуми, нетолеранција, насилство во медиумската содржина, заштита на децата и младите, независност на медиумите и демократски процеси и нивната улога во текот на изборните процеси.

6. **Majhosev, Andon and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2018)** ***Заштита на приватноста во медиумите (право на приватност).*** **Годишен зборник на Правен факултет (8). pp. 108-117. ISSN 1857-8713**

Во овој труд, авторите се фокусираат на односот на медиумите кон приватноста на граѓаните. Честопати, медиумите известуваат непрофесионално кон животот и животните случувања на граѓаните, без разлика дали станува збор за убавата или лошата страна на животот. Тие информираат за човековите судбини, трагедии, семејни болки (смрт, убиства, семејни несреќи, болести), заборавајќи на професионалните стандарди на однесување во таквите околности. Медиумите, во потрага по сензационалност понекогаш известуваат не професионално во однос на почитувањето на приватноста, не водејќи сметка дека со начинот на информирање ја зголемуваат болката и тагата на човекот. Основна интенција на трудот е да укаже на важноста и значењето на приватноста, односно како да се однесуваат медиумите и медиумските работници кога известуваат за приватниот живот на човекот и неговото семејство. Притоа, медиумите мора да се раководат од професионалните стандарди кои упатуваат на тоа дека медиумите треба да знаат да повлечат црвена линија помеѓу приватноста на поединецот и информирањето кое е во функција на јавниот интерес. Исто така, во рамките на трудот направена е анализа на најважните закони во Република Македонија со кои се штити приватноста на граѓаните од медиумите, а во тој контекст и на одредени категории на лица, пред се детето и лицата со посебни потреби.

7. **Majhosev, Andon and Majhosev, Darko (2017)** ***Decriminalization of insult and defamation in the journalistic profession in the Republic of Macedonia through the prism of the law on civil liability for insult and defamation.*** **Balkan Social Science Review, 10. pp. 25-41. ISSN 1857- 8772**

Во овој труд, авторите се осврнуваат на декриминализација на клеветата и навредата во новинарската професија во Република Македонија низ призмата на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Слободата на изразување е едно од

најважните човекови граѓански и политички права загарантирано со низа меѓународни и регионални правни инструменти донесени од ООН, Советот на Европа, ЕУ и други. Слободата на изразување, покрај опфаќањето на слободата за изјавување или изразување на мислења и идеи, значи и слобода за пребарување информации или идеи, добивање информации или идеи и пренесување информации и идеи. Во многу земји во светот, и во овој контекст, вклучително и во Република Македонија, слободата на изразување е ограничена, што пак е ограничување на почитувањето на слободите и правата на другите -цензурирање и, според тоа, ограничување на нивната слобода на изразување на навреда и клевета кон другите, особено носителите на јавни функции. Со својата политичка моќ, политичарите можат да влијаат врз судските органи да донесат судска пресуда во нивна корист. Поради ова, новинарите се подложени на силен притисок и честопати се санкционираат со затворски казни. Ваквиот воспоставен систем стана сериозен ограничувачки фактор за нормално водење на новинарската професија во голем број земји, вклучително и Република Македонија. Самоцензурата стана честа новинарска практика меѓу новинарите со цел да се избегнат притисоци од различни центри на моќ. Од 2012 година, навредата и клеветата во Република Македонија имаа статус на кривични дела казниви со затвор. Со донесување на Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета во 2012 година, навредата и клеветата повеќе не спаѓаат во корпусот на деликти кои се од областа на кривичното право. Оттогаш, навредата и клеветата се третираат како прекршочна повреда.

8. **Majhosev, Darko and Nakovska, Marija and Majhosev, Andon (2017) *Право на здравствено осигурување со акцент на правото на парични надоместоци на осигурените лица во Република Македонија*. Годишен зборник на Правен факултет (7). ISSN 1857-7229**

Во овој труд авторите се фокусираат на системот на социјално осигурување во Република Македонија, односно на природата и содржината на националниот систем на социјално осигурување: бенефиции, стапка на плаќање, начинот на финасирање на бенефициите и условите (критериумите) за добивање на истите и др. Правото на здравствена заштита и здравствено осигурување се фундаментални социјални права на човекот. Овие права се гарантирани со најважните правни акти на МОТ, ООН, Советот на Европа и ЕУ. Наведените права на национално ниво се имплеметирани во Уставот на РМ, Законот за здравствено осигурување и голем број на поздаконски акти. Со Законот за здравствено осигурување на РМ здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно. Задолжително здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон и го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Доброволно здравствено осигурување се установува за обезбедување на здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување и истото можат да го спроведуваат друштва за осигурување основани според прописите за осигурување. Во рамките на задолжителното здравствено осигурување се обезбедува правото на парични надоместоци на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и право на надоместок на патни трошоци. Парични надоместоци претставуваат парите што едно трговско друштво (претпријатие) или владина агенција ги обезбедува на вработените за посебна намена, како што се транспорт, здравствените трошоци или надоместок на вработените кој е дистрибуиран преку редовни плати

9. **Majhosev, Andon and Mirkovski, Goran (2017) *Freedom of expression and decriminalization of the defamation in the Republic of Macedonia*. Journal of Process Management - New Technologies, 5 (3). pp. 106-113. ISSN 2334-735X**

Авторите се осврнуваат на значењето на слободата на изразување во демократското општество. Слободата на изразување е една од најважните човечки граѓански и политички права кои се загарантирани со многу меѓународни и регионалните правни инструменти

основани од ООН, Европски совет, ЕУ и сл. Тоа е основно предуслов за развој на една земја. Слободата на изразување не вклучува само слобода да се искаже нечие мислење или идеи, но исто така вклучува слобода за пребарување информации или идеи, добиваат информации или идеи и да ги предадат информации или идеи. Во многу земји во светот, како и во Македонија, слободата на изразување не е апсолутно, но ограничено и границата е почитување на слободата и правата на другите луѓе, повеќе конкретно нивната репутација и чест. Репортерите често намерно или ненамерно, додека ја вршат својата работа, го кршат право на слобода на говор со навреда или клевета други, најчест носител на јавна функција (политичари). Политичарите со својата политичка моќ значително влијае врз судските органи така дека ќе донесат пресуда во нивна полза. Затоа известувачите беа изложени на голем притисок и многу често тие биле казнувани со затворски казни. Поставување на судскиот систем на овој начин стана ограничувачки фактор во нормалниот развој на работа на репортери. До 2012 година навредата и клеветата во Република Македонија се сметаа за кривично дело и тие беа изложени на затворска казна. Од законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета во 2012 година, навредата и клеветата не припаѓаат на кривично дело што се во сферата на кривичното право. Оттогаш до денес навредата и клеветата се третираат како повреда.

10. **Majhosev, Andon and Krusarska Velinovska, Katerina (2017) *The right to form and to join trade unions as defined in international legal instruments.* Journal of Process Management - New Technologies, 5 (3). pp. 79-86. ISSN 2334-735X**

Правото на работниците да формираат и да се приклучуваат на синдикати е еден од најважните меѓународни стандарди на трудот. Ова значи дека вработените, без разлика каде се вработени (јавен или приватен сектор), имаат право да формираат свои организации (синдикати). Освен вработените, работодавачите исто така имаат право да формираат и да се здружуваат во здруженија на работодавачи. Правото на вработените и работодавачите да се организираат се заснова на следниве принципи: доброволност, автономија и демократија. Општата цел на формирањето на синдикати и здруженија на работодавачи е да ги заштити правата и интересите на членовите на синдикатот и здружението на работодавачи, како и нивно унапредување во организиран начин. Обезбедувањето и гарантирањето на синдикалните и работничките права се загарантирани со голем број меѓународни и регионални правни инструменти (конвенции, препораки, регулативи), како што се МОТ, ООН, Советот на Европа и Европската унија, кои ќе бидат анализирани понатаму во овој труд. Главната цел што произлегува од овие документи е да се подобри позицијата на работниците и нивната заштита. Во рамките на трудот, аворите ги анализираат и најважните правни акти на Република Македонија во врска со правото на членство во синдикати. Покрај тоа, авторите ги анализираат и основните принципи на синдикалното организирање и здружување.

11. **Majhosev, Andon (2017) *Freedom of the media.* Balkan Social Science Review, 9. pp. 89-103. ISSN 1857- 8772**

Авторот на овој труд се осврнува на важноста на слободата на медиумите и слободата на изразување како универзални демократски вредности. Притоа, авторот ги потенцира најголемите непријатели на слободата на медиумите и ги содржи најважните мерки и критериуми утврдени од меѓународни организации и институции чија основна мисија се бори за подобрување на слободата на медиумите и слободата на изразување ширум светот. Покрај тоа, трудот го обработува прашањето за цензура и самоцензура како ограничувачки фактори за слободата на медиумите и слободата на информирањето.

12. **Majhosev, Andon (2016) *Анализа на одредбите на колективните договори во Република Македонија во периодот 1990-2010 од аспект на примена на начелото поповолност за вработените (in favorem laboratories).* Годишен зборник на Правен факултет 2016, Vol. 6 (1). pp. 53-62. ISSN 1857-7229**

Авторот на овој труд се обидува да одговори на основно истражувачко прашање во овој труд е дали во колективните договори во Република Македонија е имплементирано начелото поповолност за вработените (in favorem laboratories) и до кој степен?. Односно колку моќта на синдикатот допринела за вградување на интересите на вработените во

одредбите на колективните договори?. Одговорите на горенаведените прашања тој ги добива преку примена на методот на анализа на содржината на одредбите на Законот за работни, Општите колективни договори и посебните (гранкови) колективни договори и интервју на дваесет претставници на синдикатот, здруженијата на работодавачи и власта. Трудот во основа претставува долгорочна, систематска и темелна анализа на одредбите на колективните договори во периодот 1990-2010 година.

13. **Belovski, Vojo and Majhosev, Andon and Dujovska, Ivana (2016) *The bill of exchange as a means of payment and security.* (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International, 4 (3). pp. 39-49. ISSN 2334-7449 (Online)/ 2334-735X (Print).**

Авторите на овој труд ги прикажуваат основните карактеристики на меницата како платежно средство и инструмент за обезбедување на плаќањето. Меницата иако се појавува како платежно средство и инструмент за обезбедување на плаќањето исто така се појавува како средство за меѓународно плаќање, бидејќи меницата може да стане модерна инструмент за кредитирање и плаќање.

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир/научни конференции одржани во странство***

14. **Majhosev, Andon (2020) *Journalism and Journalism Ethics.* In: 29th International Scientific Conference – Knowledge in practice, 18-19 Dec 2020, Bansko, Bulgaria**

Авторот во трудот се осврнува на новинарството како општествено одговорна професија во објективното и вистинито информирање на граѓаните. Јавната одговорност на новинарската професија произлегува од фактот дека грешките во новинарството не можат да се сокријат, бидејќи тие се видливи и предизвикуваат штетни последици во општеството, политиката, демократијата, човековите права и слободи и слично. Новинарската професија е една од најтешките и е од витално значење од чиј квалитет зависи квалитетот на нашиот политички и социјален живот. Новинарската етика нуди посебен модел на морални вредности до степен до кој принципите на професијата сакаат да го регулираат однесувањето на нејзините членови, истовремено одразувајќи ги вредностите својствени на пошироката заедница. Затоа, проучувањето на специфичните етички правила на дисциплина / професија, како што е новинарството, нуди фокусиран поглед на тоа како специфичните проблеми со кои се соочува, во овој случај новинарскиот еснаф, како морална субкултура во пошироката заедница, може да има поширока и далеку достигнувајќи импликации за етиката на општеството како целина. Во оваа смисла, етиката во новинарството е посебна тематска област во рамките на општото поле на применета професионална етика. Во суштина, новинарската етика е друго име за квалитетно новинарско известување засновано врз факти и вистина. Централно значење за етиката во новинарството е новинарот како морален субјект со свој индивидуален морал. Тој дејствува во сложена врска во својата професија со сите други актери во масовните медиуми (јавноста, сопствениците на медиумските куќи, уредниците, колегите итн.). Како морално суштество, тој носи морална одговорност за својата активност, како пред судот на неговата совест, така и пред судот на јавноста.

***Трудови објавени во зборник на трудови од меѓународна научна конференција во земјата (кои имаат програмски одбор со учесници од најмалку четири земји, од 2016 до денес)***

15. **Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот регион на Република С. Македонија, VII-ма Меѓународна научна конференција: «Општествените промени во глобалниот свет», Правен факултет на УГД, 2020 година**;

Трудот пред се е истражувачки и е фокусиран на перцепцијата на степенот на слободата на изразување, односно цензурата и автоцензурата на медиумските работници во медиумите во Источниот регион на Република С. Македонија. Во почетокот од трудот се дефинира поимот на слобода на медиуми каде се дадени неколку теоретски ставови

за ова прашање, а нејзин најголем противник е власта и моќта на политичките елити. Слободата на изразување како општа демократска вредност е столб на демократијата и таа не е апсолутна, односно таа има свои граници, а тие граници се слободите и правата на граѓаните. Исто така, во трудот е анализирана и улогата на најважните меѓународни организации и институции чија основна мисија е борбата за подобрување на слободата на медиумите и слободата на изразување во светот (Меѓународен институт за печат, Куќа на слободата-Freedom Haus, Репортери без браници, Центар за слобода на информирањето, Article 19 и др.).

Вториот дел од трудот се однесува на истражувањето и општ заклучок е дека перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување во Источниот регион на Република С. Македонија е добра, висината на платата на новинарите е мала и дека тоа претставува голема опасност за појава на автоцензура, а како највисоко рангиран фактор којшто влијае на слободата на медиумите е уредувачката политика.

16. **Majhosev, Andon and Belovski, Vojo and Pavlovski, Jani (2018) *Резултати од постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавци во РМ (второ пребројување).* In: Fifth International Scientific Conference: Social Changes in the Global World, 06-07 Sept 2018, Stip, Macedonia.**

Трудот ја обработува проблематиката на претставувањето на синдикатите и здруженијата на работодавци во процесот на колективното преговарање и трипартитните тела и институции во Република Македонија, каде акцент е ставен на репрезентативниот модел на претставување. Во трудот се анализирани позитивните и негативните страни на мнозинскиот и репрезентативниот модел на претставување. Во тој контекст, анализирани се одредбите на Законот за работни односи кои се однесуваат на критериумите за репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавци. Исто така, во трудот е анализирана улогата, надлежностите и структурата на Комисијата за утврдување на репрезентативност, како и целокупната правна процедура за добивање на репрезентативен статус на синдикатот и здруженијата на работодавци. Во посебен дел од трудот табеларно се претставени резултатите одпостапката за утврдување на репрезентативноста на синдикатите издруженијата на работодавци од второто пребројување.

17. **Belovski, Vojo and Majhosev, Andon (2017) *Европското трудово право и глобализацијата.* IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 47-73. ISSN ISBN 978-608-244-423-9**

Во трудот се обработува Европското трудово право (комунитарно и некомунитарно) и влијанието на глобализацијата врз неговата содржина. Авторите во трудот се обидуваат да направат разлика помеѓу европското комунитарно и европското некомунитарно трудово право. Исто така, во трудот авторите ги анализираат најважните извори на европскот комунитарно и европското некомунитарно трудово право. Во тој контекст, авторите во трудот ги анализираат најважните секундарни извори на европското трудово право како што се: правило, директива, одлука, мислење, препораки, резолуција, декларација, акциони планови, бела, односно зелена книга. Посебно место во трудот е посветено и на механизмите на контрола и заштита на социјалните права утврдени во Европската конвенција за правата на човекот и Европската социјална повелба, како што се: постапка за испитување на националните извештаи, постапка по основ на колективна жалба, заштита на слободата на здружување и пред националните судови. Вториот дел од трудот се однесува на глобализацијата и нејзиното влијание врз правниот систем.

18. **Majhosev, Andon and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2017) *Саморегулација на медиумите-компаративна анализа.* IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 1183-1197. ISSN ISBN 978-608-244-423-9**

Во трудот е анализирна саморегулацијата на медиумите во повеќе држави во Европа од различни региони. Анализата се однесува на структурата на саморегулаторните тела, нивната надлежност, финасирањето, начинот на решавање на приговорите, изборот и сл. Исто така, во трудот, е направена компаративна анализа на саморегулацијата на медумите

во неколку држави од регионот и држави членки на ЕУ (Германија, Холандија, В. Британија, Бугарија), како и од државите на Западен Балкан (Србија, БиХ, ЦрнаГора). Во трудот е ставен акцент и на саморегулацијата во Република Македонија низ призмата на функционирањето на Советот на честа и Советот на етика на медиумите во Македонија (СЕММ).

19. **Majhosev, Andon and Bakev, Zlatko (2016)** ***Како известуваат медиумите во Република Македонија за активностите на јавното обвинителство за гонење на кривичните поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во периодот од 01.04.-30.06.2016.*** **Трета меѓународна научна конференција-Општествените промени во современиот свет, Универзитет Гоце Делчев-Штип, 2016 , Vol. 2. pp. 990-1008. ISSN ISBN 978-608-244-353-9**

Со донесување на Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од страна на Собранието на Република Македонија, всушност се формира ново Јавно обвинителство на територијата на Република Македонија со целосна независнот од Јавното обвинителство на Република Македонија, и кое за својата работа, согласно законот, ќе одговара пред Советот на Јавните обвинители и Собранието на Република Македонија. Во нашето истражување ние ќе се фокусираме на известувањето на медиумите за активностите на тн. Специјално јавно обвинителство во Република Македонија. Основно истражувачко прашање во овој труд е «*Како известуваат печатените и електронските медиуми за активностите на Специјалното јавно обвинителство, односно дали постои разлика во известувањето за една иста активност на наведеното Јавно обвинителство од медиумите*»? Авторите на трудот тргнале од основната истражувачка хипотеза дека во Република Македонија, и покрај зголемената политичка култура и повисокиот степен на демократија во државата, медиумите се соочуваат со проблемот на различно известување за иста активност на една државна институција, во нашиот случај Специјалното јавно обвинителство, зависно од блискоста на медиумот со власта или опозицијата. Во истражувањето, авторите го примениле методот на анализа на содржина на текстовите и прилозите во печатените медиуми, електронските медиуми и интернет порталите за активностите на специјалното јавно обвинителство во периодот 01.04.-31.05.2016 година

20. **Denkova, Jadranka and Majhosev, Andon and Stojanovski, Strasko (2020)** ***Предности и недостатоци на Управниот спор во македонскиот правен систем.*** **In: Седма меѓународна конференција - Општествените промени во глобалниот свет, Sept 2020, Stip.**

Во овој труд авторите ги анализираат најновите измени на Законот за управни спорови, (донесен во 2019 година), нивното значење функционалност и практична примена. Исто така, авторите во трудот се осврнуваат на примената на спорот на полна јурисдикција и спорот на законитост, како влијаат на ефикасноста на Управниот суд. Покрај тоа, авторите анализираат и други новини во Законот за управни спорови што се насочени кон подобрување на ефикасноста на административното судство. Заклучокот е дека заложбата на Законодавецот е да се усогласи управното судство во Македонија со начелата во Европскиот административен систем.

21. **Majhosev, Andon and Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana (2019)** ***Регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи.*** **In: 6th International Scientific Conference "Social Changes in the Global World", 05-06 Sept 2019, Stip, Macedonia**.

Основно истражувачко прашање во трудот е дали изборното законодавство во Република С. Македонија е согласно со законодавството на ЕУ и меѓународното изборно право? Авторите до одговор на поставеното прашање се обидоа да дојдат преку анализа на националната и меѓународната изборна легислатива, применувајќи ги методите на анализа на содржина и правниот метод. Исто така, авторите во трудот се осврнуваат на важноста на правилното спроведување на изборниот процес, бидејќи преку него меѓународниот фактор го легитимира демократскиот капацитет на една држава. Според нив, изборите се сложен, противречен и одговорен политички процес, па затоа медиумите треба да бидат многу внимателни кога известуваат за нив.  Медиумите мора

да се однесуваат на општествено одговорен начин, а тоа подразбира дека тие треба да се однесуваат непристрасно, правично и да имаат балансирано медиумско покривање на изборниот процес. За време на изборите медиумите мора да обезбедат претставување на што поголем број на кандидати и политички субјекти (партии). Секои избори се тест за демократијата и демократските вредности во општеството, но тие се тест и соочување за партиските програми. Покривањето на изборите не подразбира само известување за изборната кампања и одржаните партиски митинзи. Тоа подразбира и известување за сите различни мислења и ставови на политичките субјекти кои секогаш се спротивставени. Меѓународните стандарди на регулативата за медиумско покривање на изборните кампањи поголем дел од демократските држави во светот ги имаат имплементирано во сопственото национално законодавство, меѓу кои и Република Македонија.

22. **Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon and Donev, Dragan (2018) *Регулирање на радиодифузните програми во македонското законодавство и заштита на демократските вредности и принципи.* In: Петта меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет, 06-07 Sept 2018, Stip, Macedonia.**

Една од главните цели за регулирање на радиодифузните програми е заштитата на публиката од содржини кои можат да и нанесат штета или да го повредат потрошувачот. Кога станува збор за рекламирањето потрошувачите треба да се заштитат од лажни или заведувачки рекламни пораки. Исто така, друга цел на регулирањето на радиодифузијата е заштита на слободата на изразување и демократските вредности на општеството, негување и развивање на културниот идентитет, промовирање на толеранцијата и културниот дијалог. Во трудот авторите се осврнуваат на регулаторните мерки за заштита на демократските принципи и вредности и на индивидуалните права како што се: правото на приватност, заштитата на достоинството, заштита од нанесување штета, правото на одговор и исправка. Исто така, авторите на трудот ги анализираат и регулаторните аспекти на заштитата на малолетниците од содржини коишто можат негативно да влијаат врз развојот на децата, препознавање и заштита од говор на омраза, содржини со кои се поттикнува криминал, безредие или расна, верска или етничка омраза и нетрпеливост.

23. **Dzamtoska-Zdravkovska, Suzana and Majhosev, Andon (2016) *What print media write for workers rights and problems in Republic of Macedonia in the period 1.03.2014 - 31.08.2014.* In: Third International Scientific Conference, Social Change in the Global World, 01-02 Sept 2016, Stip, Republic of Macedonia.**

Во овој труд авторите се осврнуваат на тоа што пишуваат печатените медиуми за работничките права и проблеми. Од анализата на текстовите во печатените медиуми авторите констатираат дека работничките права во Македонија се третираат во континуитет. Основно истражувачко прашање во овој труд е дали и како печатените медиуми во Македонија посветуваат внимание на прашањето за работничките права и проблеми. Во истражувањето, авторите се водат од основната хипотеза дека печатени медиуми не посветуваат доволно внимание на прашањето за работничките права и проблеми. Исто така, авторите претпоставуваат дека проблемите со работничките права повеќе ги третираат печатените медиуми (весниците) кои се неутрални и блиски до опозицијата отколку печатените медиуми блиски до актуелната власт.

24. **Majhosev, Andon (2016) *Говор на омраза во традиционалните медиуми во РМ: примери од Македонија.* In: Меѓународна научна конференција филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip, Republic of Macedonia.**

Медиумите, како средства за масовна комуникација, имаат исклучително важна улога во промовирањето на различностите, нивното почитување, толеранцијата и рамноправноста, недискриминацијата. Но, и покрај тоа, често пати и самите стануваат промотори на јазик на омраза. Во поново време, освен преку традиционалните медиуми, говорот на омраза најде нов начин на своја манифестација – преку социјалните мрежи на Интернет, чија популарност и широка употреба овозможува одредена содржина да допре до најширокиот аудиториум. Во трудот авторот го обработува проблемот со говорот на омраза од аспект на негова присутност во традиционалните медиуми (печатот, радиото

и телевизијата. Целта е да се даде приказ на состојбата во Република Македонија во однос на ова прашање. Притоа, преку метод на дескриптивна анализа, поткрепен со низа примери одпрактиката, при што авторот доаѓа до заклучок дека во Република Македонија е забележливо присуството на злоупотреба на традиционалните медиуми, во насока на непочитување на различноста, ширење предрасуди, нетолеранција и стереотипи.

25. **Majhosev, Andon (2017) *Слободата на медиумите вистински тест за демократијата.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет и ЦОЈ, Stip.**
    Авторот на текстот се осврнува на значењето на на "3-ти Мај"-Меѓународниот ден на слободата на печатот, кој е од фундаментално значење за развојот на демократските процеси во секое општество.

***Проекти***

Д-р Мајхошев во целокупниот истражувачки период е вклучен во следните проекти:

1. Majhosev, Andon and Galeva, Jordanka and Korovesoska, Iskra (2020) *Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Источниот регион на Република С. Македонија.* [Project]
2. Majhosev, Andon (2020) *The World Justice Project/Rule of Law Index 2020.* [Project]
3. Majhosev, Andon (2019) *Прилагодување на индустриските односи кон новите облици на работа.* [Project]
4. Majhosev, Andon (2019) *Living and working in North Macedonia.* [Project]
5. Majhosev, Andon (2019) *Хармонизација на професионалниот и приватниот живот: подобри услови за поквалитетно живеење.* [Project]
6. Majhosev, Andon (2015) *The World Justice Project/Rule of Law Index 2015.* [Project]
7. Majhosev, Andon (2011) *Legal aspects of forms and factors of mobbing in the Republic of Macedonia.* [Projct]

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност Рецензентската комисија констатира дека д-р Андон Мајхошев е научник и истражувач од областа на мас-медиумите и комуникологијата која со исклучителна стручност, професионалност и посветеност пристапува кон професијата. Исто така, тој дава значаен придонес во образовната и научната мисла од именуваната област. Неговите трудови се фокусираат кон анализа на медиумската регулатива, слободата на медиумите, слободата на изразување, комуникацијата на социјалните мрежи, саморегулацијата и др. Учествувал на повеќе научни собири и работилници, во земјава и во странство, со трудови, усни презентации од каде што се стекнала со бројни сертификати. Во целокупниот истражувачки период има објавено над трудови. Исто така, д-р Андон Мајхошев бил дел од тим во научноистражувачки проекти што се реализирани од страна на истражувачки тим при Правниот факултет во рамките на научноистражувачката програма на Универзитет „Гоце Делчев". Од научноистражувачкиот проект е објавен и презентиран научноистражувачки труд на Меѓународната научна конференција во Штип.

Во рамките на образовните активности учествува и во изведување на практична настава по предметите: Вовед во новинарството; Новинарска етика, Медиумско право, Основи на комуникации; Пишување за печатените медиуми; Онлајн медиуми и Радио и ТВ новинарство, каде со својот метод на работа постигна висок степен на мотивација на студентите и учество во Радио и ТВ емисии во рамките на Студентското радио и Телевизија и Центарот за односи со јавноста на Универзитетот «Гоце Делчев»- Штип.

**Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност**

д-р Андон Мајхошев ги има реализирано следниве стручни и организациско-развојни активности. Д-р Мајхошев бил раководител на научноистражувачкиот проект, под назив „*Слободата на изразување на медиумските работници во Источниот регион*

*на Република С. Македонија*, во рамките на Програмата за научноистражувачки проекти при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2020).

Учествувал како тренер во проект со назив: Project “Roma CSO Network-Roma Community - Response” Funded by European Union Training on “Mainstreaming of roma in local public policies” (2017).

Член на работна група во рамките на проектот *Прилагодување на индустриските односи кон новите облици на работа.*

Член е на поширокиот состав на Локалниот економско социјален совет на општина Штип како претставник од Универзитетот «Гоце Делчев»-Штип.

Член е на Наставно научниот совет на Правниот факултет при УГД-Штип.

Член е на Одборот за доверба на Правниот факултет при УГД.

Во рамките на својата наставно-научна дејност, досега била рецензент во комисии за избор во наставно-научни звања. Покрај тоа, била рецензент во 4 комисии за објавување на учебници и скрипти од страна на наставници од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и на членките на Универзитетот, како и промотор на дел од книгите.

Бил избран за рецензент на околу 15 анонимни рецензии на меѓународни трудови за научни списанија и научни конференции.

Бил назначен во комисија за изработка на елаборати за прв и втотр циклус на студии за студиската програмата за Медиумски студии и односи со јавноста.

Бил претседател на Комисијата за самоевалуација на Правниот факултет.

Бил претседател на Изборната комисијата на Правниот за избор на Ректор на УГД.

Бил претседател на Комисија за запишување на студенти на втор циклус на студии во учебните години од 2013 до 2019 година.

Бил назначен за член на Комисијата за запишување на студенти на прв циклус на студии во учебната 2011/12, 2012/13, 2013/14 и 2014/15 година.

Бил член на Комисијата за утврдување на плагијати за изданија на Правниот факултет од областа на Новинарство и односите со јавноста.

Од ННС е назначен за одговорен наставник задолжен за координирање на практичната настава на студентите од сите студиски програми и години.

Член е на Програмскиот комитет на Годишник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Член е на Програмскиот комитет на зборникот од Меѓународната конференција.

Член е на уредувачки одбор на научно списание (Journal of Process Management – New Technologies, Република Србија.)

Член е на Уредувачкиот одбор и Заменик главен и одгворен уредник на студентското списание Студентско Ехо.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена, а која беше предвидена во Конкурсот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Комуникации и мас-медиуми објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 19.3.2021 година, и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Андон Мајхошев. Воедно, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Андон Мајхошев ги доставил сите потребни документи и дека ги исполнува сите потребни услови утврдени со Конкурсот.

По прегледот на документацијата и податоците, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Андон Мајхошев:

– во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор на наставник;
– има континуирано научно напредување и позитивни научноистражувачки резултати во доменот на комуникациите и масовните медиуми;
– научните и стручни трудови и публикации од областа на комуникациите и мас-медиумите, чиј автор е кандидатот, покрај научно, стручно и теоретско, имаат и апликативно значење;
– преку учеството на меѓународни и домашни научни конференции, научни собири, советувања, работилници и семинари, кандидатот д-р Андон Мајхошев континуирано придонесува за развојот на областа на комуникациите и мас-медиумите. Исто така, кандидатот постојано и со голем успех ги надградува своите теоретски познавања од областа на комуникациите и мас-медиумите и истите успешно им ги пренесува на студентите во рамки на наставните процеси и менторската работа.
– има вкупно 315,6 поени согласно со Табелата на активности кои се бодуваат при избор во звање, со што ги исполнува условите предвидени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот д-р Андон Мајхошев во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми како и законските услови и условите предвидени со постојните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор во наставно-научно звање редовен професор.

Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат, кандидатот вонреден проф. д-р Андон Мајхошев да го избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно научната област комуникации и мас-медиуми.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дона Колар-Панов,** проф. Емиритус, претседател, с.р.
**Д-р Весна Шопар,** редовен проф. во пензија, член, с.р.
**Д-р Јадранка Денкова,** редовен проф., член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | **Избор во звање редовен професор** | **1** | **40** | | | 40 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Дел од монографија или научна книга | **1** | **6** | | | 6 |
| **2.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | | | | | |
| **3.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, астанати автори | | | Прв автор (8x11.3=93.6) Втор автор 1x6=6 | | 99.6 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 10x2 | 20 | | | 20 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | 2x2 | 4 | | | 4 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 2x1 | 2 | | | 2 |
| | Учесник во научен проект | 1x2 | 2 | 2x4 | 8 | 10 |
| | Член на организационен одбор на научен собир | 2x1 | 2 | | | 2 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ, ЦА/останати) | | | 1x4 | 4 | 4 |
| | Одбранет магистерски труд | | | | | 4 |
| | Одбранета докторска дисертација | | | | | 8 |
| | Раководител на научен проект | 1x4 | 4 | | | 4 |
| | Рецензент на научен труд | 14x1=14 | 14 | 6x2=12 | 12 | 26 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **189,6** |
| **Р. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга/учебник | 4x10 | 40 | | | **40** |
| | Елаборати и експертизи | 2x2 | 4 | | | **4** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 1x2 | 2 | | | **2** |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2x5 | 10 | | | **10** |
| | Член на факултетски орган, комисија | 13x2 | 26 | | | **26** |
| | Класен раководител, согласно Кредит трансфер системот | 1x4 | 4 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **86** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **315,6** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТОТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-60/5 од 23.3.2021 година донесена на 203. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет, одржана на 23.3.2021 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент, за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и тоа во следниот состав:

- **д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ,** вонреден професор во областа на деловното право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип;
- **д-р Кристина Мишева,** вонреден професор во областа на деловното право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Билјана Тодорова,** вонреден професор во областа на социјалното право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 5.3.2021 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

- м-р Кристијан Панев
- м-р Ана Здравева
- м-р Моника Паневска
- м-р Мартина Глигорова.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатката **м-р Моника Паневска** нема поднесено целосна документација по објавениот конкурс. Кандидатката нема доставено препораки од најмалку двајца професори (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот во звање асистент, како услов наведен во конкурсот, а согласно со Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип. Од тие причини, нејзината документација се смета за некомплетна и нема да биде предмет на разгледување.

**Биографски податоци на кандидатите:**

1. Кандидат **м-р Кристијан Панев**: При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатот м-р Кристијан Панев, поднесена во предвидениот рок утврден во Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Кристијан Панев доставил комплетна, соодветна и правно важечка документација што е предвидена согласно објавениот Конкурс. Комисијата постапи во детално разгледување на документацијата и го утврди следново:

**Биографски податоци за кандидатот м-р Кристијан Панев**

Кандидатот м-р Кристијан Панев е роден на 27.9.1992 година во Штип.

Во 2016 година дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со просек 9.62 и се здобил со стручно звање: дипломиран правник-правосудна насока. Кандидатот м-р Кристијан Панев го продолжил своето правничко образование на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се запишува на втор циклус на студии. По положување на испитите од вториот циклус на студии, кандидатот м-р Кристијан Панев пријавува тема за одбрана на магистерски труд од областа на деловното право, со наслов „Контрола на концентрациите како инструмент за заштита на конкуренцијата“. Во 2020 година, магистрирал на вториот циклус на студии со просек 10.00 и се стекнал со звање магистер на правни науки – Правосудна насока, со 60 ЕКТС и квалификација од ниво VII А.

Паралелно со стекнувањето на правничко образование, кандидатот го надополнува своето образование и со ангажмани од практиката. М-р Кристијан Панев стекнува и работно искуство преку повеќе работни ангажмани. Во 2015 година, кандидатот е програмски координатор во Фондацијата за развој на локална заедница во Штип. Во рамките на овој ангажман, кандидатот е одговорен за координација на проекти во областа на граѓанско учество, децентрализација и добро владеење, е проектен координатор на „Ефективен механизам за граѓанско учество“ – УСАИД, координирање на програма за филантропија и прибирање на средства. Од оваа позиција, кандидатот организира работилници, обуки и други јавни настани. Искуство стекнува и преку ангажман на проектни активности во делот на „обезбедувањето на правна поддршка на граѓански организации.“ Во овој делокруг на работни искуства, кандидатот стекнува искуство во подготовка на планови за застапување, подготовка на извештаи и други административни работи. Кандидатот има положено и правосуден испит.

Од 2016-2017 кандидатот е практикант во Основен суд Штип.

Од март 2018 до јуни 2020 година, кандидатот м-р Кристијан Панев е ангажиран како правен експерт во „Коалицијата сите за правично судење“. Од оваа позиција стекнува искуство во делот на правната помош на граѓанските организации во делот на финансиско работење, авторски права итн.

Од март 2018 до ноември 2019 година, кандидатот е ангажиран во проектни активности врзани за „Мобилни тимови за правна поддршка на граѓани и фамилии со ниски приходи“.

Во 2019 година станува член на Управен одбор на Националниот младински совет на Македонија. Од оваа позиција стекнува искуство во делот на застапување и реализирање на младински политики, координација на организациски развој, активности за прибирање на фондови итн. Своите аспирации за стекнување на едукативна практична надградба, кандидатот ги манифестира и пред завршувањето на формално правничко образование преку првичниот ангажман од 2011 до 2015 година, како координатор на Младинскиот клуб Актив, Фондација за развој на локаната заедница - Штип.

Од приложената документација, евидентно е и стекнатото искуство на кандидатот м-р Кристијан Панев во ангажман на повеќе проектни активности, учество на натпревари, работилници, обуки итн. Имено, кандидатот во 2015 година учествува на натпревар за „Меѓународна арбитража“, во организација на Правен факултет при УГД, понатаму, во 2017 година учествува во Охридската школа на природно право во организација на МАНУ и ОБСЕ.

Во поглед на познавањето на странски јазик, како критериум за избор, кандидатот м-р Кристијан Панев го познава Англискиот јазик на C1 ниво, и има положено IELTS, Германскиот на B1 и Шпанскиот јазик на ниво C1 слушање, а ниво B2 за читање, говорна продукција и говорна интеракција.

Кандидатот м-р Кристијан Панев има стекнато неколку признанија и награди и тоа:

- LEAD MKD – Стипендирана програма – Проект на УСАИД за граѓанскоучество;
- Пофалница за најдобра студент на Правиот факултет при УГД;
- Прво место на државен ораторски натпревар – Европско движење во Република Македонија
- Прво место на ораторски вечери на Правен факултет при УГД;
- Прв говорник на национален дебатен турнир во Британска парламентарна дебата – Младински образовен форум во 2011 и 2012 година.
- Како потврда за неговиот научен развој и стекнато знаење се и повеќето сертификати што ги стекнал и тоа:
- Сертификат за управување со проекти AECOM's Consortium 2017,
- Јавно говорење и правна аргументација, ИДЕА Југоисточна Европа, 2014;
- Тренер за учиме право, Младински образовен форум;
- Дебатен тренер, Младински образовен форум.

Покрај стекнатото практично искуство, кандидатот м-р Кристијан Панев приложува и листа на публикации и линкови на кои се објавени истите, со што го потврдува и својот

потенцијал и амбиција за творечка активност во сферата на правото и пошироко. Имено, кандидатот Кристијан Панев е автор и учествува во изработка на повеќе трудови и тоа:

Во 2016 година, во издаваштво на FinanceThink, објавена е публикација субвенционирано вработување, анализа на трошоците и придобивките, Субвенционирано вработување на невработени млади лица до 29 години, преку ослободување од придонеси.

Во 2020 година, во издаваштво на Фондацијата за развој на локалната заедница во Штип, го објавува трудот со наслов „Како се трошат парите на граѓанските организации – Анализа на практиките при трошењето на парите за граѓанските организации од буџетот на општина Штип". Во рамките на овој труд, направена е темелна анализа на начинот на трошење на парите на граѓанските организации, а со цел да се види оправданоста и рационализирањето на парите во овој сегмент.

Во 2018 година, учествува на Петта Меѓународна конференција „Општествени промени во глобалниот свет", во организација на Правниот факултет при УГД, со тема „Пристап до бесплатна правна помош". Во овој труд кандидатот ги образложува правните аспекти на проблематиката, со цел да придонесе кон олеснувањето на користењето на бесплатната помош како посебен инструмент.

Истата година (2020), во издаваштво на Националниот Младински совет на Македонија, го објавува трудот со наслов: Нов бран во студентското организирање – Анализа на студентското (ре)формирање на државните универзитети во Штип, Битола и Тетово. Целта на целокупното истражување е да се прикаже позицијата на студентите во текот на студирањето, потребата од реформирање на истата и оправданоста во ова насока.

Во 2020 година, го објавува прирачникот со наслов „Што треба да знам"? Прирачник за студентски права и одговорности на Универзитетите и студентските домови. Во овој прирачник фокусот е на подобрувањето на позицијата и знаењата на студентите, со цел создавање на подобра основа за остварување на своите права.

Во творечкиот опус на кандидатот влегува и магистерскиот труд со наслов „Контрола на концентрации како инструмент за заштита на конкуренцијата". Во овој труд кандидатот обработува едно исклучително комплексно прашање и тоа како од теоретски така и од практичен аспект. Фокусот на магистерскиот труд е да даде одговор на прашањето: кој и колку ги контролира концентрациите, со осврт на Република Македонија и како тоа е правено уредено во Република Македонија. Понатаму, кандидатот м-р Кристијан Панев, особено се фокусира на анализирање на потребата од дополнителна законска или подзаконска интервенција, што претставува и најголемиот придонес во истражувањето.

2. **Кандидатка м-р Мартина Глигорова**: При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката м-р Мартина Глигорова, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатката доставила комплетна, соодветна и правно важечка документација, согласно објавениот Конкурс. Комисијата детално ги разгледа сите документи од кандидатката.

**Биографски податоци за кандидатката м-р Мартина Глигорова:**

Кандидатката м-р Мартина Глигорова е родена на 7.9.1992 година во Скопје. Во 2014 година дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со просечна оценка 8.38 и се здобила со стручно звање: дипломиран правник.

По завршувањето на вториот циклус студии (насока-Меѓународно право и односи и Право на ЕУ, модул-Право на Европската Унија) со просечна оценка 9.50, кандидатката м-р Мартина Глигорова во ноември 2019 година го одбранила магистерскиот труд на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Со завршувањето на вториот циклус, кандидатката м-р Мартина Глигоровасе стекнала со звање магистер по право од областа на меѓународното право и односи и право на ЕУ.

Од ноември 2020 година кандидатката е запишана на трет циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката м-р Мартина Глигорова од 1.11.2019 година е во редовен работен однос во Министерството за информатичко општество и администрација во Одделението за меѓународна соработка и ЕУ интеграција.

Покрај стекнатото правничко образование, во својата досегашна кариера, кандидатката м-р Мартина Глигорова има стекнато и практично искуство преку повеќе работни ангажмани. Имено во периодот од октомври 2015 до јануари 2016 година работи како практикант-волонтер во Основниот суд 2 во Скопје.

Во 2015 година волонтирала во Македонскиот институт за европски студии. Во 2017 година кандидатката м-р Мартина Глигорова била ангажирана како приправник во адвокатската канцеларија „Марковска и Андревски“.

Од 2018 година е основач и асистент на Меѓународниот академски институт во Скопје. Од 30.5.2018 до 3.6.2019 година кандидатката била ангажирана како нотарски приправник во канцеларијата на нотар Роза Николова.

Во делот на правничката едукација, надвор од формално-правното образование, кандидатката има реализирано повеќе активности. Имено, во јули 2018 година кандидатката посетувала мастер-клас на тема „Political Expediency behind International Criminal Courts“ на Inter-University Centre Dubrovnik, како стипендист на „Geoffrey Nice Foundation“ од Хаг, Холандија.

Од април 2019 до јуни 2019 година била ангажирана како консултант во Институтот за истражување во животната средина, градежништво и енергетика.

Од 2019 година кандидатката м-р Глигорова е основач, член и секретар на Уредувачкиот одбор на Центарот за научна размена и едукација. Во октомври 2018 година кандидатката била учесник во спроведување на проектот „Концепт за медиумски писмен студент“ организиран од Македонскиот институт за медиумски студии, каде била и предавач на три работилници во рамки на проектот.

Во својата досегашна кариера, кандидатката има реализирано и проектни активности и тоа: Од 20.7.2020 до 13.10.2020 година м-р Глигорова била координатор на проектни активности на меѓународниот проект „The Global Pandemic and Journalists“ во организација на Центарот за научна размена и едукација во соработка со Infinit+ од Република Албанија.

Својата експертиза ја гради и преку учество на повеќе консултантски позиции и тоа: Од септември 2020 година кандидатката м-р Мартина Глигорова е ангажирана како експерт од областа на меѓународното право и медиумската писменост и како комуникациски менаџер за промовирање на проектот на социјалните мрежи, на проектот „Youth for Freedom of Speach“, организиран од Универзитетското радио при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката има и повеќе проектни активности. Од март 2021 година, кандидатката е стручен соработник на проектот „Жените и спортот-Промоција на олимписките вредности преку женското борење 2021-2028“.

Покрај практичните искуства, ангажманите на проекти и консултантски позиции, кандидатката приложува и листа со публикации. Имено, м-р Мартина Глигорова се јавува како коавтор на прирачник со наслов „Медиумска писменост за млади“ во коавторство со проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ. Овој прирачник е објавен во 2021 година, како дел од проектот „Унапредување на медиумската и информациска писменост и зајакнување на независните медиуми во Западен Балкан“.

Своите научноистражувачки активности ги базира и на учеството на повеќе конференции, симпозиуми, семинари, обуки и работилници.

Од приложената документација (копии од уверенија за познавање на англискиот, шпанскиот и германскиот јазик, заверени на нотар) се констатира дека кандидатката познава три странски јазици и тоа: англискиот, шпанскиот и германскиот јазик.

Во својата досегашна научноистражувачка работа, освен изработениот и одбранет магистерски труд, кандидатката м-р Мартина Глигорова има објавено 3 труда, 1 прирачник и 1 онлајн статија.

„Online Media Regulation-European Media Policy vs Republic of North Macedonia“ (2021), објавен во Зборник на трудови од Првата виртуелна конференција на Центарот за научна размена и едукација, во коавторство со проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ. Предмет на анализа во овој труд е законската правна рамка на медиумското работење и медиумската политика, со посебен осврт кон онлајн медиумите во Република Северна Македонија. Понатаму, „European Union Institutional Approach to Medialiteracy“ (2021), објавен во Зборник на трудови од Првата виртуелна конференција на Центарот за научна размена и едукација. Со фокус на компаративниот метод, во овој труд е направена историска анализа на медиумската писменост во Европската Унија и Република Северна Македонија.

Во листата на трудови, кандидатката го наведува и трудот со наслов „Why Hate Crime should be punished more rigorously“ (2018), труд во коавторство со проф. д-р Татјана Петрушевска, презентиран на 5-та Меѓународна конференција на Правниот факултет при Универзитетот во Тетово, објавен во Justicia-International Journal of Legal Sciences. Во овој труд авторите се фокусираа на анализа на кривичните дела сторени од омраза, нивното соодветно законско определување и казнување, како и зајакнувањето на нивото на свест во процесот на заштитата на демократските вредности и почитувањето на човековите слободи и права.

Кандидатката има магистрирано на тема: „Политиката на Европската Унија за медиумска писменост версус Република Македонија“. Магистерскиот труд е одбранет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2019 година. Во својот труд, кандидатката се фокусира на поимното определување на  медиумско образование и медиумска писменост. Користејќи го методот на анализа, синтеза, историскиот метод, и аналитичко дескриптивниот метод, кандидатката ја презентира медиумската писмености и придонесува кон темелно проучување на оваа проблематика. Во трудот е даде приказ и на улогата на меѓународните организации во делот на медиумското образование и писменост, што само по себе претставува додадена вредност на истражувањето.

3. **Кандидатката м-р Ана Здравева**: При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката м-р Ана Здравева, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Ана Здравева доставила комплетна, соодветна и правно важечка документација согласно објавениот конкурс.

**Биографски податоци за кандидатката м-р Ана Здравева**: Кандидатката м-р Ана Здравева е родена на 5.8.1992 година во Штип. Во 2016 година дипломирала на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како студент на генерацијата со просечна оцена 9.55 и се здобила со стручно звање: дипломиран правник-правосудна насока.

По завршувањето на вториот циклус студии правни студии - правосудна насока, со просечна оценка 10, кандидатката м-р Ана Здравева во ноември 2019 година го одбранила магистерскиот труд на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се стекнала со звање магистер на правни науки - правосудна насока.

Во периодот од 1.10.2016 до 1.10.2017 година работи како практикант-волонтер во Основниот суд во Штип. Од 1.6.2018 година до денес кандидатката е ангажирана како проектен асистент на неколку проекти во Здружението на правници „ЛегалТинк“ во Штип.

Од 1.9.2018 до 1.10.2020 година работи како практикант во Основното јавно обвинителство во Штип.

Во својот практичен едукативен развој, кандидатката м-р Здравева го додава и својот ангажман во текот на 2020 година, кога била ангажирана како локален координатор на проект на Младинскиот образовен форум во Штип и како координатор на акција во рамки на проект на УСАИД. Од септември 2016 г. до денес кандидатката е ангажирана како секретар на Општинска изборна комисија - Штип.

На 22.1.2018 година кандидатката м-р Ана Здравева го положила правосудниот испит. Од приложената документација (копии од уверенија за познавање на англискиот и германскиот јазик, заверени на нотар) може да се констатира дека кандидатката има познавање на англискиот и на германскиот јазик како странски јазици.

Покрај својот магистерски труд во својата досегашна научноистражувачка работа, кандидатката м-р Ана Здравева има објавено 2 труда и тоа:

„Пристап до бесплатна правна помош во Република Македонија" (2018), објавен во Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет" - област млади истражувачи, одржана во септември 2018 година на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Во овој труд е направена анализа на системот на бесплатна правна помош како инструмент за обезбедување еднаков пристап до правда на сите граѓани. Во рамките на овој труд, направена е анализа на достапноста и користењето на овој правен механизам, што претставува најголемата вредност во трудот.

Понатаму, во својот творечки опус, кандидатката ги анализира и права и обврски на студентите и студентските претставници при Универзитетот „Гоце Делчев"-Штип" (2018), објавен како публикација-брошура во рамки на проект на Здружението на правници „ЛегалТинк" во Штип, како коавторско дело со Ивана Стојанова. Во трудот е направен приказ и анализа на правата и обврските на студентите при Универзитетот „Гоце Делчев", студентските тела и органи кои ги застапуваат нивните интереси и заштитуваат нивните права, со цел да се придонесе кон подобрување на позицијата на студентите во степенот на информираност и познавање на статусот студент.

Кандидатката м-р Ана Здравева има магистрирано на тема: „Корупцијата во високото образование". Магистерскиот труд е одбранет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во ноември 2019 година. Во трудот кандидатката дава краток осврт на корупцијата во општеството и корупцијата во високото образование, феноменолигија и етиологија на овие дела во високото образование. Пристапот во анализата вклучува теоретски и практичен аспект. Поточно, покрај законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа тематика, направена е анализа и во практиката. Практичниот аспект се базира на истражувањето спроведено на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена, а која беше предвидена во Конкурсот за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област деловно право објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 5.3.2021 година и констатира дека се пријавиле четири кандидатки.

Истовремено, Комисијата констатира дека кандидатките м-р Кристијан Панев, м-р Мартина Глигорова и м-р Ана Здравева ги доставиле сите потребни документи и дека ги исполнуваат условите за пријавување на конкурсот, додека кандидатката м-р Моника Паневска доставила некомплетна документација, од кои причини истата не беше предмет на разгледување.

По прегледот на приложената документација и прилозите во истата, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Мартина Глигорова не го исполнува условот предвиден со член 170, став 1, точка 2 од Законот за високото образование и Конкурсот за избор на наставници, соработници и стручен соработник на единиците во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, односно кандидатката има стекнато звање магистер по право од областа на меѓународното право и односи и право на ЕУ, што ја правени несоодветна за областа деловно право.

Комисијата внимателно ги прегледа и проучи приложените документи од кандидатката м-р Ана Здравева и констатира дека и покрај исполнувањето на другите критериуми кои се бараа по објавениот Конкурс, кандидатката не е магистрирана во областа на деловното право, за којашто област е и распишан Конкурсот.

Комисијата ги прегледа и приложените документи на кандидатот м-р Кристијан Панев. Од приложената документација Комисијата заклучи дека кандидатот м-р Кристијан Панев е магистер на правни науки - правосудна насока со магистерска тема од областа на деловното право, за која област е распишан и Конкурсот. Според Рецензентската комисија, ова му дава своевидна предност во однос на другите кандидати. Кандидатот во документацијата презентирал соодветен творечки опус, голем опсег на стекнато работно искуство, ангажман на бројни проектни активности, учество на повеќе научни и стручни конференции, работилници, стекнати признанија и сертификати, што за позицијата асистент во областа на деловното право го прави соодветен.

Врз основа на претходно образложеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Кристијан Панев во целост ги задоволува образовните, научните и стручните критериуми, како и законските услови и условите предвидени со постојните акти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за избор на соработник во звање асистент. Со оглед на тоа, членовите на Комисијата едногласно и со задоволство му предлагаат на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го избере м-р Кристијан Панев за соработник во звање асистент за научната област деловно право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ,** вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Кристина Мишева,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Билјана Тодорова,** вонреден професор, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „КЛИНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ – ИНТЕРНИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА ПРЕГЛЕД НА АДУЛТЕН БОЛЕН - ПРАКТИКУМ" ОД ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА КАМЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 0801-2/31 од 257. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 27.4.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Билјана Илиевска-Попоска,** вонреден професор на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
– **д-р Валентина Велкоска-Накова,** вонреден професор на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Клиничко испитување – интернистички аспекти на преглед на адултен болен - практикум" од доц. д-р Гордана Камчева, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Клиничко испитување – интернистички аспекти на преглед на адултен болен - практикум" од доц. д-р Гордана Камчева е концепиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Клиничко испитување 1 во делот практична настава, кој се изучува на студиите од првиот циклус додипломска настава на студиската програма Општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Ракописот кој е доставен е комплетно оформен материјал наменет за студентите со чија помош полесно и поефикасно ќе ја совлада предметната материја, усогласена според концептот на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање практикум по предметот Клиничко испитување е презентиран во текст од вкупно 85 страници, во А4 формат. Во склоп на текстот се вметнати слики и табели за полесно совладување на материјалот. Обемот и содржината на ракописот се во согласност со фондот за часови на предметот и во согласност до одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** На Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип досега не е објавен ваков или сличен наслов. Затоа, неспорен е придонесот на еден ваков вид на учебно помагало за студентите кои во своите студиски програми го изучуваат овој предмет.

**Краток опис на содржината:** Ракописот обработува содржини кои се поделени во повеќе наставни целини, при што секоја целина обработува одделни теми.

Првиот дел го запознава студентот со основите на добрата комуникација помеѓу лекар-пациент и со значењето на правилно земена медицинска анамнеза преку медицинско интервју. Ги опишува подетално структурните делови од медицинската историја. Во продолжение се задржува и ги опишува сите структурни делови на историјата на болеста, на тој начин олеснувајќи му го на студентот начинот на водење на медицинското интервју, со можност за сопствена обработка на пациент и земање на анамнеза.

Понатаму, се опишува клиничкиот статус верификуван при клинички преглед на адултен пациент, општиот статус со витални знаци и статусот по системи. Сите системи кои детално се обработени во истоимената скрипта, во практикумот се обработени вежби и соодветни прашања од секоја област на кои студентот треба да размисли и соодветно одговори.

Во вториот дел се презентирани клинички случаи, со соодветни слики, дијагностички иследувања, за кои студентот треба последователно да одговори на понудените прашања. Од секоја област (кардиологија, пулмологија, гастроентерохепатологија, хематологија, ендокринологија, нефрологија, ревматологија) се презентирани интересни и специфични клинички случаи со цел да се поттикне студентот самостојно да размислува за можните диференцијални дијагнози, дијагностички постапки и поставување на дијагноза на заболувањето.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебното помагало - практикум „Клиничко испитување – интернистички аспекти на преглед на адултен болен" од доц. д-р Гордана Камчева е целосно адаптиран според наставната материја предвидена во Програмата за практична настава по предметот Клиничко испитување 1, за студентите на првиот циклус студии по општа медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Со многу вештина, прецизно, со јасен и вокабулар и едноставен стил авторката успеала да ја доближи материјата до оние за кои е наменета. Со издавањето на овој практикум се остваруваат две битни цели: студентите ќе имаат можност да ги совладаат наставните единици од овој предмет, како и полесно и постепено да се воведат во клиничкиот сегмент на медицината и да се стекнат со вештина за размислување при поставувањето на дијагноза на одредени интернистички заболувања.

Рецензентите можат да забележат дека приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало-практикум и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Поради тоа, Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Клиничко испитување – интернистички аспекти на преглед на адултен болен - практикум" од доц. д-р Гордана Камчева да биде издаден како учебно помагало - практикум за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.**

Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

**Д-р Билјана Илиевска-Попоска,** вонреден професор, с.р.
**Д-р Валентина Велкоска-Накова,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ ПРАКТИКУМ „ОРТОПЕДИЈА СО ТРАУМАТОЛОГИЈА”**
**ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЈАСМИН ЦИРИВИРИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2002-36/39 од 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржан на 1.2.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Мирче Симеонов,** редовен професор во пензија;
– **д-р Љупчо Каревски,** редовен професор во пензија,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум ортопедија со трауматологија” од доцент д-р Јасмин Циривири**,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало „Практикум –Ортопедија со трауматологија“ е намената за студентите од студиските програми Општа медицина, Медицински сестри и Физиотерапевти по предметот Ортопедија со трауматологија, кои студентите го слушаат во деветтиот, односно петтиот семестар со вкупен расположлив фонд на време 2 ЕКТС х 30 часови= 60 часови, од кои за предавања-теоретска настава се предвидени 20 часови, за вежби 20 часови, и по десет часа за проектни задачи и самостојни задачи, како и 60 часови за домашно учење или неделно два часа теоретска настава и два часа практични вежби. Практикумот „Ортопедија со трауматологија“ е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја која е предвидена за практичниот дел од предметот Ортопедија со трауматологија и претставува основно учебно помагало од каде што студентите можат да стекнат со основните информации од клиничкиот преглед на локомоторниот апарат кој е предмет на изучување од оваа област.

**Податоци за обемот на ракописот:** Практикумот по Ортопедија со трауматологија содржи 36 страници, ги опфаќа основните информации за ортопедски клиничкиот преглед со кој се среќаваат лекарите во својата пракса, материјата е јасно претставена ,содржи голем број на слики кои го дополнуваат текстуалното изразување и според обемот и содржината ги задоволува критериумите адекватно на бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебно помагало во облик на практикум досега не е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев“ и истата претставува корисно помагало во стекнувањето на основните информации од областа на ортопедијата со трауматологија за студентите од предвидените студиски програми.

**Краток опис на содржината:** Практикумот ги содржи следните наслови:

1. **Ортопедски преглед** овој дел од практикумот воведува во клиничкиот ортопедски преглед со посебен акцент на инспекцијата со нејзините специфичности во ортопедијата, споредбата со здравиот зглоб за брза ориентација на воочување на промената, потоа палпацијата, каде што јасно е наведено кои информации треба да ги добие испитувачот при оваа постапка која ќе го насочи во понатамошните инвестигации, како би можел правилно да го дефинира ортопедскиот проблем. Исто

така, наведено е дека прегледот задолжително треба да ги опфати и испитувањата на движењата кои се специфични за секој зглоб посебно, особено при прегледот на лигаментарниот и менискалниот апарат на коленото, како и статиката на одење и стоење при нарушувања на функцијата на носечките екстремитети.

2. **Инвестигација на радиолошкиот наод** го насочува испитувачот во основните принципи при радиолошкото читање на направената ртг слика, кои овозможуваат брза ориентација на фокусирање на промената, како и попрецизно толкување на одредени специфичности карактеристични за ортопедските заболувања и траума.
3. **Дополнителни дијагностички процедури** се наведува дека не се секогаш потребни, но најчестите скрининг тестови ги опфаќаат следниве испитувања: Седиментација со ЦРП, ККС со биохемија, серумски вредности на калциум, фосфати и алкална фосфатаза, серумски вредности на уремична киселина и РТГ на градни органи.
4. **Специфични ортопедски клинички преглед** е вториот дел на практикумот во кој се опфатени поединечно спецификите при вршење на клиничкиот преглед на секоја регија посебно.
5. **Ортопедски клинички преглед на лакотниот зглоб** започнува прво со визуализација на лакотниот регион, потоа се напоменува анатомската поставеност и продолжува со специфичните испитувања на лакотната регија од анатомски и функционален аспект.
6. **Ортопедски клинички преглед на рамениот зглоб** започнува со анатомските карактеристики на рамената регија па продолжува со физиолошката подвижност на зглобот и се наведени прецизно и јасно специфичните тестови кои се потребни да се изведат за да се добие претстава кои анатомски структури се променети за да може истите да се потврдат со пософистицирани дијагностички постапки.
7. **Ортопедски клинички преглед на рачен зглоб и** дланка**,** исто така, започнува со инспекцијата на дланката и рачниот зглоб, потоа се наведени спецификите на преглед на функцијата на малите зглобови како и функцијата на сложениот тетивен апарат кој игра огромна улога во нормалното функционирање на дланката како најсложен функционален дел на локомоторниот апарат.
8. **Ортопедски клинички преглед на колк** се осврнува на почетокот на палпацијата на одредени анатомски структури на регијата на колкот, потоа продолжува со функционалните испитувања на зглобот на колкот со внимание на одредени мускулни групи и на крајот завршува со специфичните испитувања кои укажуваат на функцијата на мускулно-тетивно-зглобната структура. Поглавјето е богато со илустрации кои сликовито помагаат во поедноставување на практичната изведба на овој преглед.
9. **Ортопедски клинички преглед на коленото** е со посебно внимание обработен, авторот се посветил да стави акцент на овој клинички преглед како особено важен, затоа што самото колено покрај коскените структури го сочинуваат и лигаментарни и менискални структури кои се обложени со синовијално-фиброзна капсула и над неа тетиви. Сите овие структури се невидливи за рентгенолошките класични испитувања и заради тоа правилното изведување на специфичните тестови за коленото се од голема важност да се процени дали се неопходни пософистицирани и финансиски поскапи испитувања за потврдување на работната дијагноза. Исто така и ова поглавје е богато со илустрации кои го олеснуваат изучувањето на правилната изведба на тестовите.
10. **Ортопедски клинички преглед на скочен зглоб и ст**апало **е** последниот дел од практикумот и тој започнува со вообичаениот редослед-анатомски структури, потоа продолжува со опис на опсегот на движења во сите подвижни зглобови на скочниот зглоб и стапалото, се надоврзува со испитување на тетивно-лигаментарниот апарат и на крај ги опишува текстуално и сликовито специфичните тестови за оваа регија со што испитувачот добива комплетна слика за функционалната состојба.

## З А К Л У Ч О К

Практикумот по Ортопедија со трауматологија од доцент д-р Јасмин Циривири претставува корисно учебно помагало за студентите од студиските програми кои го изучуваат ова поле од медицината, кои можат да се стекнат со солидни информации за вршење на клинички преглед во ортопедијата, да добијат јасна претстава за потребата на изведување на одредени специфични тестови и е во согласност со наставната програма. Ракописот ги задоволува критериумите за објавување како практикум по предметот Ортопедија со рауматологија.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Мирче Симеонов,** редовен професор во пензија, с.р.
**Д-р Љупчо Каревски,** редовен професор во пензија, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „ОРТОПЕДИЈА СО ТРАУМАТОЛОГИЈА" ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЈАСМИН ЦИРИВИРИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2002-36/38 од 252. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на ден 1.2.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Мирче Симеонов,** редовен професор во пензија;
– **д-р Љупчо Каревски,** редовен професор во пензија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Скрипта Ортопедија со трауматологија" од доцент д-р Јасмин Циривири**,** наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултет за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало „Скрипта –Ортопедија со трауматологија" е наменета за студентите од студиските програми Општа медицина, Медицински сестри и Физиотерапевти по предметот Ортопедија со трауматологија кои студентите го слушаат во деветтиот, односно петтиот семестар со вкупен расположлив фонд на време 2 ЕКТС х 30 часови= 60 часови, од кои за предавања-теоретска настава се предвидени 20 часови, за вежби 20 часови, и по десет часа за проектни задачи и самостојни задачи, како и 60 часови за домашно учење или неделно два часа теоретска настава и два часа практични вежби. Скриптата „Ортопедија со трауматологија" е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја која е предвидена за теоретскиот дел од предметот Ортопедија со трауматологија и претставува основно учебно помагало од каде студентите можат да стекнат со основните информации од најчестите заболувања, односно повреди кои се предмет на изучување од оваа област.

**Податоци за обемот на ракописот:** Скриптата „Ортопедија со трауматологија" содржи 110 страници, ги опфаќа основните информации за најчестите заболувања со кои се среќаваат медицинските лица во својата пракса, материјата е јасно претставена, содржи голем број на слики кои го дополнуваат текстуалното изразување и според обемот и содржината ги задоволува критериумите адекватно на бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебно помагало во облик на скрипта со опфатеност на најчестите заболувања во ортопедијата досега не е објавен на Универзитетот „Гоце Делчев" и истата претставува корисно помагало во стекнувањето на основните информации од областа на ортопедијата со трауматологија за студентите од предвидените студиски програми.

**Краток опис на содржината:** Скриптата ги содржи следните наслови:

1. **Вовед** – Се наведуваат некои историски податоци за развојот на ортопедијата како посебна гранка на медицината, со акцент на историските моменти кои ги одбележуваат базичните придонеси за развој на истата.
2. **Преглед на заболувања на локомоторниот апарат и дијагностички методи** - ја наведува патологијата со која се занимава ортопедијата и ги набројува основните дијагностички помагала кои се користат во истата.

3. **Ортози** – Информативен пристап за начинот на современ конзервативен третман во ортопедијата и трауматологијата.
4. **Градба на коска** - ја објаснува анатомско-хистолошката градба на коската која е од голема помош да може да се разберат заболувањата на локомоторниот апарат.
5. **Скршеници (фрактури)** - спомнати се најчестите типови и облици на фрактури, физиологијата на зараснување на фрактурите, времетраењето и клиничките карактеристики на истите.
6. **Нормално зараснување на коска** - го објаснува физиолошкиот процес на зараснување.
7. **Нарушено зараснување на коска** - го дефинира поимот на нарушено зараснување, типови и причините поради кои може да дојде до истото, кои се основните дијагностички постулати за поставување на дијагнозата.
8. **Остеомиелитис** - опфатени се сите видови на инфекции на коските и зглобовите како исклучително важно поглавје во ортопедијата, каде што е објаснета клиничката слика, дијагностичката постапка и третманот на ова заболување.
9. **Артроза** - ги објаснува дегенеративните заболувања на зглобовите како најчеста патологија во ортопедијата, патомеханизмот на нејзиното настанување, доминантните тегоби во клиничката слика, основните рентгенолошки карактеристики и современиот пристап на дијагноза и лекување на истите.
10. **Дегенеративно заболување на коленото (Gonarthrosis)** - како најчесто дегенеративно заболување е со посебен акцент во склопот на артрозите.
11. **Ревматоиден артритис** - се објаснети основните патохистолошки карактеристики, начинот на поставување на дијагнозата, најчестите локализации на заболувањето и ортопедскиот пристап во неговото лекување.
12. **Остеопороза** - направен е експлицитен пристап во објаснувањето на заболувањето, јасно прецизирана дефиницијата, етиолошките предиспозиции за настанување на заболувањето, техничката дијагностичка постапка, превенцијата и лекувањето и третманот на компликациите, како и мерките за спречување на настанување на компликациите.
13. **Повреди на менискуси** - наведени се анатомските карактеристики, механизмите на повреда кои доведуваат до оштетување на менискусите, клиничката манифестација на повредите, дијагностичката постапка и современиот начин на лекување.
14. **Повреди на преден и заден вкрстен лигамент** - наведени се анатомските карактеристики, механизмите на повреда кои доведуваат до оштетување на лигаментарниот апарат на коленото, клиничката манифестација на повредите, дијагностичката постапка и современиот начин на лекување.
15. **Повреди и болести на периферни нерви** - ги опфаќа најчестите каналикуларни синдроми, со посебен осврт на невролошките манифестации како дијагностички карактеристики, електромиографската дијагноза и хируршкиот третман.
16. **Церебрална парализа** - го започнува поглавјето на детска ортопедија и објаснети се причините кои доведуваат до појава на ова заболување, облици и форми кои можат развојно клинички да се манифестираат, раниот пристап во превенирање на развојните компликации палијативниот и радикалниот начин на лекување.
17. **Вродена дисплазија на колк *(LCC)*** - како најчесто вродено развојно заболување е објаснето од етиолошки аспект, прецизно се објаснети клиничкиот преглед со мануелните постапки за дијагноза, софистицираниот ултразвучен скрининг, конзервативниот и оперативен начин на лекување.
18. **Функционална анатомија на стапалото** - како посебен дел на локомоторниот апарат ги опфаќа најчестите заболувања во детската возраст, клиничката манифестација на одделните заболувања, превенцијата и лекувањето на промените.
19. **Тортиколис** - го опишува заболувањето, причините кои можат да доведат до ова нарушување, физикалниот третман како ран и неинвазивен начин на лекување и оперативниот кај потешките облици на заболување.
20. **Деформитети на ’рбетен столб** - се објаснети од етиолошко-патоанатомски аспект, потоа се надоврзува врз база на патоанатомските промени на рентгенолошките

карактеристики на промените на ’рбетниот столб, терминолошките разлики на лошо држење на телото од сериозен облик на заболување, кои се дијагностичките моменти за оцена дали лекувањето ќе се третира со физикален третман, ортопедско помагало или оперативно.

21. **Епифизни афекции** - Информативен пристап на најчестите епифизни нарушувања, возраста во која се јавуваат, рентгенолошките карактеристики и начинот на лекување.

## ЗАКЛУЧОК

Скриптата „Ортопедија со трауматологија“ од доцент д-р Јасмин Цирвивири претставува корисно учебно помагало каде што студентите од студиските програми кои го изучуваат ова поле од медицината можат да се стекнат со базичните информации, да добијат јасна претстава за опфатените делови од ортопедијата во согласност со наставната програма, да се запознаат со основните клинички, дијагностички и терапевтски принципи. Ракописот ги задоволува критериумите за објавување како скрипта по предметот Ортопедија со трауматологија.

**Рецензенти:**

**Д-р Мирче Симеонов,** редовен професор во пензија, с.р.
**Д-р Љупчо Каревски,** редовен професор во пензија, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ** | 1.Изразување на говорниот чин барање во германскиот меѓујазик кај македонските изучувачи на германски како странски јазик | 1502-50/9 од 1.3.2021 г. | Проф. д-р Билјана Ивановаска | Мери Басовска |
| | 2.Семиологија на неантропоморфниот лик во романите на Венко Андоновски | 1902-100/10 од 26.4.2021 г. | Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска | Маријана Ѓоргиева-Ристевска |
| | 3.Влијанието на западната литература во турската книжевност | 1902-100/11 од 26.4.2021 г. | Проф. д-р Махмут Челик | Ајсел Илјази |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 4.Улогата на степенот на радиохемиска чистота кај 99мТехнециум обележаните радиофармацевтици како дел од системот за контрола на квалитет | 2002-81/72 од 26.3.2021 г. | Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска | Јасна Гроздановска |
| | 5.Влијание на физичката активност со различен интензитет кај возрасни пациенти | 2002-116/27 од 27.4.2021 г. | Проф. д-р Ленче Николовска | Олгица Ѓелова |
| | 6.Ефекти на Кегеловите вежби во текот на бременоста и по породувањето | 2002-116/28 од 27.4.2021 г. | Проф. д-р Ленче Николовска | Наталија Стојанова |
| | 7.Значењето на лабораториската дијагностика во скрининг и евалуација на анти – dsDNA антителата како антинуклеарни антитела во организмот | 2002-116/29 од 27.4.2021 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Светлана Јанчева |
| | 8.Превенција и третман на критични болни на Одделението за неврологија при Градска општа болница „8-ми Септември“ | 2002-116/30 од 27.4.2021 г. | Проф. д-р Гордана Панова | Денис Спасовски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 9.Преваленца на пациенти на инсулинска терапија во Општина Штип во период од 2016 до 2019 година | 2002-116/31 од 27.4.2021 г. | Проф. д-р Гордана Панова | Верица Андова |
| | 10.Ефикасност на методите за деконгестивна физиотерапија кај пациенти со лимфедем | 2002-116/32 од 27.4.2021 г. | Проф. д-р Ленче Николовска | Христина Богдановска |